РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 985,
Скопје, 30 април 2010 година

## Содржина на Билтен број 985 од 30 април 2010 година


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент за научната област системи на социјална заштита на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Александра Миноска, м-р Фросина Денкова, м-р Даниела Ѓорѓиева, м-р Бојана Јованова, Владимир Пешевски, Иван Киселковски**)....................1-7
2. Рецензија на ракописот **Современи вооружени системи** од **доц. д-р Ванчо Кенков**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје....................8

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Надица Тодоровска, м-р Муса Мусаи, м-р Билјана Буцакоска, м-р Идриз Билали**)....................9
2. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Татјана Лозановска, Наум Пуроски, Бојан Прангоски, Катерина Бачева, Ана Матеска**)....................10

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за оцена на подобноста на пријавената тема за изработка на докторската дисертација под наслов: **Надзор, анализа на ризици и епидемиологија на вирусните болести кај фармски одгледуваните риби во Република Македонија кои задолжително се пријавуваат во Светската организација за здравје на животните (ОИЕ)** и оспособеноста на кандидатот **м-р Александар Цветковиќ** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје....................11-16

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Антиката во Брегалничкиот Басен** од **м-р Трајче Нацев**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................17-21

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторската дисертација под наслов: **Емпириски модел на информациски систем за мерење на енергетската сиромаштија во Република Македонија** и оспособеноста на кандидатот **м-р Роберт Шарламанов** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје......22-27

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент по група предмети од областа на бетонските и дрвените конструкции на Градежниот факултет во Скопје (**Оливер Колевски**).....28-32

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на три наставници во сите звања по предметот ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Златко Темелковски, д-р Зоран Божиновски, д-р Милан Самарџиски**)....................33-52

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Мухаедин Беља, м-р Васко Стамевски, м-р Реџеп Муслиу**) .53
2. Реферат за избор на наставник за научните области (дисциплини): методика на наставата по филозофија и филозофија, на Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Олга Пешевска-Заревска**)....................54-61

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
1. Реферат за избор на лектор по шпански јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**Огнена Никуљска**)....62-69

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**
1. Рецензија на докторската дисертација **Комуниколошки аспекти на јавниот менаџмент -со посебен осврт на Република Македонија,** изработена од **м-р Сузана Џамтовска-Здравковска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....70-75

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за учебникот **Мотивација** од **проф. д-р Виолета Арнаудова** и **м-р Киро Поповски**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје....76-79

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за ракописот **Економско планирање** од **проф. д-р Сашо Ќосев**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје....80-89

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за физичка култура во Скопје (**м-р Билјана Попеска**) ....90

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Глобализираните финансики пазари и финансиските кризи**, изработена од **м-р Марина Сребренова Трендова**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....91-100

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Водич за практична настава по професионална практика-аптекарско работење,** подготвено од наставен кадар на Институтот за фармацевтска технологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите по фармација....101-103
2. Рецензија на учебното помагало под наслов **Водич за практична настава по фармацевтска технологија,** подготвено од наставен кадар на Институтот за фармацевтска технологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите по фармација....104-107
3. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практични вежби - фармацевтска технологија 3,** подготвено од наставен кадар на Институтот за фармацевтска технологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите по фармација....108-111
4. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практични вежби по храна и исхрана** подготвено од наставен кадар на Институтот за применета биохемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменето за студентите по фармација.....112-115
5. Рецензија на учебното помагало под наслов **Водич за практична настава по биофармација,** подготвено од наставен кадар на Катедрата за биофармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите по фармација.......116-120

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Аспекти на перформативната кинестетика**, изработена од **м-р Соња Здравкова-Џепароска**, пријавена на Факултетот за драмски уметности во Скопје....121-125

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Особините на личноста кај поединци-професионално определени за музичка уметност** од **м-р Зоран Михајловски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....126-133

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИ%КО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Анализа на детерминантите во процесот на рецепција на пораките со политичка содржина во печатените медиуми, изработена** од **м-р Елеонора Серафимовска**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје......134-140

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализацијата**, изработена од **м-р Никола Поповски**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје......141-150

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Периферен нервен систем-клиничка анатомија**, од **проф. д-р Марија Папазова и соработниците**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје......151-153

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Марија Мокрова**)......154

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два научни соработника по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Весна Герасимовска, ас. д-р Весна Ристовска, д-р Јелка Масин-Спасовска, д-р Ѓулшен Селим**)......155-239
2. Реферат за избор на 15 асистенти по предметот општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Христијан Костов, ас. д-р Боро Џонов, помл. ас. д-р Симон Трпески, помл. ас. д-р Оливер Арсовски, помл. ас. д-р Софија Пејкова, помл. ас. д-р Венко Филипче, помл. ас. д-р Маргарита Пенева, помл. ас. д-р Ален Јовчевски, помл. ас. д-р Лулзим Агаи, д-р Сотир Ставридис, д-р Скендер Саиди, д-р Роберт Шумковски, д-р Љупчо Николов, д-р Стојан Ѓошев, д-р Александар Шумковски, д-р Јасмина Ѓорѓиевска**)......240-303
3. Рецензија на докторската дисертација **Евалуација на феморопоплитеалниот by pass и перкутаната транслуминална ангиопластика со стентирање во третманот на периферната артериска болест во инфраингвиналниот сегмент**, изработена од **д-р Влатко Цветановски**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје......304-308

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето научен советник во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Митко Панов**)......309-316
2. Реферат за предвремен избор на научен советник во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Маја Ангеловска-Панова**)......317-324

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор на еден извршител во сите наставно-научни звања од областа: основи на тесно-стручни области, по предметот основи на физичкото воспитание со методика, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје (**д-р Марјан Малцев**)......325-335

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент при Институтот за информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Вангел Ајановски**)......336-342

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**м-р Радмила Чрчева-Николовска, м-р Слободан Чокревски, м-р Катерина Благоевска, м-р Александар Цветковиќ, м-р Игор Есмеров**)......343

## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на докторската дисертација **Оптимирање на примената на нефосилни алтернативни горива кај мобилните загадувачи преку анализа на нивните емисии,** изработена од **м-р Даме Димитровски**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....344-348


## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолесценција** од **м-р Ана Фрицханд**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....349-354


## МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ


1. **Приговор** на рефератот за избор на еден научен соработник по предметот фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од **ас. д-р Драгица Зенделовска**, објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 984 од 15.4.2010 година....355-356
6. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот за избор на еден научен соработник по предметот фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 984 од 15.4.2010 година....357-359


## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на ракописот **Превентивна дипломатија и мировни операции** од **проф. д-р Марина Митревска**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје....360-362


## ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите звања на групата наставна програма - проектирање на мебел и ентериер, по предметите: елементи на проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и градежна столарија, елементи на организација на простор, организација на простор, индустриски дизајн, конструктивни системи во организација на простор, историја на уметноста, историја на уметноста низ стилови, нацртна геометрија со техничко цртање и перспектива, на Шумарскиот факултет во Скопје **(д-р Елена Никољски-Паневски)**....363-371


## ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на метадонот врз катехоламинските метаболити кај хероински зависници во Република Македонија,** изработена од **м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје....372-379
1. Реферат за избор на наставник во сите звања од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Драгана Черних-Анастасовска)**....380-397


## ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"


1. Реферат за избор во наставно-научно звање доцент по предметите: предучилишна хигиена, за групата предучилишно воспитание, училишна хигиена, за групата одделенска настава и основи на еколошкото воспитание, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Билјана Глигорова, д-р Миле Србиноски)**....398-409


## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област историја на правото на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Мишо Докмановиќ)**....410-419

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор на еден извршител во сите наставно-научни звања, од областа: основи на тесно-стручни области, по предметот основи на музичката култура со методика, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје (**д-р Владимир Талевски**)……………………………………………………………420-429

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Тања Митева, м-р Мијалче Санта**)……...430-435

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во „Утрински весник" на 26.12.2009 година, за избор на еден помлад асистент за научната област (дисциплина) Современи системи на социјална заштита, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна V седница одржана на 27.1.2010 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Димитар Трајковски и проф. д-р Јован Пејковски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавиле седум кандидати. По направената анализа на пристигнатата документација, Комисијата има задоволство да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријавија следниве кандидати, и тоа:

**Александра Миноска** е родена на 2.8.1977 година во Тетово, каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 1990 година се запишала на Институтот за социјална работа и социјална политика во Скопје, а дипломирала во 2000 година со просечен успех 8,9, со што се стекнала со звањето дипломиран социјален работник. Истата година се запишала на постдипломски студии на истиот Институт. Во 2006 година успешно ги завршила студиите со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Перспективи за развој на супервизијата во социјалната заштита во Република Македонија", изработен под менторство на проф. д-р Сунчица Димитријоска, по што се стекнала со академскиот степен магистер на социјална политика. Пријавила докторска теза на тема *Евалуација на психосоцијални услуги на лица под социјален ризик,* под менторство на проф. д-р Сунчица Димитријоска.

Кандидатката досега нема изработено и објавено стручни и научни трудови. Единствен научноистражувачки труд на Александра Миновска претствува нејзината магистерска теза под наслов „Перспективи за развој на супервизијата во социјалната заштита во Република Македонија", која претставува оригинален научен труд, со логичка и конзистентна целина, која дава одговор на многу прашања во однос на супервизијата и нејзината потреба во реализирање на активности од областа на социјалната заштита.

Во текот на студирањето била ангажирана како волонтер во НВО-и, каде што вршела континуирана поддршка на семејства и деца под ризик. Работела на повеќе проекти за ненасилно разрешување на конфликти и работа со деца, активности кои се спроведувале со финансиска поддршка од УНИЦЕФ и

Македонско-италијанскиот совет за безбедност. Работела на два научно-истражувачки проекта како истражувач, и тоа на: „Квалитативна анализа на сиромаштијата во Македонија" и како координатор на проектот „Евалуација на проекти за развој на општините од западниот дел на Република Македонија". Посетила повеќе семинари и работилници, од кои би ги истакнале „Психофизичка злоупотреба на деца" и „Деца во ризик", преку кои се стекнала со знаења за работа со ризични групи на население. Таа покажува способност за апликација на нови пристапи во решавањето на социјалните ризици.

Александра Миновска има искуство во областа на социјалната заштита, и тоа: работела како волонтер и со договор за дело во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Тетово, каде што извршувала активности од непосредна социјална заштита со корисници кои остварувале право на парична помош.

Александра Миновска работела на Факултетот во Тетово како демонстратор на Катедрата за психологија на предметот менаџирање на човекови ресурси, но за тоа нема доставено документација.

Во рамките на постдипломските студии, Александра Миновска за покажаното знаење за предметот современи правци во политика и заштита била оценета со оценка 9.

Александра Миновска има одлично познавање на англискиот јазик.

Досегашните ангажмани и областа за кои Александра Миновска покажува интерес се од подрачјето за кое е распишан овој конкурс.

**Фросина Денкова** е родена на 26.1.1983 година во Скопје. Дипломирала на Институтот за психологија во Скопје, со просек 8,8 и се стекнала со звањето дипломиран психолог. Магистерските студии ги завршила на Универзитетот во Болоња и се стекнала со звањето магистер по социјална политика и стратегиски менаџмен за одржлив територијален развој. Меѓу другите, таа на постдипломските студии ги полагала и предметите: сцијална политика, социјална заштита и современи системи на социјална заштита. Темата на која магистрирала е *Работно инсерирање како дел од процесот на рехабилитација на наркозависниците во установите за социјална заштита во регионот Емилија Ромања.*

Паралелно студира на постдипломските студии на Институтот за психологија, насока педагошка психологија. Пријавила тема за докторска десартација на Институтот за социјална работа и социјална политика под наслов *Мобинг-распространетост и последиците*, под менторство на проф. д-р Верица Стаменковска-Трајкова.

Денкова Фросина има богато искуство во областа на едукација надвор од Факултетот. Учествувала на 24 семинари и курсеви, од кои една половина во Република Македонија, а другите во Азеберџан, Украина, Италија, Хрватска и Бугарија. Учествувала на летни школи за социјална работа во 2006 и 2007 година во Дубровник. Како резултат на бројни семинари, работилници, обуки и посети на летни школи, таа покажува извонредни способности за применување на нови креативни начини на реализација на вежбите со студентите.

Воедно таа била и ментор на студенти Роми за 2007/08 година преку Ромаверзитас.

Учествувала во 8 проекти како едукатор и како обучувач и во 5 како координатор.

Учествувала на 17 конгреси и конференции со реферати, од кои 11 надвор од Република Македонија. Има изработено 13 труда, од кои 6 се испечатени, а останатите 7, како што Денкова Фросина наведува, се во подготовка за печатење. Трудовите се доставени во прилог на пријавата доставена од страна на Денкова Фросина за потребите на овој конкурс.

Најсериозен труд на Денкова Фросина е нејзината магистерска теза *Работно инсерирање како дел од процесот на рехабилитација на наркозависниците во установите за социјална заштита во регионот Емилија Романа*. Се прави детална анализа на 11 установи за социјална заштита, спроведувајќи интервјуа со одговорни лица за процесот на работно инсенирање (социјални работници и специјални едукатори) каде што работната терапија е спроведена со 559 корисници. Денкова Фросина прави темелна теоретска анализа на оваа проблематика и аргументирано ги објасува добиените резултати давајќи сугестии за потребната соработка на партнерите во спроведувањето на рехабилитацијата.

*Појавни облици на насилство врз децата на улица*, објавен во Psihologija i nasilja u suvremenom drustvu, Zbornik radova znanstveno-strucnog skupa, Psihologija nasilja izlostavljannja(2007) Sveuciliste Josipa Jurija u Osjeku, FILOZOFSKI FAKULTET. Денкова Фросина прави научна анализа на Законската регулатива за заштита на деца на улица, нејзината усклаgеност со Конвенцијата за правата на детето. Ја прикажува актуелната состојба на општествената грижа за децата, притоа давајќи препораки за плурализација во заштитата на децата на улица со учество на владини и невладини организации составени од интердисциплинирани тимови, социјални работници, психолози, правници, лекари и др.

Трудот *Истражување на семејното насилство во Република Македонија*, објавен во Psihologija i nasilja u suvremenom drustvu, Zbornik radova znanstveno-strucnog skupa, Psihologija nasilja I zlostavljannja(2007) Sveuciliste Josipa Jurija u Osjeku, FILOZOFSKI FAKULTET, е следен труд во кој кандидатката го проучува насилството поврзано во социјален контекст. Истражувањето е спроведено во период од една година, од 2005 до 2006 година на примерок од 1952 лица. Истражувањето ги елаборира облиците на семејното насилство во Република Македонија утврдувајќи ја нивната дистрибуција во однос на пол и националност. Дава предлози за потребата од координирана активност на општествените институции и невладиниот сектор, како и потреба од промена на Кривичниот закон и Законот за семејство.

*Мобинг кај вработените во социјалната заштита* е прв труд од оваа област во Република Македонија во кој се согледува постоењето на мобингот и се дава иницијатива за нормативно уредување, развој и примена на законската легислатива и стандарди во доменот на спречувањето на мобингот. Кандидатката прави споредбена анализа на истражувањето на мобингот со податоците од спроведените истражувања од земјите на Европската унија, и единственото истражување во Македонија кое го спровело Сојузот на синдикатите во Македонија. При тоа таа ги потенцира несогласувањата во однос на приодот и надминувањето на разликите во дефинирањето, прифаќањето и надминувањето

на оваа појава. Авторката навлегува во длабочините на овој проблем кој кај нас се прифаќа како нормална појава, а за науката претставува предизвик за проучување и иницирање на борба против психичкото злоупотребување на вработените лица во областа на социјалната заштита. Трудовите на кандидатката се добро изработени и покажуваат континуитет во научната надградба на Денкова Фросина.

Проблемите кои Денкова Фросина ги обработува во своите трудови се: работа со деца под ризик, насилство врз деца и семејно насилство, како и насилство на работно место и социјална заштита на децата, односно лицата под ризик. Денкова Фросина има добри познавања од областа на социјалната заштита на децата и семејството. Големиот број на трудови (13) отсликуваат континуитет во практичното и теоретското усовршување на Денкова Фросина во работата со лица под ризик и социјалната заштита на ризични групи.

Во периодот од 2005 до 2009 година била ангажирана како демонстратор на Институтот за психологија, Институтот за социјална работа и социјална политика и на Институтот за дефектологија по предметите: психологија и педагошка психологија.

Во рамките на додипломските студии, Денкова Фросина не го слушала предметот на кој конкурира, а на постдипломските студии има добиено оценка 10.

Денкова Фросина одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик.

Поголем дел од досегашните ангажмани и областа за кои Денкова Фросина покажува интерес се од подрачјето за кое е распишан овој конкурс.

**Ѓорѓиева Даниела** е родена на 5.9.1978 година во Струмица. Дипломирала на Институтот за социјална работа и социјална политика во октомври 2001 година, со просечна оценка 8,9 и се стекнала со право на стручен назив дипломиран социјален работник.

Во текот на 1999 и 2000 година, а и неколку години потоа, учествувала во пет проекти спроведувани во Република Македонија како истражувач и еднаш како технички координатор на проект.

Учествувала на семинари и се здобила со меѓународно искуство во Сојузна Република Германија преку посета на установи од областа на социјалната работа и социјалната политика. Учествувала во летни школи и обуки за социјална работа и социјална политика во Хрватска, а во Босна и Херцеговина, во организирање на постдипломски студии.

Ѓорѓиева Даниела на 29.4.2009 година го одбранила магистерскиот труд под наслов *Децентрализација и социјални услуги, можности, потреби и перспективи*, под менторство на проф. д-р Нано Ружин, и се здобила со стручен назив магистер по социјална политика. Во трудот кандидатката прави анализа на децентрализацијата во Република Македонија, споредувајќи ја со искуствата од другите земји, дополнувајќи ја со анализа на сопствено истражување. Врз таа основа, именуваната дава заклучоци за потребата од децентрализација на социјалните услуги.

Во својата биографија наведува дека има изработено една публикација, која е во фаза на печатење. Трудот не е во прилог на пријавата.

Ѓорѓиева Даниела од 2001 до 2002 година била ангажирана како демонстратор по предметот семејни односи и семејно право на Институтот за социјална работа и социјална политика. Од 2003 година таа е ангажирана како демонстратор и по предметот социјална работа во здравството и социјална работа во локалната заедница, како и натаму во периодот од 2004 до 2005 година. Во 2008 година е ангажирана како демонстратор за предметот детска заштита, а во 2009 по предметот локална самоуправа. Во изминатите години кандидатката работела и административни работи на Институтот за социјална работа и социјална политика (во текот на 2006/07/2007/08 година).

Интересот на Ѓорѓиева Даниела е од областа на социјалната политика, за што покажува и пријавувањето на докторска десертација на тема ,,Домување на ризичните групи на население, предизвик за унапредување на станбената политика", под менторство на проф. д-р Нано Ружин, што е прифатена и одобрена за изработка од Филозофскиот факултет во Скопје.

Досегашните ангажмани на кандидатката се од областите: семејни односи и семејно право, социјална работа во здравството, социјална работа во локалната заедница и локална самоуправа, за кои м-р Ѓорѓиева Даниела и натаму покажува стручен и научен интерес.

Во рамките на додипломските студии и во рамките на постдипломските студии, Ѓорѓиева Даниела за предметот современи правци во политика и заштита била оценета со оценка 8. Ѓорѓиева Даниела во својата биографија наведува дека англискиот јазик го зборува и го разбира добро (4).

Ѓорѓиева Даниела била ангажирана како демонстратор на еден предмет од научната област современи системи на социјална заштита, за кој е распишан овој конкурс, и тоа за детска заштита.

**Кандидати кои не исполнуваат услови согласно со Законот за постигнатиот успех од постдипломски студии со просечна оценка 8, или немаат завршено постдипломски студии**

**Војкан Ивановски** е роден на 19.5.1982 година во Скопје. Дипломирал на Институтот за социјална работа и социјална политика со 6,7, а потоа студиите ги продолжили на Шефилд-универзитетот каде што магистрирал и се стекнал со звањето магистер по психологија и советување на тема ,,Ефектот на петте фактори на личноста и насилните видеоигри врз ставовите кон насилство помеѓу младите".

Учествувал на повеќе семинари во Македонија и во Грција во однос на работа со деца со воспитно-социјални проблеми и нивните семејства, каде што се стекнал со знаење од областа на социјалните вештини.

**Бојана Јованова** е родена во Скопје, дипломирала на Институтот за социјална работа и социјална политика, насока: социјална работа, со просечна оценка 9,6. Била прогласена за најдобар студент/ка и добила парична награда „Раде Петровски" за највисок успех во 2008 година. Бојана Јованова се запишала на постдипломски студии на Институтот за социјална работа и социјална

политика, каде што ги полага испитите со просек 10. Сè уште го нема завршено полагањето на предвидените испити.

Учествувала на повеќе семинари од областа на социјалната работа и социјалната заштита во Република Македонија и надвор. Во текот на учебната 2009/10 година била ангажирана како демонстратор по предметот социјално право, семејно право и детска заштита. Запишана е на групата социјална администрација, каде што до сега просекот ѝ е 10,0. Учествувала на едукации во Македонија и надвор од Македонија, и тоа во Грција, Хрватска, Косово, Италија и Германија. Има објавено есеј на тема „Implementing Multiculturalism and Multiethnic Step forward to European Integration, објавен во The Journal of the International University of European Sturdy (декември 2008 година, Том 2 број 3).

Го владее одлично англискиот јазик.

**Владимир Пешевски** е роден на 26.5.1978 година. Дипломирал на Институтот за социјална работа и социјална политика. Учествувал на повеќе обуки за работа на компјутери и членувал како волонтер во НВО од областа на еколошките движења. Во тек е постапка за одбрана на магистерска теза.

Има одлично познавање на англиски јазик.

**Иван Киселковски** е роден на 8.2.1984 година во Скопје. Дипломирал на Институтот за социјална работа и социјална политика, насока: социјална политика, на 24.09 2008 година, со просечна оценка 8,3. Во тек се неговите постдипломски студии на Институтот за социјална работа и социјална политика, насока социјална политика, каде што положил 4 предмети со оценка 10.

Иван Киселковски работи на проекти во Црвен крст на град Скопје како социјален работник од 2006 до сега. Тој својот интерес го пронашол со вклучување во Младинскиот образовен центар и Хелсиншкиот комитет.

Има одлично познавање на англискиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК

Од увидот во приложената документација, Комисијата заклучи дека само трите именувани кандидатки ги исполнуваат условите за избор за помлад асистент.

М-р Денкова Фросина, м-р Миноска Александра и м-р Даниела Ѓорѓиева имаат завршено магистерски студии со просек над осум. Денкова Фросина е магистер по социјална политика и стратегиски менаџмент за одржлив територијален развој, а Миноска Александра и Даниела Ѓорѓиева се магистри по социјална политика.

Денковска Фросина одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик. Александра Миновска има одлично познавање на англискиот јазик, додека, пак, Ѓорѓиева Даниела во својата биографија наведува дека англискиот јазик го зборува и го разбира добро (4).

Ангажмани во настава имале трите кандидатки - Денкова Фросина, Ѓорѓиева Даниела и Миноска Александра. Александра Миноска нема

документација за нејзиниот ангажман како демонстратор. Единствено Даниела Ѓорѓиева била ангажирана подолг период во областа на системите на социјална заштита.

Фросина Денкова напишала тринаесет научни и стручни трудови, кои ги презентирала на конгреси и конференции, а 7 од нив се објавени од реномирни издавачки куќи. Во поголем дел трудови кандидатката ја обработува областа за која се пријавува на конкурсот, односно современи системи на социјална заштита.

Александра Миновска, освен магистерски труд, нема изработено други научни трудови, не учествувала на конгреси и конференции, одбранила магистерска теза и пријавила докторска теза од областа за која е распишан овој конкурс.

Ѓорѓиева Даниела, освен магистерски труд, нема изработено други научни трудови и не учествувала на конгреси и конференции, но била учесник во проекти кои се споменати претходно. Кандидатката покажува голем интерес за областа социјална политика, за која пријавила докторска теза.

**ПРЕДЛОГ**

**Комисијата констатира дека согласно со актите на УКИМ, трите претходно споменати кандидатки ги исполнуваат предвидените услови според конкурсот.**

**Сепак, според еден член на Комисијата, од приложената документација предност ѝ се дава на м-р Денкова Фросина која има искуство со научноистражувачка работа и своите научни трудови ги доставила во прилог на нејзината пријава за распишаниот конкурс. Оттука, како и според покажаниот интерес во областа, може да се заклучи дека м-р Денкова Фросина ги исполнува условите на конкурсот, има континуитет и напредок во наставната и научноистражувачката дејност. Во нејзиното работно и истражувачко искуство се забележува континуитет во изградба на личност како научник, па оттука првиот член на Комисијата, проф. д-р Сунчица Димитријоска предлага кандидатката м-р Денкова Фросина да биде избрана во звањето помлад асистент.**

**Комисија**

Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.
Проф. д-р Димитар Трајковски
Проф. д-р Јован Пејковски

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНИ ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВАНЧО КЕНКОВ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VI редовна седница одржана на 3.3.2010 година, нè избра за рецензенти на учебното помагало – интерна скрипта од предавања под наслов „Современи вооружени системи" од доц. д-р Ванчо Кенков. Во тоа својство, откако го прегледавме предложениот текст, имаме чест до Наставно-научниот совет да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Учебното помагало – интерна скрипта опфаќа 112 страници текст, компјутерска обработка, нестандарден новинарски проред. Покрај вовед, трудот опфаќа пет поглавја и референци, т.е. користена литература.

Во предложеното учебно помагало „Современи вооружени системи", од д-р Ванчо Кенков, всушност, се презентирани предавањата по предметот современи вооружени системи, кои авторот ги практикува повеќе години наназад на Институтот за безбедност, одбрана и мир, за студентите во трите насоки.

Интерната скрипта на д-р Ванчо Кенков е подготена според новата КТС-програма по предметот современи вооружени системи. Според тоа, таа ги опфаќа сите содржини што се предвидени со новата програма по овој предмет. Во трудот, всушност, се обработени вооружените системи во трите вида на вооружените сили, и тоа вооружените системи на копнената војска (КоВ), вооружените системи на воената морнарица (ВМ), вооружените системи на воеността воздухопловство и противвоздушната одбрана (ВВ и ПВО), вооружените системи за војување од и во вселената и вооружените системи за масовно уништување (атомско, биолошко и хемиско оружје).

Материјалот во текстот се презентира на академско ниво, со давање на основни податоци (појава, развиток, значење и тенденции во развојот) за секоја од обработените содржини и продлабочено презентирање и објаснување на суштината и значењето на одделни сегменти од презентираните содржини.

Предложеното учебно помагало – интерна скрипта целосно ги задоволува барањата на студентите по предметот современи вооружени системи, за добивање на сублимиран материјал од којшто ќе ги подготвуваат колоквиумите и испитот според новата КТС-програма. Поради тоа, учебното помагало од д-р Ванчо Кенков под наслов: „Современи вооружени системи", со особено задоволство го препорачуваме за употреба како интерна скрипта за студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Во Скопје,
29.3.2010 година

**Рецензенти**

1. Проф. д-р Зоран Нацев, с.р.
2. Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.03.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Татјана Лозановска, дипломиран професор по биологија | „ПРЕВАЛЕНЦА НА ИНФИЦИРАНОСТ СО HELICOBACTER PYLORI КАЈ ПОПУЛАЦИЈАТА ВО ДЕМИРХИСАРСКИОТ РЕГИОН“ | - д-р Ицко Ѓоргоски, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Наум Пуроски, дипломиран инженер по информатика | „SCRUM ЗА ГОЛЕМИ ПРОЕКТИ“ | - д-р Маргита Кон-Поповска, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Бојан Прангоски, дипломиран математичар | „ДИСТРИБУЦИОНИ ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА АНАЛИТИЧКИ ФУНКЦИИ ВО n-ДИМЕНЗИИ“ | - д-р Весна Манова-Ераковиќ, вонр. проф. на ПМФ - Скопје |
| Катерина Бачева, дипломиран професор по хемија | „АТМОСФЕРСКАТА ДЕПОЗИЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО КАВАДАРЦИ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА“ | - д-р Трајче Стафилов, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Ана Матеска, дипломиран инженер по хемија | „ФОРМИРАЊЕ НА С-С ВРСКИ ПРИ $S_N2$ РЕАКЦИИ ИЗВЕДУВАНИ ВО ВОДЕНА СРЕДИНА“ | - д-р Емил Поповски, вонр. проф. на ПМФ - Скопје |

# ПРЕГЛЕД

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.03.2010 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| Надица Тодоровска, магистер на хемиски науки | „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТОКСИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО БИОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛ И ПРОЦЕНКА НА АЛИМЕНТАРЕН ДНЕВЕН ВНЕС КАЈ ПРИПАДНИЦИ НА АРМ“ | - д-р Елисавета Стикова, ред. проф. на Медицински факултет – Скопје<br>- д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Славчо Митев, ред. проф. на ПМФ – Скопје (во пензија) |
| Муса Мусаи, магистер по менаџирање на животна средина | „ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО РЕКАТА ЦРН ДРИМ И НИВНА БИОАКУМУЛАЦИЈА ВО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ОД ИХТИОФАУНАТА“ | - д-р Маја Јорданова, вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Љупчо Меловски, ред. проф. на ПМф – Скопје<br>- д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Билјана Буџакоска-Ѓореска, магистер на биолошки науки | „GASTROPODA ОД ОХРИДСКО ЕЗЕРО И НЕГОВИТЕ КРАЈБРЕЖНИ ВОДИ КАКО ОБЈЕКТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА GIS БАЗИРАН МОНИТОРИНГ СОГЛАСНО ЕУ ДИРЕКТИВА ЗА ВОДИ" | - д-р Здравко Крстановски, научен советник при ЈНУ Хидробиолошки институт - Охрид<br>- д-р Стое Смиљков, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Бранко Мицевски, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Идриз Билали, магистер по менаџирање на животна средина | "НУТРИЕНТНО ОПТОВАРУВАЊЕ НА РЕКАТА ЦРН ДРИМ ОД ИСТЕКОТ ОД ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ДО ВЛИВОТ ВО АКУМУЛАЦИЈАТА ГЛОБОЧИЦА“ | - д-р Трајче Стафилов, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Симка Петровска-Јовановиќ, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Илинка Донова, ред. проф. на ПМФ – Скопје |

# РЕФЕРАТ

**ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА И ОСПОСОБЕНОСТА ЗА НАУЧНА РАБОТА НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ:**
**„НАДЗОР, АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ И ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ВИРУСНИТЕ БОЛЕСТИ КАЈ ФАРМСКИ ОДГЛЕДУВАНИТЕ РИБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПРИЈАВУВААТ ВО СВЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗДРАВЈЕ НА ЖИВОТНИТЕ (ОИЕ)"**

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата I редовна седница одржана на 7.12.2009 година, донесе одлука бр. 0201-4984/3 со која одреди Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Мишо Христовски
2. проф. д-р Алмедина Зуко
3. доц. д-р Славчо Мреношки,

за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста за научна работа на кандидатот м-р Александар Цветковиќ, вработен како асистент на Катедрата за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со работен наслов: **„Надзор, анализа на ризици и епидемиологија на вирусните болести кај фармски одгледуваните риби во Република Македонија кои задолжително се пријавуваат во Светската организација за здравје на животните (ОИЕ)"**.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на приложениот материјал во врска со подобноста на темата за изработка на докторска дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

*Биографски податоци и стручно-научна дејност*

М-р Александар Цветковиќ е роден на 31.3.1977 година во Делчево, Р. Македонија. Основното и средното образование ги завршил во Струмица. На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се запишал во учебната 1995/96 година, а дипломирал во 2002 година и се стекнал со звањето доктор по ветеринарна медицина.

По дипломирањето и отслужувањето на воениот рок, во 2004 година го положил стручниот испит за доктор по ветеринарна медицина при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

На 27.3.2006 година бил избран во звањето помлад асистент по предметот биологија и патологија на рибите и на пчелите на Катедрата за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Од 25.12.2006 година е во редовен работен однос на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како помлад асистент по предметот биологија и патологија на рибите и на пчелите.

Во учебната 2005/06 година се запишал на постдипломски - магистерски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, група: функционална морфологија, патологија и интерна медицина, подгрупа: биологија и патологија на риби. На 11.2.2009 година успешно го одбранил магистерскиот труд под наслов „Примена на автогена вакцинација за контрола на јерсиниозата (Yersiniosis salmonis) во салмонидната аквакултура во Република Македонија", со што се стекнал со звањето магистер на ветеринарни науки.

Во звањето асистент по предметот биологија и патологија на рибите и на пчелите е избран на 18.5.2009 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Од стручните усовршувања има присуствувано на следниве:

- во периодот 3-7 септември 2005 година учествувал на 7. Меѓународен симпозиум за анимална клиничка патологија и терапија Clinica Veterinaria во Охрид, Македонија, на кој презентирал и научни трудови;
- од септември 2005 до март 2006 година учествувал на сесии за обука за истражувачко-развојни проекти, организирани од ГТЗ (германски проект за поддршка на модернизацијата на македонското земјоделство) во Скопје;
- во периодот 26-30 јуни 2006 година учествувал на 8. Меѓународен симпозиум за анимална клиничка патологија и терапија Clinica Veterinaria во Неум, Босна и Херцеговина, каде што презентирал научни трудови;
- од 15 до 31 август 2006 година учествувал на курс за обука за клиничка и лабораториска дијагностика на болести кај рибите и пчелите при Научниот институт за ветеринарство во Нови Сад, Србија;
- во периодот 1-3 февруари 2007 година учествувал на 3. Меѓународна научна конференција "Рибарство" во Белград, Србија, на која презентирал научен труд;
- од 4 до 7 јуни 2007 година учествувал на 11. Годишен состанок на националните референтни лаборатории за болести на риби и на Работилницата за набљудување и епидемиологија на акватичните животни во Копенхаген, Данска, каде што ја презентирал состојбата со болестите кај рибите во Република Македонија;
- во периодот 18-22 јуни 2007 година учествувал на 9. Меѓународен симпозиум за анимална клиничка патологија и терапија Clinica Veterinaria во Палиќ, Србија, каде што презентирал научни трудови;
- од 4 до 15 февруари 2008 година учествувал на курс за обука за дијагностика на беснило и болести кај рибите и пчелите во ОИЕ и Националната референтна лабораторија за беснило и болести кај рибите и пчелите при Зоопрофилактичкиот институт во Венеција, Лењаро, Италија;
- во периодот 1-5 септември 2008 година учествувал на 10. Меѓународен симпозиум за анимална клиничка патологија и терапија Clinica Veterinaria во Крагуевац, Србија, на кој презентирал научен труд;
- од 25 до 27 ноември 2008 година бил член на македонската делегација за учество на 1. Меѓународен конгрес за пчеларство и производство на боров мед во Мугла, Турција;
- од 4 до 5 декември 2008 година учествувал на Работилницата за беснило - регионална соработка за ерадикација на најстарата зооноза во Европа, која се одржала во Анталија, Турција;

- од 4 до 5 мај 2009 година учествувал на Регионалната техничка работилница за прекуграничен менаџмент на рибниот фонд и конзервација на диверзитетот на рибите во Преспанското Езеро, која се одржала во Струга, Македонија;

- во периодот 20-24 мај 2009 година учествувал на 1. Конференција за конзервација и менаџмент на балканските слатководни риби во Охрид, Македонија, на која презентирал научен труд;

- како член на COST-акцијата 867 „Благосостојба на рибите во европската аквакултура", од 15 до 18 јуни 2009 година учествувал на заедничкиот состанок на комитетот за менаџмент и работните групи на акцијата во Исафјордур, Исланд;

- во периодот 26-28 ноември 2009 година учествувал на меѓународната научна конференција „Знаењето - капитал на иднината", на која презентирал научни трудови.

Досега е автор и коавтор на 18 рецензирани трудови презентирани на домашни и светски конгреси и објавени во домашни и странски списанија.

Кандидатот активно го познава англискиот јазик и се служи со бројни компјутерски програми.

## *Мислење за предлог - пријавата за изработка на докторска дисертација*

Доставениот предлог за изработка на докторска дисертација ги содржи следниве елементи за научноистражувачка студија: вовед, мотив, цели, материјал и методи, очекувани резултати и литература.

**Воведот** е организиран во пет целини.

Во општиот дел, кандидатот го објаснува значењето на рибите како најкомплексна група 'рбетници и потребата од редовни опсервации на нивната здравствена состојба во услови на интензивно фармско одгледување. Потенцирано е дека постојните меѓународни договори за трговија бараат научен доказ за демонстрација на слобода од одредени болести, пред да може да биде дозволен увоз или извоз на риби и други акватични животни. Дополнително, епидемиолошките студии за утврдување на присуството или отсуството на одредени болести имаат непроценливо значење за спроведување на анализа на ризици, рана детекција на болестите, логистичко планирање и мониторинг на мерките за контрола на болестите, обезбедување оптимално здравје на одгледуваните животни, сертификација на извозот, меѓународно известување и верификација на статусот за слобода од одредени болести, како и обезбедување СПФ (Specific Pathogen Free) статус на одредена фарма, зона или територија на целата држава. Во понатамошниот текст, кандидатот ја објаснува функцијата на Светската организација за здравје на животните (ОИЕ) и потенцира дека од областа на здравјето на акватичните животни, ОИЕ има објавено два стандарда {Код за здравје на акватичните животни (Aquatic Animal Health Code) и Прирачник за дијагностички тестови за акватичните животни (Manual of Diagnostic Tests for Aquatic Animals)}. Наведените стандарди постојано се ажурираат со најновите научни достигнувања и се основа за планирање и дизајн на

епидемиолошки студии за утврдување на присуството и раширеноста на одредени болести кај рибите и другите водни животни. Во продолжение е даден табеларен приказ на болестите кои задолжително се пријавуваат во ОИЕ, надополнет со приказ на приемливите родови и видови и според Директивата на Советот на Европската унија 2006/88/ЕЗ. Земајќи ги предвид специфичностите на одгледуваните видови, кандидатот потенцира дека болести од значење за аквакултурата во Република Македонија каде што доминираат калифорниската пастрмка (*Oncorhynchus mykiss*) и крапот (*Ciprinus carpio*) се: вирусната хеморагична септикемија (ВХС) и заразната хематопоетска некроза (ЗХН) кај калифорниската пастрмка и пролетната виремија (ПВК) и кои херпесвирозата (КХВ) кај крапот.

Во останатите четири целини од воведот, кандидатот дава детален опис на болестите кои ќе бидат предмет на истражувањето и притоа, за секоја болест дава посебен опис на најновите научни сознанија во однос на етиологијата, епидемиологијата, патогенезата, клиничката слика, постморталниот наод и методите на лабораториска дијагностика, отстранување и контрола. Опишани се и најважните карактеристики на методологијата за надзор на наведените болести и даден е посебен акцент на постојните ризици за нивна појава и ширење во Република Македонија.

**Мотивот** за спроведување на истражувањето кандидатот го пронаоѓа во недостатокот од податоци за присуство и раширеност на вирусната хеморагична септикемија, заразната хематопоетска некроза, пролетната виремија и кои херпесвирозата кај фармски одгледуваните калифорниска пастрмка и крап во Република Македонија. Од таа причина, посебно корисни ќе бидат податоците за застапеноста на болестите кај фармската популација на риби воопшто, како и влијанието па инфицираните единки во епидемиологијата па наведените болести. Со помош на тие податоци ќе можат да се претпостават штетите што ги причинуваат, како и можните програми за надзор, анализа на ризици, контрола и ерадикација.

**Целта** на трудот е јасна, кратка и добро формулирана - утврдување на присуството на горенаведените болести и нивните епидемиолошки карактеристики во Р.Македонија и воведување на континуиран систем на надзор и нивна контрола. Кандидатот поставува седум работни задачи:

- да се утврди присуството на ВХС и ЗХН во ладноводните рибници во Република Македонија;
- да се утврди присуството на ПВК и КХВ во топловодните рибници во Република Македонија;
- да се утврди процедура за рутинска идентификација на вирусите на ВХС, ЗХН, ПВК и КХВ;
- да се направи генетска типизација на вирусите на ВХС, ЗХН, ПВК и КХВ;
- да се направи епидемиолошка карта за раширеноста на ВХС, ЗХН, ПВК и КХВ кај фармски одгледуваните риби во Република Македонија;
- да се препорачаат мерки за контрола и ерадикација на ВХС, ЗХН, ПВК и КХВ во Република Македонија;
- да се разработи систем за анализа на ризици и ефикасен надзор на наведените болести.

Во делот за **материјал и методи** е наведено дека студијата ќе биде изведена во лабораториите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Мострите (разни производни категории на калифорниска пастрмка и крап) ќе бидат земени од сите регистрирани рибници во Р.Македонија, како и од рибниците во фаза на регистрација.

Земањето, пакувањето и доставата на мострите на лабораториска анализа ќе се изведува согласно со упатствата на ОИЕ.

За испитување на ВХС и ЗХН, мострите ќе се земаат од рибниците секогаш кога температурата е под 14°C (кај нас најчесто есен и зима). Во мострата ќе бидат вклучени риби со клинички знаци на заболување или свежо угинати риби од разни возрасти (најчесто едногодишен подмладок). Доколку рибите се здрави, во мострите ќе бидат вклучени сите старосни категории од сите објекти на фармата.

За испитување на ПВК, мострите ќе се земаат од рибниците секогаш кога температурата е под 18°C (пролет и есен). Во мострата ќе бидат вклучени едно и двогодишни риби со клинички знаци на заболување. Доколку рибите се здрави, во мострите ќе бидат вклучени сите старосни категории од сите објекти на фармата.

За испитување на КХВ, мострите ќе се земаат од рибниците секогаш кога температурата е над 20°C (доцна пролет и лето). Во мострата ќе бидат вклучени риби со клинички знаци на заболување (најчесто едногодишни) или свежо угинати риби од разни категории. Доколку рибите се здрави, во мострите ќе бидат вклучени сите старосни категории од сите објекти на фармата.

По земањето, мострите во свежа и разладена состојба ќе бидат донесени на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје каде што ќе се вршат лабораториските испитувања.

По приемот на мострите, сите доставени риби ќе бидат патоанатомски испитани при што ќе се селектираат примероците од кои ќе се зема материјал за лабораториско испитување: за ВХС и ЗХН - слезена, преден бубрег, срце и мозок; за ПВК - бубрег, слезена, жабри, мозок и црн дроб и за КХВ - жабри, бубрег, слезена, мозок и црево.

Лабораториските анализи на доставените мостри риби ќе се изведуваат во целост согласно со препорачаните методи на ОИЕ, кои постапки се детално опишани во ОИЕ - прирачникот за дијагностички тестови за водните животни.

Примарно, хомогенатите од подготвените органи ќе се испитуваат на присуство на вирусот во култура на клетки. Клеточни линии кои ќе се користат се: за ВХС - BF-2 или EPC; за ЗХН и ПВК - EPC или FHM. За детекција на вирусот на КХВ во селектираните органи примарно ќе се користи полимераза верижна реакција (PCR). За ВХС и ПВК, паралелно со вирус изолацијата ќе се користи и детекција на вирусот во хомогенати од органи со имуноензимска реакција за детекција на антиген (Ag ELISA).

По инокулацијата и инкубацијата, културите на клетки ќе се испитуваат на појава на цитопатоген ефект (CPE) како резултат на присуството на вирусот. Културите кај кои нема да се развие CPE нема да бидат земани во понатамошна процедура и мострата ќе биде прогласена за негативна на испитуваниот вирус. Културите кај кои ќе има појава на CPE ќе бидат подложени на понатамошни процедури за идентификација на вирусот (индиректен тест на флуоресцентни антитела во културите на клетки, PCR и секвенционирање на добиените PCR-продукти).

Во делот **очекувани резултати**, кандидатот наведува дека применетата процедура за идентификација на вирусите на ВХС, ЗХН, ПВК и КХВ би требало да овозможи добивање доволен број изолати за понатамошно истражување и да биде воведена како рутински метод - стандардна оперативна процедура (СОП) за лабораториска дијагностика на наведените болести. Дополнително, планираната студија би требало да овозможи добивање на епидемиолошки податоци за застапеноста на ВХС, ЗХН, ПВК и КХВ кај фармски одгледуваните риби во Р. Македонија.

Врз основа на добиените резултати ќе може да се препорача ефикасна програма за надзор, анализа на ризици, контрола и ерадикација на ВХС, ЗХН, ПВК и КХВ во Република Македонија која ќе биде основа за изработка на ефикасен систем за надзор и национална стратегија за здравје на аквакултурните животни.

## Заклучок и предлог

Целта врз која е базирана оваа студија, мотивот за изработка, предложената методологија, изборот на примероци за испитување како и претпоставката за очекуваните резултати, говорат дека реализацијата на докторската дисертација ќе има научен, стручен и практичен придонес.

Рецензентската комисија позитивно ја оценува пријавата за докторска дисертација под наслов: **„Надзор, анализа на ризици и епидемиологија на вирусните болести кај фармски одгледуваните риби во Република Македонија кои задолжително се пријавуваат во Светската организација за здравје на животните (ОИЕ)"** од м-р Александар Цветковиќ и со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да ја прифати предложената тема и да му овозможи на кандидатот да ја реализира поставената цел.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Мишо Христовски, с.р.

Проф. д-р Алмедина Зуко, с.р.

Доц. д-р Славчо Мреношки, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНТИКАТА ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ БАСЕН“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТРАЈЧЕ НАЦЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата VI редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 3. III 2010 година, бевме избрани за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација со наслов: **Антиката во Брегалничкиот Басен**, поднесена од м-р Трајче Нацев. Нашата оцена за поднесената докторска дисертација е содржана во следниов

ИЗВЕШТАЈ

М-р Трајче Нацев, во април 2010 година ја предаде во финална форма својата докторска работа под наслов: **Антиката во Брегалничкиот Басен.**

Оваа докторска дисертација претставува резултат на неговите долгогодишни проучувања на античките културни/археолошки хоризонти во долината на реката Брегалница.

Хронолошкиот дијапазон на неговите истражувања е содржан во рамките на епохата на антиката, а предмет на истражувањата претставуваат, пред сè, античките населби и проблемите поврзани со нивната местоположба, културна содржина и класификација.

Докторската дисертација на м-р Т. Нацев се состои од два дела. Првиот дел има вкупно 155 страници, а вториот или осмото поглавје има 560 страници, што вкупно изнесува 715 страници со најновата слика на античките археолошки локалитети од долината на прастарата река Астибо, во вид на основниот и каталошкиот текст и повеќе стотици фотографии, планови, детали и исечоци од топографски секции и генерални карти.

Своите научни согледувања кандидатот ги темели врз релевантна стручна и научна литература со вкупно 121 референци и 657 (202+455) забелешки под текстот. Цитирањето на референцијалните дела, како и останатите информации, е изведено оптимално коректно, а забележуваме дека е потребно завршно коригирање на фус-нотите и списокот на литературата пред публикување на трудот.

Дисертацијата е оформена во осум основни поглавја. Акцентот на истражувањата е фокусиран врз осознавањето на културните хоризонти од епохата на антиката во пространата долина на реката Брегалница. Кандидатот извел импресивни теренски и кабинетски истражувања и во предложениот труд ни претставува најнова слика со делумно познатите и голем број помалку познати локалитети од античко време, при што тој го предлага најновиот научно археолошки фундиран обид за нивна категоризација.

Текстот на дисертацијата на м-р Трајче Нацев започнува со првото кусо поглавје ***Вовед***, во кое авторот ги образлага причините поради кои започнал да работи на оваа тема, потоа изнесува осврт на степенот на истраженоста и предлага ова дело да послужи за појдовна база на податоци на натамошните уште попродлабочени истражувања на долината на Брегалница.

Во второто поглавје ***Геоморфолошки и геолошки карактеристики на областите,*** м-р Т. Нацев детално ги опишува географските, климатските и хидролошките рамки и особини на областите: Малешево, Пијанец, Виница, Кочани, Штип и Овче Поле. Во овој дел од трудот се изнесени и информациите за рудните лежишта како најважен процесуален сегмент на оформувањето на античката цивилизација во овој крај.

Во третото поглавје ***Хронолошки профил на Брегалничкиот Басен***, кандидатот најпрво ги изнесува кусите предисториски рамки и во продолжение дава обемен преглед на временските рамки на основните периоди од античката епоха (класичниот, хеленистичкиот, раноцарскиот и доцноантичкиот период, во кои периоди се содржат неговите истражувања. Воедно тука се поместени и археолошките карти кои кореспондираат со соодветните периоди. Му сугерираме притоа на кандидатот, нив да ги нареди и по хронолошки редослед. Кандидатот најнапред изнесува општ историски осврт на раноантичките кралства на Македонија и Пајонија, со индиректен контекстуален карактер, за во вториот дел, да се осврне и на развојот на раноантичките градови во Брегалничкиот Басен. Ова кусо четиво, базирано главно врз проучувањата на Ф. Папазоглу, И. Микулчиќ, и личните истражувања на кандидатот, се занимава со полеогенетските аспекти на раноантичките градови Билазора, Јорон, Астрајон, Брагил, Примана, како и неколку други поважни археолошки локалитети со дискутабилен градски карактер.

Во првиот дел од потпоглавјето за ранoримскиот период, кандидатот најнапред изнесува општа хронолошка рамка и дефиниција на административно-територијалните граници на римската провинција Македонија, додека во вториот дел изнесува обемен осврт на античките градови и населби во Брегалничкиот Басен од ова време, при што констатира дека 80 од регистрираните 94 населби, се новооформени, додека 10 поседуваат постари и културни хоризонти. Кандидатот, врз основа на обемните кабинетски и теренски проучувања, ја гради сликата на полеогенезата од римскиот царски период. Така, во областите по истражувањето и класифицирањето, ги истакнува најголемите населби. Тој паралелно информира и за степенот на познавање на локалитетите, како и за досегашните археолошки интервенции и траги во соодветната стручна и научна литература.

Во рамките на овој дел, м-р Т. Нацев посветува и потпоглавје околу убикацијата на античкиот град Астибо, при што врз основа на досега изнесените хипотези, потоа постојниот археолошки и историски материјал, се приклонува на оние авторитети кои сметаат дека градот Астибо се наоѓал на локалитетот Исар, Штип.

Во потпоглавјето за доцноантичкиот период, по општите историски рамки кандидатот изнесува обемен преглед на доцноантичките локалитети во областите, врз чија основа ја надоградува постоечката класификација на И. Микулчиќ. Кандидатот, анализирајќи ги информациите до кои дошол, за секој регион

одделно изнесува особено значајна категоризација на локалитетите дефинирајќи ги поголемите локалитети со утврден или отворен карактер.

Имајќи ги предвид досегашните куси археолошки информации за оваа значајна научна материја, изнесени од страна на мошне малкуте истражувачи и од археолошката карта на Република Македонија, цениме дека кандидатот м-р Т. Нацев сторил голем чекор напред во проучувањата на басенот на реката Брегалница од епохата на антиката, со оглед на новоформениот квантитет локалитети на едно место и обидите за анализа и нивна категоризација.

Во четвртото поглавје ***Економијата, религијата и патните комуникации во Брегалничкиот Басен врз база на археолошки рекогносцирања и истражувања***, кандидатот м-р Нацев посебно студиозно се фокусира на материјалните археолошки остатоци за проучувањето на основните стопански гранки: рударството, занаетчиството, земјоделството, сточарењето, ловот и риболовот. Тоа се на пример земјоделските орудија, остатоците на винарските преси, или остатоците од бројните површински рударски копови или галерии и алатки во областите - предмет на неговите истражувања, потоа остатоците на нус-производи од топењето итн. Кандидатот се осврнува на античките мадеми, убицирајќи го на пример местото од каде што граѓаните на Баргала добавувале материјал за подовите на градските јавни и приватни објекти. Значајни се изнесените сознанија за античките градежни техники, елементите за грнчарството, обработката на дрвото, ковачкиот и кожарскиот занает.

Во мошне кусото потпоглавје „Религија“, м-р Т. Нацев го истакнува христијанството, како и ранохристијанските објекти - базилики што се откриени во голем број во Брегалничкиот Басен.

Во потпоглавјето „Патната мрежа од предисторијата до крајот на доцната антика“, м-р Нацев прво ги изнесува варијантите и дилемите на истражувачите на познатиот дијагонален пат на релацијата од Стоби до Штип, потоа ги реконструира делниците Штип - Баргала, Баргала - Моробиздон, Моробиздон - Виница, Виница - Ќустендил. Потоа патот од Штип до Берово, правецот за Партикопол.

Во исто така обемното поглавје ***Заврши согледувања***, м-р Т. Нацев ги резимира истражувањата и доаѓа до почетните контури на античкото цивилизациско јадро во Брегалничкиот Басен во истражувачка смисла. И самиот констатирајќи дека се работи за почеток, во контекстот на мошне скромните истражувачки интервенции, своите напори ги насочува кон населбинските центри, наведувајќи ги тешкотиите за прецизното територијално дефинирање на бројните етницитети кои што го населувале Брегалничкиот Басен во античката епоха.

Се чини дека особено важен исчекор за нашата наука проследен низ делото на м-р Т. Нацев претставува согледувањето за бројноста на новоформените населби во раноримскиот период за сметка на раноантичките населби, чијшто популациски елемент во доцната антика се повлекува на повисоките и побезбедни позиции, оформувајќи претежно нови фортифицирани живеалишта со особено внимателно разработени одбранбено-заштитни механизми. Кандидатот ги истражувал сите овие места и жалиме што поради обемот и карактерот на трудот

нема место за поединечна поголема и детална текстуална презентација на нивните материјални остатоци.

Антиката на Брегалничкиот Басен била парцијално тематски истражувана. Апостол Керамидчиев работел на старото рударство и рекогносцирањата, но речиси и нема брегалничка област каде што не влегол. Звонко Белдедовски работел на исто така голем број локалитети и ископувања пред сè во Штипско, Кочанско и Виничко. Познати се научните изводи на проф. д-р Иван Микулчиќ за старите градови и тврдини во Источна Македонија. Акад. Блага Алексова се фокусираше на Баргала, тврдините околу Баргала и особено на ранохристијанските епископски и помали ранохристијански центри во Брегалничкиот Басен. Акад. Вера Битракова Грозданова се интересираше за материјалните наоди од раната антика. Проф. д-р Виктор Лилчиќ ги истражуваше античките камени архитектонски елементи и особено античките градови и тврдини. Доц. д-р Марјан Јованов работеше на античките патишта, а археологот Кирил Трајковски долго време го ископуваше античкиот Моробиздон кај Мородвис. Д-р Коста Балабанов и Цоне Крстевски го открија градот кај Виница и прочуените винички теракотни релјефни тули. Значајни се и истражувањата на Иван Венедиков, акад. Милутин Гарашанин, Кирил Манго, Воислав Санев, д-р Драгиша Здравковски, Зоран Георгиев, Илинка Атанасова и други авторитети кои макотрпно научно допреле голем број проблеми од материјалното минато од долината на оваа прастара света река на Пајонците. Но еве денес, м-р Трајче Нацев на едно место ги собра сите познати релевантни населбински точки од античката епоха. Вториот дел од дисертацијата претставува вистинска лична карта на овие места, среден според областите: Малешево, Пијанец, Виница, Кочани, Штип и Свети Николе, по должината на Брегалничкиот Басен од изворот па речиси до утоката во реката Вардар.

Користејќи ја вообичаената комбинирана методологија на археолошко-типолошките истражувања, м-р Т. Нацев изработил детален и прегледен каталог на над 500 локалитети, што ги класифицирал и ги опишал во текст и илустрации и ги потпрел со соодветни стручни или, пак, научни референци.

Проширувајќи ги своите истражувања на оваа проблематика врз основа на познатите и многу нови локалитети од целата територија на Брегалничкиот Басен, м-р Нацев добил оптимално комплетирана најнова научна слика на типологијата на локалитетите.

Цениме дека трудот на м-р Т. Нацев ја постигна својата цел, а тоа е детален приказ и досега најкомплетна типологија на археолошките локалитети со населбински карактер, градови, тврдини, села од Брегалничкиот Басен, нивна детална типолошка класификација, со што кандидатот создаде дело што ќе биде од полза за сите истражувачи на антиката кои во рамките на своите активности се занимаваат со наведената проблематика.

Имајќи ги предвид сите согледани елементи од предложениот текст на докторската дисертација цениме дека кандидатот м-р Т. Нацев, користејќи ја стандардната методологија на комбинирање податоци од литературата со сопствените истражувања на археолошките локалитети од шест пространи области по должината на р. Брегалница, оформил вреден научен труд што

доколку се публикува со определени сугестии и совети, секако ќе биде и значајно научно помагало во археолошките истражувања.

Ценејќи ги согледаните елементи, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да го прифати нашиот извештај и да одобри одбрана на поднесената докторска дисертација.

**Комисија**

Вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ, с.р.
Проф. д-р Елица Манева, с.р.
Вонр. проф. д-р Драги Митревски, с.р.
Проф. д-р Коста Аџиевски, с.р.
Доц. д-р Марјан Јованов, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ М-Р РОБЕРТ ШАРЛАМАНОВ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-2398/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 29.12.2009 година, формирана е Комисија во состав:

1. проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет-Скопје
2. проф. д-р Атанас Кочов, Машински факултет-Скопје
3. проф. д-р Атанаско Тунески, Машински факултет-Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Роберт Шарламанов и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

## ЕМПИРИСКИ МОДЕЛ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА МЕРЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА СИРОМАШТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

Кандидатот м-р Роберт Шарламанов е роден на 14. VII 1972 година во Скопје, Република Македонија. Основно и средно образование завршил во Скопје, со континуиран одличен успех. Високото образование го започнал во учебната 1991/1992 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дипломирал на 16.VII 1999 година. Магистерски студии по интер-дисциплинарни постдипломски студии за евроинтеграции и комуникации запишал на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј" во 2001 година и со највисока оценка ги завршил во јуни 2003 година, со магистерскиот труд на тема „Политика на животна средина на Европската унија: Принципите на одржливиот развој".

Кандидатот има интензивно работно искуство во доменот на програмско планирање и проектен менаџмент, мониторинг и евалуација на програми и проекти во областа на животната средина, енергетиката и инфраструктурата. Вработен е во Канцеларијата на Австриската агенција за развој (ADA) во Република Македонија како национален офицер за програмата на ADA за Македонија за животна средина, енергетика и инфраструктура. Како одговорен за прашањата поврзани со горенаведените сектори, кандидатот особен акцент во изминатите 4 години посветува на нивната поврзаност со феноменот на сиромаштијата. Кандидатот особено се фокусира на феноменот на енергетската сиромаштија, на факторите кои ја предизвикуваат, како и на мерките за намалување на нејзините негативни ефекти. Во таа насока, покрај апликативно искуство во креирање мерки за справување со енергетската сиромаштија, кандидатот учествува и во научноистражувачки проекти кои ја испитуваат нејзината мулти-димензионална природа. Дополнително, тој има учествувано на бројни конференции, како слушател, но и како излагач за теми поврзани со енергетската сиромаштија.

Во моментов, кандидатот спроведува повеќе активности поврзани со мерките насочени кон справување со енергетската сиромаштија во Република Македонија и во регионот, и тоа преку научноистражувачка работа во однос на дефинирањето на институционалното производство на енергетската сиромаштија во Р. Македонија и во Р. Бугарија[1], како и преку мерки насочени кон условите на домување, како еден од факторите кои ја предизвикуваат оваа сиромаштија[2].

## 2. Образложение на предлог-темата за докторска дисертација

Во научната литературата постојат бројни дефиниции за енергетската сиромаштија и главно таа се дефинира како комплексен феномен кој начелно има социо-економска, демографска и просторна димензија. Сепак, факторите како институционалниот, економскиот, квалитетот на домување и шаблоните на однесување значително влијаат кон создавање на енергетска сиромаштија и не можат и не смеат да се занемарат.

Дефинирањето на енергетската сиромаштија во прешироко контекст може да има импликации врз текот на истражувачката работа, врз самото дефинирање на варијаблите кои ја одредуваат, како и на нивната

---

[1] Бужаровски, С. и Шарламанов, Р. (2009) 'The political economy of energy poverty in Southeastern Europe: two states in comparative perspective', London School of Economic and Political Science (Senior Research Fellow Ifri Energy Programme);

[2] Програма на АДА за креирање услови за енергетска ефикасност на градежни објекти во РМ (2010-2012).

мерливост. Оттука, потребно е да се дефинира енергетската сиромаштија во контекст на даден простор и општество.

Така, во контекст на ова истражување, енергетската сиромаштија е неможност на домаќинството да ги обезбеди потребите за енергија со цел да оствари пристоен живот и еднакви шанси во дадено општество и простор.

Постојат многубројни соодветни пристапи и мерки кои можат да се преземат во насока на намалување на енергетската сиромаштија и нејзините негативни влијанија. Главно, тие се сведуваат на социјални пакети, тарифни модели (се мотивира употреба на енергенти и енергетски услуги под соодвеетни услови и тарифи) и мерки за енергетска ефикасност (се влијае на условите на домувањето). Нивната ефикасност зависи од многу фактори, но за овие и останатите мерки насочени кон намалување на енергетската сиромаштија и нејзините придружни негативни ефекти да можат соодветно да се дизајнираат, потребни се информации кои ќе можат да ја профилираат енергетската сиромаштија од аспект на нејзините потекло и причини (независни и контролирани варијабли), како и да ја пресметаат енергетската сиромаштија (зависни варијабли и индикатори), во однос на даден временски интервал. Во моментов, релевантните податоци за профилирање на енергетската сиромаштија во РМ, иако достапни и со соодветен потенцијал, не се земени со соодветно внимание, како од институциите, така и од научната фела.

Предмет на ова истражување се карактеристиките кои произведуваат енергетска сиромаштија, од кои произлегуваат варијаблите кои ја детерминирааат енергетската сиромаштија, нивната функционална меѓузависност, дефинирајќи го информацискиот систем за мерење на енергетска сиромаштија.

Поедноставено, информацискиот систем треба да биде составен од варијабли, како влезни податоци во системот, кои корелирајќи преку дефинирани фунционални меѓузависности го даваат нивото на енергетска сиромаштија (индикатори и индекс на енергетска сиромаштија), како излезна информација.

Вака широко дефиниран предмет на истражување ги отвора двете клучни прашања на кои ова истражување треба да даде одговор:

1. На кој начин да се профилира енергетската сиромаштија (опсег, потекло и причина) во РМ?
2. На кој начин да се пресмета нивото на енергетска сиромаштија?

### 3. Цели на докторската дисертација

Претходно, накусо беа споменати можните пристапи и мерки за намалување на енергетската сиромаштија и пред сѐ важноста на соодветни информации за креирање на овие мерки. Токму непостоењето на соодветни информации за потеклото и причините (профилот) за енергетската сиромаштија, како и проценки за нејзиното ниво, честопати продуцира паушални мерки засновани на податоци и информации за апсолутната и релативната сиромаштија. Од научна, како и од прагматична гледна точка,

овој пристап е неадекватен. Во рамките на истражувањето ќе се определат дополнителните фактори кои влијаат на енергетската сиромаштија и точно ќе се дефинираат: профилот на релевантите податоци, нивниот извор, нивната функционална меѓузависност, структурата на информациите кои ќе се произведуваат, како и профилот на енергетската сиромаштија со цел користење на крајните резултати не само од научноистражувачки, туку и од апликативен аспект.

Од научноистражувачки аспект, главната *цел на предложениот труд е да се креира систем на функционални меѓузависности на дефинираните варијабли чија цел е добивање структурирани информации, релевантни за енергетската сиромаштија*. Според достапната литература, досега ваква интеркорелација на варијаблите кои влијаат на енергетската сиромаштија не е направена.

Специфичната цел на овој труд е да се конципира енергетската сиромаштија во контекст на Република Македонија, односно да се одредат причините кои ја предизвикуваат неа.

## 4. Методологија на истражувањето

**Фаза 1: Конципирање на енергетската сиромаштија (концепт, опсег, потекло -причини) преку детерминирање на карактеристиките (факторите) кои влијаат на енергетската сиромаштија.**

Методи на истражување - фаза 1

Со цел да се детерминира што е можно попрецизно линијата на енергетска сиромаштија, како и нејзиното ниво (% од домаќинства), ќе се користат две методи: *i*) компензирачки варијации, комбинирана со *ii)* анализа за енергетски оптоварувања.

Методот на компензирачки варијации ја квантифицира „цената која на потрошувачот би требало му се исплати, ..., за тој да ја задржи истата благосостојба, ..., заради промената на цените на производите кои потрошувачот би можел да ги купи“ (Economics Glossary, 2005). Ова го изразува процентот со кој приходот во дадено домаќинство треба да се зголеми во годината *y* со цел да биде способно да ја набави истата количина на енергија која ја набавувало во претходната година *x*, пред цените за енергија да биле зголемени. Колку е поголема компензирачката варијација за дадена група на домаќинства, толку е поголема нивната загуба од аспект на благосостојба за време на периодот помеѓу *x* и *y*. Споредувањето на компензирачките варијации за различни нивоа може да доведе до проценка за обемот и видот на населението и домаќинствата кои се засегнати од зголемените цени за енергија за даден временски период.

Користејќи го овој метод, истражувањето ќе се потпре на статистичките податоци за да ја процени компензирачката варијација врз основа на класификацијата „еквивалент-приход“ на домаќинствата, каде што домаќинствата се категоризирани во децили врз основа на нивниот вкупен приход по „еквивалент-член“ на домаќинството.

Единицата која ќе се истражува се 5000 домаќинства од Македонија, поточно податоците од истражувањето за потрошувачката на домаќинствата во РМ спроведено од Државниот завод за статистика на Република Македонија. Дополнително, за време на истражувањето, предвид ќе бидат земени податоци од последниот попис, бруто домашниот производ, енергетските биланси на РМ, податоците од релевантите стратешки документи итн.

Вториот метод, анализата на енергетски оптоварувања се користи за да се одредат профилот и опсегот на енергетска сиромаштија врз основа на спроведени испитувања за субјективната благосостојба. При неговата примена ќе бидат користени резултатите од компатибилни анкети кои се спроведуваат од страна на Државниот завод за статистика на годишно ниво, со цел да се оценат искуствата и проценките на домаќинствата од различни недостатоци.

**Фаза 2: Детерминирање на варијаблите и нивната функционална меѓузависност: мерење на енергетската сиромаштија.**

Методи на истражување - фаза 2

При проектирањето на информацискиот систем ќе се користи методологијата EAP (Enerprice Architecture Planning), приспособена за информациски систем за детектирање енергетска сиромаштија.

Самата пресметка на енергетска сиромаштија ќе се прави врз основа на економетриски методи користејќи мултиваријантни интерполации, односно интерполација од функции на повеќе од една варијабла. Ова е неопходно заради мултидимензионалната природа на енергетската сиромаштија.

## 5. Очекувани резултати од истражувањето

Очекуваните резултати од предложеното истражување се следни:

- детерминирање на карактеристиките на енергетската сиромаштија во Република Македонија;
- детерминирање на опсегот на енергетска сиромаштија;
- создавање на емпириски модел на информациски систем за детектирање енергетска сиромаштија, што подразбира:
    - o дефинирање на варијаблите за енергетска сиромаштија,
    - o дефинирање на функционалните меѓузависноти помеѓу варијаблите,
    - o дефинирање на индикаторите и индекс на енергетска сиромаштија.

Апликативниот потенцијал на структурираните информации од ова истражување е повеќекратен. Двете основни насоки за примена на добиените резултати се: генерирање мерки за намалување на енергетската сиромаштија кои се насочени кон корените на проблемот (заради постоење на профил на енергетската сиромаштија), како и основа за создавање на мерки насочени кон итните потреби - мерки за социјална заштита, здравствена заштита итн. (заради постоење информациски систем за мерење на енергетската сиромаштија).

## ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Роберт Шарламанов, врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и оспособеност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Емпириски модел на информациски систем за мерење на енергетската сиромаштија во Република Македонија" е подобна и претставува актуелно и современо истражување и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.
3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Роберт Миновски од Машински факултет во Скопје.

Комисија,

1. Проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет-Скопје с.р.
2. Проф. д-р Атанас Кочов, Машински факултет-Скопје с.р.
3. Проф. д-р Атанаско Тунески, Машински факултет-Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА БЕТОНСКИТЕ И ДРВЕНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет, на 362. седница одржана на 15.3.2010 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за повторен избор на еден асистент по горенаведените предмети.

На распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник" и „Лајме"од 12.2.2010 година, се пријави само Колевски Оливер, дипл.град.инж. (арх. бр. 0801/111-2 од 13.2.2010 година). Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатот, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот е роден на 1. 8.1978 година во Куманово, Република Македонија. Основно образование завршил во периодот 1985-1993 година, во ОУ „Вук Караџиќ", а средно во периодот 1993-1997 год. во ДСУ Гимназија „Гоце Делчев", и двете во Куманово, со континуиран одличен успех. Во учебната 1997/98 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока. Студиите ги завршил со среден успех од 8,14. Дипломската работа под наслов „Главен проект на армиранобетонска двобродна приземна хала", по предметот армиранобетонски конструкции 2, на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции ја изработил под менторство на проф. д-р Санде Атанасовски и ја одбранил со оценка 10 (десет), на 19.10.2005 година. Од учебната 2005/06 е запишан на постдипломски студии на Градежниот факултет во Скопје.

За време на студиите, кандидатот се истакнува како вредна, исполнителна и трудољубива личност, при што посебно се забележуваат неговите афинитети кон предметите од инженерската практика.

Во периодот април-септември 2003, кандидатот е вработен како соработник во „ГИС-ДАТА "- Скопје, на проект за изработка на дигитални мапи на делови од Република Македонија, за потребите на „Мобимак".

Поради тие негови квалитети, во учебните 2003/04 и 2004/05 година, како студент е ангажиран за демонстратор по предметот информатика и CAD-ориентиран софтвер, кој ангажман подоцна е проширен и на предметите нумерички методи и теорија на конструкциите, сите на Катедрата за теорија на конструкциите.

По дипломирањето, неговиот ангажман на Факултетот продолжува, како надворешен соработник на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, по предметите армиранобетонски конструкции 1; армиран бетон и конструкции; дрвени конструкции (основи на дрвени конструкции); технологија на бетон; градежни конструкции; бетон и железобетон (за архитекти).

Од учебната 2007/2008 е избран во звањето помлад асистент, по сите предмети од Катедрата за бетонски и дрвени конструкции.

Паралелно со неговиот ангажман на Факултетот (одржување на вежби), кандидатот учествува во изработка на повеќе идејни и главни проекти на конструкции од армиран бетон (станбени и индивидуални згради, административни и деловни објекти, мостови и сл.).

Владее и активно го зборува англискиот јазик. Комплетно компјутерски е едуциран: MS Office, Radimpex Tower 3D, CorelDraw, SAP 2000, AutoCAD, ArchiCAD, Robot Structural Analysis.

Кандидатот е добитник на Признанието за најдобро остварување во градежното конструктерство за 2007 и 2009 година. Од 2007 година е член на Управниот одбор на Инженерската институција на Македонија, а од 2009 година е претседател на Организацијата на млади инженери на Македонија. Исто така, член е и на Друштвото на градежни конструктори на Македонија и на Работната група 2 на Техничкиот комитет ИСРМ ТК30.

## 2. НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

[1] Aleksovski G., Kolevski O., "Homogenization Theory for Media with Periodic Structure", Internacionalni Naucno Strucni Skup, Gradjevinarstvo - nauka i praksa, Februar 2006, Zabljak, Crna Gora.

[2] Kolevski O., "Glavni Projekat Armirano-Betonske Dvobrodne Prizemne Hale", Internacionalni Naucno Strucni Skup, Gradjevinarstvo - nauka i praksa, Februar 2006, Zabljak, Crna Gora.

[3] Kolevski O., "Design for Strengthening of Reinforcement Concrete Bridge", Workshop for Young Engineers, Stability Pact for South Eastern Europe and DAAD, October 2007, Belgrade.

[4] Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Самарџиоска Т., Михајлов В., Тодоров К., Колевски О., „Проект за зајакнување и поправка на мостовите во Република Македонија", XI симпозиум на ДГКМ, септември 2007, Струга.

[5] Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., Колевски О., Тодоров К., Наков Д., „Проект за зајакнување и поправка на мостовите во Република Македонија - Фаза LOT2", XIII симпозиум на ДГКМ, октомври 2009, Охрид.

[6] Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., Колевски О., Наков Д., Богоевски А., „Реализација на вонгабаритен транспорт", XIII симпозиум на ДГКМ, октомври 2009, Охрид.

[7] Оливер Колевски, Цветанка Филипова, Горан Јакимовски, „Основен проект за армиранобетонска приземна хала", GEOREKS, II регионален конгрес на студенти од геотехнолошки факултети, Охрид, 17-21 април 2008 година.

[8] Oliver Kolevski, "NATO Project for Repair and Improvement of Bridges and Carriageway Structures on NATO Route "Bottle", "BEST" Workshop, Skopje, April 2008 (organised by faculty of Civil Engineering - Skopje).

[9] G. Markovski, S. Atanasovski, Z. Desovski, T. Arangelovski, O. Kolevski, D. Nakov, "Design for strengthening and repair of the bridges in Republic of Macedonia", Prohitech First International Conference, Rome, Italy, June 2009.

[10] Учество во работилница: „Имплементација на еврокодовите во националната регулатива", ИСРМ ТК30, 2007, Скопје, Р. Македонија.

[11] Workshop on Nationally Determined Parameters within Eurocodes-standards for design in civil engineering, INT MARKT 31585, Skopje, 2009.

Апликативната дејност ја реализира со повеќе изработени стручни трудови:

[1] Арматурни детали за главен проект на армиранобетонска конструкција на мотел во Визбегово, Скопје (соработка со проф.Грозде Алексовски); Скопје, мај 2004 год.

[2] Арматурни детали за главен проект за конструкција на Хотел за стари лица во с. Мрзенци, Гевгелија (соработка со проф. Грозде Алексовски); Скопје, април 2006 год.

[3] Главен проект за конструкција на хотел (пансиони) во Лагадин, Охрид, (соработка со проф. Грозде Алексовски); Скопје, септември 2005 год.

[4] Техничка документација за доградба и надградба на станбен објект во Охрид, (соработка со проф. Грозде Алексовски); Скопје, октомври 2005 год.

[5] Арматурни детали и техничка документација за конструкција на армирано-бетонска темелна плоча на административно-деловен комплекс во Москва, Русија (соработка со проф. Станислав Миловановиќ и проф.Грозде Алексовски и фирмата „ГЕОИНГ"-Скопје); Скопје, март 2006 год.

[6] Главни проекти за повеќе индивидуални станбени згради во Скопје, (соработка со проф. Грозде Алексовски); Скопје, 2004-2006 год.

[7] Идејни и главни проекти на индивидуални станбени згради, административни објекти, индустриски хали и сл., во соработка со доц. д-р Горан Марковски; (период 2006-2007 год.)

[8] Арматурни детали за темелна конструкција на индустриска хала за потребите на фирмата KNAUF, во соработка со проф. д-р Зоран Десовски; Скопје, јануари 2007 год.

[9] Главен проект и техничка документација за конструкција на армирано-бетонски патен мост за градски сообраќај во Штип, во соработка со проф. д-р Зоран Десовски; Скопје, април 2006 год.

[10] Техничка документација за патен мост во с. Шипковица, Тетово, во соработка со проф. д-р Санде Атанасовски; Скопје, јуни 2006 год.

[11] Елаборат и извршени испитувања на носивоста на рамни дрвени палети 1200 mm x 1000 mm, произведени во „TITAN" Цементарница „УСЈЕ" А.Д. – СКОПЈЕ, во соработка со проф. д-р Зоран Десовски; Градежен факултет-Скопје, април 2007 год.

[12] Проект за одржување на дел од употребливата градба на НАТО-правецот „BOTTLE", делница Катланово – Велес (арматурни детали и техничка документација за вкупно 30 моста), во соработка со проф. Санде Атанасовски, проф. Зоран Десовски, проф. Горан Марковски и др.; Скопје, април-декември 2006 год.

[13] Проект за поправка и зајакнување на мостовите и носивата конструкција на НАТО-правецот „BOTTLE", (LOT.2), (делница Неготино – Богородица) (техничка документација за вкупно 20 моста), како дел од работната група НАТО/Мостови, од Градежниот факултет во Скопје, март 2007 год.

[14] Испитување со пробно товарење на носивата конструкција на мост B75 (M1-79Д) (на незајакнат и на зајакнат и поправен мост), како дел од работната група НАТО/Мостови, од Градежниот факултет во Скопје, декември 2006 год.

[15] Испитување со пробно товарење на носивата конструкција на мост B51 (на незајакнат мост), како дел од работната група НАТО/Мостови, од Градежниот факултет во Скопје, април 2007 год.

[16] Техничка документација од извршени испитувања на Градежниот факултет во Скопје, за доказ на атхезијата помеѓу карбонски ленти и бетонска конструкција, за потребите при изведување на работите за зајакнување на мостовските конструкции од НАТО-правецот „BOTTLE" (со проф. д-р Санде Атанасовски, проф. д-р Зоран десовски и доц. д-р Горан Марковски), Градежен факултет-Скопје, јануари-март 2007 год.

[17] Студија за бројот и состојбата на мостовите на патниот правец Дојран-Валандово-Струмица-Радовиш-Штип-Велес-Скопје за реализација на вонгабаритен транспорт, јули 2009 (со проф. д-р С. Атанасовски, проф. д-р З. Десовски, проф. д-р Г. Марковски, ас. м-р Т. Арангеловски, ас. О. Колевски, А. Богоевски).

[18] Студија за бројот и состојбата на мостовите на патниот правец Скопје – Тетово – Јажинце за реализација на вонгабаритен транспорт, јуни 2009 (со проф. д-р С. Атанасовски, проф. д-р З. Десовски, проф. д-р Г. Марковски, ас. м-р Т. Арангеловски, ас. О. Колевски, А. Богоевски).

[19] Студија за бројот и состојбата на мостовите на патниот правец Богородица-Богдапци-Валандово-Удово-Демир Капија-Неготино-Велес-Скопје за реализација на вонгабаритен транспорт, јули 2009 (со проф. д-р С. Атанасовски, проф. д-р З. Десовски, проф. д-р Г. Марковски, ас. м-р Т. Арангеловски, ас. О. Колевски, А. Богоевски).

## 3. ЗАКЛУЧОК

Од погоре наведените податоци може да се констатира дека кандидатот Колевски Оливер, дипл.град.инж., во целост ги исполнува формалните услови за избор во звањето помлад асистент. Од личното познавање на кандидатот, следејќи ја неговата активност од студентските денови, неговиот ангажман во наставниот процес, како и неговата досегашна апликативна дејност, можеме да истакнеме дека станува збор за сестрана личност: трудољубив, вреден, исполнителен, но и инвентивен млад човек кој се развива во добар педагог и темелен истражувач.

Врз основа на претходно изнесеното, посебна чест ни е да му предложиме на Наставно – научниот совет на Градежниот факултет, кандидатот Колевски Оливер да биде повторно избран во звањето помлад асистент за предметите од областа на бетонските и дрвените конструкции.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Санде Атанасовски с. р.
2. Проф. д-р Зоран Десовски с. р.
3. Проф. д-р Кирил Граматиков с. р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ТРИ НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОПЕДИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Согласно со Законот за високото образование, Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје и Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 год. одреди Рецензентска комисија за избор на три наставници во сите звања по предметот ортопедија, во следниов состав: проф. д-р Анастасика Попоска, проф. д-р Љупчо Каревски, проф. д-р Славчо Стојменски, проф. д-р Антонио Глигориевски и проф. д-р Љубе Ивковски.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Утрински весник" на 25.11.2009 год. за избор на три наставници во сите звања по предметот ортопедија се пријавиле: прим. д-р Златко Темелковски, д-р Зоран Божиновски и прим. д-р Милан Самарџиски.

Рецензентската комисија по разгледувањето на пријавата на кандидатите и доставените документи и трудови, го донесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Прим. д-р Златко Темелковски

**Биографски податоци**

Д-р Златко Темелковски е роден 1956 год. во Скопје. По завршувањето на основното и средното образование во Скопје се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје во 1975 год. За време на студиите учествувал на студентски конгреси со трудови од разни области на медицината. Медицинскиот факултет го завршил во 1983 година. Специјализацијата по ортопедија ја завршил во 1992 год. Докторската теза со наслов: „Клиничко радиолошка евалуација на етиопатогенетските фактори на пателарната нестабилност" ја одбранил во 1995 год. во Софија, Бугарија. Бил стипендист на француската влада во учебната 1992/93 и во 1995 год., потоа стипендист на Европската асоцијација за спортска трауматологија во 1997 год., стипендист на меѓународната АО-асоцијација во 1998 год. и корисник на ТЕМПУС-стипендијата во 2001 год. Во текот на специјализацијата и доедукацијата посетувал повеќе курсеви во земјата и во странство како што се: „Колена хирургија-артроскопија", во Лион, Франција; „Модерна колена хирургија", Гент, Белгија; „Артроскопија на колено и рамо", Стенфорд-универзитет, Калифорнија, САД; „Нови пристапи на АО-синтезата во трауматологијата", Базел, Швајцарија; „Напреден АО-курс", Давос, Швајцарија; „Базична и напредна ехосонографија", Штолцалпе, Австрија; „Понсети курс", Сани Бич, Бугарија.

**Наставни активности**

Од почетокот на вработувањето до сега активно учествувал во изведувањето на наставата на Катедрата за ортопедија и покажува посебен интерес кон осовременување на начинот на едукација на студентите и младите кадри. Во 2008 год. е волонтер-асистент на Катедрата за ортопедија. Бил поканет предавач на конгреси, секциски состаноци и курсеви од областа на радиологијата, артроскопијата и спортската трауматологија во повеќе наврати во Македонија, Бугарија и Полска.

**Стручно-здравствени активности**

За време на својата едукација, специјализација и супспецијализација, д-р Златко Темелковски се оформил како стручен во областа на: хирургијата на коленото, спортскиот трауматизам, артроскопијата на рамо, колено и скокален зглоб, хирургијата на рамо и ендопротетиката на колено. Промовиран е во звањето примариус во април 2004 год. Во моментот работи како раководител на Одделот за детски трауматизам и спортска трауматологија на Клиниката за ортопедија во Скопје. Од 2009 година е претседател на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози. Член е на ЛКМ, БОТА, AAOS, ESSKA и EFORT.

**Научно-публицистичка дејност**

Кандидатот покажува посебен интерес кон научноистражувачката и публицистичката работа. Како автор и коавтор објавил 76 труда во земјата и во странство, а коавтор е на книгата „Зглоб на рамото".

**2. Д-р. Зоран Божиновски**

**Биографски податоци**

Д-р.Божиновски Зоран е роден 1962 год. во Скопје. По завршувањето на основното и средното образование се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје во 1982 год. За време на студиите учествувал на студентски конгреси со трудови од разни области на медицината во Тузла, Врњачка Бања, Приштина и Истанбул. Практиката во текот на студирањето ја извршил во Клиничкиот центар во Љубљана, на Одделот за Ендокринологија. Во 1987 год. престојувал еден месец на Хируршката клиника во болницата „Магиоре" во Болоња. Медицинскиот факултет го завршил во април 1988 год. со просечен успех 9,23. Во периодот од септември 1988 до 1989 год. работел како лекар по општа практиката во Македонска Каменица. Во истиот период запишал постдипломски студии и станал стипендист на Републичката заедница за научноистражувачка дејност при Министерството за наука и образование. Во 1990 год. се вработил на Клиниката за ортопедски болести. Специјализацијата по ортопедија ја завршил во март 1996 год. Учествувал на повеќе конгреси во земјата и странство. Постдипломските студии ги

завршил во јуни 2003 год. со одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Влијанието на промените на ацетабулумот врз дислокација на колкот кај спастичната церебрална парализа". Докторската дисертација со наслов: „Влијанието на тенотомиите врз репозицијата на дислоцираниот колк кај пациенти со спастична церебрална парализа" ја одбранил во јануари 2009 година.

**Наставни активности**

Од почетокот на вработувањето до сега активно учествувал во изведувањето на наставата на Катедрата за ортопедија. Бил асистент по предметот ортопедија во периодот од 1998 до 2006 год. кога земал активно учество во изведувањето на практичната настава за студентите.

**Стручно-здравствени активности**

Во 1996 год. ја добил јапонската стипендија на Светската Асоцијација на ортопеди и трауматолози (СИКОТ), со која станал член на оваа асоцијација од 1997 год. Во 1998 една година престојувал во Alfred I du Pont Hospital for Children, Wilmington, USA, за усовршување во областа на детската ортопедија, каде што посебно работел на проблемот на церебрална парализа. Од март 1999 до септември 1999 год., шест месеци престојувал во Duchess of Kent Children Hospital во Hong Kong. Реализирал повеќе кратки престои во Ортопедската болница „Бањица" во Белград, Горна Бања во Софија , НР Бугарија. Член е на: Македонското друштво на ортопеди и трауматолози (МАДОТ), Бугарската асоцијација на ортопеди и трауматолози (БОТА), Европската асоцијација на ортопеди и травматолози (СИКОТ), како и на Американската асоцијација на ортопедски хирурзи (ААОС).

**Научно-публицистичка дејност**

Кандидатот покажува посебен интерес кон научноистражувачката и публицистичката работа. Како автор и коавтор објавил 85 труда во земјата и во странство и напишал две поглавја: „Церебрална парализа" и „Менингомиелокела", во книгата „Детска ортопедија".

**3. Прим. ас. д-р Милан Самарџиски**

**Биографски податоци:**

Д-р Милан Самарџиски е роден на 20.8.1962 година во Берово, а основно и средно образование завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 1982 година, а го завршил во март 1988 година со просечен успех 8,56. Како волонтер работи на Клиниката за ортопедски болести од 1989 година, а од мај 1990 е во редовен работен однос во истата институција. Специјализацијата по ортопедија ја завршил во октомври 1996 година, а магистерскиот труд успешно го обранил на 1.7, 2003 година. Во рамките на стручното усовршување остварил стручен

престој во: Италија, Југославија, САД и Австрија. Посетувал базичен курс за ултразвук на Балканската охридска школа во 1995 година. Го завршил курсот по артроскопија во Скопје во 1996 година. Го завршил исто така курсот за реконстукција и елонгација на екстремитетите во Балтимор, Мериленд, САД, септеври 1998. Го посетувал "Cornel-Salcburg" семинарот за хирургија на коските и зглобовите, во 1998 година во Австрија. Во 2007 година го посетувал напредниот курс за компликации и инфекции на ендопротези на колк, во Хамбург, Германија. Во 2008 година присуствувал на напредниот курс за минимално инвазивни техники па имплантација на ендопротези на колено, во Штолцалпе, Австрија. Во 1998 година престојувал три месеци во Maryland Center for Limb Lengthening and Reconstruction, во John Hopkins University во Балтимор, САД. Во периодот од 1999 до 2001 година бил во три наврати па едномесечен престој во Algemeine Krankenhaus, во Виена, Австрија.

**Наставни активности**

Од почетокот на вработувањето до сега активно учествува во изведувањето на наставата на Катедрата по ортопедија и покажува посебен интерес кон осовременување па начинот на едукација на студентите и младите кадри. Од 2008 година е асистент на Катедрата за Ортопедија.

**Стручно-здравствени активности**

За време на својата едукација, специјализација и супспецијализација, д-р Милан Самарџиски се оформил како стручен во областа на: туморите на локомоторниот систем, специјално дизајнираните ендопротези, детската ортопедија и дензитометрија на скелетот. Учествувал во националниот проект „Спасување на екстремитетите“ од 2001 до 2003 год. и во проектот „Спасување на екстремитетитите кај пациенти со тумори на локомоторен систем“ од 2004 до 2006 год. Промовиран е во звањето примариус во април 2008 год. Во моментот работи како раководител на Одделот за неоплазми на локомоторниот систем и трансплантација на коска. Во периодот 1998-2000 бил благајник на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози. Член е на МАДОТ, ЛКМ, МЛД, EFORT, SICOT, BUON и на Друштвото за остеопороза на Македонија.

**Научно-публицистичка дејност**

Кандидатот покажува посебен интерес кон научноистражувачката и публицистичката работа. Како автор и коавтор објавил 123 труда во земјата и во странство и напишал поглавје за мекоткивни тумори во книгата: „Детска ортопедија”.

## ЗАКЛУЧОК

Во согласност со Законот за високото образование, Статутот и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Рецензентската комисија **позитивно го оцени** севкупниот досегашен развој на сите три пријавени кандидати, како и нивните стручни, научни и педагошки квалитети. Исто така, ценејќи го нивниот сериозен и професионален однос кон работните обврски, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет, прим. д-р Златко Темелковски, д-р Зоран Божиновски и прим. ас. д-р Милан Самарџиски **да бидат избрани** во звањето **доцент** по предметот ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Скопје, 2. 3.2010 год. Рецензентска комисија

1. Проф д-р Анастасика Попоска с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Каревски с.р.
3. Проф. д-р Славчо Стојменски с.р.
4. Проф. д-р Антонио Глигориевски с.р.
5. Проф. д-р. Љубе Ивковски с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
*Златко Темелко Темелковски, д-р сци*

**Институција:**
*Медицински факултет-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести*

**Научна област:**
*Ортопедија*

## НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Интерна скрипта за вежби (рамо-клиничка пропедевтика) | 1x3 | 3 | 3 |
| 2 | Автор на учебник („Зглоб на рамо") | 1x8 | 8 | 8 |
| | | | ВКУПНО | 11 |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | **Одбранета докторска теза** | 1x8 | 8 | 8 |
| | | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | | | |
| 1 | Temelkovski Z. *Our expirienc with Dejur radiological protocolfor assesment of etioppothogenetic factors in patelar instability* Bul J Orthop Trauma, 1999; 35(4):290-5. | 1x6 | 6 | 6 |
| 2 | Temelkovski Z. *Unsatbale shoulder tretated by Weber.* Bul J Orthop Trauma, 2002; 38(4):161-5. | 1x6 | 6 | 6 |
| 3 | Temelkovski Z. *Surgical tretament of* | 1x6 | 6 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *patelar instabilitty with Insall technique, modified acording to Temelkovski* Bul J Orthop Trauma, 2005; 41(4):18-22. | | | |
| | | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | | | | |
| 1 | ***Темелковски З,*** *Зафироски Ѓ, Христов Д, Дамјановски Г, Глигориевски А.* Современ клиничко радиолошки алгоритам во дијагностицирањето на етиопатогенетските фактори кај стабилната патела Мак. мед. прегл. 1995; 5-6: 176-9. | 1x2,4 | 2,4 | 2,4 |
| 2 | *Илич Д,* ***Темелковски З,*** *Андоновски .* Спект сцинтиграфија во дијагностиката на заболување на коленото. Мак. мед. прегл. 2001; 3-4; 119-24. | 3,2 | | 3,2 |
| 3 | *Глигориески А, Ѓорески К,* ***Темелковски З.*** КТ артрографија на рамениот зглоб при лезии на ротаторната манжетна и рамена нестабилност Мак. мед. прегл. 2005; 1-2: 34-40. | 3,2 | | 3,2 |
| 4 | *Глигориески А, Ѓорески К,* ***Темелковски З.*** Местото и улогата на компјутеризираната томографија во евалуацијата на пателкарната нестабилност. Мак. мед. прегл. 2006; 1-2: 26-33. | 3,2 | | 3,2 |
| | | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание** | | | | |
| 1 | ***Темелковски З,*** *Димова А, Аневски В.* Вредноста на радиолошкиот протокол во предоперативниот план кај валгус остеотомиите во приксималниот дел на тибијата. Acta Othop et Traum. Maced, 2007:(5)17-9. | 1,6 | | 1,6 |
| 2 | *Аспарухов А,* ***Темелкоски З,*** *Спасеноски С.* Реконструкција на преден вкрстен лигамент на коленото со автогено пресадување на палтеларен лигамнет и „Rigid fix". Acta Othop et Traum Maced, 2005; 5: 11-6. | 1,6 | | 1,6 |
| 3 | *Андоновски А,* ***Темелковски З,*** *Андоновска Б, Илиевски А, Хаџи-Антоновски А.* Impigment syndrome: Отворена предна акромиопластика-приказ на случај. Acta Othop et Traum Maced, 2007; 5: 47-50. | 1,2 | | 1,2 |
| 4 | ***Темелковски З.*** Евалуација на „белите артроскопии" кај спортисти. Мак. мед. прегл. 2009; 1: 42-4. | 2 | | 2 |
| **Пленарни предвања на научен собир со меѓународно учество** | | | | |
| 1 | Втор конгрес на радиолозите на | 1x3 | 3 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Македонија, 2000, Охрид | | | |
| 2 | Трет конгрес на радиолозите на Македонија, 2002 , Охрид | 1x3 | 3 | 3 |
| 3 | Денови на бугарската ортопедија и трауматологија, 2003, Тријавна, Бугарија | 1x3 | 3 | 3 |
| 4 | Прв меѓународен симпозиум за артроскопија, 2005, Варна, Бугарија | 1x3 | 3 | 3 |
| 5 | Втор меѓународен конгрес за артроскопија, 2006, Варна, Бугарија | 1x3 | 3 | 3 |
| 6 | Трет меѓународен симпозиум за артроскопија, 2007, Варна, Бугарија | 1x3 | 3 | 3 |
| 7 | Трет меѓународен симпозиум за артроскопија, 2008, Варна, Бугарија | 1x3 | 3 | 3 |
| 8 | Меѓународен симпозиум за минимално инвазивна хирургија по ортопедија и трауматологија, 2009, Варна, Бугарија | 1x3 | 3 | 3 |
| 9 | First International Congres of Sports Traumatology and Arthroscopy for Central-Istern Europe, 2009, Warsav | 1x3 | 3 | 3 |
| | | | | |
| **Одржано предавање по покана од референтен странски универзитет** | | | | |
| 1 | Медицински универзитет-Плевен, 2001 год. | 1x3 | 3 | 3 |
| 2 | Медицински универзитет-Плевен, 2003 год. | 1x3 | 3 | 3 |
| | | | | |
| **Одржано предавање на семинар за потребите на меѓународни спортски здруженија и федерации** | | | | |
| 1 | Албена, Бугарија, 2006 год. | 1x1 | 1 | 1 |
| 2 | International Medical Conference of Bulgarian Footbol Union, Sofia, 2007 | 1x1 | 1 | 1 |
| 3 | International Medical Conference of Bulgarian Footbol Union, Sofia, 2008 | 1x1 | 1 | 1 |
| 4 | International Medical Conference of Bulgarian Footbol Union, Sofia, 2009 | 1x1 | 1 | 1 |
| | | | | |
| **Одржано предавање на семинар за потребите на домашни спортски здруженија и федерации** | | | | |
| 1 | Кошаркарски сојуз на Македонија-Спортски трауматизам, Скопје, 2002 | 1x0,5 | 1 | 1 |
| 2 | Спортски трауматизам кај зглобот на коленото, Бања Банско, 2000 | 1x0,5 | 1 | 1 |
| | | | **ВКУПНО** | 83,4 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | Воведување на нова клиничка метода (хируршки третман на пателарна | 1x4 | 4 | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | нестабилност со Инсал техника, модифицирана по Темелковски), 2005 год | | | |
| | Воведување на нова клиничка метода (артроскопија на скокален зглоб) 2007 год | 1x4 | 4 | 4 |
| | | | ВКУПНО | 8 |

## ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научно-стручен собир (Конгрес МАДОТ, 2009 год. Охрид) | 1x1 | 1 | 1 |
| 2 | Член на научен одбор на меѓународен научно-стручен собир (Scientific Cometee of International simposiym for arthroscopy, Varna, Bulgaria, 2005, 20006, 20007, 20008) | 4x1 | 1 | 4 |
| 3 | Член на научен одбор на меѓународен научно-стручен собир (International simposiym for minima invasive surgery for ortthopedics and trauma, Varna, Bulgaria, 2009) | 1x1 | 1 | 1 |
| | | | | |
| **Студиски престој во странство-повеќе од 6 месеци** | | | | |
| 1 | Лион, Франција (1992-1993) | 2x2 | 2 | 2 |
| | | | | |
| **Студиски престој во странство-повеќе до 3 месеци** | | | | |
| 1 | Гент, Белгија (1997), ЕСКА-стипендија | 1x0,5 | 0,5 | 0,5 |
| 2 | Standford University, 1997 | 1x0,5 | 0,5 | 0,5 |
| 3 | Гент, Белгија (2001), ТЕМПУС-стипендија | 1x0,5 | 0,5 | 1,5 |
| | | | ВКУПНО | 9,5 |

## ВКУПНО

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| *НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ* | 11 |
| *НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ* | 83,4 |
| *СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ* | 8 |

| | |
|---|---|
| *ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС* | 9,5 |
| **ВКУПНО** | **111,9** |

**Членови на комисијата:**

1. Проф д-р Анастасика Попоска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Каревски, член с.р.
3. Проф. д-р Славчо Стојменски, член с.р.
4. Проф. д-р Антонио Глигориевски, член с.р.
5. Проф. д-р. Љубе Ивковски, член с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
*Зоран Мито Божиновски, д-р сци*

**Институција:**
*Медицински факултет-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести- Скопје*

**Научна област:**
*Ортопедија*

## НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби во зимски семестар 1999 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| 2 | Одржување на вежби во зимски семестар 2000 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| 3 | Одржување на вежби во зимски семестар 2001 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| 4 | Одржување на вежби во зимски семестар 2002 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| 5 | Одржување на вежби во зимски семестар 2003 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| 6 | Одржување на вежби во зимски семестар 2004 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| 7 | Одржување на вежби во зимски семестар 2005 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| 8 | Одржување на вежби во зимски семестар 2006 г. | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| | Вкупно | 360 | 0,03 | **10,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза | 1x8 | 8 | **8** |
| 2 | Одбранета магистерска теза | 1x4 | 4 | **4** |
| | | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Bozinovski Z., Zafiroski Gj., Karevski Lj., Poposka A., Gavriloski A.* SOFT TISSUE SURGICAL PROCEDURES IN THE PREVENTION OF HIP DISSLOCATION IN PATIENTS WITH SPASTIC CEREBRAL PALSY; Georgian medical news. 2008 Apr; (157):7-10 | 1x6 | 6 | 6 |
| 2 | *Bozinovski Z., Poposka A., Serasimoski V.* HIP REDUCTION IN CEREBRAL PALSY WITH SOFT TISSUE OPERATIVE PROCEDURES, Contributions; Sec. Biol. Med. Sci.; MASA; XXIX; 1; p. 211-219 (2008) | 1x6 | 6 | 6 |
| | | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | | | | |
| 1 | *З. Божиновски, J. Камнар, Ѓ. Зафироски, К. Георгиев,* Адукторни тенотомии и невректомии на n. Obturatorius во лекувањето и превенцијата на дислокацијата на колкот кај спастична церебрална парализа, Македонски медицински преглед. 2002; 5-6: 282-285. | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 2 | *З. Божиновски, J. Кумар, J. Камнар, Ѓ. Зафироски, Т. Ношпал, К. Георгиев,* Резултати од лекувањето на конгениталната псевдоартроза на тибијата, Македонски медицински преглед. 2001; 5-6: 165-170 | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 3 | *З. Божиновски, Li Y. H. W. Chow, Т. Ношпал, И. Стефановска,* Оперативни процедури кај миграција на колкот кај пациенти со церебрална парализа, Македонски ортопедско- трауматолошки гласник, Година 1, бр. 1, декември 1999; 27-30. | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 4 | *Божиновски З., Георгиев К.,* Тотална протеза на колкот кај пациенти со церебрална парализа (приказ на случај), Acta chir. Maced. Vol. 2, N°1; 71-78, 2003, UDK: 616.728.2-089.843:616.831-009.11 | 1x3,6 | 4 | 3,6 |
| 5 | *З. Божиновски, Ѓ. Зафироски, Љ. Каревски, А. Поповска, А. Гаврилоски,* Фактори кои влијаат на дислокацијата на колкот кај пациенти со спастична церебрална парализа, Physioacta Vol.2- N°1, 53-57 , 2008, UDK: 618.728.2-007.4:616.831-009.11 | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 6 | *Божиновски З, Зафироски Ѓ, Попоска А, Каревски Љ, Гавриловски А, Камнар В.* Појавата на дисплазијата при дислокацијата на колкот кај пациенти со спастична церебрална парализа. Мак. Мед. преглед. 2007 61; бр.1-3: 60-64 | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 7 | *Божиновски З, Зафироски Ѓ, Попоска А, Камнар J, Гавриловски А, Камнар В.* | 1x2,4 | 4 | 2,4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Фибуларен графт за корекција на плановалгусното стапало. Мак. Мед. преглед. 2006 57; бр.2-6: 42-45 | | | |
| | | | | |
| **Секциски предавања на научен собир со меѓународно учество** | | | | |
| 1 | Секциски состанок со меѓународно учество по повод Светскиот ден на хендикепираните, одржан на 2.12.2005 г. Предавање: Избор на адекватна количка за пациенти со церебрална парализа. | 1x2 | 2 | 2 |
| 2 | Инструкциски курс за церебрална парализа со меѓународно учество во Охрид 2002 г. Предавање: Оперативен третман кај пациенти со церебрална парализа. | 1x2 | 2 | 2 |
| **Секциски предавања на научен собир** | | | | |
| 1 | Секциски состанок на Здружението на физијатри на РМ, одржано на ден 21.9.2007 г. во Кочани . Предавање: Количка за церебрална парализа. | 1x1 | 1 | 1 |
| 2 | Стручен состанок за практична примена на кинезитерапијата во рехабилитацијата на деца со церебрална парализа, одржан 2001 година во Заводот за физикална медицина и рехабилитација- Скопје, во соработка со ХЕНДИКЕП. Предавање: Оперативното лекување на деформитетите на стапалата кај децата со церебрална парализа. | 1x1 | 1 | 1 |
| 3 | Секциски состанок на Здружението на физијатри на РМ, одржано на ден 28-29.11.2008 г. во Струмица, Предавање: Фибуларен графт во корекција на плановалгусно стапало. | 1x1 | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | | | 49 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | **Поглавје во книга од стручна област-коавтор** („Церебрална парализа и менингомиелоцела“) | 1x7 | 7 | 7 |
| | **Вкупно** | | | 7 |

## ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред.бр | Назив на активноста | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| Студиски престој во странство над 6 месеци | | | | |
| 12 | *Alfred I du Pont Hospital for Children-Wilmington, USA, Jan. 1, 1998-Dec.31,1998, Research Fellow in Pediatric Orthopaedics.* | 1x2 | 2 | 2 |
| | *University of Hong Kong, Duchess of Kent Children hospital, Department of orthopaedic surgery, Mar 8, 1999-Sep 7,1999* | 1x2 | 2 | 2 |
| | **Вкупно** | | | 4 |

## ВКУПНО

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| *НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ* | **10,8** |
| *НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ* | **49** |
| *СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ* | 7 |
| *ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС* | 4 |
| **ВКУПНО** | 70,8 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф д-р Анастасика Попоска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Каревски, член с.р.
3. Проф. д-р Славчо Стојменски, член с.р.
4. Проф. д-р Антонио Глигориевски, член с.р.
5. Проф. д-р. Љубе Ивковски, член с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
*Милан Ванчо Самарџиски, д-р сци*

**Институција:**
*Медицински факултет-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести*

**Научна област:**
*Ортопедија*

## НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | Одржување на вежби зимски семестар 2008/09 | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| | Одржување на вежби зимски семестар 2009/10 | 3x15 | 0,03 | 1,35 |
| | **Автор на учебник** („Мекоткивни саркоми" во „Детска ортопедија") | 1x8 | 8 | 8 |
| | | | | Вкупно 10,7 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Одбранета докторска теза** | 1x8 | 8 | 8 |
| 2 | **Одбранета магистерска теза** | 1x4 | 4 | 4 |
| 3 | **Учесник на национален научен проект** (Спасување на екстремитети 2001/2003) (Спасување на екстремитети кај тумори 2004/2006) | 2x3 | 3 | 6 |
| | | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | | | |
| 1 | *Samardziski M, Zafiroski G, Tolevska C, Zafirova-Ivanovska B, Kostadinova-Kunovska S, Kalicanin-Markovska M.* TREATEMNT OF NON-METASTATIC HIGH-GRADE OSTEOSARCOMA (Study of | 1x6 | 6 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 30 cases with scandinavian osteosarcoma protocol XIV and surgery). Contibutions, Sec Biol Med Sci, 2008; 29 (2):309-23. | | | |
| 2 | *Samardziski M, Zafirosjki G, Tolevska C, Kostadiniva-Kunovska S, Vasilevska V.* Parosteal osteosarcoma (Clinical study). Bratisl Lek Listy, 2009; 110(4):240-4. | 1x6 | 6 | 6 |
| 3 | *Samardziski M, Zafiroski G, Tolevska C, Zafirova-Ivanovska B, Kostadinova-Kunovska S, Kalicanin-Markovska M.* Limb-Sparing in patients with non-metastatic high-grade osteosarcoma. Journal of BUON, 2009; 14:63-9. | 1x6 | 6 | 6 |
| 4 | *Vasilevska V, Zafirovski G, Kirjas N, Janevska V, Samardziski M,Kostadinova-Kunovska S, Lozance K, Antevski B, Serafimoski V.* IMAGING DIAGNOSIS OF MUSCULOSKELETAL HYDATID DISEASE. Contibutions, Sec Biol Merd Sci, 2007; 28:199-209. | 1x3,6 (60%) | 6 | 3,6 |
| 5 | *Vasilevska V, Zafirovski G, Kirjas N, Janevska V, Samardziski M,Kostadinova-Kunovska S, Sapovai B.* High-grade surface osteosarcoma-chondroblastic type. Contibutions, Sec Biol Merd Sci, 2007; 28:211-2. | 1x3,6 | 6 | 3,6 |
| | | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | | | | |
| 1 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Толевска Ц, Зографски Ѓ, Кириjас Н, Јаневска В, Георгиев К.* Корелација на компјутерски анализираните бенигни тумори на коската со патохистолошката анализа, Мак. мед прегл. 2003; 5-6: 307-10. | 1x2,4(60%) | 4 | 2,4 |
| 2 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Кириjас Н, Јаневска В, Толевска Ц, Миладинова Д,* Параартикуларни остеохондроми на колено: приказ на два случаи и осврт на литературата, Мак. мед. прегл. 2003; 3-4: 161-2. | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 3 | *Samardziski M, Zafiroski G, Janevska V, Miladinova D, Popeska Z.* Computer assisted diagnosis of benign bone tumors, Radiol Oncol. 2004; 38 (3): 165-9. | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 4 | *Samardziski M, Foteva M, Adamov A, Zafiroski G,* Intracapsular and para-articular chondroma of knee: a report of four cases and revuew of the literature, Radiol Oncol, 2006; 40 (4): 205-9. | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 5 | *Samardziski M, Zafiroski G, Tolevska C, Kostadinova-Kunovska S, Vasileva V.* Diagnostic and Treatment Problems with Parostealosteosarcoma. A Clinical and Histological Study of 7 Cases and Review of the Literature, Radiol Oncol, 2007; 41(2): | 1x2,4 | 4 | 2,4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 57-62. | | | |
| 6 | *Samardziski M, Zafiroski G, Tolevska C, Kalicanin-Markovska M, Doncovska D, Anevska V, Runceva M.* Treatment of patients with "high grade" extremity localized chondrosarcoma (Preliminary results). Radiol Oncol, 2009; 43 (3): 187-94. | 1x2,4 | 4 | 2,4 |
| 7 | *Samardziski M, Zafiroski G, Tolevska C, Kalicanin-Markovska M, Doncovska D, Anevska V, Runceva M.* Treatment of patients with "high grade" extremity localized chondrosarcoma (Preliminary results). Radiol Oncol. 2009; 43(3): 187-94. | | | |
| | | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание** | | | | |
| 1 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Гркова В, Симова Н, Џолев Г, Илиќ Д, Илиев Б.* Вредноста на скелетната сцинтиграфија при процената на 'рскавичните тумори на коските, Acta Othop et Traum. Maced, 1999: (1) 19-21. | 1x1,2(60%) | 2 | 1,2 |
| 2 | *СамарџискиМ, Зафироски Ѓ, Јаневска В, Георгиев К,* Биопсија на коскени тумори, Acta Othop et Traum Maced, 2004; 2: 38-40. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 3 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Јаневска В, Попеска Ж,* Компјутерски анализирани радиографски карактеристики на бенигните тумори на коската, Acta Othop et Traum Maced, 2004; 2: 41-6. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 4 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Толевска Ц, Киријас Н, Јаневска В, Миладинова Д, Георгиев К.* Третман на патолошки фрактури кај метастази на долги коски, Acta Othop et Traum Maced, 2004; 3: 69-76. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 5 | Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Толевска Ц, Поповска А, Киријас Н, Миладинова Д, Гавриловски А. Грутка или бомба? Acta Othop et Traum Maced, 2004; 3:50-1. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 6 | *Самарџиски М, Камнар В, Камнар Ј, Серафимова Т.* Одличен функционален резултат по 34 години од вградување на тотална ендопротеза на колк. (Во сеќавање на Акад. проф. д-р Љ. Серафимов) Acta Chir Maced, 2005; 4 (1): 101-5. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 7 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Камнар Ј, Серафимова Т, Камнар В,* In memoriam: Одличен функционален резултат по 35 години од вградување на тотална ендопротеза на колк: приказ на случај и | 1x1,2 | 2 | 1,2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | осврт коп литературата. Acta Othop et Traum Maced, 2006; 4: 67-9. | | | |
| 8 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ.* Модификација на техниката за артродеза кај пациенти со малигни коскени тумори на коленото. Vox Medici-prilog, 2008; 17(61):12-5. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 9 | *Samardziski M, Zafiroski G, Karagjozov M, Toleska C, Janevska V, Kirijas N, Ilic D, Georgieva D.* Free vascularized fibular autograft used in reconstruction of proximal humerus after resection of osteosarcoma – Case report, , 2nd Macedonian-Japanese Meeting, Acta Othop et Traum Maced. 2004; 3: 67-9. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 10 | *Самарџиски М, Зафироски Ѓ, Толевска Ц, Каличанин-Марковска М, Дончовска Д, Анемвска В.* Спасување на екстремитети кај пациенти со висок степен на малигнитет на хондросарком локализиран на екстремитетите. Acta morphol. 2009; 6(1):52-7. | 1X1,2 | 2 | 1,2 |
| 11 | *Zafiroski G, Grkova V, Nospal T, Samadziski M, Ilic D, Iliev B.* Reconstruction of the uper end of the femur after resection of bone tumors. Acta Ort. Hel. 1997; 48: 154-8. | 1X1,2 | 2 | 1,2 |
| 12 | *Зафироски Ѓ, Самарџиски М, Мишев Б, Толевска Ц, Поповска А, и сор,* Спасување на екстремитети или ампутација. *Acta Othop et Traum Maced, 2004; 3:24-31.* | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 13 | *Џолева-Толевска Р,Зафироски Ѓ, Самарџиски М, Стефановска Е.* Ганглион во пределот на колениот зглоб. Приказ на случај. *Acta Othop et Traum Maced, 2004; 3:46-9.* | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 14 | *Каличанин М, Зафироски Ѓ, Самарџиски М, Гаврилоски А, Зографски Ѓ и сор.* Универзална идиопатска калциноза. Приказ на случај. *Acta Othop et Traum Maced, 2004; 3:49-50.* | 1X1,2 | 2 | 1,2 |
| 15 | *Георгиев К, Зафироски Ѓ, Самарџиски М, Кирјас Н, Божиновски З,* Невролошки компликации кај остеохондроми локализирани на проксимален дел на фибула. *Acta Othop et Traum Maced, 2004; 2:47-9.* | 1X1,2 | 2 | 1,2 |
| 16 | *Мирчевска Л, Зафироски Ѓ, Џолева Р, Самарџиски М, Иванов О, Илиев Б, Јаневска В.* Синовиосаркома. *Acta Othop et Traum Maced. 2004; 2:50-2.* | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 17 | *Аневска В, Зафироски Ѓ, Антевски Б, Јаневска В, Самарџиски М.* Фибро-миксосарком: радикална туморска ресекција со ресекција на крвни садови и | 1X1,2 | 2 | 1,2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | нивна реконструкција со "Gore-Tex" протези-приказ на сличај (прелиминарни резултати). Acta Othop. et Traum. Maced. 2006; 4: 47-50. | | | |
| 18 | *Талески Т, Зафироски Ѓ, Самарџиски М, Јаневска В.* Остеоид остеом во тарзални коски-приказ на два случаја. Acta Othop. et Traum. Maced. 2006; 4: 51-4. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 19 | *Јакимовски А, Зафироски Ѓ, Јаневска В, Самарџиски М, Сахити С.* Остеобластом на рбетен столб-приказ на случај. Acta Othop. et Traum. Maced. 2006; 4: 55-9. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| 20 | *Зафироски Ѓ., Гавриловски А., Јаневска В., Зографски Ѓ., Врчаковски М., Самарџиски М., Каличанин М., Касапинова К.,* Приказ на случај: Заборавена хируршка газа 14 години. Acta Othop. et Traum. Maced. 2006; 4: 60-3. | 1x1,2 | 2 | 1,2 |
| | | | | **Вкупно 87,6** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред.бр.** | **Назив на активноста:** | **Број на активности** | **Поени од формулар** | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Воведување на нова клиничка метода: Модификација на техниката за артродеза кај пациенти со малигни коскени тумори на коленото (2008 год.). | 4x1 | 4 | 4 |
| 2 | Експертски активности по барање на државни или јавни институции за кои е потребен дополнителен временски период надвор од работното време (судски вештачења): 2002-2008 год. | 4x1 | 4 | 4 |
| | | | | **Вкупно 8** |

## ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Ред.бр** | **Назив на активноста:** | **Број на активности** | **Поени од формулар** | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание (Acta Orthop et Traumat Maced.) | 1x0,5 | 0,5 | 0,5 |
| Студиски престој во странство-до 3 месеци | | | | |
| | Белград, Југославија (1997) | 1x0,5 | 0,5 | 0,5 |
| | Балтимор, САД (1998) | 1x0,5 | 0,5 | 0,5 |
| | Виена, Австрија (1999, 2000, 2001) | 3x0,5 | 0,5 | 1,5 |
| | | | | **Вкупно 3** |

**ВКУПНО**

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| *НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ* | 10,7 |
| *НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ* | 87,6 |
| *СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ* | 8 |
| *ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС* | 3 |
| ВКУПНО | 109,3 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф д-р Анастасика Попоска, претседател с.р.

2. Проф. д-р Љупчо Каревски, член с.р.

3. Проф. д-р Славчо Стојменски, член с.р.

4. Проф. д-р Антонио Глигориевски, член с.р.

5. Проф. д-р. Љубе Ивковски, член с.р.

# ПРЕГЛЕД
**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации**
**на Филозофскиот факултет во Скопје**
**Наставно-научен совет, VII редовна седница одржана на**
**14 . 4. 2010 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| 1) М-р Мухаедин Беља | Учеството на Армијата на Република Македонија во мировни и хуманитарни мисии и придонесот за меЁународниот мир | 1.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>2.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>3.Доц.д-р Ванчо Кенков |
| 2) М-р Васко Стамевски | Анализа на суштинските елементи на националните политики на современите држави во борбата против тероризмот | 1.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>2.Доц. д-р Ванчо Кенков<br>3.Проф. д-р Оливер Бакрески |
| 3) М-р Реџеп Муслиу | Проценка на можностите за описменување на учениците од албанска и турска етничка припадност во посебните одделенија во Скопје и Гостивар во услови на модернизација на наставата | 1.Проф. д-р Ристо Петров<br>2.Проф.д-р Горан Ајдински<br>3.Доц. д-р Наташа Чичевска Јованова |

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ФИЛОЗОФИЈА И ФИЛОЗОФИЈА, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На V редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје од 27 јануари 2010 година бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник за научните области (дисциплини): методика на наставата по филозофија и филозофија (општ курс). Благодарејќи на довербата, имаме чест да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката вонр. проф. д-р Олга Пешевска-Заревска е родена во 1946 година Куманово. Гимназија завршила во Скопје. Дипломирала на Групата за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1969 година, магистрирала на постдипломските студии на Институтот за филозофија во 1996 година, а докторската дисертација ја одбранила на Филозофскиот факултет во Скопје во 1998 година.

Работела како наставник по филозофската група предмети во Гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин" во Скопје во 1969/70 година, потоа во 1970/71 година во Републичкиот секретаријат за информации, а од 1973 година работела во Гимназијата „Орце Николов" во Скопје сè до изборот за доцент на Филозофскиот факултет во Скопје, освен помеѓу 1991 и 1994 година, кога била професор во Училиштето за физичка култура „Методи Митевски – Брицо". Во 1987 година колешката Пешевска-Заревска го добила највисокото признание што кај нас се доделува за педагошка дејност во средното образование - звањето „особено истакнат педагошки работник".

Како еден од најдобрите наставници по филозофските предмети во средните училишта во нашата земја, Филозофскиот факултет во Скопје најнапред ја ангажира како ментор за хоспитовање на студентите по филозофија и по социологија, а од 1988 година како истакнат стручњак ја избира за наставник по покана на Филозофскиот факултет, за да предава методика на наставата по филозофија за студентите на Институтот за филозофија. За доцент на Филозофскиот факултет во Скопје по предметите методика на наставата по филозофија и филозофија (општ курс), на Институтот за филозофија, д-р Олга Пешевска-Заревска е избрана во 2000 година, а во 2005 година е избрана за вонреден професор по истите предмети.

Д-р Пешевска-Заревска е ангажиран истражувач и популаризатор на филозофската мисла, има објавено поголем број стручни и научни прилози од областа на филозофијата, психологијата, социологијата, етиката и другите дисциплини во разни весници и списанија и има одржано многу предавања од педагошката и филозофската област на разни семинари и други форми за стручно усовршување на наставниците.

Д-р Олга Пешевска-Заревска е наш истакнат специјалист по методика на наставата по филозофија. Од таа научна област се нејзиниот магистерски труд и докторската дисертација. Магистерскиот труд „Тематското планирање и методичката подготовка на наставата по филозофија во средните училишта" е прв академски труд од областа на оваа посебна методика кај нас, а докторската дисертација „Филозофска едукација во средните училишта" е прв докторски труд за методичките аспекти на филозофската настава во нашата теорија.

Од изборот во звањето доцент, па потоа во звањето вонреден професор на Филозофскиот факултет, во изминатите пет години д-р Олга Пешевска-Заревска

предавала методика на наставата по филозофија на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Проф. д-р Пешевска-Заревска ги има објавено следниве книги:

- д-р Олга Пешевска-Заревска - д-р Благородна Камчева-Лакинска: Прирачник за проектните активности по урбана култура (театар, филм и мултимедија) за учениците во средните училишта, изд. „Просветно дело", Скопје, 2004, стр. 166;
- д-р Олга Пешевска-Заревска - д-р Благородна Камчева-Лакинска: Прирачник за проектните активности по урбана култура (споменици на културата и архитектонски објекти) за учениците во средни училишта, изд. „Просветно дело", Скопје, 2004, стр. 106;
- д-р Олга Пешевска-Заревска - д-р Благородна Камчева-Лакинска: Прирачник за проектните активности по урбана култура (урбани архитектонски објекти) за учениците во средни училишта, изд. „Просветно дело", Скопје, 2004, стр. 106;
- д-р Олга Пешевска-Заревска - д-р Благородна Камчева-Лакинска: Работна тетратка за проектните активности по урбана култура за учениците во гимназија, изд. „Култура", Скопје, 2003, стр. 131;
- за потребите на наставата на IV година на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет, а усвоено од ННС на Филозофскиот факултет, во 2005 година во електронска верзија е објавен учебникот на д-р Олга Пешевска-Заревска: „Методика на наставата по филозофија";
- Благородна Камчева-Лакинска - Олга Пешевска-Заревска: Методички прирачник по урбана култура, ЕИЦУК, Скопје, 2006, стр. 115;
- новиот учебник на д-р Олга Пешевска-Заревска – „Современа методика на наставата по филозофија" е објавен во 2010 година, во издание на Филозофскиот факултет во Скопје.

Покрај досегашните стотина научни и стручни прилози од сите области на филозофијата и посебно за методиката на филозофските предмети, д-р Пешевска-Заревска има објавено неколку научни и стручни студии од изборот за вонреден професор, како:

- Етика, наука и етичка едукација, научен собир на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и публикација „Етиката во современата наука", Скопје, 14 јуни 2007, стр. 47-55;
- Informatičko društvo i obrazovanje, in: Tehnologija, informatika, obrazovanje za društvo učenja i znanja – V medjunarodni simpozijum, Fakultet tehničkih nauka – Institut za pedagoška istraživanja, Novi Sad, 2009.

Во реизборниот период, д-р Олга Пешевска-Заревска продолжи (во соработка со д-р Благородна Лакинска) со организирање на проектот „Влијанието на урбаната култура врз развојот на граѓанската свест кај младите во Република Македонија" (Едукативно-истражувачки центар за урбана култура со Министерството за образование на РМ и Бирото за развој на образованието). Тогаш е реализиран проектот „Урбаната култура и керамиката низ вековите", со што е засилена соработката меѓу Музејот на Македонија и едукативно-истражувачкиот центар за урбана култура. Како продолжение на овој проект, во 2006-2007 е реализиран меѓународниот проект „Градската култура и керамиката низ вековите" (Städtische Kultur und Keramik über die Jahrhunderte), раководен од Музејот на Македонија и KulturKontakt од Австрија заедно со Landesberufsschule Graz 5 од Грац и СУГС „Орце Николов" од Скопје, под покровителство на Bundesministerium für Unterricht, Kunst und Kultur der Republik Österreich. Проектот ја доби интернационалната награда „Award Museium OnLine" за 2006 година, која ја доделува Одделението за културна едукација на Министерството за образование, уметност и култура на Република Австрија Museum OnLine.

Д-р Олга Пешевска-Заревска е претседател на Државната матурска комисија за предметот филозофија при Бирото за развој на образованието. Во два мандата беше претседател на Државната комисија за полагање на стручен (приправнички) испит за наставници (приправници) по филозофија и филозофската група предмети.

Прилогот кон своите биоетички истражувања таа го реализираше и како член на Националната комисија за управување со генетски модифицираните организми (основана од Владата на Република Македонија, по предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање).

Од 2009 година раководи со научноистражувачкиот проект „Истражување на модусите за унапредување на наставата по филозофија во средните училишта во Република Македонија", како пат за афирмирање на алтернативните методи на следење и вреднување на знаењата на учениците во наставата по филозофската група предмети (истражувањето е поддржано од Филозофскиот факултет и се реализира во СУГС „Орце Николов" во Скопје).

На Филозофскиот факултет, во два мандата, успешно раководеше со постдипломските студии по филозофија на Институтот за филозофија и ги подготви преодните проекти и организација на новите видови мастер-студии по филозофија според ЕКТС.

Д-р Олга Пешевска-Заревска се истакнува со методските истражувања на наставата по филозофските предмети и со афирмирањето на новите видови културно и етичко образование. Како истакнат специјалист, д-р Пешевска-Заревска учествувала во изработката на наставните програми по неколку филозофски предмети и била рецензент на разни учебници и методички прирачници од таа област, како и наставник на семинарите за наставниците по тие предмети.

Книгите и студиите на д-р Олга Пешевска-Заревска се посветени на современите аспекти на организацијата и изведувањето на наставата по филозофија и на блиските научни и едукативни дисциплини. Меѓу нив, таа е кај нас пионер за тематиката, формата и за методиката на урбаната култура. Нејзините трудови се одликуваат со научна втеленост, прецизност и јасност во изложувањето. Се наведуваат значајни светски автори, скрупулозно се анализираат идеите и поставките и критички се сопоставуваат за да се дојде до највалиден заклучок, се наведуваат примери и се испитува нивното значење за сознајните и воспитните цели. Се користат новите методи на интерактивна настава. Во своите трудови д-р Пешевска-Заревска ги вклопува искуствата од својата богата научна и наставна практика, што е од особено значење за специјалната методика на филозофската едукција, за која д-р Пешевска-Заревска кај нас е водечки стручњак.

Тоа е претставено и во делото „Современа методика на наставата по филозофија" од д-р проф. Олга Пешевска-Заревска, издание на Филозофскиот факултет, 2010. Во ова одлично дело на еден модерен начин се претставени прашањата, темите и методите на филозофската едукација. Прво е изложена проблематиката на наставата по филозофија и содржинските аспекти на специјалната методика на филозофската настава, како и односот на оваа методика со цела гама научни дисциплини, како што се педагогијата, етиката, филозофијата на образованието, образовната политика, правото и психологија. Во овој пропедевтички дел се изложени аспектите на одделенско-предметно-часовниот наставен систем, кус историјат и современата состојба со наставата по филозофија и по филозофските предмети во Република Македонија, како и проблемските димензии на изучувањето на филозофијата (историски и проблемски).

Своите значајни искуства од методиката на филозофската едукација, д-р Олга Пешевска-Заревска ги развива посебно во одделот за планирањето на наставата по филозофија во средните училишта, каде што глобалното, тематското

и оперативното планирање се изложени научно консеквентно, со бројни практични примери, кои треба да им помогнат на наставниците во нивната наставничка работа.

Наставните форми и наставните методи се разработени консеквентно и со најсовремен пристап, за да се овозможи вистинско рецентно образование по филозофија и другите филозофски дисциплини. Исто така е добро изведено претставувањето на наставниот простор и на наставните средства и модусите на нивното модерно користење.

Одделот во книгата за оценувањето е оригинален, современ и плаузибилен за најсуптилната сфера на работата со младите во едукацијата - евалуацијата на знаењата.

Кон новиот учебник д-р Олга Пешевска-Заревска приложи најсестрана и најдетална библиографија на дела од областа на филозофијата кај нас, која ќе помогне за успешно изведување на филозофската едукација на младите.

Новото дело на д-р Олга Пешевска-Заревска – „Современа методика на наставата по филозофија" е одлично научно дело за специјалниот вид едукација по филозофија и филозофските предмети. Тоа ги покажува големите знаења на д-р Пешевска-Заревска во оваа сложена педагошко-филозофска област и ги оправдува нејзините децениски настојувања да ја развие и унапреди наставата по филозофија за нашите млади.

Во изведувањето на наставата и вежбите, особено во практичната настава со студентите при нивното хоспитовање, д-р Олга Пешевска-Заревска покажува исклучителни резултати. Таа е предан наставник, со голем педагошки сензибилитет и сесрдно им помага на студентите полесно да ја совладаат сложената проблематика на филозофската едукација и да се подготват за добри наставници по филозофија и другите филозофски предмети. Покрај учеството во одбраната на неколку докторски и магистерски трудови, под менторство на д-р Пешевска-Заревска се изработени повеќе дипломски трудови од областа на методиката на наставата по филозофија (што се први вакви стручни трудови кај нас).

Д-р Олга Пешевска-Заревска е сестрано образована филозофска личност, која се истакнува во педагошката димензија на филозофското дејствување. Таа се заложува за осовременување, проширување и продлабочување на филозофската едукација кај нас - и за новите содржини и форми на основната настава по филозофија, како и за другите видови филозофска едукција, како што се предметите етика, урбана култура и др.

Во своето дејствување д-р Пешевска-Заревска е одговорна, мошне активна, доследна и постигнува одлични резултати. Повеќегодишната посветеност на д-р Пешевска-Заревска на филозофската настава и на нејзината методика даваат одлични резултати во овој нужен современ сегмент на образовно-воспитниот процес на младите кај нас.

<u>Оцена и предлог</u>

Кандидатката вонр. проф. д-р Олга Пешевска-Заревска е сестрано упатена во филозофијата и е исклучително предана кон филозофската едукација. Има реализирано одлични резултати откако е избрана за вонреден професор. Нејзините трудови, нејзината работа со студентите по филозофија, како и другите видови нејзина активност во педагогијата и методиката заслужуваат најпозитивни оцени. Во секој вид активност, на Филозофскиот факултет, како и во другите институции, таа постигна одлични резултати. Нејзината информираност, креативност, сериозност и позитивност на пристапот кон работата претставуваат бележит пример во нашата научно-педагошка област. Нејзиното дело „Современа методика на наставата по филозофија" и според теоријата, и според примерите од

практиката и според можноста за примена во едукацијата е базично за овој вид образовно-философска дејност.

Заради истакнатите високи научни, сознајни, педагошки и етички квалитети на вонр. проф. д-р Олга Пешевска-Заревска, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложиме д-р Олга Пешевска-Заревска да биде избрана за редовен професор за научните области (дисциплини): методика на наставата по филозофија и филозофија (општ курс).

Во Скопје,
на 7 април 2010 година

Комисија

Проф. д-р Кирил Темков, с.р.

Проф. д-р Виолета Панзова, с.р.

Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУНО, НАУЧНО, НАУЧНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Олга Јордан Заревска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филозофски факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** методика на наставата по филозофија и филозофија (општ курс)

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2009/10 - методика на наставата по филозофија 1 (2+7) | 1,2 |
| 2. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2009/10 - методика на наставата по филозофија 1 (2+7) | 3,15 |
| 3. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2009/10 - филозофија (Институт за психологија) (2+3) | 1,2 |
| 4. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2009/10 - филозофија (Институт за психологија) (2+3) | 1,35 |
| 5. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2008/09 - методика на наставата по филозофија 2 (2+6) | 1,2 |
| 6. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2008/09- методика на наставата по филозофија 2 (2+6) | 2,7 |
| 7. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2008/09 - методика на наставата по филозофија 1 (2+6) | 1,2 |
| 8. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2008/09 - методика на наставата по филозофија 1 (2+6) | 2,7 |
| 9. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2008/09 - филозофија (Институт за психологија) (2+0) | 0,9 |
| 10. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2007/08 - методика на наставата по филозофија 2 (2+3) | 1,2 |
| 11. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2007/08 - методика на наставата по филозофија 2 (2+3) | 1,35 |
| 12. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2007/08 - методика на наставата по филозофија 1 (2+3) | 1,2 |
| 13. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2007/08 - методика на наставата по филозофија 1 (2+3) | 1,35 |
| 14. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2006/07 - методика на наставата по филозофија 2 (2+6) | 1,2 |
| 15. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2006/07 - методика на наставата по филозофија 2 (2+6) | 2,7 |
| 16. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2006/07 - методика на наставата по филозофија 1 (2+6) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2006/07 - методика на наставата по филозофија 1 (2+6) | 2,7 |
| 18. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2005/06 - методика на наставата по филозофија 2 (2+6) | 1,2 |
| 19. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, летен семестар 2005/06 - методика на наставата по филозофија 2 (2+6) | 2,7 |
| 20. | Предавања 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2005/06 - методика на наставата по филозофија 1 (2+6) | 1,2 |
| 21. | Вежби 1. циклус студии, ФЗФ, зимски семестар 2005/06 - методика на наставата по филозофија 1 (2+6) | 2,7 |
| 22. | Позитивно рецензирано изменето и дополнето издание на учебник - Пешевска-Заревска, Олга: *Современа методика на наставата по филозофија.* | 4 |
| 24. | Член на комисија за оцена и одбрана на 3 докторски дисертации | 1,5 |
| 25. | Член на комисија за оцена и одбрана на 3 магистерски труда | 0,9 |
| 23. | Ментор на 10 дипломски работи | 2 |
| | **Вкупно** | **44,7** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Пленарно предавање на научен/стручен собир - Пешевска-Заревска, Олга: *Етика, наука и етичка едукација*, Етиката во современата наука, Ректорат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", 14 јуни 2007 г. | 2 |
| 2. | Пленарно предавање на научен/стручен собир - Пешевска-Заревска, Олга: *Беседа за Филозофијата*, Филозофски факултет-Филозофско друштво на Македонија, 19.11.2008 г. | 2 |
| 3. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество - Peševska-Zarevska, Olga: *Informatičko društvo i obrazovanje*, Tehnology, Informatics and Education, Novi Sad 19-20. 06.2009 г. | 3 |
| 4. | Труд објавен во зборник на научен/стручен собир - Пешевска-Заревска, Олга: *Етика, наука и етичка едукација*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2007. | 2 |
| 5. | Труд објавен во зборник на научен/стручен собир со меѓународно учество - Peševska-Zarevska, Olga: *Informatičko društvo i obrazovanje*, in: *Tehnologija, informatika, obrazovanje za društvo učenja i znanja - V međunarodni simpozijum*, Fakultet tehničkih nauka : Institut za pedagoška istraživanja i dr., Novi Sad, 2009. | 3 |
| 6. | Раководител на национален научен проект: *Влијанието на урбаната култура врз развојот на граѓанската свест кај младите во Република Македонија*, Едукативно-истражувачки центар за урбана култура во соработка со Министерството за образование и наука на Република Македонија и Бирото за развој на образованието, 1997-2006 г. | 6 |
| 7. | Раководител на национален научен проект: *Урбаната култура и керамиката низ векови* , Музеј на Македонија и Едукативно-истражувачкиот центар за урбана култура, 2003-2007 г. | 6 |
| 8. | Учесник во меѓународен научен проект: *Städtische Kultur und Keramik über die Jahrhunderte - Urban Culture and Ceramics through Centuries*, Музејот на Македонија и KulturKontakt Austria во соработка со Landesberufsschule Graz 5 - Austria и СУГС Гимназијата „Орце Николов" од Скопје под покровителство на Bundesministerium für Unterricht, Kunst und Kultur der Republik Österreich, 2006-2007 г. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Раководител на национален научен проект: *Унапредување на методичките пристапи за следење и вреднување на ученичките напредувања во наставата по филозофија*, под покровителство на Филозофскиот факултет во Скопје во соработка со СУГС Гимназијата „Орце Николов" од Скопје, започнат 2009 г. | 6 |
| | Вкупно | 35 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област: Пешевска-Заревска, Олга - Благородна Камчева Лакинска: *Методички прирачник за урбана култура*, ЕИЦУК, Скопје, 2006. | 7 |
| **Дејност од поширок интерес** | | 2 |
| 2. | Претседател на Државната матурска предметна комисија по предметот филозофија, при Бирото за развој на образованието - Министерство за образование и наука на Република Македонија, т.е. Државен испитен центар, по неговото конституирање. | 2 |
| 3. | Претседател на Државната комисија за полагање на стручен (приправнички) испит за наставници (приправници) по филозофија и филозофската група предмети. | 1 |
| 4. | Член на Националната комисија за управување со генетски модифицирани организми при Министерството за животна средина и просторно планирање. | 1 |
| 5. | Соработник во подготовката на образовниот национален проект - *Во допир со антиката - Лувр во Музејот на Македонија - Тактилна изложба*, Музеј на Македонија, 2006 г. | 0,5 |
| 6. | Раководител на постдипломски студии (два мандата) | 4 |
| | Вкупно | 15,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 44,7 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 35 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 15,5 |
| Вкупно | 95,2 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Кирил Темков, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Виолета Панзова, член, с.р.
3. Проф. д-р Вера Георгиева, член, с.р.

# РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО ШПАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Заблагодарувајќи му на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за честа што на втората редовна седница одржана на 9.12.2009 година нè избра за членови на Рецензентската комисија по конкурсот за избор во звањето лектор по шпански јазик, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот јавен конкурс за избор во звањето лектор по шпански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, објавен на 9.11.2009 година во дневниот весник „Утрински весник", во законскиот рок се пријави само еден кандидат - Огнена Никуљски, професор по шпански јазик и книжевност, која и до сега била вработена на наведеното работно место. Кон својата пријава на конкурсот, кандидатката приложи кратка биографија и список на објавени трудови.

Лекторката Огнена Никуљски е родена на 4.10.1951 година во Скопје, каде што ги завршила основното и поголемиот дел од средното образование. Средното образование го завршила во Боливија. Во 1970 година се запишала, а во 1973 година дипломирала шпански јазик и книжевност на Католичкиот универзитет во Лима (Перу). На 26.3.1975 таму стекнатата диплома е нострифицирана како еквивалентна диплома на Филолошкиот факултет во Белград (група: шпански јазик и книжевност). На Универзитетот во Лима кандидатката ја изготвила и ја одбранила докторската дисертација за средствата за изразување во делото на Jorge Luis Borges и нивната поврзаност со историјата за Martin Fierr. Наведениот докторат не е нострифициран. По неколку години работно искуство како стручен соработник во Секретаријатот за односи на Република Македонија со странство, а потоа како уредник на Културната редакција на програмата на Радио Скопје од 1.10.1981 година континуирано е вработена во редовен работен однос во својство на лектор по шпански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Од приложената библиографија на кандидатката, очигледно е дека лекторката Никуљски континуирано објавува научни, публицистички и стручни трудови. Од нив особено се истакнуваат делата од неколку светски познати автори на шпанската, односно хиспаноамериканската книжевност (како што се на пр. Calderón, Unamuno, C.J. Cela, G. Garcia Márquez и други), преведени на македонски јазик, како и учебникот за шпански јазик за средни училишта. Покрај ова, кандидатката од шпански и англиски јазик превела и голем број стручни текстови од различни области, а исто така врши консекутивен и симултан превод.

Долгогодишен период кандидатката на Факултетот самостојно ја изведувала целокупната лекторска настава по шпански јазик. Покрај редовните наставни обврски во директната настава по шпански јазик со студентите, факултетскиот ангажман на лекторката Никуљски вклучувал и повремено организирање различни вонннаставни активности во кои студентите имале можност да ги презентираат достигнувањата на лекторатот по шпански јазик при Филолошкиот факултет во Скопје. Откако од 2002 година лекторатот по шпански јазик прерасна во тригодишни студии по испанистика, проф. Никуљски изведува настава по граматика на современиот шпански јазик и хиспанистички книжевности.

Врз основа на гореизнесеното, може да се заклучи дека кандидатката во целост ги задоволува сите стручни и формални услови на конкурсот, т.е има соодветна стручна подготовка за работното место за кое конкурира и на коешто веќе постигнала значајни резултати во текот на својата досегашна наставна кариера. Факт е дека таа е и истакнат културен и јавен соработник и активно дејствува во македонскиот јавен културен живот.

Со оглед на тоа дека кандидатката ги исполнува стручните, формалните и законските услови пропишани со одредбите на Законот за високото образование на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 64/2000, 49/2003, 113/2005, 51/2007 и 35/2008), Комисијата предложи Наставно-научниот совет да го прифати овој извештај и кандидатката проф. Огнена Никуљски повторно да биде избрана во звањето лектор по шпански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Комисија

Д-р Карло Будор, редовен професор, с.р.
(Филозофски факултет - Загреб)

Д-р Јасмина Маркич, редовен професор, с.р.
(Филозофскиот факултет - Љубљана)

Д-р Петар Атанасов, редовен професор (во пензија), с.р.
(Филолошки факултет - Скопје)

Дека преводот е верен на оригиналот
тврди:
Секретар на Филолошкиот факултет

Весна Стојановска

# REVIEW ON THE SELECETION OF SPANISH LANGUAGE LECTURER AT THE FACULTY OF PHILOLOGY "BLAZHE KONESKI" - SKOPJE

We would like to express our gratitude to the Teachers' Council within the Faculty of Philology „Blazhe Koneski" in Skopje, which during its second regular session held on 9.12.2009 has chosen us to be members of the Review Committee for selection of a lecturer in Spanish language and we have the honour to submit the following

## REPORT

On 9.11.2009 at the daily newspaper *Utrinski Vesnik* a public announcement for the title lectures in Spanish language at the Faculty of Philology „Blazhe Koneski" in Skopje was published. Within the period of time for applying stipulated by law, only one candidate applied – Ognena Nikuljski, a Spanish language and literature teacher, who has already been working in that working position. Together with her application for the post, the candidate submitted a short resume and a list of published papers.

Lecturer Ognena Nikuljski was born on October $4^{th}$ 1951 in Skopje, where she finished primary education and the greatest part of secondary education. Then she moved to Bolivia with her family where she completed secondary education. In 1970 she started her studies in Spanish language and literature and in 1973 she graduated from the Catholic University in Lima, Peru. On 26.3.1975 the degree which she obtained there was recognized and she obtained an equivalent diploma at the Faculty of Philology in Belgrade (department of Spanish language and literature). In Lima, the candidate worked on her PhD thesis (Means of expression in the work of Jorge Luis Borges and their connection with the history of Martin Fierr) which she successfully completed there. Her PhD thesis has not been recognized yet. After several years of working experience as a professional assistant at the Secretariat for International Affairs of the Republic of Macedonia, at an editor of the cultural programme in Radio Skopje, since 1.10.1981 she has permanently been working as a Spanish language lecturer at the Faculty of Philology „Blazhe Koneski" in Skopje.

The enclosed CV of the candidate testifies that lecturer Nikuljski continuously publishes scientific expert publishing papers. Some of the most important are works of world – famous Spanish and Hispano – American authors (Calderon, Unamuno, C.J. Cela, G. Garcia Marquez and other) translated into Macedonian language, as well as the Spanish language course book for secondary education, Besides these activities, the candidate translated from Spanish and English numerous scientific texts from various fields and she is also a professional interpreter (simultaneous and consecutive interpretations).

The candidate performs her duties related to the lecturing courses in Spanish language at the Faculty regularly and conscientiously. Apart from the obligatory working obligations connected to the direct teaching of Spanish language to the students, her tasks at the Faculty include occasional extracurricular activities during which the students were given the opportunity to display the achievements and the success of the Spanish lectureship at the Faculty if Philology in Skopje. In 2003, the Spanish lectureship was reorganized as three years studies and since then lecturer Nikuljski has been teaching Spanish grammar and Hispano – American literature.

Bearing in mind the above mentioned information, we can conclude that the candidate Nikuljski fully meets all the necessary professional and formal criteria for the post announcement, which means that she is competent for the working position for which she has applied and related to which she has made considerable professional achievements. She is undeniable a very diligent worker in the field of culture and she actively participates in the Macedonian culture events.

Considering the fact that candidate Ognena Nikuljski meets all the professional, formal and legal criteria stipulated by the provisions of the Law on High Education of the Republic of Macedonia (Official Gazette of the Republic of Macedonia no. 64/2000, 49/2003, 113/2005, 51.2007 and 35/2008) the Committee proposed that the Teachers' Council adopt this review and to re – elect lecturer Nikuljski for the title Spanish language lecturer at the Faculty of Philology „Blazhe Koneski"in Skopje.

Commission

PhD Karlo Budor, full – time professor m.p
(Faculty of Philosophy in Zagreb)

PhD Jasmina Markich, full – time professor, m.p
(Faculty of Philosophy in Ljubljana)

PhD Petar Atanasov, full – time professor (retired), m.p
(Faculty of Philology in Skopje)

The authenticity of the translation is guaranteed by the:
Secretary of the Faculty of Philology "Blazhe Koneski" in Skopje

Vesna Stojanovska

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Огнена Коле Никуљски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ______

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава од прв циклус: | |
| 1. | Шпански јазик 1 0+4 зимски 2005/06 | 2,4 |
| 2. | Шпански јазик 1 0+4 зимски 2006/07 | 2,4 |
| 3. | Шпански јазик 1 0+4 зимски 2007/8 | 2,4 |
| 4. | Шпански јазик 1 0+4 зимски 2008/09 | 2,4 |
| 5. | Шпански јазик 1 0+4 зимски 2009/10 | 2,4 |
| 6. | Шпански јазик 2 0+4 летен 2005/06 | 2,4 |
| 7. | Шпански јазик 2 0+4 летен 2006/07 | 2,4 |
| 8. | Шпански јазик 2 0+4 летен 2007/08 | 2,4 |
| 9. | Шпански јазик 2 0+4 летен 2008/09 | 2,4 |
| 10. | Шпански јазик 3 0+4 зимски 2005/06 | 2,4 |
| 11. | Шпански јазик 3 0+4 зимски 2006/07 | 2,4 |
| 12. | Шпански јазик 3 0+4 зимски 2007/8 | 2,4 |
| 13. | Шпански јазик 3 0+4 зимски 2008/09 | 2,4 |
| 14. | Шпански јазик 3 0+4 зимски 2009/10 | 2,4 |
| 15. | Граматика на шпански јазик 1 2+0 зимски 2005/06 | 1,2 |
| 16. | Граматика на шпански јазик 1 2+0 зимски 2005/06 | 1,2 |
| 17. | Граматика на шпански јазик 1 2+0 зимски 2006/07 | 1,2 |
| 18. | Граматика на шпански јазик 1 2+0 зимски 2007/8 | 1,2 |
| 19. | Граматика на шпански јазик 1 2+0 зимски 2008/09 | 1,2 |
| 20. | Граматика на шпански јазик 1 2+0 зимски 2009/10 | 1,2 |
| 21. | Граматика на шпански јазик 2 2+0 летен 2005/06 | 1,2 |
| 22. | Граматика на шпански јазик 2 2+0 летен 2006/07 | 1,2 |
| 23. | Граматика на шпански јазик 2 2+0 летен 2007/08 | 1,2 |
| 24. | Граматика на шпански јазик 2 2+0 летен 2008/09 | 1,2 |
| 25. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 1 2+0 зимски 2005/06 | 1,2 |
| 26. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 1 2+0 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | зимски 2006/07 | |
| 27. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 1 2+0 зимски 2007/08 | 1,2 |
| 28. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 1 2+0 зимски 2008/09 | 1,2 |
| 29. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 1 2+0 зимски 2009/10 | 1,2 |
| 30. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 2 2+0 летен 2005/06 | 1,2 |
| 31. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 2 2+0 летен 2007/08 | 1,2 |
| 32. | Шпанска и испаноамериканска книжевност 2 2+0 летен 2008/09 | 1,2 |
| 33. | Симултано толкување 1 0+2 зимски 2005/06 | 0,9 |
| 34. | Симултано толкување 1 0+2 зимски 2006/07 | 0,9 |
| 35. | Симултано толкување 1 0+2 зимски 2007/08 | 0,9 |
| 36. | Симултано толкување 1 0+2 зимски 2008/09 | 0,9 |
| 37. | Симултано толкување 1 0+2 зимски 2009/10 | 0,9 |
| 38. | Симултано толкување 2 0+2 летен 2005/06 | 0,9 |
| 39. | Симултано толкување 2 0+2 летен 2006/07 | 0,9 |
| 40. | Симултано толкување 2 0+2 летен 2007/08 | 0,9 |
| 41. | Симултано толкување 2 0+2 летен 2008/09 | 0,9 |
| 42. | Симултано толкување 3 0+2 зимски 2005/06 | 0,9 |
| 43. | Симултано толкување 3 0+2 зимски 2006/07 | 0,9 |
| 44. | Симултано толкување 3 0+2 зимски 2007/08 | 0,9 |
| 45. | Симултано толкување 3 0+2 зимски 2008/09 | 0,9 |
| 46. | Симултано толкување 3 0+2 зимски 2009/10 | 0,9 |
| 47. | Симултано толкување 4 0+2 летен 2005/06 | 0,9 |
| 48. | Симултано толкување 4 0+2 летен 2006/07 | 0,9 |
| 49. | Симултано толкување 4 0+2 летен 2007/08 | 0,9 |
| 50. | Симултано толкување 4 0+2 летен 2008/09 | 0,9 |
| 51. | Културолошки студии 7 2+0 зимски 2005/2006 | 1,2 |
| 52. | Културолошки студии 7 2+0 зимски 2006/2007 | 1,2 |
| 53. | Културолошки студии 7 2+0 зимски 2007/2008 | 1,2 |
| 54. | Културолошки студии 7 2+0 зимски 2008/2009 | 1,2 |
| 55. | Културолошки студии 7 2+0 зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 56. | Културолошки студии 8 2+0 летен 2005/2006 | 1,2 |
| 57. | Културолошки студии 8 2+0 летен 2006/2007 | 1,2 |
| 58. | Културолошки студии 8 2+0 летен 2007/2008 | 1,2 |
| 59. | Културолошки студии 8 2+0 летен 2008/2009 | 1,2 |
| 60. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа 4 | 0,4 |
| 61. | Учебник за изучување на шпански јазик за настава | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | во средните училишта- коавтор | |
| 62. | Превод на „Семејството на Паскуал Дуарте" од нобеловецот Камило Хосе Села, издание Антологија на светскиот краток роман, издавач Слово- 2006 | 3 |
| 63. | Превод на драмата „Големиот сплеткар„ од нобеловецот Хосе Ечегарај, Едиција - Нобеловци, издавач МИКЕНА, 2009 | 3 |
| 64. | Превод на основен атлас по историја- издание Просветно дело | 3 |
| 65. | Превод на основен атлас по историја – издание Просветно дело | 3 |
| 66. | Превод на Енциклопедија на природните науки- издание Просветно дело | 3 |
| | | |
| 67. | Консултации со студенти 2005/06 (100) | 0,2 |
| 68. | Консултации со студенти 2006/07 (50) | 0,1 |
| 69. | Консултации со студенти 2007/08 (70) | 0,14 |
| 70. | Консултации со студенти 2008/09 (100) | 0,2 |
| | Одржување на настава во втор циклус | |
| 71. | Симултано толкување 1 (2+2) зимски семестар 2008/09 | 3 |
| 72. | Симултано толкување 2 (2+2) летен семестер 2008/09 | 3 |
| | **Вкупно** | 98,74 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | „Габриел Гарсија Маркес: власта на имагинацијата". списание „Современост" | 2 |
| | „Поезијата на Ернандес и Мачадо", осврт и препев, Трета програма на Радио Скопје | 2 |
| | „Хуан Бош и неговиот расказ", осврт и превод, Трета програма на Радио Скопје | 2 |
| | „Боливиска поезија", осврт и препев,Трета програма на Радио Скопје | 2 |
| | **Вкупно** | 8 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на комисија за судски преведувачи при Министерството за правда | 1 |
| | Вкупно | 1 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 110,24 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 8 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 1 |
| **Вкупно** | 119,24 |

**Членови на комисијата**

1. Д-р Карло Будор, редовен професор, претседател, с.р.

2. Д-р Јасмина Маркич редовен професор, член, с.р.

3. Д-р Петар Атанасов, редовен професор, член, с.р.

Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-310/1
19-04-2010 год.
Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМУНИКОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЈАВНИОТ МЕНАЏМЕНТ – СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СУЗАНА ЏАМТОСКА-ЗДРАВКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 29.01.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „*Комуниколошки аспекти на јавниот менаџмент – со посебен осврт на Република Македонија*", од кандидатката м-р Сузана Џамтоска-Здравковска, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Ѓорѓе Иванов, проф. д-р Ана Павловска-Данева, доц. д-р Зоран Костов и доц. д-р Јасна Бачовска.
Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Структура на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов „Комуниколошки аспекти на јавниот менаџмент – со посебен осврт на Република Македонија" е составена од вовед, девет дела и заклучок.

Со воведниот дел се отвора концептот на истражувањето и се укажува на некои основни постулати кои се важни за правилен пристап за истражувањето. Се разработува актуелноста на проблематиката на истражувањето и доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес.

**Првиот дел** насловен „Комуникацијата како составен дел од јавниот менаџмент" е изработен во две глави, во кои е направена анализа на низа дефиниции за комуникацијата и за информацијата исцрпени од разни извори – енциклопедиски, веб-страници, комуникациската теорија, системската теорија, теоријата на информации и теоријата за организации. Кандидатката ја потенцира заемната испреплетеност и елементите кои ги поврзуваат комуникацијата и информацијата и прави линија на равенство помеѓу нив. Од аспект на функционирањето на органите на државната управа, кандидатката заклучува дека комуницирањето е процес на креирање и разменување пораки во рамки на една мрежа со меѓусебно зависни односи, односно активен процес на размена на информации за работните активности поврзани со областа за којашто е одговорна една

организација или државна институција со што се воспоставува ефективно пренесување на информации, изразување на мисли и факти, и движење на податоци од еден дел на системот во друг како клучен елемент за непречено одвивање на работниот процес. Посебно место во овој дел е посветено на улогата и значењето на комуникацијата како фундаментален социјален процес кој се протега и ги опфаќа сите подрачја на општествениот живот, претставува клучен елемент на управувањето и е приоритетен услов за успешно функционирање на една организација.

**Вториот дел** од докторскиот труд е насловен „Системските теории за комуникацискиот процес", со вкупно три глави. Во овој дел се обработени информациско-процесното дејствување, основните категории на современата системска теорија и комуникациско-информациските системи. Кандидатката ја поврзува теоријата за организациското комуницирање со бихевиористичката системска теорија која се занимава со посебен вид системи - живи системи, составени од материја и енергија, а ги организира информацијата. За системската теорија комуникациската мрежа, аналогно на нервниот систем, е динамичен и флексибилен сплет на информациски канали кои ги поврзуваат сите делови на системот и го снабдуваат со информации за себе и за средината. Кандидатката заклучува дека концептот на системската теорија базирана врз биолошко органските начела на живиот организам кој мора да одржи релативен степен на кохезивност и интегрираност, зошто во спротивно ќе се распадне, се пренесува и на општествените организации. Во овој дел се анализираат основните категории на современата системска теорија, се прави посебен осврт на значењето на оперативниот информациски систем, усогласувачкиот информациски систем и развојниот информациски систем, со заклучоци за потребата од постоење развиен и самостоен информациско-комуникациски систем како темел на синхронизирано дејствување и брана од монополизација на комуникацискиот систем во корист на еден центар.

**Третиот дел**, насловен „Теории за јавен менаџмент" е изработен во пет глави со кои е направена сеопфатна анализа на менаџментот како посебна научна дисциплина, јавниот менаџмент, предизвиците на новиот јавен менаџмент, како и концептот на доброто управување чии начела се поставуваат како услов пред сите транзициски земји кои сакаат да станат членки на Европската унија. Кандидатката се фокусира на основите врз кои се потпира концептот на добро управување и извлекува заклучоци дека поимот на добро управување значи обновување на вредностите поврзани со јавниот сектор и јавниот интерес затоа што прашањата за полагање на сметки, контрола, реагирање на потребите на граѓаните, транспарентност и партиципација, се важни барем исто онолку колку и прашањата за економичност и ефикасност. Посебно место во овој дел е посветено на функциите на управувањето, при што кандидатката заклучува дека успешното одвивање на останатите функции на управувањето се во директна зависност од комуникацијата, односно од воспоставените текови на комуникација и точноста на пренесувањето на информациите. На крајот на овој дел, кандидатката дава преглед на низа мерки кои се исклучително

значајни од аспект на зајакнување на комуникацијата меѓу управата и граѓаните, но и внатре во рамките на самата управа.

Во **четвртиот дел** насловен „Комуницирањето во организација/органот на државна управа", кандидатката прави сеопфатна анализа на организациското комуницирање и неговото значење. Се истакнуваат принципите на отвореност и транспарентност како исклучително важен стандард во функционирањето на администрацијата и се заклучува дека денес традиционалниот модел на затворена администрација е во заоѓање, а граѓаните сè повеќе стануваат рамноправен субјект со институциите на системот, па оттаму и нивното право за барање отчетност, отвореност и транспарентност од институциите. За постигнување на начелата на отворена власт, посебен акцент се става на важноста на комуникациите во органите на државната управа како збир на средства и методи за пренесување информации. Кандидатката се осврнува на идеалните цели на комуникацискиот систем во управата, на факторите кои влијаат врз текот на комуникациите, на клучните функции на комуникацијата и дава заклучоци за причините и потребата од постоење на добро воспоставен внатрешен систем на комуникација.

**Петтиот дел** од докторскиот труд насловен „Форми и облици на организациска комуникација" е составен од пет глави во кои се прави детална анализа на комуникацискиот процес, на интерната и екстерната комуникација, вертикалната, хоризонталната и дијагоналната, вербалната и невербалната, на формалната наспроти неформалната комуникација. Кандидатката става фокус на поврзаноста меѓу интерната и екстерната комуникација со заклучоци за зависноста на екстерното од интерното комуницирање и за причините поради кои не може да се направи строга поделба помеѓу нив, поради што концептот како 'тотална комуникација' и 'интегрирана комуникација' сè повеќе заземаат место во популарната литература. Во овој дел во посебна глава се анализираат предностите и недостатоците на формалната и неформалната комуникација во рамките на институционалното комуницирање, како и комуникациските текови внатре во организацијата со акцент на хоризонталната комуникација (меѓусекторска и меѓуодделенска) како суштинска за координирање на организациските активности. Кандидатката прави осврт на комплексноста на вертикалната комуникација, со посочување на проблемите за постигнување ефективна нагорна и надолна комуникација, истовремено давајќи заклучоци за потенцијалните бариери во хоризонталната комуникација.

Во **шестиот** дел насловен „Органите на државна управа во Република Македонија", кандидатката дава осврт на дејноста, положбата и основните начела на државната управа. Посебно место во овој дел е посветено на видовите органи на државна управа во Република Македонија, на нивната внатрешна организација, надлежноста и надзорот над работата, со преглед на хиерархиската поставеност на раководните структури. Се прави сеопфатна анализа на меѓуинституционалната комуникација, протокот на материјалите меѓу институциите, управувањето

со документи во институциите. Посебно се обработува Е-управата каде што се става фокус на актуелната состојба во поглед на проектот Е-влада во Република Македонија, што треба да ѝ овозможи на Владата да ги автоматизира работните процеси и да овозможи следење на текот на документацијата во процесот на нејзиното донесување и одобрување. Кандидатката дава заклучоци за причините поради кои овој систем за управување со документи, кој технички ги уредува влезот, излезот и архивирањето на документите, не е претпоставка дека вработените во една институција ќе имаат можност за добивање на повеќе информации и да разменуваат информации со другите одделенија и сектори.

Во **седмиот дел** под наслов „Проблемска рамка на истражувањето" се прави анализа на транспарентноста на институциите во Република Македонија, не само кон надворешната туку и кон внатрешната јавност, при што кандидатката извлекува заклучоци дека и покрај постојните законски одредби, сѐ уште владее традиционалната затвореност на администрацијата, а давањето информации подлежи на т.н. самоцензури предизвикани од објективни или субјективни причини, што доведува до отежнет пристап и до оние информации кои во најголем дел се од јавен карактер и воопшто немаат призвук на тајност. Во овој дел посебно се обработуваат предметот и целите на истражувањето, потребата од посебен научноистражувачки пристап и методолошко-хипотетската рамка. Во посебна глава се наведуваат резултатите од функционалната анализа спроведена во државните институции од страна на британската владина агенција Department Foreign International Development (DFID), како и анкетата спроведена во рамките на ГОФРЕ-проектот за градење на административни капацитети за ЕУ, каде што меѓу слабостите на администрацијата, идентификувана е и координацијата, односно информираноста внатре во институциите и помеѓу институциите.

**Осмиот дел** од докторскиот труд е насловен „Емпириски сознанија", со вкупно три глави. Најпрво, кандидатката прави целосна анализа на функционалната поставеност на Министерството за образование и наука, на организацијата и надлежностите и внатрешната структура. Во посебна глава се обработува и преку низа комуникациски шеми се прикажува системот на комуницирање во Министерството за образование и наука – внатрешната комуникација (хорзонтална и вертикална) и односите со јавноста. Во овој дел, кандидатката дава преглед и на надлежностите, организацијата и структурата на Министерството за животна средина и просторно планирање и на Министерството за економија. Кандидатката дава примери од практиката и заклучоци за причините за недоволното ниво на интерна комуникација - размена на информации во рамките на институцијата. Посебен фокус е ставен на факторите кои предизвикуваат отежнато одвивање на комуникацијата и размената на информации и кои доведуваат до комуникациски блокади во рамките на институцијата.

**Деветтиот дел** под наслов „Анализа и интерпретација на добиените резултати од истражувањето" се состои од четири глави. Во овој дел, кандидатката прави евалуација на интерното комуницирање преку

идентификување на состојбата во Министерството за образование и наука, во Министерството за животна средина и просторно планирање и во Министерството за економија. Даден е графички приказ на резултатите од истражувањето од аспект на информираноста, формата, начинот, изворот и фреквенцијата на размена на информациите, присуството и одржувањето на колегиум, одржувањето состаноци во рамките на секторот/одделението, регулираноста на интерната комуникација со нормативни акти и оценувањето на интерното комуницирање од страна на испитаниците. Посебно место е посветено на тоа како испитаниците сметаат дека треба да се одвива интерната комуникација во рамките на институцијата. На крајот од овој дел кандидатката прави анализа на добиените одговори од сите министерства во Република Македонија во однос на постоењето подзаконски акти и правилници со кои се регулира интерната размена на информации (хоризонтално и вертикално), како и правилник за одржување на колегиум.

Во последниот дел, односно заклучокот на докторската дисертација, синтетизирани се сите добиени сознанија со цел да се утврди нивото на поставеност на интерната комуникација во рамките на органите на државната управа во Република Македонија. Во заклучокот се содржани крајните согледувања на кандидатката во форма на препораки за Република Македонија, во што се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

- **Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „Комуниколошки аспекти на јавниот менаџмент – со посебен осврт на Република Македонија", од кандидатката м-р Сузана Џамтоска-Здравковска, обработува мошне интересна тема, при што корисноста од направеното истражување и направените анализи се зајакнати со актуелноста на темата не само во западноевропскиот, туку и во глобалниот светски контекст, факт што влијае и врз подигнување на свесноста за нејзината не помала релевантност и во западнобалканскиот контекст, а со тоа и во Република Македонија.

Структурата на трудот е избалансирана. Материјата во сите главни апсекти е исцрпна, детално и мошне темелно презентирана според логичен редослед. Содржината на трудот е презентирана на едноставен и јасен начин.

Во рамките на утврдениот предмет, реализираното истражување и направените анализи, кандидатката ја обработува широката проблематика не само прегледно, туку многу продлабочено, отворајќи бројни дилеми и прашања, притоа давајќи сопствени одговори и констатации, т.е. сугерирајќи сопствени ставови и видувања.

Темата на докторскиот труд е обработена со употреба и комбинирање на неколку научни методи, во функција на успешно анализирање, докажување и презентирање на поставените тези. Трудот претставува самостоен стручно-научен труд во кој кандидатката преку

примена на соодветна научна методологија, изразува завидна способност за научна разработка на поставените тези, поставувајќи солидно изведени и издржани заклучоци, притоа покажувајќи завидна способност за користење на стручна и научна литература. Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сгигестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој докторски труд.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветна законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата ѝ претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да ѝ овозможи на кандидатката м-р Сузана Џамтоска-Здравковска да пристапи кон јавна одбрана на својот докторски труд.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.
2. Проф. д-р Ѓорѓе Иванов, с.р.
3. Проф. д-р Ана Павловска-Данева, с.р.
4. Доц. д-р Зоран Костов, с.р.
5. Доц. д-р Јасна Бачовска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА УЧЕБНИКОТ *МОТИВАЦИЈА* ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА АРНАУДОВА И М-Р КИРО ПОПОСКИ

Ракописот за книгата со наслов ***Мотивација*** од авторите проф. д-р Виолета Арнаудова и м-р Киро Попоски содржи 108 страници основен текст, отпечатен без проред. Текстот е базиран на релевантна литература што содржи 71 библиографска единица, кои се користени како примарни или како секундарни извори.

Во понудениот труд, проблематиката на мотивацијата е обработена и прикажана во два дела.

Во првиот дел, насловен како *Основни поими: Потреба, мотив, мотивација*, подетално се обработени основните поими од областа на мотивацијата, чие познавање (и разграничување) обезбедува соодветна основа за доградување на специфични сознанија од областа на применетата психологија. При дефинирањето на поимот *потреба*, направена е разлика меѓу потреби на организмот и потреби на личноста и посебно се прикажани различните видови потреби. Во делот во кој се дефинира поимот *мотив*, се наведуваат и функциите и карактеристиките на мотивите и посебно се прикажуваат различните видови мотиви. Кога се разработува поимот *мотивација*, посебен акцент е ставен на различните видови мотивација и нивните специфичности и дискутиран е односот меѓу мотивацијата и чувствата (емоциите).

Во вториот дел, насловен како *Теориски основи на мотивацијата*, изложени се повеќето теории кои ја објаснуваат мотивацијата и нејзиното влијание врз однесувањето на луѓето, а подетално се обработени само позначајните теориски пристапи, меѓу кои посебен акцент е ставен на хуманистичките (особено теоријата на Маслов) и когнитивните теории. Во вториот дел се прикажани и факторскиот и интегралниот приод, кои претставуваат различни обиди за објаснување на мотивацијата на човекот и неговото однесување.

### Заклучок и препорака

Со оглед на тоа што мотивацијата е придвижувачкиот фактор на секоја активност што ја презема човекот, мотивацијата на човековото однесување како проблематика со која се занимава понудената книга е секогаш актуелна и прилично значајна. Ако се има предвид и фактот дека ова е прва книга од оваа област на македонски јазик и од македонски автори, со нејзиното јавување може да се очекува задоволување на потребите на аудиториумот за кој е наменета. Истовремено, заради искажаната стручност и опфатноста на тематиката, книгата претставува и значаен придонес кон македонската психолошка литература од оваа област.

Авторите не погрешиле кога ја намениле книгата да биде универзитетски учебник за студентите по психологија и за сите други кои во текот на своите студии имаат допирни точки со психологијата на образованието и/или со менаџментот со човечки ресурси. Книгата е податна

за учебник на студентите на кои им е наменета не само од содржинска гледна точка, туку и заради начинот на кој е изложена содржината во неа. Од една страна, книгата опфаќа тематика која е неопходна да ја изучуваат студентите по психологија и студентите кои се подготвуваат за наставници и менаџери, но и сите оние што се занимаваат со мотивирање на оние со кои работат (учениците или работниците/соработниците). Од друга страна, содржината е структурирана и изложена на јасен и разбирлив јазик и со користење на пристап кој е лесно достапен за аудиториумот за кој е наменета.

Врз основа на претходно наведеното, имам задоволство трудот под наслов ***Мотивација*** од авторите проф. д-р Виолета Арнаудова и м-р Киро Попоски да го препорачам за печатење како учебник.

Рецензент

Проф. д-р Виолета Петроска-Бешка, с.р.

5.4.2010

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА УЧЕБНИКОТ *МОТИВАЦИЈА*
## ОД ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА АРНАУДОВА И М-Р КИРО ПОПОСКИ

Трудот ***Мотивација*** од авторите проф. д-р Виолета Арнаудова и м-р Киро Попоски претставува сериозна студија во која на 108 страници, е направен преглед и анализа на класичните и современите психолошки сфаќања на мотивацијата. Изнесените податоци се темелат на релевантни извори, 71 библиографска единица, главно на српски и бугарски јазик, од кои повеќето се со понов датум.

Во трудот проблемот на мотивацијата е обработен во два дела.

Во *првиот дел (Основни поими: Потреба, мотив, мотивација)*, детално се обработени поимите потреба, мотив и мотивација, како физиолошки и психолошки феномени кои го детерминираат однесувањето на животните и на луѓето. Изнесените научни сознанија придонесуваат да се прави дистинкција помеѓу овие сродни поими, а едновремено претставуваат солидна основа на која ќе се надоградат специфичните сознанија од обласата на применетата психологија на мотивацијата. Во овој дел се опишани видовите потреби и видовите мотиви (примарните биолошки и социјални мотиви, како и секундарните мотиви), видовите мотивација (внатрешна и надворешна, како и мотивацијата за постигнување), а разработен е и односот меѓу мотивацијата и емоциите.

*Вториот дел (Теориски основи на мотивацијата)* е посветен на теориите кои ја објаснуваат мотивацијата. Од мноштвото теории и нивни варијанти (над педесет), авторите ги елаборираат само оние кои, според нивното гледиште, се позначајни. Тие ја прифатиле категоризацијата што ја посочуваат повеќе експерти во оваа област, па најнапред ги истакнуваат карактеристиките на две групи теории на мотивацијата: *содржински и процесни*. Од содржинските теории, подетално се обработени: теоријата на инстинктите, теоријата на нагоните, како и психоаналитичкото, бихевиористичкото и хуманистичкото сфаќање за мотивацијата. Од процесните теории, пак, фокусот е ставен на когнитивните: теорија на очекување, теорија на атрибуција, теорија на когнитивна дисонанца и теорија на избор. На крајот од овој дел се прикажани два пристапа кои се обидуваат да го објаснат однесувањето кај човекот: *факторскиот (монистички) пристап*, во чии рамки се разгледани каузалното, интенционалното и корелативното објаснување, и *интегралниот (полимотивациски) пристап*, како современ обид целосно да се објаснат насоченоста, интензитетот и трајноста на мотивацијата и на однесувањето воопшто.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

Иако интересот за мотивацијата како психички процес е присутен повеќе од еден век, нејзиното изучување е сè уште актуелно бидејќи мотивите го чинат јадрото на личноста и со нив во голема мера може да се објасни

човековото однесување. За жал недостасуваат публикации на македонски јазик кои ги презентираат психолошките научни сознанија за мотивацијата. Овој труд, заради темелноста и стручноста со која е пишуван, претставува значаен придонес во збогатувањето на психолошката литература од оваа област. Долгогодишниот научноистражувачки интерес ги прави авторите компетентни стручњаци во ова мошне значајно подрачје.

Овој труд можат да го користат студентите на прв циклус на Институтот за психологија како основна или додатна литература за предметите *мотивација и емоции* и *педагошка психологија*, како и студентите од втор циклус за изучување на предметот *психички процеси 1*. Исто така, ќе им биде од корист и на студентите кои се подготвуваат за наставници и менаџери, односно на постдипломците од интердисциплинарните студии по менаџмент со човечки ресурси во општествените дејности, за предметите *тимска работа и мотивација на вработените и работни односи, мотивација и социјален дијалог*.

Врз основа на наведените аргументи, со особено задоволство трудот ***Мотивација*** од авторите ***проф.д-р Виолета Арнаудова и м-р Киро Попоски***, го препорачувам за печатење.

Рецензент

Проф.д-р Елена Ачковска-Лешковска, с.р.

Скопје, 18.3.2010

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМСКО ПЛАНИРАЊЕ", ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р САШО ЌОСЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 12-459/2 од 4.3.2010 година, определена сум за рецензент на трудот „Економско планирање" од проф. д-р Сашо Ќосев. По проучувањето на текстот на трудот го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Првото издание на трудот „Економско планирање", од авторот проф. д-р Сашо Ќосев, се појавува во мошне изменети општествено-економски услови во кои се наоѓа нашата земја. Од аспект на економското планирање значајно е тоа што сè повеќе доаѓа до израз потребата за свесно управување и насочување на севкупниот општествено-економски развој во Република Македонија, особено после ефектите кои ги почувствува и сè уште ги чувствува македонската економија од големата светска финансиска криза од крајот на 2008 година.

Првото издание на трудот „Економско планирање" од проф. д-р Сашо Ќосев содржи 387 страници густо чукан текст и 4 страници список на користена литература со 74 наслови на позначајни трудови од областа на економското планирање од домашни и странски автори.

Проблематиката опфатена во трудот е систематизирана како што следува:

ПРЕДГОВОР

ВОВЕДЕН ДЕЛ

| | |
|---|---|
| Прв дел | Теоретски пристап кон економското планирање |
| Втор дел | Процес на изработка на стратегија за економски развој |
| Трет дел | Современи тенденции на економското планирање |
| Четврти дел | Методолошки основи на економското планирање |

ЛИТЕРАТУРА

## Приказ на содржината на трудот

Во продолжение ќе биде даден краток приказ на позначајните содржини на секој од наведените делови.

Во воведниот дел на трудот, авторот презентира појмовно определување на економското планирање како специјализирана активност и независна дисциплина, која се појави за да ги оствари новите барања на социо-економскиот развој во 20 век и никогаш порано не била спроведувана во таков обем и сеопфатност. Оваа широка примена на економското планирање низ целиот свет дефинитивно е неповратен процес, длабоко меѓусебно поврзан со модерната технологија и општествените услови на нашето време. Исто така, авторот дава преглед на различните аспекти кои ја дефинираат потребата од примена на економското планирање во современиот свет.

Во првиот дел, **Теоретски пристап кон економското планирање**, на прецизен и прифатлив начин за студентите, се обработени следниве теми: дефинирање на меѓусебните односи помеѓу пазарот, економското планирање и економската политика, основни постулати на економското планирање, основни задачи на економското планирање, економскиот развој и економското планирање, институционални основи на економското планирање, основни видови планирање според функционалниот и територијалниот пристап, планска рамка за изработка на национална стратегија за економски развој и перспективи за развој на економското планирање. Преку овие аспекти авторот ги поставува основите за подетална натамошна анализа на влијанието на економското планирање врз динамизирањето на економскиот развој и врз развојот на методолошките основи за макроекономска анализа и економско планирање.

Во вториот дел, **Процес на изработка на стратегија за економски развој**, детално е прикажана методологијата за изработка на национална стратегија за економски развој, која претставува приспособена симбиоза од методологиите кои ги користат меѓународните организации и институции (Европската унија, OECD, USAID, UNDP и други) при креирање стратегии за развој на различни нивоа (национално, регионално, локално) во земјите од сите делови на светот. На тој начин, даден е значаен придонес за подигнување и зајакнување на можностите за практична примена на овој труд во секојдневното работење на министерствата и агенциите во состав на Владата на Република Македонија. Овој дел е збогатен и со доста практични примери, кои ја доближуваат оваа проблематика до студентите.

Во третиот дел, **Современи тенденции на економското планирање**, прикажани се најновите искуства, институционални и методолошки пристапи во системите на економското планирање во одделните региони во светот: земјите-членки на ЕУ (Холандија, Франција и Словенија), Азија (Јапонија, Индија и Малезија), Африка (Гана, Танзанија и Уганда) и Средна и Јужна Америка (Перу, Костарика и Венцуела). На овој начин, авторот докажува дека макроекономското индикативно планирање во голема мера е развиено и применувано во земјите со различно ниво на општествено-економска развиеност и претставува еден од факторите за динамичниот раст на нивните економии, за нивната висока научна и технолошка

интензивност и за подигнување на општата благосостојба на луѓето во тие економии.

Во четвртиот и најзначаен дел, **Методолошки основи на економското планирање**, презентирани се следниве теми: потребата од развиен статистички систем во националната економија, економско прогнозирање, меѓусекторска (инпут-аутпут) анализа, општествено сметководство и макроекономски модели. Посебен придонес на овој дел од трудот се:

- различните можности за анализа кои ги дава примената на меѓусекторската анализа (тематските целини за анализата на мултипликативните ефекти на финалната потрошувачка врз производството, анализата на зависноста на БДП од производството и финалната потрошувачка, анализата на увозната зависност, динамичниот инпут-аутпут модел);
- презентацијата на матрицата на општествени сметки (МОС) проширена со социјални индикатори (пристапот "SESAME") и еколошки индикатори (пристапот "NAMEA");
- во делот за макроекономските модели, презентирани се тематски целини кои се однесуваат на основните фази при изработката на макроекономските модели, приказите на основните елементи на моделите на потрошувачка, инвестиции, фискална политика и отворена економија, како и посебен дел во кој е презентирана поширока елаборација на теоретските основи, основните елементи, изработката и употребата на моделите на општа рамнотежа (CGE - computable general equilibrium models).

Составен дел на учебникот е списокот на користена литература.

## Оцена на трудот

Содржината, карактерот и опфатот на учебникот „Економско планирање" од авторот проф. д-р Сашо Ќосев се усогласени со усвоената наставна програма по предметот економско планирање и е наменет првенствено за студентите на економските факултети во земјата. Секако, вреден за спомнување е и фактот дека трудот, исто така, претставува вредна и корисна литература за поширок круг на корисници кои во практиката се преокупирани со проблемите на управувањето на вкупниот општествено-економски развој во Република Македонија. На тој начин, трудот претставува значаен придонес во збогатувањето на литературата од оваа област во Република Македонија.

Она што го подобрува квалитетот на овој труд е и фактот што на крајот на секој дел авторот поставува прашања за разговор и контрола на знаењето, што го прави учебникот побогат, па и мошне применлив за самата практика на планирањето.

Солидната систематизација на материјата, како и разбирливиот стил на објаснување на проблематиката, ќе му овозможат на читателот постапно и без особени проблеми да навлезе во, инаку, мошне сложената проблематика на економското планирање. Со задоволство може да се констатира дека според успешно концепираната содржина и според

пристапот кон третирањето на проучуваната материја, авторот го приближил ракописот до содржината на книгите од оваа проблематика што се објавуваат во земјите со развиена пазарна економија.

Посебен квалитет на овој труд е што низ него провејува основната порака на авторот дека без разлика дали макроекономското планирање е формално или неформално (институционализирано или не), тоа е сè позначајно со степенот на развиеноста на земјата. Со планирањето не се спречува конкуренцијата и дејствувањето на пазарот, туку се создаваат услови за стабилно функционирање на стопанството и негов динамичен развој. Анализите покажуваат дека земји на различен степен на општествено-економски развој во сè поголема мера применуваат макроекономско планирање за водење на економската и развојната политика како неопходност за спречување на економските кризи и одржување на стабилен економски раст. Оттука, правилна е пораката дека во новиот општествено-економски систем кој се изградува во Република Македонија, системот на макроекономско индикативно планирање треба да има значајно место и улога, на што упатуваат теоретските погледи и практиката во повеќе земји во светот.

**Предлог**

Од изготвениот текст за учебник по економско планирање, поднесен од авторот проф. д-р Сашо Ќосев, може да се констатира дека тој користеле најнова странска литература од областа на економското планирање и сосема коректно ја структурирал обработената материја, која логички и прегледно е изложена. Стилот и јазикот се наполно разбирливи и прифатливи за студентите. Истовремено е запазен стручниот јазик на предметната дисциплина и водено е сметка за научната терминологија. Тоа потврдува дека текстот ги задоволува сите потребни барања на еден современ учебник по економско планирање.

Во изготвениот текст за учебник по економско планирање, авторот го сублимирал своето познавање на проблематика од областа на економското планирање и го вградил своето искуство како наставник по овој предмет, при што до израз дошла и неговата докажана способност за прегледно и јасно изложување на материјата, поради што студентите по економија, но наедно и сите други заинтересирани за оваа проблематика, добиваат извонредно учебно помагало и научен труд кој ќе им биде од исклучително голема помош во совладувањето на наставната содржина по предметот економско планирање.

Поради сето напред наведено, чест ми е и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го прифати извештајот на трудот на проф. д-р Сашо Ќосев, со наслов „Економско планирање", и да донесе одлука да се публикува како универзитетски учебник по предметот економско планирање.

**Скопје, 9.4.2010** **РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Олга Градишка – Теменугова, с.р

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМСКО ПЛАНИРАЊЕ", ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р САШО ЌОСЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 12-459/2 од 4.3.2010 година, определен сум за рецензент на учебникот "Економско планирање" од проф. д-р Сашо Ќосев. По проучувањето на текстот на трудот, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот ***Економско планирање*** од проф. д-р Сашо Ќосев содржи вкупно 404 страници, од кои 387 страници отпаѓаат на основниот текст, 12 страници на предговор и 5 страници користената литература. Проблематиката опфатена во трудот е систематизирана во 5 делови, и тоа:

Предговор (IX - XII стр.)

Вовед (1 - 12 стр.)

Прв дел Теоретски пристап кон економското планирање (12 - 86 стр.)

Втор дел Процес на изработка на стратегија за економски развој (87 -146 стр.)

Трет дел Современи тенденции на економското планирање (147 - 218 стр.)

Четврти дел Методолошки основи на економското планирање (219 - 387 стр.)

Литература (388 - 391 стр.)

### Приказ на содржината на трудот

Во трудот под наслов „Економско планирање" (прво издание), проф. д-р Сашо Ќосев обработува многу значајна и извонредно актуелна материја, поврзана со активностите за управување и насочување на општествено-економскиот развој во националните економии. Во него се обработени важни

елементи на системот на економското планирање, кои се систематизирани во конзистентна и методолошка целина.

Во ***воведот*** на трудот, авторот го елаборира појмовното определување на економското планирање, како и објаснување на најзначајните аспекти кои ја определуваат потребата за остварување на динамичен општествено-економски развој со помош на економското планирање.

Во првиот дел на трудот, кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев своето истражување го фокусира на ***„теоретскиот пристап кон економското планирање"***, при што ги обработува следниве аспекти: дефинирање на меѓусебните односи помеѓу пазарот, економското планирање и економската политика, основни постулати на економското планирање, основни задачи на економското планирање, економскиот развој и економското планирање, институционални основи на економското планирање, основните видови планирање според функционалниот и територијалниот пристап, планска рамка за изработка на национална стратегија за економски развој и перспективи за развој на економското планирање.

Вториот дел на трудот е посветен на ***„процесот на изработка на стратегија за економски развој"***, при што се истражува и елаборира процесот на изработка на стратегија за економски развој, како најзначаен вид на макроекономски плански документ кој се изработува и применува во современите економии во светот. Во овие рамки, авторот прави мошне успешен обид за компилација на методологиите кои ги употребуваат меѓународните институции и организации при изработката и спроведувањето на стратегии за економски развој во одделните национални економии. Исто така, се обработува суштината на националната стратегија за економски развој, севкупниот процес на изработка на националната стратегија за економски развој, како и основните фази: организирање на почетните напори, анализа на економската состојба на националната економија, изработка на стратегијата, спроведување на стратегијата и следење и оцена на спроведувањето на стратегијата.

Третиот дел на трудот е посветен на ***"современите тенденции на економското планирање"***, при што авторот проф. д-р Сашо Ќосев ги проучува институционалните и методолошките основи на економското планирање во четири

одделни региони во светот (со прикажување на искуството на вкупно 12 земји со различно ниво на општествено-економски развој): земјите-членки на ЕУ, Азија, Африка и Средна и Јужна Америка. Со тоа, тој ја потврдува широкоприфатената практика на примена на системот на економско планирање за управување и насочување на општествено-економскиот развој насекаде во светот.

Четвртиот дел со наслов ***„Методолошки основи на економското планирање"*** претставува најзначаен дел на трудот, во кој авторот ги обработува современите техники за планирање на економскиот развој кои се применуваат во секојдневниот процес, на креирање и спроведување на макроекономската и развојната политика во одделните земји во светот. Во овие рамки, авторот ја истражува потребата од развивање на статистички систем во националната економија, улогата на економското прогнозирање како методолошка основа на економското планирање,како и подеталното елаборирање на трите основни техники на планирање на развојот: меѓусекторската (инпут-оутпут) анализа (изработка на основниот меѓусекторски модел, матрица на технички коефициенти, инверзната матрица, динамичен инпут-аутпут модел и др.), општественото сметководство (еволуцијата на системот на национални сметки, карактеристики и користење на системот на национални сметки, матрицата на општествени сметки, матрицата на општествени сметки проширена со социјални и еколошки индикатори, и др.) и макроекономските модели (фазите во изработката на макроекономските модели, основните видови на макроекономски модели, карактеристики и употреба на моделите на општата рамнотежа и др.).

Интегрален дел на трудот претставува и списокот на литература од домашни и странски автори, кој содржи 74 библиографски единици користени при пишувањето на трудот.

**Оцена на трудот**

Во изминатите две децении, во економиите на транзиција се случија драматични промени и беа спроведени економски реформи кои по својата радикалност и сеопфатност се без преседан во светската економска историја.

Причината за тоа е едноставна: нивната цел не е реформа и модификација на постојниот економски систем, туку негова комплетна замена. Така амбициозно поставената цел бара револуционерни промени во институционалната инфраструктура и во начинот на водење на економската политика.

Во тие силовити материјални, институционални и интелектуални превирања, длабоко и од основа се менува сфаќањето и ставот кон макроекономското планирање. Се јави тенденција планирањето да се третира како епохално историско промашување, како извор на бројни деформации, како крајна и единствена причина за дефинитивниот крах на многу општествено-економски системи. Настапи време на големи преиспитувања во кое скоро сите битни ставови се претворија во свои спротивности.

Но, сепак, макроекономското планирање во земјите со развиена пазарна економија, земјите во транзиција и земјите во развој претставува значаен инструмент за управување со општествено-економскиот развој. Поради тоа, една од основните функции на секоја модерна и ефикасна држава претставува планирањето, концепирањето и остварувањето на конзистентна макроекономска и развојна политика.

Современата теорија, а уште повеќе практиката во земјите со развиена пазарна економија во светот недвосмислено укажува на потребата од институционализирано планирање и во тие земји. Во современите пазарни економии многу рано се сфати фундаменталното значење и улогата на планирањето и економската политика. Тие се третираат како важни делови во управувањето со развојот на националната економија. Планирањето во современи услови претставува облик и инструмент за организирано дејствување врз неизвесностите во развојот и неизвесностите на пазарот. И во услови на развиен систем на пазарна економија сѐ поизразена е потребата од управувачки активности, насочување и интервенции од страна на државата во областа на економската политика и развојот.

За унапредување на процесот на учење и за подготвување на материјата од страна на студентите, вклучени се неколку карактеристики кои претставуваат

педагошка помош во разбирањето и примената на презентираниот концепт. Секоја од главите во книгата ги има карактеристиките што се наведени подолу.

***Прашања за размислување и контрола на знаењето.*** Тие го фокусираат вниманието при читањето и служат како сеопфатна проверка на совладаното и мерка на способноста да се одговори на поставените прашања. Јасното остварување на целите на учењето е дадено на крајот на секоја глава. Во секоја глава, студентот треба да дефинира, да опише, да дискутира, да спореди, да наведе и да идентификува соодветни аспекти од проблематиката на економското планирање.

***Примери.*** Притоа, овој дел содржи и бројни примери од практиката, со што наставната материја се приближува до потребите на наставно-научниот процес и на студентите. Меѓународните примери на студентите треба да им овозможат да ги развијат сопствените способности, да разберат како одделните аспекти на економското планирање се применуваат во вистинскиот свет и како тие самите можат да го применуваат сопственото знаење во конкретни случаи.

***Литература.*** При пишувањето на учебникот е користена литература објавена во најголем дел по 2000 година, со исклучок на четири капитални дела објавени пред тоа или поточно во 1993 (2), во 1996 и во 1997 година.

***Слики и табели.*** Читателот ќе наиде на илустрации, слики и табели, кои ги поврзуваат теоријата и практиката на економското планирање. Овие илустрации се преземени од вистински случаи објавени во списанија, во учебници и во истражувачки студии. Со нив се зголемува транспарентноста на текстот и заклучоците кои произлегуваат од практичните истражувања.

Трудот „Економско планирање" (прво издание), е пишуван според предметната програма по предметот економско планирање прифатена од страна на Наставно - научниот совет. Стилот на пишување се карактеризира со јасно формулирани реченици кои ја одразуваат суштината на елаборираното прашање.

Објавувањето на овој труд ќе претставува значаен придонес во збогатувањето на теоријата и практиката на економското планирање. Трудот е прво издание на авторот, проф. д-р Сашо Ќосев, како самостоен универзитетски учебник од областа на економското планирање.

Трудот е резултат на повеќегодишното проучување и истражување на оваа проблематика од страна на авторот. При неговото пишување авторот успешно ги селектирал и ги анализирал, а со сопствени истражувања ги надополнил научните домашни и светски достигнувања на подрачјето на економското планирање.

Во трудот се обработени оние подрачја на економското планирање кои претставуваат стандардни содржини во модерните учебници од оваа област во светот, се разбира, со соодветни приспособувања на обемот на учебникот на предвидениот фонд часови во предметната програма.

**Предлог**

Поаѓајќи од презентираната содржина и оцена на трудот „***Економско планирање***" (прво издание), од проф. д-р Сашо Ќосев, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го одобри овој труд за користење од страна на студентите како учебник. Истовремено го препорачувам за печатење.

Скопје, 19.4.2010

**РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.

ПРЕГЛЕД
на одобрена тема за изработка на докторски дисертација на Факултетот за физичка култура во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| м-р Билјана Попеска | "Развој на морфолоШките и моторичките димензии кај деца од машки пол во возрасниот период од 6 и 7 години " | 1.Проф.д-р Јован Јовановски - ментор<br>2.Проф.д-р Ванчо Поп-Петровски– член<br>3.Вонр.проф.д-р – Илија Клинчаров - член |

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **ГЛОБАЛИЗИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ФИНАНСИСКИТЕ КРИЗИ**, ИЗГОТВЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАРИЈА СРЕБРЕНОВА ТРЕНДОВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование, и член 241 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 26.3.2010 год. дел.бр. 02-846/2, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, не определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација ГЛОБАЛИЗИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ФИНАНСИСКИТЕ КРИЗИ, поднесена од кандидатката м-р Марија Сребренова Трендова. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Докторската дисертација содржи 348 страници основен текст, 5 страници користена литература, односно 142 библиографски единици. Материјата во дисертацијата, покрај вовед и заклучок, е структурирана во шест поглавја, распоредени по логичен редослед:

- ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ
- ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ
- АНАТОМИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ КРИЗИ
- БРЕТОНВУДСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ КАКО МЕЃУНАРОДЕН ПОЗАЈМУВАЧ ОД ПОСЛЕДНА ИНСТАНЦА: ЕВОЛУЦИЈА, РЕФОРМА И ПРОМЕНИ

- МАКЕДОНИЈА - ОД ПРОГРАМАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА ДО ГЛОБАЛНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА
- МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2003 ДО СВЕТСКАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА

Воведот (од 5 до 9 стр.) ја најавува темата на докторската дисертацијата глобализираните финансиски пазари и финансиските кризи, како една од најфасцинантните макроекономски теми кои истовремено претставуваат силен научен и интелектуален предизвик. На самиот почеток, кандидатката детерминира дека финансиските кризи се "трајно и отпорно растение" и централниот проблем за превенција од депресијата се уште не е решен. Монетарната историја во изминатите четиристотини години е полна со финансиски кризи, но настаните во последните децении укажуваат на ново ниво на турбулентност на банкарскиот состав, волатилност на девизните курсеви и меури на цените на хипотекарните пазари.

**Првото поглавје** од докторската дисертација е насловено како "Глобализација на финансиските пазари" (9-32 стр.). Во него кандидатката не води низ процесот на глобализацијата како ера на модерен капитализам, на начин кој започнува со елаборација на промената на перспективите за управување со економиите во индустријализираниот свет и промена на стратегиите за развој на земјите во развој и во поранешниот социјалистички блок. Потоа ги анализира двете ери на финансиска глобализација: сличности и разлики. Посебно се задржува на структурните промени на финансиските пазари во последните триесет години кои како последователен исход ги имаат редицата финансиски кризи, засилени и поттикнати со поединечните потпроцеси - финансиска либерализација и дерегулација. Кандидатката на успешен начин ги открива елементите на овие потпроцеси и нивното влијание како laissez -faire филозофија врз движењето на капиталот и законитостите на пазарот.

**Второто поглавје** од дисертацијата насловено како “Финансиски пазари и институции“, кандидатката го посветува на функциите и механизмот на финансиските пазари како место каде што се разменува финансиската актива (т.е. се тргува со финансиската актива), место каде што преку интеракцијата меѓу купувачите и продавачите се врши откривање на цената и обезбедување на ликвидност. Понатаму, кандидатката ги објаснува факторите кои одат кон интеграција на финансиските пазари што како процес станува значаен тренд, особено по седумдесеттите години од дваесеттиот век. Наведени се причините за порастот на регулацијата и појавата на нејзини нови форми како значаен процес токму во периодот на интегрираност и либерализација на финансиските пазари.

Кандидатката посебно се задржува на прудентната супервизија и капиталните барања, односно на организациониот носител на новата банкарска прудентна регулатива, Базелскиот комитет за банкарска супервизија, неговата улога, принципи и суштина. Имено, современите финансиски кризи се поврзани со критиката за неадекватна супервизија од страна на централните банки пред настанување на кризите, што наметнува прашање за развивање на алатки и механизми за управување со ризиците во контекст на рано предупредување за настанување на кризни состојби.

Во фокусот на **третото поглавје** (од 58 до 177 стр.), кое претставува core на дисертацијата насловено како “Анатомија на финансиските кризи“ кандидатката дава детален преглед на карактеристиките на финансиските кризи во различните фази на економскиот циклус. Периодот на експанзивниот циклус на економијата, односно периодот пред финансиската криза е придружен со силна кредитна експанзија, особено поврзана со градежништвото во случајот на најдлабоките рецесии, како Големата депресија од 1029/30 и последната криза. Понудата на кредити во добри времиња и падот на понудата во надолната фаза од циклусот води кон чувствителност на финансиските договори и кон осетливост од финансиска криза.

**Кредитната експанзија** креира **асиметрични информации** и зголемен ризик од **негативна селекција**. Кандидатката посебно ги разработува овие две придружни појави на кризите.

Посебно внимание е задржано на феноменот на **финансиските иновации** кои се составен дел на финансиските кризи, уште од "времето на лалињата" со put и call опциите, до најсофистицираните дериватни инструменти на современите финансиски пазари. Нагласена е улогата на последните сопственички и должнички инструменти во форма на хартии од вредност покриени со актива (asset backet securities - ABS) и колатерализирани должнични облигации (collateralized debt obligations - CDO), кои се креирани со цел префрлување на ризикот од банките на пазарот и со тоа е предизвикана системска, пазарна криза. Институциите како хеџ - фондовите го помагаат избегнувањето на регулативата, а со полувладините/агенциските обврзници се создава мрежа на секјуризација и креирање на Ponzi. Анализирано е како финансиските иновации ја лимитираат улогата и моќта на централните банки.

Истовремено се анализираат придружните појави: **мании, шпекулации** и **меури,** кои во најголем дел се резултат на човечките слабости и се актуелни со секоја криза.

**Заразата** е релативно нов концепт во економијата, кој како термин се појавува во втората половина на деведесеттите и е основна карактеристика на современите финансиски кризи. Опишано е како шоковите кои потекнуваат од една земја, на многу остар и неочекуван начин влијаат на земји кои се територијално многу оддалечени и неповрзани преку финансиските пазари. Тоа значи дека постовите за пренесување не се само меѓународната трговија, движењето на капиталот и технологијата, туку како двигател се јавува и нерационалното психолошко однесување, односно луѓето се често водени од неекономски мотивации. Во епицентарот на двете повоени кризи од глобален карактер се наоѓа САД, а потоа рецесиите брзо и нагласено се шират во западноевропските земји, Канада и Јапонија.

Периодот по Втората Светска Војна е во знак на спротивставените гледишта за монетарната и фискалната политика меѓу **монетаристите** и **кејнзијанците**. Меѓутоа, последната криза и настаните пред неа укажуваат на испреплетување на постаментите на овие две школи. Се поставува прашање која монетарна и фискална политика се води во последните години. Alan Greenspan ја промовира политиката на ниски каматни стапки, а "лекот" се бара во фискалната политика како типичен кејнзијански одговор.

Комбинираните фактори кои го објаснуваат новиот бран на кризи, т.н. современи финансиски кризи е субсидизацијата на финансискиот ризик од страна на владата и нејзината неподготвеност да го одржи кредибилитетот на девизниот курс. Се поставува прашање дали владата е спремна да се откаже од долгорочна **фискална дисциплина** или да понуди carte blanche за излез на домашниот финансиски систем. Една компонента на пазарниот неуспех е недоволната фискална дисциплина.

Кандидатката го објаснува концептот на **кредитор во крајна инстанца кој** е воведен во случај на неликвидност на банките, но во услови на нивна солвентност со цел да се спречи "бегството". Во современи услови применета на ваков кредитор доведува до состојба на морален хазард.

**Валутните кризи** се обработени посебно во периодот од 1880 до 1914, потоа од 1914 до 1973 и од 1974 до денес, преку објаснувањето за настанувањето и развојот на бретонвудските институции и на системите на девизни курсеви. Обработени се основните теории за валутни кризи:Моделот за криза на билансот на плаќање (посебно значајниот и фундаментален Кругманов модел од 1979); Моделот на самоостварувачки шпекулативни напади на Obstfeld од 1986 и Теоријата на финансиски кризи на David Marshall од 1998.

Исто така се обработени и **банкарските кризи** преку анализа на макроекономските, но и микроекономски фактори кои водат кон ликвидносна криза, односно кон паника и бегство, но и кон реална криза на солвентност како што е последната криза, односно криза на капиталот на банкарскиот систем.

Кандидатката дава опсежен приказ на примери од современите финансиски кризи водејќи не од Мексико (1994/1995); Југоисточна Азија (1997); Русија (1998); Аргентина (2001), се до последната глобална светска финансиска криза.

**Четвртото поглавје** е посветено на бретонвудските институции како меѓународен позајмувач од крајна инстанца: еволуција, реформа и промени. Кандидатката преку историскиот преглед на настаните посочува дека ММФ го маргинализира управувањето се тековите на капиталот и со девизните курсеви иако тие станувале се повеќе нестабилни. Односно, повеќе се насочува кон расчистување на финансискиот неред кој останува зад тековите на капиталот. Предлозите за зајакнување на меѓународната финансиска архитектура во најголем дел се насочени кон мерките што земјите треба сами да ги превземат (и примачите и давачите на капитал), или се насочени кон конструирање на нови финансиски институции. Улогата на ММФ за превенција на кризни состојби не е исполнета, односно се појавува во улога на управувач со кризи.

Обработени се прашањата за Вашингтонскиот консензус и за кризата на неолиберализмот како владејачка макроекономска концепција од седумдесеттите, низ призмата на конфронтацијата со неокејнзијанските поставки.

**Петтото поглавје** е посветено на **Р.Македонија** (од 215 до 249 стр.), преку анализата на македонската економија од осамостојувањето до 2003 година, кандидатката врши опис на системската криза на неликвидност која е иманентна за периодот од осамостојувањето до безбедносната криза. Преку квантитативна анализа и историски факти е дадена слика на процесот на пренесување и засилување на неликвидноста во целиот систем преку кружната поврзаност на неговите потсистеми. Наведени се засилувачките фактори и нивното влијание за генерирање на готовински тек. Опишана е и состојбата во услови на економско безбедносната криза од 1999 до 2001, повторно преку анализа на круцијалните потсистеми во економијата.

Во овој дел посебно е нагласена кризата на **реалниот сектор**, падот на производството, извозот и дезиндустријализацијата како губење на основа која претставува причина за осетливост од криза и во денешни денови.

**Во шестото поглавје** (од 249 до 337 стр.) кандидатката продолжува со анализата на македонската економија и тоа во периодот на големото затишје во светот до денешната криза. Преку богати статистички податоци е даден преглед на реалниот сектор, потоа е опишана кредитната експанзија, развојот на пазарот на долгорочни хартии од вредност и фискалната политика, со рефлексијата врз билансот на плаќања и трговскиот дефицит како најчувствителна точка за финансиска криза.

На крајот од трудот е прикажан аналитички систем на ранопредупредувачки индикатори преку статистичка и историска анализа на показатели од тековната и капитално-финансиската сметка; финансискиот сектор, реалниот сектор, надворешната економија и фискалниот сектор. Најсериозните сигнали за потенцијална отворена криза се лоцирани во падот на индустриското производство, растот на фискалните расходи со крајно влијание во многу чувствителниот трговски дефицит.

Во Република Македонија не доаѓа до отворена финансиска криза, меѓутоа кандидатката нагласува дека е присутна повторно криза на системска неликвидност. Базичниот сектор кој по дефиниција го генерира готовинскиот тек во системот - производниот сектор има опадната реализација како резултат на намалената побарувачка и особено поради падот на цените на берзата на метали. Недостатокот на ликвидност во базата која треба да го придвижи вителот на активностите, предизвикува оневозможеност на измирување на обврските кон банките и останатите кредитори од една страна, а од друга страна предизвикува пад на буџетските приходи. Несоздавањето на подвижна супстанца во реалниот сектор не враќа на почеток, во кризата на неликвидност на системот. Кандидатката наведува дека македонското стопанство има инхерентна склоност кон ваква кризна состојба поради структурата и концентрацијата на дејноста на

производниот сектор, односно недиферзифицираноста на ризикот на очекуваниот готовински тек.

Заклучокот (337 до 348 стр) претставува сумирање на претходните анализи и истражувања. Кандидатката ги потенцира заедничките основни карактеристики и причини на финансиските кризи, со посебен осврт на карактеристиките на современите кризи. Сублимирани и издвоени се елементите кои ги придружуваат појавите што доведуваат до кризи. Извршена е синтеза на резултатите од анализата на македонската економија и можноста од криза, со повторно потенцирање на системската криза на неликвидност и проблемот со губење на супстанци на реалниот сектор.

## ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на внимателно проучување на содржината на докторската дисертација под наслов: **Глобализираните финансиски пазари и финансиските кризи**, Комисијата има задоволство да нагласи дека станува збор за извонредно комплексна материја, оригинална, научно-методолошки издржана дисертација која третира современа и актуелна материја. Докторската дисертација актуелноста ја црпи од експлицитната ориентираност на научното истражување на "темата на столетието" која е во епицентарот на случувањата во глобалната економија. Иако темата е мошне научно експлоатирана последните две децении сепак таа ја содржи карактеристиката - емпиријата да оди чекор пред научните сознанија. Токму затоа научната детекција на нерамнотежата на финансискиот систем и во тој контекст конституирање на мерки за превенција од финансиска криза претставува се уште загатка за економската наука. Секој обид да се доближиме до подлабоко сознавање на решенијата на таквата загатка претставува сериозна и сложена мисија за научниот истражувач. Токму по тој пат тргнала кандидатката поставувајќи си ја целта, да согледа како глобализираните финансиски пазари активно ја креираат реалноста - нерамнотежата на финансиокиот систем, т.е. финансиските кризи. Посебна актуелност на трудот му дава анализата на состојбите во

македонската економија од почетоците на нејзината глобализација до современиот момент на прелевањето на ефектите од глобалната финансиска криза. Преку квантитативна анализа кандидатката го отсликува новиот бран на кризата на системската неликвидност. Анализирајќи го емпирискиот материјал за Р. Македонија, кандидатката ги конкретизира сознанијата за современата теорија за кризата на системската неликвидност, инспирирана од состојбите во транзиционите економии.

Кандидатката логично и систематично го структурирала трудот и ги објективизирала наодите и заклучоците. Врз заокружена теоретска-апликативна основа таа ја елаборирала анатомијата и физиономијата на современиот финансискиот систем и финансиските кризи, при што стилскиот израз ја носи карактеристиката на "неподнослива леснотија" на опсервација, наративност и креативност.

Докторската дисертација се одликува со методолошки приод кој е оригинален, продлабочен аналитички однос кон научно-теоретското и апликативно истражување. Дисертацијата се темели на богат опус на библиографски единици кои се изворни, современи и од релевантната област. Визуелниот приказ на материјата е проследен со голем број слики и табели кои се во функција во поголема прегледност и квантитативна фундираност на наодите во истражувањето.

Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација е работена во целост според дефинираните предмет, цел и задачи на истражување, како и научното сознание дека анализираните и истражените концепти се потврдиле како теоретски и практично релевантни, ни претставува особена чест да констатираме дека докторската дисертација во целост ги остварува очекуваните резулати од неа.

Врз основа на сето претходно изнесено, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Марија Сребренова Трендова изработила докторска дисертација од врвна научна и практична вредност, која ги задоволува највисоките нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди, со што се исполнети критериумите потребни за стекнување на научен степен доктор на економски науки.

Оттаму, Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработена докторска дисертација на кандидатката м-р Марија Сребренова Трендова, под наслов: **Глобализираните финансиски пазари и финансиските кризи.**
2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 13.4..2010

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф.д-р Наталија Николовска,с.ра
2. Проф.д-р Михаил Петковски, с.р.
3. Проф.д-р Владимир Филиповски, с.р.
4. Академик проф.д-р Таки Фити, с.р.
5. Проф.д-р Љубица Костовска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ВОДИЧ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА - АПТЕКАРСКО РАБОТЕЊЕ" ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИ" ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр.02/87/7-8 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата VI седница одржана на 4. 2. 2010 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Водич за практична настава по професионална практика - аптекарско работење", напишан од наставен кадар на Институтот за фармацевтска технологија и тоа проф. д-р Катерина Горачинова, проф. д-р Рената Славеска Раички, ас. Маја Симоноска Црцаревска, ас. Никола Гешковски и дипл.фарм. Весна Петровска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Кристина Младеновска и доц. д-р. Марија Главаш Додов, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4 - формат, содржи 57 страници, структурирани во 10 поглавја, со кратки информации кои студентот треба да ги има на располагање во процесот на стекнувањето на аптекарските вештини, согласно со начелата на добрата аптекарска практика. На почетокот се дадени општи насоки за начинот на правилно подредување и чување на лековите во аптекарски услови. Студентот се запознава со етичкиот кодекс за фармацевтите и современите водичи за советување на пациентите. Имено, потенцирани се „златните правила" кои е потребно да ги практикува фармацевтот при доделување совети на пациентот. На таа содржина се надоврзува и краток теоретски осврт за симулирана комуникација фармацевт-пациент. Студентот се упатува на користење на разни видови релевантни информации кои потекнуваат од фармација и медицина базирана на докази.

Во првото поглавје е даден краток теоретски опис на интеракциите лек-лек, лек-храна и лек-алкохол. Објаснети се интеракции лек-лек на фармакодинамско и фармакокинетско ниво, поткрепени со соодветни примери од практиката. Обработено е влијанието на храната и алкохолот врз ресорпцијата, метаболизмот и терапевтската ефикасност на лековите преку соодветни примери од практиката. Посветено е внимание на одредени лекови кои можат да влијаат врз резултатите од биохемиските анализи.

Второто поглавје ги обработува терапевтските препарати за дигестивниот систем, во насока на нивно правилно издавање и доделување на совети за нивна правилна примена, поткрепени со соодветни примери од практиката.

Третото поглавје ги обработува терапевтските препарати за кардиоваскуларниот систем во насока на нивно правилно издавање и доделување на совети за нивна правилна примена, поткрепени со соодветни примери од практиката.

Четвртото поглавје ги обработува терапевтските препарати за терапија на астма во насока на нивно правилно издавање и доделување на совети за нивна правилна примена, поткрепени со соодветни примери од практиката. Особено внимание е посветено на правилното ракување со инхалаторите и советите кои пациентот треба да ги добие.

Петтото поглавје ги обработува терапевтските препарати за терапија на заболувања на респираторниот и урогениталниот систем во насока на нивно правилно издавање и доделување на совети за нивна правилна примена, поткрепени со соодветни примери од практиката.

Шестото поглавје ги обработува терапевтските препарати за терапија на дијабет, во насока на правилно издавање на препаратите и доделување на совети за нивна правилна примена и чување, со акцент на потребата од редовно мониторирање на гликемијата, препознавање на симптомите на хипогликемија и начин на исхрана, поткрепени со соодветни примери од практиката.

Седмото поглавје ги обработува терапевтските препарати за терапија на ревматиден артрит во насока на нивно правилно издавање и доделување на совети за нивна правилна примена, поткрепени со соодветни примери од практиката.

Во осмото поглавје се обработени терапевтските препарати за терапија болка, несоница и анксиозност, во насока на нивно правилно издавање и доделување на совети за нивна правилна примена и мерки на претпазливост, поткрепени со соодветни примери од практиката.

Деветтото поглавје ги обработува фармацевтските дозирани форми наменети за терапија на егзема, уртикарија и дерматит, во насока на нивно правилно издавање и доделување на совети за нивна правилна примена и поткрепени со соодветни примери од практиката.

Во последното поглавје се обработуваат поодделно магистрални рецептурни состави и парентерални препарати.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот ракопис може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната наставна програма за професионална практика - аптекарско работење за студентите по фармација. Вежбите се изведуваат во симулираната аптека на Фармацевтскиот факултет во Скопје, опремена со интернет - пристап и други релевантни извори на информации. Предвидено е студентите да работат самостојно и да симулираат комуникација фармацевт-пациент. Во посебно дизајнирани работни листови студентите ги внесуваат обработените податоци и изведуваат соодветни заклучоци.

Оттука, Рецензентската комисија му препорачува на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, овој ракопис да го одобри како актуелен практикум за содржините предвидени според наставниот план и програма за професионалната практика во делот од аптекарско работење.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Кристина Младеновска с.р

Доц. д-р. Марија Главаш Додов с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ВОДИЧ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 1", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИ" ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр. 02/87/7-6 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, па својата VI седница одржана на 4. 2. 2010 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов **„ВОДИЧ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 1"**, напишан од наставен кадар на Институтот за фармацевтска технологија и тоа, проф. д-р Рената Славеска Раички, доц. д-р. Марија Главаш Додов, ас. Маја Симоноска Црцаревска, ас. Никола Гешковски и дипл.фарм. Весна Петровска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав проф. д-р Катерина Горачинова и проф. д-р Кристина Младеновска, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставениот ракопис е подготвен во стандарден А4 - формат и содржи 57 страници, структурирани во 8 (осум) посебни содржини. Во материјалот е направено логично групирање на фактите, неопходни за добивање на потребните сознанија од обработените проблематики, така што секоја посебна целина се надоврзува на претходната и сите заедно се вклопуваат во актуелната програма за практична настава по предметот фармецевтска технологија 1. Ракописот е напишан на стандарден литературен макєдонски јазик, едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот на секоја вежба, во дескриптивниот дел, посочено е потребното предзнаење коешто студентот треба да го поседува како гаранција за успешна реализација на вежбата и поставените задачи. Потоа, се надоврзуваат целите на вежбата, односно знаењето и практичните вештини со кои студентот ќе се стекне по изработката на вежбата. Овој дневник за работа е во функција на водич за поедноставно совладување на методските единици и воедно му помага на студентот да го надополни и своето теоретско знаење од стручниот предмет кој го изучува.

Во првата вежба, студентот се запознава со различните видови на извори на информации од фармацевтски интерес (стручна документација, видови фармакопеи, фармакопејски прописи, кодекси, директиви, регистри на лекови, национална регулатива, информации од веб-портали што потекнуваат од

медицина и фармација базирана на докази и др.). Посебно внимание се посветува на Ph.EUR 6 како службен документ. Студентот се запознава и со други национални фармакопеи. Во таа линија, студентот самостојно врши пребарување, а потоа и елаборирање на општи монографии, индивидуални монографии на активни супстанции, помошни супстанции и фармацевтски дозирани форми низ повеќе фармакопеи со цел да се направи и компаративна анализа на податоците.

Во следната вежба студентот се запознава со примената на технолошките операции во фармацевтското работење. На почеток, се запознава со постапките за правилно вагање и одвагување на маса со примена во фармацевтската практика. Работи со цврсти маси ( прашкасти супстанции) како и на одмерување волумен на течни компоненти. Се запознава како се испитува растворливоста на одредена супстанција и како таа, се изразува. Исто така, врши мешање на одредени супстанции за добивање на конкретен компонентен состав. На крајот на вежбата решава задачи поврзани со проблематика.

Во третата вежба студентот се запознава со методите за определување на големина на честички на прашкасти материјали и практично ја работи ситената анализа на конкретен прашкаст материјал. Ја определува дистрибуцијата на честичките по големина и го пресметува средниот волуменско-површински дијаметар. Потоа, го одредува и степенот на уситнетост на конкретен материјал по даден фармакопејски пропис и на крај ги елаборира добиените резултати прикажани табеларно и графички.

Следната вежба е практична вежба со која студентот се запознава со вискозитетот како едно од важните својства на супстанцијата. Имено, се запознава со помагала за одредување на вискозитет - Хеплеров и Оствалдов вискозиметар и врши практично и пресметковно одредување на вискозитетот на претходно подготвени раствори. Резултатите ги толкува според податоците од табеларните прикази добиени со мерењата. Студентот решава и пресметковни задачи.

Во петтата вежба студентот се запознава со рецептот како правен документ, на што се надоврзуваат и сите видови на рецепти опфатени со националната регулатива. Во текот на вежбата, студентот се запознава и со основните начела на добрата аптекарска практика при прием на рецепт, подготовка и издавање на лекови на рецепт и истовремено ги вежба моделите на комуникациски вештини. Наедно, се запознава и со начинот на проверка и контрола на пропишаните дози во рецептот, вклучително и пресметување на детските дози. Решава задачи и примери од практиката поврзани со проблематика.

Во следните две вежби студентот се запознава со екстрактивно-препаративната технологија (водено и неводено-екстрактивни постапки). Студентот се упатува на користење на официнелните фармакопејски прописи за изработка на конкретни екстрактивни рецептурни состави со начин на пакување, означување и чување.

Во последната вежба студентот се запознава со концептот на стабилност на фармацевтските дозирани форми. Методите за следење на стабилноста

вклучуваат: метод на забрзано стареење и метод на стандардно отстојување на дефинирана матрица. Експерименталните податоци ги евидентира во структурирани табели, а добиените резултати ги прикажува и графички.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека ракописот комплетно го задржува редоследот и обемот на темите предвидени со програма за практичната и теоретската наставна за предметот фармацевтска технологија 1, за студентите по фармација. За изведување на вежбите се користи актуелна, современа опрема и апаратура. Предвидено е студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во практикумот, што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе го верифицира квалитетот на добиените резултатите и изведените заклучоци..

Оттука, Рецензентската комисија му препорачува на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот фармацевтска технологија 1.

Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

Проф. д-р Катерина Горачинова с.р

Проф. д-р Кристина Младеновска. с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ - ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 3 " ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр.02/87/7-7 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата VI седница одржана на 4. 2. 2010 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практични вежби - фармацевтска технологија 3", напишан од наставниот кадар на Институтот за фармацевтска технологија, и тоа проф. д-р Катерина Горачинова, доц. д-р. Марија Главаш Додовов, ас. Маја Симоноска Црцаревска, ас. Никола Гешковски и дипл. фарм. Весна Петровска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Рената Славевска Раички и доц. д-р Кристина Младеновска, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4 - формат, содржи 94 страници, со бројни прописи за изработка од страна на студентите, табели и графици за пополнување, прашања за дискусија, задачи во 8 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите по фармација. Секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот фармецевтска технологија 3. Ракописот е напишан со стандарден литературен македонски јазик, едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот од секоја вежба наведено е потребното предзнаење кое студентот треба да го има со цел успешно да ја изработи вежбата. Во почетниот сегмент се наведени и знаењата и искуствата кои се очекува студентот да ги стекне по изработката на вежбата. Потоа секоја тематска единица продолжува со задача во која се бара студентот да ги најде општите монографии за соодветните дозирани форми во фармакопеите (Европска фармакопеја, Британска фармакопеја, Американска фармакопеја и др.) и од нив да ги прочита дефинициите, поделбата како и испитувањата кои се вршат на секоја дозирана форма соодветно. Во продолжение следат рецепти на формулации кои студентот треба да ги изработи и/или објасни од аспект на улогата на секој од ексципиенсите и начинот на изработка на препаратот. На крајот од вежбите има прашања, задачи или простор за внесување на резултатите и заклучоците од практичната работа

(табели, графици) преку кои студентите го проверуваат своето стекнато знаење за дадената тематска единица.

Во првата вежба се обработуваат прашоците како цврсти дозирани форми. Во почетниот дел од вежбата се бара студентот да прочита за дефинирањето, поделбата и испитувањето на прашоците по Европска фармакопеја. Потоа следат рецепти за неподелени, поделени, ефервесцентни прашоци и тритурати кои студентот треба да ги изработи. На крајот од вежбата се дадени задачи за пресметки при изработување на прашоци.

Втората вежба ги обработува гранулите како дозирани форми и технолошките постапки за нивна изработка. Дадени се примери за изработка на гранули како неподелени дозирани форми, ефервесцентни гранули и задачи за пресметки при изработка на гранули.

Во третата вежба се работат фармацевтско-технолошките испитувања на прашкасти материјали. Во воведот се наведени и објаснети испитувањата на прашкастите материјали кои се користат во in process контролата како: анализа на големина и дистрибуција по големина на честички, одредување на вистинска, привидна густина пред и по тапкање, испитување на проточни особини и испитување на процент на влага во подготвен гранулат. Во продолжение се дадени табели во кои студентите треба да ги внесат резултатите од испитувањата на претходно подготвените гранулати и нив да ги толкуваат соодветно на фармакопејските барања. На крајот се дадени неколку прашања во врска со горенаведените испитувања.

Во следната вежба се обработуваат таблетите како цврсти фармацевтски дозирани форми. Во воведниот дел е оставен простор во кој студентот треба да ги напише дефиницијата, поделбата и испитувањето на таблетите според прописот во Европска фармакопеја. Во продолжение се дадени рецепти за изработка и/или објаснување на различни формулации на таблети. Изработените дозирани форми се испитуваат според фармакопејските прописи и резултатите се толкуваат соодветно на нивните барања. На крајот од вежбата се работи тест на растворливост на конвенционална таблета со слабо растворлива активна супстанција. Добиените резултати студентите ги внесуваат во табела, а профилот на растворливост треба да се претстави графички.

Во петтата вежба се работат капсулите како цврсти дозирани форми. Во почетниот дел од вежбата се бара студентот да прочита за дефинирањето, поделбата и испитувањето на капсулите според прописот од Европска фармакопеја. Во продолжение е дадена рецептура за изработка на капсули. Изработените капсули треба да се испитаат по параметрите воедначеност на маса и дезинтеграција, а резултатите да се коментираат соодветно на барањата на Фармакопејата. На крајот од вежбата се работи тест на растворливост на конвенционална капсула со слабо растворлива активна супстанција. Добиените резултати студентите ги внесуваат во табела, а профилот на растворливост треба да се претстави графички.

Шестата вежба ги обработува препаратите со модифицирано ослободување, односно капсули со модифицирано ослободување. Во воведниот дел студентот

треба да ги опише тестовите на растворливост според Европската фармакопеја и воедно да ги наведе предностите и недостатоците на секој од нив. Следуваат прописите за работа во кои се наведени условите под кои треба да се изведат тестовите на растворливост, со користење на тестовите со корпа и проточна ќелија. Добиените резултати треба да се внесат во табели, да се направи дисолуциски профил и да се прикаже графички, како и да се одредат константите на брзината на растварање според неколку видови на кинетички модели. Притоа, согласно на добиениот коефициент на корелација, студентот треба да заклучи кој кинетички модел најдобро го опишува ослободувањето на активната супстанција од дозираната форма. На крајот од вежбата е оставен простор за коментар во кој треба да се образложи која од методите за испитување на растворливост е посоодветна за дадената формулација, како и да се објасни улогата на ексципиенсите во формулацијата со модифицирано ослободување.

Во седмата вежба се работат липозоми и микрочестички како дозирани форми со контролирано и насочено ослободување. Во почетниот дел од вежбата се дадени рецептури за изработка на липозоми со користење на механички метод, метод на двофазно емулгирање и метод на хидрирање на сув липиден филм. Следува сегментот на нивна физичко-хемиска карактеризација, каде што има простор за коментар, табели и графици за приказ на резултатите добиени од морфолошките испитувања, испитувањето на големина и дистрибуција на честичките според големина и процент на енкапсулирана активна супстанција пресметана по директен и индиректен пат. Во вториот дел од вежбата се изработуваат микрочестички според методите на коацервација со промена на температура, јонска измена, техника на емулгирање и испарување на растворувач и сушење со распрскување.

Во последната вежба се обработуваат козметичките производи. Во воведот на вежбата е дадена основната поделба на козметичките производи и теоретски се обработени: геловите, препаратите за чистење и нега на заби, препаратите за заштита и нега на кожа на лице и тело и препаратите за нега на усни. Во продолжение се дадени рецептури за изработка на горенаведените препарати.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот ракопис може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот фармацевтска технологија 3 за студентите по фармација. За изведување на вежбите се користи актуелна, современа опрема и апаратура и компјутерски поддржана програма. Предвидено е студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во практикумот, што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира резултатите и изведените заклучоци.

Оттука, Рецензентската комисија му препорачува на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот фармацевтска технологија 3.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Рената Славеска Раички с.р

Доц. д-р Кристина Младеновска с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО ХРАНА И ИСХРАНА" ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПРИМЕНЕТА БИОХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТО ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр.02/87/7-7 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата VI седница одржана на 4. 2.2010 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практични вежби по храна и исхрана", напишан од наставен кадар на Институтот за применета биохемија, и тоа: проф. д-р Лидија Петрушевска-Този и ас. Тања Петреска Ивановска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска и проф. д-р Зоран Кавраковски, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4-формат, содржи 122 страници, со бројни прописи за изработка од страна на студентите, резултати и стручни мислења за пополнување и дискусија, задачи во 8 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите по фармација. Секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот храна и исхрана. Ракописот е напишан на литературен македонски јазик, едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот од секоја вежба е даден вовед со цел да се запознае студентот со тематската единица. Во почетниот сегмент се наведени досегашните знаења и искуства кои се очекува да му помогнат на студентот за успешна изработка на вежбата, како и за стекнување на сопствени искуства по изработката на вежбата. Потоа, секоја тематска единица продолжува со практични задачи во кои се бара од студентот, во зависност од содржината на вежбата, да изработи квалитативни и/или квантитативни анализи според дадените прописи и постапки за работа. На крајот од вежбите има задачи или простор за внесување на резултатите и заклучоците од практичната работа, преку кои студентите ги проверуваат стекнатите знаења. Тематската целина на вежбите е заокружена со празен простор каде што студентите треба да го напишат своето стручно мислење за изработените анализи и квалитетот на прехранбениот производ што го анализираат.

Во првата вежба се обработуваат препорачаните дневни енергетски потреби. Во почетниот дел од вежбата се бара од студентот да прочита од кои фактори зависат препорачаните дневни енергетски потреби и на кој начин се пресметува енергетската вредност на прехранбените производи. Исто така се бара од студентот да ги разгледа табелите во кои се дадени енергетските вредности на различни прехранбени производи со процентуална застапеност на поединечни состојки и примерите за составување на дневен оброк базиран на принципите за рационална исхрана. Потоа во завршниот дел од вежбата студентите изработуваат задача која се состои од составување на дневен оброк според индивидуалните препорачани дневни енергетски потреби за различни возрасни групи.

Во втората вежба се работи анализа на вода за пиење. Во воведот на вежбата е наведено значењето на водата за пиење, видовите на анализи, начинот на земање примероци и органолептичките својства. Во понатамошниот дел од вежбата се бара од студентите да изработат одбрани физички и хемиски параметри: определување на pH, резидуален хлор, алкалитет, тврдина на вода, калциум, магнезиум, хлориди, присуство на органски материи, фекални индикатори преку определување на содржина на азотни соединенија во водата за пиење (амонијак, нитрити и нитрати). Во продолжение на секој параметар кој е предвиден за анализа, оставен е простор за пресметка и резултат. На крајот од вежбата се бара од студентот врз основа на анализираните параметри да даде свое стручно мислење за квалитетот и употребливоста на испитуваната вода за пиење.

Третата вежба обработува анализа на јаглехидрати кои влегуваат во состав на прехранбените производи. Од студентите се бара да ги изработат следниве параметри: рефрактометриско определување на суви материи во овошни производи, определување на директно редуктивни шеќери, определување на вкупни шеќери после инверзија, пресметка за инвертен шеќер и сахароза, определување на глукоза и определување на слободна киселост во овошни сокови. Добиените резултати и пресметките студентите ги внесуваат во празниот простор оставен под објаснувањето за принципот на методата и постапката за работа. На крајот од вежбата, се бара од студентите врз основа на резултатите за испитуваните параметри да дадат заклучок и стручно мислење за квалитетот на прехранбените производи.

Следната вежба опфаќа анализа на масти и масла. Во воведот на вежбата се бара од студентот да ги прочита дадените методи кои се користат за анализа на масти и масла (определување на физички и хемиски константи). Во понатамошниот дел од вежбата се дадени методите кои се употребуваат за определување на вкупни масти во прехранбени производи. Потоа се бара од студентите да изработат одбрани хемиски константи кои се анализираат со цел за утврдување на исправноста на мастите и маслата: определување на слободни масни киселини, определување на пероксиден број и реакција на ужегнување и хемиската константа, сапонификационен број кој служи за идентификација на мастите и маслата. Во завршниот дел од вежбата, исто така има празен

простор каде што студентите треба да дадат стручно мислење за квалитетот и употребливоста на мастите и маслата во исхраната.

Во петтата вежба се обработуваат протеини. Во почетниот дел од вежбата е дадена Kjeldahl-овата метода за определување на протеините во прехранбените производи преку определување на процентот на вкупен азот во примерокот. Во понатамошниот дел на вежбата од студентите се бара да изработат квалитативни анализи со кои ќе докажат евентуално присуство на разградни производи на протеините во месо и месни производи, докажување на конзерванси и докажување на примеси кои врзуваат вода. За секој анализиран параметар, студентите внесуваат резултат и врз основа на добиените резултати, на крајот од вежбата запишуваат стручно мислење за квалитетот и употребливоста на прехранбениот производ.

Во следната вежба се работи анализа на млеко. Во воведниот дел на вежбата студентите треба да се запознаат со составот на млекото, органолептичките карактеристики и начинот на земање примероци. Понатаму следува изработка на физички и хемиски параметри: определување на релативна густина на млекото, определување на масти, определување на киселински степен и определување на протеини во млекото. Откако ќе ги внесат добиените резултати и пресметки, студентите треба да напишат на крајот од вежбата стручно мислење за квалитетот и употребливоста на млекото.

Во седмата вежба се обработуваат интеракциите лек – храна. Во почетниот сегмент на вежбата студентите се запознаваат со видовите на постојните интеракции лек – храна. Тематската единица содржи бројни примери за интеракции лек – храна кои се познати во литературата. Во вториот дел од вежбата се дадени табели со лекови коишто најчесто влегуваат во интеракции со прехранбените производи. Во завршниот дел од вежбата е дадена задача за студентите каде што се бара да подготват актуелни случаи за храна – лек интеракции според пребарување во литература.

Последната вежба ја опфаќа исхраната при хронични заболувања. Во вежбата се дадени препораки за начинот на исхрана и застапеноста на определени прехранбени производи во дневниот оброк за најчестите видови на хронични заболувања. Завршниот дел на вежбата се состои од задача за студентите, од кои се бара да подготват актуелни случаи за исхрана при хронични заболувања според пребарување во литература.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот ракопис може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската настава за предметот храна и исхрана за студентите по фармација. За изведување на вежбите се користи соодветна современа опрема и апаратура. Практичните вежби се предвидени за самостојна работа на студентите. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во практикумот, од што произлегува двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира добиените резултати и изведените заклучоци.

Оттука, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот храна и исхрана.

Рецензенти

_______________________

Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, с.р.

_______________________

Проф. д-р Зоран Кавраковски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ВОДИЧ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО БИОФАРМАЦИЈА", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА БИОФАРМАЦИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со Решение бр.02/87/7-1 од 2010 година, врз основа на Член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата на својата VI седница одржана на 4. 2. 2010 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Водич за практична настава по биофармација", напишан од наставен кадар на Катедрата за биофармација, и тоа доц. д-р Кристина Младеновска, проф. д-р Катерина Горачинова и ас. Никола Гешковски.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Рената Славеска Раички и доц. д-р Марија Главаш Додов, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4 - формат, содржи 80 страници, со бројни слики (цртежи и графици), табели, фармакокинетички формули и задачи во 10 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите по фармација. Методските единици се напишани на кирилица, секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот биофармација. Ракописот е напишан со стандарден литературен македонски јазик, едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот е даден кус вовед за значењето на биофармацијата во фармацевтската наука и практика, а во продолжение, секоја тематска единица започнува со краток вовед кој го нагласува теоретското и практичното значење на секој фармакокинетички и биофармацевтски параметар кој се определува и анализира во текот на практичната работа. Во текстот се објаснети основните фармакокинетички и биофармацевтски параметри кои ги опишуваат ЛАДМЕ - својствата на лекот, како и фармакокинетички модели кои се користат за нивно определување. Потоа, се обработуваат сите фактори кои влијаат врз растворливоста, брзината на растворување/ослободување и биорасположливоста на лековитите супстанции и биоеквивалентноста на лековитите форми како физикохемиските својства на лековите, патофизиолошките карактеристики на средината на примена/апсорпција на лекот и фармацевтско-технолошките карактеристики на лековитата форма. За таа цел се користат слики (графици),

табели и фармакокинетички формули. Постапките за определување на биофармацевтските и фармакокинетичките параметри се детално опишани, разбирливи се и прегледни за работа. На крајот на секоја вежба, квантитативниот резултат што студентот со самостојно работење го добива се внесува на предвиденото место во практикумот. На одредени, предвидени места во практикумот е оставен простор за внесување на основните податоци, пред сѐ за физокохемиските својства за лекот и/или помошните супстанции, кои помагаат во донесувањето на неопходните заклучоци и толкувањето на квантитативните податоци добиени со практичната работа. На крајот од секоја вежба, стекнатите сознанија на студентот се проверуваат преку задачи (примери на случаи) кои главно вклучуваат определување на одреден фармакокинетички параметар преку следење на концентрациите на лекот во време во биолошки течности, определување на рационален режим на дозирање кој обезбедува терапевтски концентрации и/или определување на биофармацевтски параметар врз основа на податоци од дисолуциски испитувања на лековитата форма. На крајот на секоја вежба, квантитативниот резултат од практичната работа, задачите и донесените заклучоци се верифицираат од страна на одговорниот асистент.

Според авторите, практикумот има двојна практична намена: се користи како учебно помагало и како дневник за работа што го олеснува совладувањето на методските единици.

Водичот низ практичната настава по биофармација опфаќа вовед и 10 методски единици, кои се актуелни и во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со теоретската и практичната наставна програма.

Во воведниот дел е наведена целта на Водичот да ги запознае студентите со основните биофармацевтски и фармакокинетички параметри и со математичките/ кинетичките модели кои се користат за нивна пресметка како основен предуслов за предвидување на поврзаноста помеѓу клучните фактори за рационално дизајнирање и развој на лековите и лековитите форми и нивно рационално дозирање.

Во првата вежба се наведени основните начела на просторните фармакокинетички модели, пред сѐ еднопросторниот фармакокинетички модел, како алатка за пресметка на фармакокинетичките параметри. Вежбата претставува ин витро симулација на еднопросторен фармакокинетички модел во кој лекот се применува како интравенска болус инјекција. Опишани се основните фармакокинетички параметри: вкупна константа на брзина на елиминација (K), полупериод на елиминација ($t_{1/2}$), константа на брзина на метаболизирање ($K_m$), константа на брзина на екскреција (по ренален пат) ($K_e$) и површина под крива плазма концентрација - време (AUC), како и фармакокинетичките функции кои ги поврзуваат зависните и независните променливи од кои се пресметуваат спомнатите фармакокинетички параметри. Пресметките кои ги вршат студентите се темелат на следење на концентрацијата на лековите во време во различни биолошки течности (крв и урина).

Следната вежба претставува продолжение на првата вежба и студентот се запознава со просторните и непросторните математички модели со кои се

пресметува вкупниот (CL), метаболичкиот ($CL_m$) и реналниот клиренс ($CL_{ren}$) и волуменот на дистрибуција (Vd) на лековите.

Третата вежба претставува ин витро симулација на еднопросторен фармакокинетички модел во кој лекот се применува како континуирана интравенска инфузија и/или континуирана интравенска инфузија придружена со интравенска болус инјекција. Наведени се математичките модели кои ја поврзуваат плазматската концентрација на лекот во време и рамнотежната плазматска концентрација со ударната доза, брзината на инфундирање на лекот, константата на елиминација (полупериодот на елиминација) и волуменот на дистрибуција, односно вкупниот клиренс на лекот. Студентот се запознава со фармакокинетичките равенки кои овозможуваат определување на ударната доза и на брзината на инфундирање на лекот со ко(и)ја се постигнува рамнотежна концентрација во терапевтското подрачје, како и времето на постигнување на рамнотежната концентрација.

Следната вежба претставува ин витро симулација на еднопросторен фармакокинетички модел во кој лекот се применува екстраваскуларно (орално). Студентот се запознава и ги применува методите (метод на резидуи, Вагнер-Нелсонов метод, флип-флоп метод) за определување на механизмот на апсорпција на лековите и фармакокинетичките параметри како: површина под крива плазма - концентрација во време по екстраваскуларна примена, константа на брзина на апсорпција (Ka), фракција на апсорбиран лек (F), максимална плазматска концентрација по екстраваскуларна примена ($Cp_{max}$), време на постигнување на плазматска концентрација ($t_{max}$).

Петтата вежба претставува ин витро симулација на еднопросторен фармакокинетички модел во кој лекот се применува повеќекратно во дефинирани временски интервали како интравенска болус инјекција, краткотрајна интравенска инфузија и перорално. Студентот се запознава со фармакокинетичките модели кои ги поврзуваат дозата, интервалот на дозирање и фармакокинетичките параметри на лекот (вкупниот клиренс, волуменот на дистрибуција, константата на елиминација, константата на апсорпција на лекот, фракцијата на апсорбиран лек) со просечната, максималната и минималната плазматска концентрација по секоја доза и во рамнотежна состојба, во зависност од патот на примена на лекот. Студентот се запознава со параметрите од кои зависи акумулацијата на лекот и се оспособува за рационално дозирање на лековите.

Шестата вежба го разгледува влијанието на физикохемиските фактори на страна на лекот (хидрофилност, хидрофобност, распределителен коефициент, големина на честички) и различните пристапи (фармацевтско-технолошки) врз неговата растворливост, брзината на растворување/ослободување и системската/локалната биорасположливост. Заклучоците кои ги донесува студентот се темелат на разликите во вредностите на константите на брзина на растворување кои тој/таа ги определува со Хиксон-Кровеловиот закон на кубен корен.

Следната вежба ги обработува методите за определување на растворливоста и брзината на растворување на лековите, математичките модели за пресметка на

константата на брзина на растворување/ослободување на лековите, како и методите за определување на биорасположливоста и биоеквивалентноста на лековите. Во воведниот дел е истакнато значењето на Биофармацевтскиот класификациски систем на лековите, а во практичната изведба студентите воспоставуваат корелација помеѓу брзината на растворување и биорасположливоста на лековите (ин витро-ин виво корелација). Во вежбата се разгледува и влијанието на одредени физиолошки фактори врз растворливоста, брзината на растворување и биорасположливоста на лековите.

Следните вежби (вежба бр. 8, 9 и 10) го обработуваат влијанието на фармацевтско-технолошките фактори врз растворливоста, брзината на растворување и биорасположливоста на лековите.

Осмата вежба ги опфаќа цврстите дозирани форми (таблети), при што студентот го испитува влијанието на различните концентрации на помошната супстанција, хидроксипропил целулоза, врз параметрите на биорасположливоста (AUC, $Cp_{max}$ и $t_{max}$).

Деветтата вежба се однесува на ректалните лековити облици (супозитории), при што студентот го испитува влијанието на различните подлоги (Ol. cacao, Witepsol и PEG 6000) и типови на супозитории (раствори, суспензии, емулзии) врз константата на брзината на растворување/ослободување на активната супстанција која тој/таа ја определува со Хигучиевиот закон на дифузија.

Во последната вежба студентот ги поврзува факторите (физокохемиски својства на лекот, физикохемиски својства на помошните супстанции, тип на дозирана форма) кои ја определуваат пермеабилноста на лекот низ симулирана кожа кога тој се применува во различен дерматолошки облик (маст и органски хидрогел).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот биофармација за студентите по фармација. За изведување на вежбите се користи актуелна, современа опрема и апаратура и компјутерски поддржана програма. Предвидено е студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во практикумот што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира резултатите и изведените заклучоци. Во Водичот за практична настава се приложени 10 обемни вежби кои можат да се дотеруваат по потреба.

Оттука, Рецензентската комисија му препорачува на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот биофармација.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Рената Славеска Раички с.р.

Доц. д-р Марија Главаш Додов с.р

536

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *АСПЕКТИ НА ПЕРФОРМАТИВНАТА КИНЕСТЕТИКА*, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СОЊА ЗДРАВКОВА-ЦЕПАРОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 42 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за драмски уметности во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како и член 56 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот, Наставно-научниот и уметнички совет, на 3 седница одржана на 7.12.2009 година, нѐ избра за рецензенти на докторската дисертација под наслов ***Аспекти на перформативната кинестетика***, изработена од **м-р Соња Здравкова-Цепароска.**

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот и уметнички совет за довербата што ни ја укажа, по опсежното разгледување на предложениот труд, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### А/ Опис на трудот

Ракописот на поднесената докторска дисертација со наслов ***Аспекти на перформативната кинестетика*** содржи 253 страници текст, компјутерски набор. Тој е составен од следниве целини/глави:

1. Вовед (стр. 1-17)
2. Ритуална кинестетичка сфера (стр. 18-87)
3. Социо-кинестетичка сфера (стр. 88-160)
4. Уметничка кинестетичка сфера (стр. 161-230)
5. Заклучок/резиме (стр. 231-237)

Кон овие глави се придодадени и компатибилните прилози: попис на користена литература (стр. 238-249) и индекс на имињата (стр. 250-253).

Кон дисертацијата е приложен и ЦД-ром со илустрации и видеоинсерти.

**Воведот** е организиран во две меѓусебно условени/компатибилни целини, од кои првата ги детерминира аргументите што го поттикнаа и го мотивираа комплексното истражување на ***перформативната кинестетика***, која докторантката ја определи како предмет на својот

научен интерес. Првата целина е концентрирана на оние „апстрактни"/теориски, а потоа и на таканаречените „практични" аргументи со кои перформативната кинестетика перманентно се соочува како појава/феномен, професија и, најпосле, како научна област. Втората целина настојува – и тоа мошне успешно! – да го утврди (и да го примени!) методолошкиот пристап кој ќе е најсоодветен при толкувањето на ***перформативната кинестетика***, во овој труд истражувапа на три изведбени рамништа: ритуалите, социјалните игри и театарските танци.

Откако во **Воведот** успешно ги има детерминирано клучните теориски, практични/оперативни и методолошки топоси на кинестетиката, докторантката своето истражување го фокусира врз перформативните аспекти на кинестетиката кои доминираат (или се препознаваат како специфични) во секоја од трите сфери на кои им е посветен нејзиниот труд: ритуалната сфера, сферата на социјалните танци и сферата на конвенционалните театарски танци, класични и современи. Во централниот/аналитичкиот дел на трудот (в. главите 2-4), секоја од овие сфери детално ќе биде разгледувана и коментирана. Токму соодветното тематизирање, аналитичноста и акрибичноста во пишувањето, но и инвентивноста (и сигурноста) во применувањето на соодветните аналитички методи/методологии, оваа дисертација ја прават интригантна и нестандардна. Овие методи/методологии се резултат на вештото комбинирање на конвенционалната („општопозната") ***историчност*** (во овој трут прагматизирана преку истражувањето на историската перспектива на поимањето на телото што танцува), интерпретирана/применета преку постулатите на, во случајот, мошне оперативна/апликативна („практична") комбинација на класичниот ***структурализам*** и стандардната ***семиотика/семиологија***.

Дека суверено го владее материјалот за кој пишува, но и дека супериорно ги познава теоријата и методологијата применувана во сопствените истражувања, докторантката покажува и преку демонстрираната кадарност самата да обмисли методолошки систем, кој потоа и го аплицира во аналитичкиот дел од трудот (в. главите 2-4). Овој оригинален и функционален систем таа го втемелува врз пет суштествени категории (своевидни методолошки котви), преку кои ги истражува/докажува „врските" помеѓу трите сфери на **перформативната кинестетика** (ритуалната, сферата на социјалните танци, уметничката/театарската), ама и спецификите на секоја од нив. Спомнатите категории, кои ги препознаваме како своевидни методолошки котви врз кои е втемелен овој труд, во текстот се дефинирани како: 1) топосфера; 2) хроноκод; 3) родов код; 4) поставка на трансформација на знакот; 5) односи и функции.

Во првата глава (в. 2, **Ритуална кинестетичка сфера,** стр. 18-87), балансирајќи помеѓу класичните антрополошки референци од областа на ритуалот (Елијаде, Касирер, Јунг, Леви Брил, Тарнер, Кајоа...) и на рецентните извори од истата област, светски и македонски, докторантката појаснува зошто своите истражувања треба да ги ограничи на

функционирањето на човечкото тело (во нејзината терминологија именувано како ***танцовото тело***) при таканаречените лиминални феномени, односно „ритуалите кои се поставени како еден од носечките столбови на организацијата на животните функции" (стр. 24). Откако ритуалните дејствија ќе ги „раздели" во две групи, таа најпрвин ќе го дескрибира и коментира функционирањето на ***танцовото тело*** кога/додека тоа агира како медијатор помеѓу *човекот и неговото окружување*. Притоа, како најмаркантни ќе ги дескрибира неговите медијаторски фунции во три групи ритуали: животинските, вегетациските и астрално-метеоролошките.

Во втората група, пак, докторантката ќе ја дескрибира и коментира кинестетиката на ***танцовото тело***, раздвижено во таканаречените есенцијални/егзистенцијални ритуали: породувањето, иницијацијата, венчавањето, погребувањето, лекувањето/исцелувањето. Низ многубројните примери, соодветно избрани, добро анализирани и прецизно/компетентно коментирани, докторантката ја докажува тезата за еминентно перформативен („претставувачки") карактер на оваа кинестетичка сфера. Истата теза, потоа, повеќекратно ќе биде уточнувана низ/преку аргументите на кинестетичката струка, во овој труд понудени како оние пет клучни теориски/методолошки категории што докторантката ги формулира како темелни за своето истражување. Како особено инструктивни овде ги издвојуваме категориите детерминирани како *топосфера, хронокод* и *постапка на трансформација на знакот.*

Во втората глава (в. 3, **Социо-кинестетичка сфера**, стр. 88-160), докторантката го дескрибира и го анализира статусот на ***танцовото тело*** раздвижено во таканаречените *социјални танци*, кои „според функција, форма и примена претставуваат преодна форма помеѓу ритуалните и артифицијелната група танци" (стр. 88). Станува збор за танците кои, во балетската литература, обично се именувани како *историски, битови, дворски, народни, салонски...*, а чијшто стил и начин на игра е различен во секоја земја. Оваа различност докторантката ја објаснува повикувајќи се на Марта Греам, која вели оти неа ја условуваат климата, релијата и општествените системи (ibid.), ставајќи го во центарот на својот истражувачки интерес токму односот помеѓу телото и општествената матрица во кое тоа се раздвижува/функционира. Примери за таквата раздвиженост/функционалност таа ги избира „од танцовата култура која се формира во периодот на ренесансата и формите карактеристични за XIX, односно XX век" (стр. 95): од кадрилот и менуетот до класичните латиноамерикански танци (румба, самба, танго...) и општопопуларните танци какви што беа чарлстон, твист, рокенрол...

Како исклучително интересен – не само од научен аспект – го оценуваме начинот на кој докторантката ја анализира разновидната танцова архитектоника, *топосферата*, карактеристична за социјалните танци, како и нивниот сосема нестандарден *хронокод*, т.е. разновидноста на користењето на аудиелните кодови (музичките матрици) кои битно ја условуваат нивната кинестетичност, ама и нивната вибрантна социјална функција. Во трудот посебно се разгледуваат трите експонибилни,

едновремено и социјално релевантни модели/модалитети кои, при изведувањето на овие танци, музичкиот *хронокод* дополнително го маркираат како статусен регулатор (стр. 141-146), како метод на политичка агитација (стр. 146-148) и како средство за канализирање на кризите (стр. 148-149).

Во третата глава (в. 4, **Уметничка кинестетичка сфера,** стр. 161-231), докторантката ја анализира перформативната кинестетика на *артифициелната уметничка игра,* за која, според „генерално прифатената класификација", се уште е на сила стандардната „бинарна поделба на класичен балет и модерен танц" (стр. 168). Пристапувајќи му на пишувањето на овој дел од трудот како едуциран и опитен теоретичар, ама и како врвен професионалец-практичар кој, според сопствениот исказ, со балетот е поврзан повеќе од три децении (стр. 231), докторантката токму тука ја демонстрира и леснотијата во пристапот кон истражувачкиот материјал, ама и супериорноста каква во трудовите од овој вид не се среќава често.

Во завршниот дел (в. 5, **Заклучок/резиме,** стр. 231-237), докторантката го изведува рекапитуларот на спроведеното истражување, во кој ги дефинира конечните согледувања и тезите (пре)поставени во воведниот дел. Едновремено, оваа завршна *кода* на својот труд таа ја посветува на елаборацијата на најсуштествениот елемент на нејзиното истражување, од неа самата дефиниран како „нуклеусот на изведбата, единствениот чинител/носител на изведбата – телото" (стр. 233). Елаборирајќи ги модусите/модалитетите преку кои телото – ***танцовото тело*** – секогаш функционира како *сосировски разбран,* ама и *пирсовски протолкуван знак,* докторантката, следејќи ја истата аналогија, вехементнон ја изведува тезата за телото како ***знак во знак,*** „своевидна кукла матрјошка која е во релација со основниот знак" (стр. 234). Токму заради ваквиот статус, во сите три видови/сфери на перформативната кинестетика кои беа истражувани и толкувани во овој труд, телото фигурира како единствениот означител.

## Б/ Оцена на трудот

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација со наслов ***Аспекти на перформативната кинестетика*** оценува дека нејзината авторка **м-р Соња Здравкова-Џепароска** остварила исклучително обемна, вешто конципирана и во сите свои делови аргументирана анализа на предметот земен за обработка, дека своето истражување го извршила доследно, компетентно, методолошки консеквентно и – по однос на совладаниот материјал – сеопфатно во апсолутна смисла. Рецензентската комисија констатира дека докторантката покажала висок степен на стручна

подготвеност, примерна научноистражувачка компетентност и лична организираност, како и редок ентузијазам вложен во совладување и обмислување на исклучително обемната граѓа.

Овие, но и редица други неспомнати квалитети, оваа дисертација ја квалификуваат како труд кој со задоволство може да се препорача за натамошна постапка.

## ЗАКЛУЧОК

Трудот ***Аспекти на перформата кинестетика,*** изработен од **м-р Соња Здравкова-Џепароска,** може да се оцени како супериорно реализирана докторска дисертација, која целосно ги има исполнето амбициозните задачи што нејзината авторка ги поставила пред себеси веќе во мигот на нејзиното предлагање.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет да ја прифати докторската дисертација под наслов ***Аспекти на перформативна кинестетика*** и кандидатката **м-р Соња Здравкова-Џепароска** да ја повика на усна одбрана.

Во Скопје, 26 декември 2009

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Јелена Лужина, ред.професор, с.р.

2. Д-р Нада Петковска, ред.професор, с.р.

3. Д-р Ермис Лафазановски, научен советник, с.р.

4. Д-р Мируше Хоџа, вонр.професор, с.р.

5. Д-р Ферид Мухиќ, ред. професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА КАЈ ПОЕДИНЦИ - ПРОФЕСИОНАЛНО ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**, ОД М-Р ЗОРАН МИХАЈЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VI редовна седница, одржана на 3.3.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на тема **ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА КАЈ ПОЕДИНЦИ - ПРОФЕСИОНАЛНО ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**, изработена од м-р Зоран Михајловски. Со одлука бр. 0903-1313/04 од 8.3.2010 година, за членови на Комисијата се избрани: ***проф. д-р Виолета Арнаудова, проф. д-р Благоја Јанаков, проф. д-р Зоран Стојановски, проф. д-р Мирослава Николоска и проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска.***

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Зоран Михајловски, **ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА КАЈ ПОЕДИНЦИ - ПРОФЕСИОНАЛНО ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**, се состои од 398 страници, од кои 346 се однесуваат на теоретско-емпириската разработка на проблемот (39 табели и 20 слики), 45 се однесуваат на прилози и 6 се однесуваат на користената литература.

Теорискиот дел од дисертацијата е посветен на анализа на музичкиот уметник како надарена личност. Имајќи ги постојано во фокусот клучните поими ***надареност*** и ***личност***, м-р Зоран Михајловски нив ги елаборира во контекст на меѓусебната интеракција и условеност. Делот што се однесува на **теориските основи на истражувањето** (стр.8-135) е разработен во пет поглавја. Првото поглавје (***Музичката надареност и личноста)*** во најголем дел е посветено на музикалноста, односно на музичката надареност како специфичен вид музичка надареност. Бидејќи овој поим во современата психологија на музиката се однесува пред сè на степенот и модалитетот на музичките способности, авторот во овој дел од трудот нив концизно ги презентира, а соодветно внимание посветува и на елаборирање на нивната поврзаност со општата интелектуална способност.

Во второто поглавје (***Особините на личноста како теориска рамка***), аналитички се прикажани особините на личноста низ призмата на три теории на личноста: теоријата на изворните црти на личноста (Кател), димензионалната типологија на личноста (Ајзенк) и петфакторскиот модел на

личноста (Коста и Мек Кре). Изборот на овие теории е направен од две причини; 1) и досегашните истражувања на личноста на музичарите тргнуваат од нив (особено од двете прво наведени), и 2) секоја од нив е поткрепена со соодветен мерен инструмент кој има широка употреба и задоволителни психометриски карактеристики. Во третото поглавје (***Природата на личноста на музичкиот уметник***) е елабориран дистинктивниот склоп на особини на личноста на музичкиот уметник при што вниманието се насочува кон проучување на елементите на интроверзијата, независноста, афективноста и анксиозноста, како и нивната поврзаност со музикалноста. Четвртото поглавје (***Личноста, полот и инструментот***) м-р Михајловски го посветува на две теми што се од посебно значење за музичкиот уметник: првата се однесува на полот како фактор кој е поврзан со музиката, а втората се однесува на структурата на личноста и изборот на музичкиот инструмент. Ова поглавје се темели врз преглед на емпириски сознанија и претставува вовед во петтото поглавје од теоретскиот дел на дисертацијата, во кое се поместени релевантните истражувања за особините на личноста кај музичката популација (***Истражувања на личноста кај музичката популација***).

Во **истражувачкиот дел** од трудот (137-335) е разработен проблемот на истражувањето (хипотези и варијабли), опишани се испитаниците, мерните инструменти, реализацијата на теренскиот дел од истражувањето, техниките за обработка на резултатите, соопштени се и дискутирани се добиените резултати. Истражувањето треба да одговори на прашањето дали постои дистинктивна организација на особините на личноста кај поединците што се професионално определени за музичката уметност во Македонија, наспроти немузичката популација, во зависност од полот, од степенот на музичкото образование и од избраниот музички инструмент. Истражувањето нема намера да одговори на прашањето за каузалниот след меѓу чинителите на личноста и занимавањето со музика, односно дали дадена структура на личност е предиспонирана да се занимава со музика, или пак можеби активното занимавање со музика во подолг временски период може да генерира карактеристични особини на личноста.

За да обезбеди емпириски верификувани сознанија за претпоставениот профил на особини на личноста кај актуелните и идните академски образувани музичари, како и природата на нивните релации со избраниот музички инструмент, со половата припадност и со степенот на музичко образование и искуство, м-р Михајловски поставува пет задачи и соодветно на нив дефинира пет основни истражувачки хипотези (А, Б, В, Г и Д).

Првата основна хипотеза (А) гласи: ***Постои дистинктивен склоп од латентни фактори во основата на структурата на личноста кај поединците - професионално определени за музичката уметност.***

Од оваа хипотеза се изведени три помошни хипотези.

А1. Постои дистинктивен склоп од латентни фактори во основата на структурата на личноста кај поединците - професионално определени за музичката уметност.

А2. Постои дистинктивен склоп од латентни фактори во основата на структурата на личноста кај студентите по музика.

А3. Постои дистинктивен склоп од латентни фактори во основата на структурата на личноста кај возрасните, професионални академски образувани музичари.

Втората основна хипотеза (Б) гласи: ***Поединците што се професионално определени за музичката уметност се разликуваат од општата популација, односно од немузичарите според особините на личноста.***

Третата основна хипотеза (В) гласи: ***Поединците што се професионално определени за музичката уметност од женски и од машки пол меѓусебно се разликуваат според особините на личноста.***

Четвртата основна хипотеза (Г) гласи: ***Учениците од средно музичко училиште, студентите по музика и возрасните академски образувани музичари меѓусебно се разликуваат според особините на личноста.***

Петтата основна хипотеза (Д) гласи: ***Поединците што се професионално определени за музичката уметност меѓусебно се разликуваат според особините на личноста во зависност од избраниот музички инструмент.***

Варијаблите во истражувањето произлегуваат од теоријата на изворни црти на Кател, димензионалната типологија на Ајзенк и петфакторскиот модел на Коста и Мек Кре. Оваа листа е дополнета и со варијаблите: општа интелектуална способност, музички инструмент/инструментален отсек, полова припадност и степен на музичко образование и искуство.

Истражувањето е спроведено на **примерок** од вкупно 629 испитаници, од кои 288 испитаници го сочинуваат примерокот музичари, а 341 испитаник го сочинуваат примерокот на немузичари. Според степенот на образование, примерокот составен од музичари е стратификуван во три категории:

а) ученици од III и IV година во средно музичко училиште (N=69);

б) студенти на Факултетот за музичка уметност (N=104);

в) високообразувани професионални музичари (N=115) .

Соодветно, и примерокот на немузичари според степенот на образованието е стратификуван во три категории:

а) ученици од III и IV година од гимназија и техничко училиште (N=72);

б) студенти од УКИМ (од Педагошкиот, Градежниот и Шумарскиот факултет) и од Евроколеџот од Куманово (N =119);

в) високообразувани испитаници од немузички факултети (N =150).

При формирањето на примерокот, м-р Зоран Михајловски го следел соодносот на испитаниците музичари и немузичари и според половата припадност, возрасната и образовната структура и тој е детално прикажан во табелите 4, 5, 6 и 7.

Во истражувањето се применети четири **мерни инструменти**: три инвентари на личност (16 PF, EPQ и NEO PI-R) и тест за мерење на општата интелигенција (тест на резонирање на ликови, TRL). Применетите инструменти се детално образложени во докторската дисертација.

**Обработката на добиените податоци** е спроведена со статистичкиот пакет SPSS 13.0 (Statistical Package for the Social Sciences). Во обработката на податоците се применуваат мерките на дескриптивната статистика (мерките на централните вредности и мерките на варијабилност), линеарна корелација, униваријантна анализа на варијанса (АНОВА), факторската анализа како експонент на корелативниот пристап и мултиваријантната анализа на варијанса (МАНОВА) како експонент на диференцијалниот пристап.

**Резултатите** што се добиени со обработката во дисертацијата се прикажани на 83 страници (187-270), согласно со редоследот на поставените задачи, цели и хипотези на истражувањето, односно во пет тематски целини.

Во првата целина (**Латентни фактори кај личноста на музичарите**) се претставени резултатите од факторската анализа спроведена врз примерокот на музичари, кои треба да ги идентификуваат факторите врз кои се базира латентниот психолошки простор на музичарите. Издвоени се девет латентни фактори, од кои седум се психолошки интерпретирани: 1. интроверзија-екстраверзија, 2. конвенционалност-оригиналност, 3. неорганизираност-самодисциплина, 4. емоционална стабилност-емоционална лабилност, 5. приспособеност-анксиозност, 6. потенцијал за интелектуален и личен развој (ПИЛР) и 7. капацитет за доверба кон другите (КДД). Поради отсуство на психолошка синергија меѓу составните компоненти, осмиот фактор е оквалификуван како психолошки неинтерпретабилен, додека деветтиот се базира врз само една конститутивна варијабла, па со самото тоа е отфрлен.

Податоците за музичарите се дополнително факторизирани за трите категории на музичко образование и искуство. Кај учениците од средно музичко

се издвоени 10, додека кај студентите и високообразуваните професионални музичари по 9 фактори. Но, во сите три образовни групи присутни се следниве фактори: интроверзија-екстраверзија, емоционална стабилност-емоционална лабилност, неорганизираност-самодисциплина и конвенционалност-оригиналност. Кај две од трите групи издвоени се факторите: ниска интелигенција-висока интелигенција и приспособеност-анксиозност.

Втората целина (**Диференцијална анализа на личноста на музичарите и немузичарите)** е посветена на презентација на резултатите што се добиени по примената на мултиваријантната анализа на варијанса (МАНОВА), а кои се однесуваат на дистинктивниот профил на музичкиот уметник во однос на немузичката популација. Установени се разлики меѓу споредуваните групи во неколку фактори од втор ред: интроверзија-екстраверзија, анксиозност-приспособеност, афективност-рационалност, висока (вербална) интелигенција-ниска (вербална) интелигенција и добро воспитување-лошо воспитување. Испитаниците од примерокот музичари манифестираат анксиозност, базирана врз бихевиоралните црти како афективна фрагилност, нестабилност и импулсивност (C-), генерална несигурност, пасивност и бојазливост (H-), грижливост, чувство на должност (O+) и генерално незадоволство и напнатост (Q4+).

Резултатите исто така укажуваат и присуство на афективност (I+, M+) кај музичарите, наспроти рационалност (I -, M-) кај немузичарите. Музичарите покажуваат тенденција кон животен стил базиран врз чувствата и интуицијата како доминантни ментални ориентири, наспроти логиката и фактите; склоност кон сништа, интуитивност, суптилност, склоност кон бегство од реалноста, блага природа, субјективност, непрактичност, ориентација согласно со внатрешните состојби и идеи, боемштина, креативен начин на гледање на работите и сл. Тие имаат повисока вербална интелигенција, но во однос на флуидната интелигенција мерена со ТРЛ, двете споредувани групи не се разликуваат.

Содржината на третата целина **(Диференцијална анализа на личноста на музичарите според полот)** се однесува на дистинктивниот профил на музичките уметници во зависност од полот. Добиените резултати по примената на мултиваријантна анализа на варијанса (МАНОВА) укажуваат дека постојат разлики меѓу музичарите од женски и машки пол во пет фактори: интроверзија-екстраверзија, оригиналност-конвенционалност, неорганизираност-самодисциплина, емоционална лабилност-емоционална стабилност и анксиозност-приспособеност.

Жените-музичари манифестираат повисока свртеност кон себе, затвореност и дистанцираност (A-), благост, скромност и субмисивност (E-), воздржаност, чувствителност и рефлексивност (F-), срамежливост, бојазливост и несигурност (H). Музичарите од двата пола значајно дивергираат на двете афективни димензии на личноста: емоционална лабилност-емоционална стабилност и

анксиозност-приспособеност. Испитаниците од женски пол покажуваат тенденција кон нестабилност, пречувствителност, фрагилност, импулсивност, непостојаност, осаменост, грижливост, чувство на должност и фрустрација, наспроти реалистичноста, сталоженоста, самодовербата, зрелоста и опуштеноста кај испитаниците од машки пол.

Во четвртата целина (**Диференцијална анализа на личноста на музичарите според степенот на музичко образование)**, резултатите добиени по примената на МАНОВА, се однесуваат на дистинктивниот профил на музичките уметници во зависност од степенот на музичко образование и искуство. Во најголемиот број случаи резултатите на студентите се наоѓаат помеѓу вредностите на учениците и на возрасните, што укажува дека овие црти ги следат промените во образованието. Споредувајќи ги учениците и возрасните музичари евидентно е дека учениците се екстравертни, меѓутоа манифестираат понизок степен на самодисциплина и изграденост на односот кон сопствените обврски и одговорност. Студентите по музика, пак, покажуваат впечатливо низок број на диференцијални црти во однос на другите две споредувани групи. Имено, оваа група музичари манифестира натпросечно изразени бихевиорални црти на склоност кон фантазија, неконвенционалност, креативност и идеализам (O1+), како и естетски интереси (O2+).

Петтата целина (**Диференцијална анализа на личноста на музичарите според избраниот музички инструмент)** е посветена на диференцијална анализа на личноста на музичарите од аспект на нивните меѓусебни разлики во особините на личноста согласно со избраниот музички инструмент. Највоочлив дистинктивен профил се јавува кај *дувачите на лимени инструменти* во споредба со пијанистите и со гудачите. Дувачите на лимени инструменти покажуваат јасно издиференцирана екстраверзија, највисоко ниво на емоционална стабилност, сила на личноста и најниско ниво на невротичност и фрустрации. Реалистичноста, сталоженоста, истрајноста, зрелоста, постојаноста и сигурноста (C+) како стабилна структура на личност се потврдени со нискиот интензитет на самообвинување (O), надворешни осуетувања и фрустрации (Q4-).

Компаративно, *пијанистите* се лоцирани на спротивната страна од дувачите на лимени инструменти. Тие покажуваат недоволно дефинирана тенденција кон одредени црти на екстраверзија, особено во споредба со гудачите и со дувачите на дрвени инструменти, но забележливо помалку во споредба со дувачите на лимени инструменти. Во споредба со последните, пијанистите покажуваат јасни знаци на проблематична приспособеност. Констатирани се разлики во интелигенцијата во корист на пијанистите. Од аспект на структурата на изолираните фактори од втор ред, пијанистите од другите споредувани групи се разликуваат и во поглед на самодисциплината, а од бихевиоралните црти за нив е карактеристичен повисок степен на одговорен однос и истрајност кон обврските и целите, совеста, решителноста, доследноста (G+), заедно со силата на волјата,

организираноста, високото ниво на дисциплина и капацитетот на себемотивирање (Q3+, C5+), комплетирани со лидерски црти (E+).

Гудачите се опишуваат со цртите резервираност, дистанцираност (A-), воздржаност, внимателност, интроспективност (F-), несигурност, пасивност (H-), свртеност кон себе во смисла на самодоволност (Q2+), претпазливост, промисленост, сталоженост, резервираност кон непознати нешта и ситуации, особено кон ризик (E5-) и сл. Слични бихевиорални црти на интроверзија покажуваат и дувачите на дрвени инструменти, но со забележителни разлики на изворните црти F и H, на кои покажуваат статистички значајно повисоки скорови во споредба со гудачите. Најсуштествената разлика меѓу гудачите и дувачите на дрвени инструменти е присутна во нивните афективни профили, односно гудачите манифестираат проблематична приспособеност како што тоа е евидентирано и кај пијанистите.

Користејќи прецизен научен јазик, сите добиени наоди м-р Зоран Михајловски ги објаснува во делот **Дискусија** (271-334). При толкувањето на добиените наоди, м-р Михајловски своите сознанија ги поврзува со сознанијата на други афирмирани автори од оваа област на психологијата и нив во дисертацијата ги прикажува во пет поднаслови кои соодветствуваат на насловите од претходното поглавје:

- **-Латентни фактори: личноста во музичкиот простор**
- **-Во што навистина музичарите се разликуваат од другите?**
- **-Половата припадност како детерминанта на разликите во особините на личноста кај музичарите**
- **-Музичкото образование и искуство како детерминанта на разликите во особините на личноста кај музичарите**
- **-Избраниот музички инструмент како детерминанта на разликите во особините на личноста кај музичарите.**

Во делот **Резиме и заклучоци** (335-346) е даден сублимиран преглед на содржината на докторската дисертација прикажувајќи ја теориската заснованост и емпириските сознанија добиени по примената на инструментите и обработката на резултатите.

**Литературата** користена за пишување на докторската дисертација (347-352) ја сочинуваат 83 библиографски единици дополнети со информации за четири електронски адреси. Користената литература е современа и во неа доминира литература од англиското говорно подрачје, а многу мал број извори се на македонски јазик.

Последното **поглавје во докторската дисертација** (354-398) вклучува прилози во форма на табели и графици, кои м-р Зоран Михајловски ги користи при толкувањето на добиените резултати.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација **ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА КАЈ ПОЕДИНЦИ - ПРОФЕСИОНАЛНО ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**, изработена од м-р Зоран Михајловски, претставува автентично дело со научно-академски пристап кон проблемот што е предмет на проучување. Анализата на дисертацијата упатува на заклучок дека е направена исцрпна теориско-научна елаборација и дека е применет релевантен методолошки пристап кој обезбедува оригинални и значајни интерпретации и заклучоци.

Согласно со сето тоа, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го усвои овој извештај и да му одобри на кандидатот м-р Зоран Михајловски јавна одбрана на докторската дисертација на тема **ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА КАЈ ПОЕДИНЦИ - ПРОФЕСИОНАЛНО ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ.**

**КОМИСИЈА**

*Проф.д-р Виолета Арнаудова, с.р.*
*Проф.д-р Благоја Јанаков, с.р.*
*Проф.д-р Зоран Стојановски, с.р.*
*Проф.д-р Мирослава Николоска, с.р.*
*Проф.д-р Елена Ачковска-Лешковска, с.р.*

30.3.2010

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА ДЕТЕРМИНАНТИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕЦЕПЦИЈА НА ПОРАКИТЕ СО ПОЛИТИЧКА СОДРЖИНА ВО ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕЛЕОНОРА СЕРАФИМОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИСПЈИ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социлошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на својата редовна седница одржана на 1.2.2010 година, донесе одлука со која формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: **„Анализа на детерминантите во процесот на рецепција на пораките со политичка содржина во печатените медиуми"**, изработена од м-р Елеонора Серафимовска.

За членови на Комисијата беа избрани: проф. д-р Сњежана Миливојевиќ, проф. д-р Лидија Христова, проф. д-р Аница Драговиќ, проф. д-р Мирјана Борота-Поповска, и проф. д-р Томе Груевски.

Избраната Комисија со благодарност за укажаната доверба има задоволство и чест на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје да му го поднесе следниов

### ИЗВЕШТАЈ

#### Обем и вид на истражувањето

Докторскиот труд на м-р Елеонора Серафимовска со наслов: **„Анализа на детерминантите во процесот на рецепција на пораките со политичка содржина во печатените медиуми"**, содржи 342 страници, од кои, 300 страници се текст, 32 страници прилози и 10 страници библиографија. Покрај воведот и користената и консултирана бибиографија, која содржи повеќе од сто библиографски единици, трудот го сочинуваат **три дела:** теориски, истражувачки дел и делот за дискусија. Во трудот се презентирани 38 главни табели, уште 50 помошни и 1 слика.

Истражувањето кое се спроведе е обид да се анализираат детерминантите на рецепцискиот процес на политичките пораки кои се појавуваат во македонските печатени медиуми. За кандидатката беше особено значајно да види какви политичко/пропагандни пораки минуваат низ медиумите и, особено, како тие се примени од различни субјекти, субјекти со различни социјални и психолошки карактеристики, со оглед на тоа дека начинот на кој публиката ги деконструира и елеборира политичките пораки, и воопшто мас –медиумските текстови, е од круцијална важност во употребата на медиумите за општествено-политички промени.

Трудот има научен и апликативен карактер. Имено, во него се предлага еден модел на рецепција на политички пораки, конструиран врз добиени истражувачки податоци, кој во себе ги вклучува теориските претпоставки на процесот на рецепција, а може да се проверува и применува во конкретни услови и идни исти или слични истражувања.

### Предмет на истражувањето и цели на трудот

***Општата цел на истражувањето е:*** испитување и анализа на специфичното влијание на различните фактори, детерминанти во процесот на рецепција на различни политички пораки пренесени преку печатените медиуми. Од оваа општа цел произлегуваат посебините и конкретните цели на истражувањето: разработка на теоријата на рецепција и нејзино проширување, комбинирање на квантитативните (скоровите на скалите и тестовите) и квалитативните податоци (приемот на пораки и значењето што им го даваат реципиентите на тие пораки) во истражувањето, разгледување на можностите за вклучување на добиените сознанија во образовните програми за областите како што се: комуникации, новинарството, мас-медиуми, политичката пропаганда, пред сè на новинарите кои постојано мораат пред себе да ја имаат публиката и нејзиниот начин на примање на медиумските текстови.

**Предмет** на истражувањето е **влијанието** што го имаат **различните фактори** (детерминанти од различна природа) во процесот на рецепција на различните политички пораки пренесени преку печатените медиуми.

Со оглед на сложеноста и мултидимензионалноста на факторите кои би можеле да бидат во релација и да влијаат врз процесот на рецепција на политичките пораки, при дефинирањето на предметот на истражување тие се групирани во три поголеми групи:

- прва група: **фактори поврзани со медиумот кој ги пренесува;**
- втора група: **фактори поврзани со самиот текст што се чита;**
- трета група: **фактори поврзани со реципиентите - примачите на пораките = публиката.**

### Структура на трудот

**Воведот** го прикажува доминантниот историски наратив за истражувањата на комуникациските ефекти, проследен низ три фази: фаза на максимални ефекти и масовно општество, фаза на минимални ефекти и научни истражувања и фаза на сложени медиумски ефекти и културолошки пресврт. Понатаму се наведуваат причините за анализа на процесот на рецепција, за анализа на политички пораки, за печатените медиуми и за причините за анализа на рецепцискиот процес во мирен период.

**Теорискиот дел** (теориската рамка на истражувањето) е концепиран во 4 дела:

Во првиот дел се разгледуваат сложените и променливи односи - масовни комуникации, општество и политика, при што се истакнува значењето и важноста на мас-медиумите и нивната моќ во општеството, со особен интерес на релацијата мас-медиуми – политика.

Во вториот дел се претставуваат печатените медиуми, низ историјата, низ процесот и контекстот на нивно „консумирање", теориската заднина на печатот, а како посебен дел е прикажан развојот на македонскиот печат и новинарство.

Во третиот, најобемниот дел е проследено медиумското влијание низ историјата, при што се следи позитивистичката, од една страна, и критичкоистражувачката традиција, од друга страна. На крајот на овој втор дел од теориската рамка на истражувањето, прикажан е концептот на активна публика, концепт особено важен за студиите на рецепција што се предмет на оваа докторска дисертација.

Теорискиот дел на трудот завршува со вообличување на рецепциските студии, достигнувањата, проблемите и идните насоки на студиите на рецепција, кои всушност беа вовед во истражувачкото вообличување.

**Истражувачкиот дел** е конципиран низ неколку дела, започнувајќи од проблемот, предметот и целите на истражувањето, преку хипотезите и варијаблите, преку применетиот метод (испитаници, применети инструменти, техники во истражувањето, статистички методи) се стигнува до резултатите, интерпретацијата и тестирањето на хипотезите, како и до дискутирањето на добиените податоци и заклучоците изведени од нив.

Трудот завршува со преглед на користената литература и прилозите, во кој е наведен основниот истражувачки инструмент.

Во истражувањето се користеше целен примерок кој броеше 342 испитаника, групирани во групи според независните варијабли.

За целите на ова истражување беа користени 5 инструменти: 3 скали на ставови, 1 тест и еден прашалник. Прашалникот со кој се анализираше рецепцискиот процес беше конструиран откако беа анализирани одредени медиуми и откако се направии селекција на прилози врз основа на кои понатаму се заклучуваше за рецепцискиот процес.

**Наоди и анализа на наодите од емпириските истражувања**

Тестирањето на ПРВАТА ХИПОТЕЗА значеше анализа на три сегменти кои зборуваат во насока на постоење релација меѓу влијанието на самиот медиум и процесот на рецепција: тоа беа знаењето на испитаниците за тоа за кој медиум станува збор, видот на медиумот (дневен/неделен) и политичката позиционираност на медиумот (проценета од страна на испитаниците).

Резултатите покажаа дека **знаењето на испитаниците за тоа кој медиум станува збор не е во релација со читањето и интерпретирањето на прилозите**, дека **видот на медиумот не е во релација со процесот на рецепција на медиумските пораки пратени преку печатените медиуми** и дека **политичката**

**позиционираност на медиумот** (проценета од страна на испитаниците) **не е во релација со читањето на прилозите.**

Заклучокот од резултатите при тестирањето на првата хипотеза беше: Самиот медиум преку кој е пренесена пораката не е во релација со процесот на рецепција на политичките пораки и дека **првата хипотеза не се потврди - медиумот како варијабла е незначајна во процесот на рецепција.**

Тестирањето на ВТОРАТА ХИПОТЕЗА значеше анализа на пет сегменти: содржина на прилогот, текстот, видот на информација што прилозите ја пренесуваат, јасноста на пораката во насловот, бројот на пораки што ги носи текстот, како и ставот на испитаниците кон самата содржина на прилогот.
Анализите ги истакнаа следниве важни моменти:

- ✓ Прилозите со различна содржина различно се читаат (некои повеќе опозициски, некои преговарачки, а некои повеќе доминантно), со што можеше да се заклучи дека **самата содржина на прилогот е во релација со читањето и интерпретирањето на прилозите.**
- ✓ Прилозите кои пренесуваат нечии ставови и мислења (било тоа да се ставови на некои познати јавни личности и институции, или пак се пренесуваат ставовите на самите новинари) се читаат (приближно) идентично, а прилозите кои пренесуваат некои реални случувања се читаат различно (споредени еден со друг), па оттука може да се каже дека **видот на информацијата што се пренесува во прилозите е во релација со читањето на прилозите.**
- ✓ Од резултатите кои покажаа дека прилозите во кои главната порака е јасно изразена во насловот се читаат различно од прилозите, во кои таа не е јасно изразена, може да се каже дека **изразеноста на пораката во насловот на прилозите е во релација со читањето на прилозите.**
- ✓ Прилозите кои содржат една главна порака се читаат различно од прилозите кои содржат и носат повеќе пораки, па оттука: **бројот на пораките кои прилозите ги содржат (или носат) е во релација со читањето на прилозите.**
- ✓ Ставот на испитаниците за пораката (изразен преку нивното мислење за тоа колку пораката е убедлива, релевантна, јасна за нив, какво предзнаење имаат за неа, колку се совпаѓаат нивните ставови со содржината на прилозите, какви чувства им побудува, како ја перцепираат нејзината намера) се покажа дека **е во релација (иако не целосна, ниту еднозначна и во една насока) со читањето на прилозите.**

Заклучокот од тестирањето на втората хипотеза беше дека се потврдила втората хипотеза, која предвидуваше дека **самиот текст, прилог, порака, ќе биде во релација со процесот на рецепција на политичките пораки.**

ТРЕТАТА ХИПОТЕЗА се однесуваше на постоење релација помеѓу социјалните варијабли и читањето и интерпературацијата на прилозите. Па така, што се однесува до **полот**, резултатите покажуваат дека и машките и женските испитаници речиси подеднакво ги читаа сите понудени пораки. Оттука, варијаблата пол не е во релација со читањето и интерпретацијата на пораките, или станува збор за инцидентна и неконстантна релација.

Варијаблата **возраст,** како и варијаблата **националност** е во релација повеќе со читањето, а помалку со интерпретацијата на пораките, но таа релација не

е константна и не се забележува при читањето и интерпретирањето на сите прилози подеднакво.

Значи, релациите на трите испитани социјални варијабли со читањето и интерпретацијата на прилозите не се подеднакво силни, јасни и константни, при што релацијата на варијаблата пол е најслаба, а на варијаблата националност најјака.

ЧЕТВРТАТА ХИПОТЕЗА предвидуваше релација на психолошките димензии, како што се *авторитарност, конформизам, потреба за евалуација и политичка идеологија,* со процесот на рецепција на политичките пораки. Следат најважните моменти од спомнатиот однос:

а) Авторитарноста е во релација со *читањето* на прилозите. Имено, цртата на личност како што е *авторитарноста* е во релација со тоа дали еден прилог ќе се чита доминантно, опозициски или преговарачки, но тој однос е сложен и посредуван од видот на содржината на прилогот.

б) Што се однесува до најважните моменти од релацијата на димензијата социјален конформизам-автономија со читањето и интерпретирањето на прилозите, може да се каже дека: психолошката димензија како што е придржување кон социјалниот ред, правила и прописи, наспроти автономија и индивидуализам, очекувано е во релација со различни читања (помалку со интерпретации) на прилозите со различна содржина. Но и овде, како и во случјот со димензијата авторитарност, причините за специфичните поврзаности ќе мора да се истражуваат подетално.

в) Што се однесува до **потребата за евалуација**, анализата на нејзиниот однос со димензиите важни за читање и интерпретација на прилозите покажа дека: како ќе се прочита и понатаму, како ќе се интерпретира некој текст нема да зависи од субјективната потреба на индивуите за проценка на позитивните и/или негативните квалитети на некој објект.

г) Кога во фокусот на вниманието е релацијата политичка идеологија заснована на моралноста и читање на прилозите може да се каже дека станува збор за слаба, речиси непостојна релација, особено за димензијата морални правила.

По анализата на релациите на сите психолошки димензии со читањето и интерпретацијата на прилозите, може да се каже дека **четвртата хипотеза која предвидуваше постоење релација на психолошките фактори (авторитарност, конформизам, потреба за евалуација и политичка идеологија) со димензии важни за процесот на рецепција на политичките пораки, не е целосно потврдена.** Сепак, кандидатката смета дека психолошките димензии не смеат да бидат занемарани, туку (со оглед на резултатите) треба да бидат ставени во улога на медијатор варијабли, варијабли кои имаат способност да го моделираат односот медиум-реципиенти.

ПЕТТАТА ХИПОТЕЗА предвидуваше дека сензитивноста (запознаеноста) на испитаниците со политичко-пропагадни и комуникациски теми ќе биде во релација со рецепцискиот процес на политичките пораки.

Податоците покажуваат дека сензитивноста за политичко-пропагандни и воопшто комуникациски теми **е во релација** со читањето и интерпретацијата на прилозите. Разликите помеѓу несензитивната и сензитивната група се повеќедимензионални, што би значело дека сензитивноста некогаш ќе биде

поврзана со доминантното читање, а некогаш со опозициското, веројатно зависно од содржината што се восприема.

Кандидатката во заклучоците истакна дека, ова истражување повеќе иницира неколку прашања отколку што даде одговори, повеќе констатираше отколку што даде соодветни објаснувања, што во суштина, според неа, и не е неочекувано секогаш кога некои појави се испитуваат прв пат на еден одреден начин. Спојот на квалитативни и квантитавни студии не е редок, но е секогаш тешка задача. Восприемањето и читањето на пораки од медиумите е еден сложен процес кој во себе вклучува многу процеси, појави, па зависно од нивото на анализа може да се зборува за – рецепција, когниција (анализирање, заклучување, споредување), на друго ниво постои социјализација, едукација, продукација...а на некое најопшто ниво: креирање политики, осовременување...Кандидатката покажа дека сите овие процеси се вклучени во процесот на рецепција, само се истражуваат зависно од нивота на анализа.

На крајот кандидатката наведува еден работен модел на процесот на рецепција на медиумските пораки, но во оваа фаза сè уште ограничен на печатени медиуми, политички пораки и само одредени содржини.

## Мислење и оцена на трудот

Докторската дисертација со наслов: **„Анализа на детерминантите во процесот на рецепција на пораките со политичка содржина во печатените медиуми"**, изработена од м-р Елеонора Серафимовска, е научен труд, повеќедимензионален проект, амбициозен потфат за анализа на сложениот процес на восприемање на медиумските пораки.

Трудот ја истакна важноста и комплексноста на многубројните аспекти, процеси, димензии, сето она што го определува процесот на рецепција; ја истакна нивната симултана појавност и меѓусебна зависност со што ја отвора потребата од истражување на нивното здружено дејствување.

Трудот претставува разработка на теоријата на рецепција и нејзино проширување во насока на анализа на нов вид детерминанти (нови во смисла досега не анализирани), како што се психолошките фактори (ставови, црти и потреби), како и различна сензитивност за политички/пропагандни и/или комуникациски теми, како што ја покажува и успешноста на кандидатката во комбинирање на квантитативните (скоровите на скалите и тестовите) и квалитативните податоци (приемот на пораки и значењето што им го даваат реципиентите на тие пораки) во истражувањето.

**Предлог на Комисијата**

Докторскиот труд на м-р Елеонора Серафимовска има научен и практичен придонес. Освен што значи разработка и проширување на процесот на рецепција, предлага модел за истражување на рецепцијата.

Трудот е изработен согласно со правилата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во поглед на научното ниво, содржината, обемот, библиографскиот приказ и техничкото оформување.

Му предлагаме на Научниот совет на Институтот да го усвои овој извештај и да одобри јавна одбрана на докторскиот труд на м-р Елеонора Серафимовска со наслов: **„Анализа на детерминантите во процесот на рецепција на пораките со политичка содржина во печатените медиуми"**.

Скопје, 2010 година

Комисија

Проф. д-р Снежана Миливојевиќ, ментор, с.р.

Проф. д-р Лидија Христова, член, с.р.

Проф. д-р Аница Драговиќ, член, с.р.

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, член, с.р.

Проф. д-р Томе Груевски, член, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАКЕДОНСКИОТ ПАТ КОН ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ ВО ЕРАТА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НИКОЛА ПОПОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата на 26.02.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Поповски под наслов: „Македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализацијата". Докторската дисертација беше прифатена со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, а за ментор беше определена проф. д-р Златка Поповска.

По опстојното читање и прегледување на дисертацијата, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Истражувачкиот интерес на м-р Никола Поповски во докторската дисертација: „Македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализација" е концентриран на изборот на стратешките правци за премин на македонската економија во нова развојна фаза: економија базирана на знаење. Теоретските пристапи за развојот на економијата базирана на знаење и нивната емпириска потврда во практиката на развиените земји и повеќето земји во развој се во функција на критичко препознавање на карактерот на новите промени во македонскиот перспективен развој. Промените кои водат кон економијата базирана на знаење се неделиви од промените кои значат приспособување на глобализацијата на пазарите за стоки, услуги, капитал и технологија. Затоа, се обработуваат современите проблеми на глобализацијата и на развојот на економијата базирана на знаење. Стратешките правци на развојот на македонската економија се разгледуваат како долгорочни промени, но кои се развиваат низ инкриментални развојни процеси кои сè повеќе се потпираат врз современите фактори на растот. Методолошки, структурирањето на трудот соодветствува на целите кои се поставени при изборот на темата и ја одразува поврзаноста, но и комплексноста на промените кои се од примарна важност за премин во економија базирана на знаење.

Материјата се презентира во три основни глави: 1. Ера на глобализација; 2. Економијата базирана на знаење - етапа на развојот; 3. Македонска транзиција кон економија базирана на знаење. Во точката 1: „Глобализацијата како феномен на растечка меѓузависност", преку широкиот преглед на теоретски пристапи кон глобализацијата, се навлегува во карактеристиките на глобалната економија во 21 век. Доминира пристапот кон глобализацијата како процес на растечка меѓузависност и интеграција на економиите во светот. Најмногу внимание е посветено на следните иманентни карактеристики: растечка економска меѓузависност како дел на глобалната меѓузависност, долгорочност и сеопфатност на процесот на глобализацијата, детериторијализација како резултат на дифузијата на современите технологии и особено на ИКТ, ширење на домените на глобална регулација во различни сфери и забрзување на процесите потпрени врз знаење како клучни за глобализацијата.

Централно место во овој дел е дадено на расветлување на главните носители - столбовите на глобализацијата. Отстранувањето на бариерите за интеграција на пазарите на капитал е посебно елабориран предмет на анализа. Во овие рамки е и економската либерализација на транзициските земји и земјите во развој во текот на 90-тите години. Развојниот столб на глобализацијата - транснационалните компании и глобалните фирми, претежно се разгледува од аспект на глобалната ориентација на нивните операции на управување, производство, трговија, инвестирање, финансирање, ИР. Нивната улога во трансферот на технологии, знаење, штедење, инвестиции, извоз и доход во светот, а особено во земјите во развој, кандидатот ја поткрепува со низа примери од современата реалност. Развојниот столб - глобалниот ИК систем и ИК технологиите, се разгледува од аспект на можноста на овие технологии да понудат мноштво технички инструменти за управување со глобалните активности и од аспект на нивните ефекти врз видоизменувањето на комуникациите на субјектите на глобално ниво во различни сфери на работење и создавање. Без овие технологии, не би била можна „експлозијата на кодифицирано знаење". Во делот за развојниот столб: постоење на глобалниот финансиски систем, се разгледуваат растечката поврзаност и меѓузависност на националните финансиски системи и пазари. Преку анализата на развојниот столб: мрежата на глобални, регионални и национални институции во владиниот и невладиниот сектор, се подвлекува целата сложеност на институционалната инфраструктура во светот. Усогласувањето на надлежностите на државите и меѓународните организации на домени, битни за целата светска заедница, има силен ефект врз водењето на националните политики и го актуализира прашањето за брзината на нивното приспособување на стандардите кои се поставуваат.

Во точката 2: „Глобална економија", се прави продлабочена анализа на факторите што ја поттикнуваат глобалната економија. Кандидатот ги систематизирал различните теоретски пристапи во три групи: хиперглобалистичките, интернационалистичките и трансформационалистичките теории. Со големо внимание и со обемна статистичка документација кандидатот посветува внимание на секој од избраните фактори: забрзувањето на растот на светската трговија, вмрежувањето на економиите преку регионалните економски интеграции, странските директни инвестиции, ИК- технологиите и факторите од различна природа, како странскиот долг и условите на размената. Значаен аспект на економската глобализација се регионалните интеграции. И покрај сложеноста на односот регионализација - глобализација, реалните процеси на вмрежување претставуваат мост кон меѓусебно приближување на постојните различни концепции за нивниот однос. Ваквото вмрежување е од исклучително значење за идните промени како во развиените земји така и во земјите во развој. Тоа ги прави уште покомплексни сите инструменти и политики за приспособување на условите на глобалната економија. Уште еден значаен фактор: странските директни инвестиции, ја зголемува потребата за продлабочување на политиките во поедничните земји. Регулативите за СДИ особено се либерализираа во последниве две децении - секоја година, околу седумдесет земји ги унапредуваат своите регулативи за СДИ. Кандидатот особено внимание посветува на информационите и комуникационите технологии. Потенцирана е важноста на развојот на софтверот, комуникационите технологии, сателитската индустрија и технологијата за обезбедување аудиовизуелни услуги, како и нанотехнологиите. Многу земји во развој имаат свои стратегии на овој домен.

Втората глава: „Економијата базирана на знаење - етапа на развојот" е со висок степен одредена од видувањата и констатациите во претходната глава. Во неа кандидатот теоретски го обработува концептот на економијата на знаење и состојбата во светот. Таа се состои од три теоретски дела: 3. Знаењето како фактор на економскиот раст; 4. Карактеристики на економијата базирана на знаење; и 5. Методологии за индикаторите

за мерење на економијата базирана на знаење; како и од еден дел во кој се презентира една конкретна политика во оваа област. 6. Стратегијата на ЕУ за економијата базирана на знаење. Во првиот дел се елаборира знаењето како економски ресурс и фактор, процесите на неговото создавање во време на глобализација, неговата улога во моделите на ендоген раст, давајќи широка аргументација за емпириската верификација на значењето на знаењето за процесите на економскиот раст. Производството на знаење доживува големи промени во ерата на глобализација. Разгледувајќи го производството на знаење во рамките на националните иновациони системи, кандидатот ги издвојува следниве карактеристики како особено релевантни и за идниот развој на земјите во развој: сè поинтензивно користење и создавање на интердисциплинарно знаење, поврзување на истражувачи и академски научници со ИР-центри во бизнис - секторот и со крајни корисници, како и забрзување на претворањето на знаењето во производ или услуга со пазарна атрактивност. Искуството на другите земји се елаборира во функција на истакнување на клучните развојни правци: државите издвојуваат сè поголеми средства за секторите што создаваат ново знаење и се зголемува бројот на вработените во секторите потпрени на знаење; се забрзуваат процесите на прифаќање на знаењата, создавањето на знаењето сè почесто се врши на нови нетрадиционални локации, потпирајќи се на партнерства и кооперативни поврзувања. Теоретското образложение на овие промени, односно на растечката улога на знаењето, кандидатот ја обработува преку моделите на Robert Lucas и Paul Romer. Потоа, се елаборира широкиот catch-all концепт што ги вклучува сите промени што придонесуваат за растот. Во точката 4, кандидатот ги истражува клучните карактеристики на економиите базирани на знаење: а) Присуство на континуирани процеси на учење (трансфер на кодифицирано и некодифицирано знаење). Најважни начини се преку формалното и неформалното образование во разни форми и учењето преку практика. б) Процес на преструктуRирање, што се разгледува низ секотрите кои се: директни учесници во производството, дистрибуцијата, дифузијата и користењето на знаењето;. од помош за претворањето на знаењето како основен инпут во материјалното производство; и припаѓаат на деловни и јавни услуги. в) УнапредувањеТО на човековиот капитал има третман на највисок приоритет. Кандидатот презентирал богата статистичка евиденција за состојбите со формалното и неформалното образвание и процесот на перманентно учење во светот. г) Развивање на мрежите за поврзување на различните сектори, дејности и институции на национално и глобално ниво. Кандидатот го концентрира своето внимание на следниве видови на мрежи на знаење: неформални мрежи, кои се вообичаените ад-хок интеракции меѓу различните субјекти, мрежи за пристап до информации што произлегуваат од работењето на институции, отворени мрежи што се истражувачки ориентирани и развојни мрежи што се фокусирани на конкретни задачи околу различни проекти. д) Промени што настануваат во политиките за инвестирање, вработување и надворешна размена. Тие се насочени кон промоција на инвестиции во знаењето и високите технологии, вработување во секторите на знаење и надворешна размена во која се промовираат стоки и услуги со високо ниво на вградено знаење. Во точката 5 е даден детален преглед на повеќе методологии во светот со кои се прави обид да се утврдат индикаторите со кои се мерат економиите базирани на знаење. Детално, со бројни критериуми, варијабли, критериуми и индикатори се систематизирани и елаборирани методологиите на ОЕЦД, Светска банка (Knowledge Assessment Methodology – KAM) и ЕУ (European Innovation Scoreboard EIS). Во дисертацијата се елаборирани и методологиите на одделни земји (Канада, Австралија, Малезија). Точката 6 содржи детален преглед на стратегијата на ЕУ од 2000 година која постојано се надградува и дополнува (2001, 2005, 2007 г.) и која има голема важност за Македонија заради аспирациите за приклучување кон ЕУ. Во неа се разработени целите, приоритетните правци и политики, домените на

ангажирање, носителите на промените, системот на мерки за поддршка на промените и системот на мониторинг за остварувањата на стратегијата.

Третата и последна глава од дисертацијата со наслов: „Македонската транзиција кон економија базирана на знаење" претставува можен концепт и заокружена визија за иднината на Македонија како економија базирана на знаење. Се поаѓа од истражувањата и стекнатите сознанија во претходните глави. Таа се состои од три дела во кои се анализираат и сугерираат правци на дејствување во врска со ограничувачките фактори, факторите од кои зависат новите промени, приоритетните домени, активности и мерки, односно политики за транзиција на Македонија кон економија базирана на знаење. Во точката: „Од визија до ефикасна стратегија" е даден краток, но добро систематизиран и статистички богат приказ со многу индикатори за состојбите со економијата на Македонија како мала земја и земја во развој, при што се елаборирани нејзините основни досегашни економски трендови. Со цел да се отстрани опасноста од можното продлабочување на економско заостанување на земјата, кандидатот ја потенцира потребата од нова визија која ќе го забрза преминот во економија базирана на знаење. Ги истракнува следниве промени како приоритетни: промени во структурата, динамиката на раст на производството и на БДП; технолошка ревитализација и замена на постојната технологија со современа; подигање на општите и специфични знаења на работната сила и развој на човечкиот капитал во функција на социјалното учење; развој на високодоходовно и високотехнолошко производство, вклучувајќи постепена, но радикална промена на извозната структура; развој на услужните дејности што се базираат на знаење; трансформација на јавниот сектор и на јавните услуги, во функција на поддршка на патот кон економија базирана на знаење. Точката „Ограничувачки фактори" е посветена на идентификацијата на клучните ограничувачки фактори, поделени на два дела - економски и фактори на создавање и стекнување на знаење.

Во групата на економските се опфатени повеќе фактори: макроекономската состојба; потпреноста на економијата врз трудот и капиталот, конкуренцијата и структурните и извозни проблеми како и проблемите во врска со политиките на краток и долг рок. Макроекономската состојба во земјата е презентирана преку голем број на класични индикатори и серии на податоци за стапките на растот, инфлацијата, невработеноста, инвестициите, но и преку елаборација на повеќе структурни проблеми на економијата - структурата на БДП и вработеноста, долгорочната невработеност, нивото и стапките на сиромаштија, доходовната нееднаквост (Gini), состојбите во некои сектори (земјоделство, енергетика, инфраструктура), проблемите со екстерниот сектор, структурните проблеми со јавните финансии и друго. Комплексната макроекономска состојба се оценува како ограничувачки фактор во идниот развој. Како друг ограничувачки фактор е наведена претежната потпреност на економијата врз трудот и капиталот. Во структурата на македонската економија доминираат трудоинтензивни дејности и гранки (земјоделство, градежништво, текстилна и прехранбена индустрија) или капиталоинтензивни дејности и гранки (производство на електрична енергија и нафтени деривати, основни метали, транспорт), а отсуствува повидно учество на дејности што се технолошки интензивни или интензивни во знаење. Технолошко-интензивните дејности во кои е содржано опредметено знаење се концентрирани во делови од преработувачката индустрија (фармацевтска, производство на печатени кола, дигитализирани и автоматизирани машини) и телекомуникациите, а дејностите во кои доминира учеството на неопредметеното знаење се во јавниот услужен сектор - јавната управа, образованието, здравството, но и делови од приватниот сектор, особено финансиските услуги и ИТ - секторот - софтверската индустрија. Врз основа на посебни пресметки, кандидатот констатира дека трудоинтензивните и капиталоинтензивните дејности и гранки имаат

значајно учество од околу 44% и 24% респективно, дејностите и гранките во кои доминира опредметеното знаење учествуваат со околу 7%, а преостанатите во кои доминира неопредметеното знаење се концентрирани во дејностите од јавниот услужен сектор и учествуваат со околу 25% од БДП. Врз основа на овие пресметувања даден е еден од најбитните заклучоци: на почетокот на 21 век, македонската економија сè уште се потпира на факторите труд и капитал, а дејностите и гранките во кои доминираат високите технологии и знаењето се претставени со само околу 1/3 од економските активности. Нареден ограничувачки фактор е конкурентноста на македонската економија и структурните и извозните проблеми. Кандидатот доаѓа до следниве заклучоци: во македонската економија се развиени конкурентските односи, но во одредени дејности и гранки постојат олигополски структури; ценовната еластичност на побарувачката е висока и под притисок на ваквата конкуренција; конкуренцијата од странство е висока (со некои исклучоци), и врши притисок врз компаниите за воведување нови технологии и производи; конкуренцијата во услужните дејности е под влијанието на јавниот сектор. Поаѓајќи од овие сознанија, кандидатот констатира дека конкуренцијата треба и понатаму да се унапредува заради што наведува неколку приоритетни услови за тоа. Од друга страна, Р. Македонија е извозно конкурентна во секторите на метали, текстил, прехранбени производи и нешто помалку во секторот на производи за домаќинства и покуќнина. Стабилна извозна конкурентност постои само во секторите на метали и текстил со типична интериндустриска специјализираност во која постои поклопување кај само 18% од увозните и извозните производи. Анализата упатува на тоа дека конкурентноста базира на евтината и неквалификувана работна сила во текстилното производство и релативно евтината електрична енергија во производството на основни метали. Во основа на ова е застарениот облик на економска специјализација. Наспроти тоа, увозот е широко диверзифициран. Овие проблеми се оценуваат како проблеми со најголема тежина во времето на премин кон економија базирана на знаење. Сознанијата на кандидатот укажуваат дека долгорочната политика треба да појде од јакнењето на апсорпциониот капацитет на економијата за учење и постепени иновации. Вниманието треба да се насочи кон: развојот на претприемништвото и приватниот сектор, подигнување на потенцијалот на човечкиот капитал, зголемување на значењето на иновациите како инфраструктура за развојот и за изградба на технолошка инфраструктура, и подигнување на институционалниот капацитет за реализација на политиките. Општа цел на овие политики треба да биде промоцијата и создавањето на економија базирана на знаење. Остварувањето на овие цели не е можно преку парцијални промени - одржливиот и долгорочен развој на Р. Македонија е можен преку европски ориентирана стратегија која ги зема предвид и глобалните предизвици на долг рок. Во групата на ограничувачки фактори за создавање и стекнување на знаење се опфатени: технолошката и извозна способност на стопанството; состојбите во доменот на производството; трансферот; и дифузијата на знаење; и интегрираноста на економијата во глобалните процеси. Пред елаборацијата на факторите, во дисертацијата е презентирана соодветна статистичка документација и индикатори во врска со сегашното ниво на економијата базирана на знаење во Македонија.Кандидатот констатира дека нема организирано собирање на овие индикатори во земјата, бидејќи нема ни формална политика и стратегија за изградба на економијата базирана на знаење. Сепак, се презентирани податоци за: издвојувањата за ИР од БДП (0,5%); приходите од ИР (0,29% од БДП); бројот на вработени (околу 2.400) и нивната образовна структура, како и бројот на организации од ИР дејностите во јавниот и приватен сектор (53); бројот на финансирани (321) и завршени истражувачки проекти (185) од јавни средства; нивото на образованието на работната сила (над 40% со пониско од средно образование); богата документација за опременоста и користењето на ИКТ во економијата и домаќинствата;

други индикатори. Тие даваат слика за релативно ниското ниво на развиеност на економијата базирана на знаење во Македонија.

Во дисертацијата е користена методологија за мерење на производството на знаењето во Македонија преку повеќе показатели за што се приложени голем број на статистички податоци: број на научни публикации од земјава вклучени во важни меѓународни или регионални бази на податоци; бројот и структурата на истражувачите; карактеристиките на институционалната структура за производство на нови знаења; бројот на формирани технолошки јадра и центри; центри за трансфер на технологија; бројот, штруктурата и видот на ИР-институциите; бројот и вредноста на јавно финансираните развојно-истражувачки и иновациски проекти во приватниот сектор; бројот и вредноста на јавно финансираните билатерални научни проекти со субјекти од други држави; бројот на патентни пријави и издадени патентни решенија; трговски марки-жигови; права на индустриски дизајн. Кандидатот констатира дека некомерцијалниот трансфер преку СДИ е малку присутен, исто како и оној преку директно купување на патенти на пазарот, додека трансферот преку лизинг, лиценци и франшизинг е повеќе присутен и тоа кај производството на стоки за широка потрошувачка. Во Македонија не постои статистика на технолошкиот биланс на плаќања. Дифузијата на знаењата во земјата се одвива преку бројни форми и канали на: директно стекнување на знаење (учење преку работа), набавка на технологија, меѓународна трговија (трансмисија на информации и знаење), и преку СДИ и заедничките вложувања. Врз основа на податоците за динамиката и структурата на надворешната трговија, нивото на СДИ во земјата и истражувањата за извозната ориентираност на компаниите, кандидатот констатира дека Македонија има високо ниво на интеграција во глобалната трговија (годишниот износ на надворешната трговија е приближно еднаков со годишниот БДП), но со многу структурни проблеми (стоки со ниско ниво на вградено знаење), ниско ниво на влезни СДИ и симболично учество на услугите.

Точката: „Домени на промени и политики за транзиција кон економија базирана на знаење" е завршниот дел од дисертацијата во кој кандидатот на 60-тина страници екстензивно ги изнесува своите препораки за промени во македонската економија и потребните политики за започнување на свесно насочуван процес на долгорочна транзиција (премин) кон економија базирана на знаење. Всушност се работи за основите на една национална стратегија за тоа прашање. Се предлагаат два вида на комплементарни мерки и активности, и тоа: а) за спроведување на динамични и структурни економски промени од една страна; б) сет на специфични политики за транзиција кон економија базирана на знаење од друга страна. Во првиот дел а), се предлагаат мерки и активности за значајни економски промени. Во овој дел е даден детален преглед на инвестициската активност на македонската економија и предлози за нивно зголемување и менување на секторска, технолошка и наменска структура. Структурните и извозните промени имаат посебно место. Предложени се и посебни мерки. Структурно - технолошките промени треба да се во насока на: поместување на структурата кај сектори што користат и создаваат знаење и технологија за на пазарот, намалување на релативното учество на енергетски и суровински интензивните сектори, развој на иновативните сектори кои шират синергетски ефекти, национална насоченост кон програми со пошироко структурно значење, диверзификација на економијата кон потребите на глобалните пазари, производство со висока финализација, ориентација кон услужните сектори на знаење и висока извозна ориентираност. Во рамките на економските промени се предлагаат и промени во институционалната инфраструктура. Кандидатот наведува три вида на институции кои се потребни за да го олеснат развојот на знаењето: оние што ќе ги обезбедат врските меѓу тие што се занимаваат со понуда на знаења и оние во производната сфера; оние што креираат програми за истражување на нови знаења; оние што ги креираат и ги обезбедуваат поттикнувањата на иновативните поединци. Предложени се и конкретни

институционални промени во јавните институции. Вториот дел (б) содржи бројни и конкретни предлози на политики за идната транзиција на Македонија кон економија базирана на знаење. Тие се поместени во три области: развој на човечкиот капитал, политики на национален иновационен систем и политики спрема ИКТ, вклучувајќи и политики за поддршка, стимулација и мониторинг на промените. Развојот на човечкиот капитал се смета дека е од суштинско значење. За таа цел, образовниот систем и другите форми на учење треба да влезат во период на приспособување кон современите трендови. Тоа подразбира: подигнување на опфатот на генерациите и инвестиции во материјалната инфраструктура на образованието; унапредување на средното стручно образование за соочување со растечките специјализирани знаења, особено техничките знаења за употреба на новите технологии; интензивно и задолжително изучување на предмети по информатика и учењето на два странски јазици; соодветно изучување на предметите по организација, менаџмент и бизнис; воведување на програми за континуирана соработка со образовни институции од странство; ефикасно управување со растечките потреби за високо образование на населението; приспособување на видот, нивото и квалитетот на знаења што се стекнуваат во јавното образование со потребите на економијата и општеството. Посебен пристап се предлага кон системот на перманентно образование што се применува или поддржува во рамките на ЕУ. Воедно кандидатот ги разгледува потребните промени и на домените: учење преку работа и соработка. Новите знаења, технологии и други постапки се учат во рамките на компаниите со стекнување на искуство и некодифицирани знаења. Во Македонија тоа најмногу произлегува од трговијата со светот и од доминантните СДИ во некои сектори (банкарство, осигурување, телекомуникации, црна и обоена металургија, делови од автомобилската индустрија и др.).

Иновациите и националниот иновационен систем се набљудуваат како централно прашање во економијата базирана на знаење. Во дисертацијата посебно се елаборирани политиките што треба да се насочени кон: вмрежување на институциите што учествуваат во понудата и побарувачката на знаењато; развој на моделите за дифузија и трансфер на знаење (модел на дифузија што е воден од побарувачка фокусирана на специфичните проблеми на бизнис - секторот, трансфер на одредени технологии и знаења потребни за сите сектори, трансфер што е насочен од јавниот кон одредени сектори од приватниот сектор, трансфер насочен кон избрани извозни сектори, и преку СДИ); начините на претворање на знаењето во иновации (улогата на знаењата што не се нови за светот, а се нови за Р.Македонија, улогата на компаниите што се базирани на нови технологии и знаења, моделот на иновативност преку претворање на некодифицираното во експлицитно знаење во четири фази). По деталната и статистички поткрепена елаборација на состојбата со присутноста и примената на ИКТ во земјата, со многу компаративни показатели, кандидатот ги елаборира носителите на ИКТ - промените: државата како носител со голем број на предложени мерки и политики во нејзина надлежност, бизнис - секторот со своите активности, како и други носители - невладин сектор, домаќинства и др. Посебно внимание е дадено на политиката на дифузија на ИКТ. Дадена е и визија за интегрирањето на овие политики во бизнис и јавниот сектор со бројни препораки за нејзина реализација.

На крајот се елаборирани политиките за поддршка и стимулација на промените со конкретни индиректни и директни мерки, како и сет на предлози за мониторинг врз процесот (креирање на индикатори за следење и оцена, методологија за оцена, период на евалуација, избор и авторизирање на одговорна институција за спроведување и оценување на политиките, приспособување на целите во фаза на реализација).

## Оцена и предлог

Дисертацијата, која е презентирана на 315 страници, содржи и еден Анекс и Апстракт, како и список на користена литература со 155 референци и поголем број на

билтени, статистички соопштенија и стручни списанија. Во неа се содржани 52 табели, 16 графикони, 1 дијаграм и 6 шематски прикази.

Процесите на глобализацијата се анализирани по еден хронолошки и логичен редослед, но со поединечни ставови за прашањата на дефинирање, генеза, карактеристики, столбовите на процесот, различните пристапи кон глобализацијата, теориите и присутните разлики на тој план и на крајот, факторите што ја поттикнуваат економската глобализација. Кандидатот успева подлабоко да ги истражи нивните економски законитости и појавни облици. Статистичката поддршка го зголемува степенот на уверливост за изведените заклучоци, при што се доаѓа и до сопствена синтеза на сознанијата. Имајќи предвид дека дисертацијата се однесува на македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализацијата, кандидатот постојано ги потенцира оние сили и фактори на глобализацијата што се незаобиколни и неминовни за секоја земја. Р.Македонија, како мала и отворена економија, особено ќе мора да ги има предвид во својот развој: позабрзано вклучување во процесите на растот на светската трговија, учество во процесите на глобално вмрежување што настануваат преку регионалните економски интеграции, отвореност и поволности за привлекување на СДИ, развој и примена на ИК - технологиите и друго. Кандидатот ја гледа глобализацијата како еден од директните производи на економијата на знаење. Систематски се презентирани сознанијата за знаењето како најважен економски ресурс и фактор на растот. Кандидатот дал свои видувања за трансформационите развојни промени типични за економијата базирана на знаење, кои се случуваат во современата реалност. Целосно и продлабочено е презентирана Стратегијата на ЕУ за економијата базирана на знаење која, исто така е, или наскоро ќе биде многу значајна за профилирање на идната македонска политика на тој план.

Истражувањето на појавата, карактеристиките, законитостите и трендовите на глобализацијата и економијата базирана на знаење е направено со единствена цел - да послужат како основа за конципирање на стратегија за македонскиот пат кон економијата базирана на знаење во ерата на глобализација, за што кандидатот дава свои релевантни предлози и препораки.

Дисертацијата дава и прецизна слика на состојбите со македонската економија што служи како основа за дефинирање на можните ограничувачки фактори на патот кон економијата базирана на знаење. Тоа се повеќе фактори од економска природа и фактори од сферата на создавањето и стекнувањето на знаење. Предлозите за промени во најголем дел се во доменот на динамичниот и одржлив развој, структурните, извозните, технолошките и институционални промени, како и соодветните политики за транзиција кон економијата базирана на знаење - развојот на човечкиот капитал, развојот на националниот иновационен систем, политиките спрема ИКТ и политиките за поддршка, стимулација и мониторинг на промените. Дисертација упатува на тоа дека македонското приспособување на глобалната економија базирана на знаење ќе биде болен и долгорочен процес, но друга алтернатива, според заклучоците на кандидатот, не постои.

Научниот придонес на докторската дисертација се согледува во следново:

Секоја проблематика што се занимава со долгорочни промени во кои се вмрежени економски, социолошки, културни и политички аспекти на развојот е голем истражувачки предизвик. Особено ако во комплексните односи на општествената трансформација треба да се препознаат можните правци на економскиот развој на една земја означени како „пат" кој води кон повисока развојна фаза. Кандидатот м-р Никола Поповски го прифаќа овој предизвик, иако има сознание за постојните ограничувања во методолошката сфера заради недостатокот на релевантна аналитичка и статистичка база за основните индикатори на развојот на македонската економија. Тоа има влијание врз екстензивното елаборирање на

некои од разгледуваните проблеми. Кандидатот успеал да ги оствари амбициозните цели поставени за изработка на дисертацијата насловена како: „Македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализацијата".

-Во македонската наука се малубројни делата кои се занимаваат со оваа многу сложена проблематика, особено оние што се насочени кон конкретни видувања на македонскиот развој во перспективата на економијата базирана на знаење. Кандидатот низ анализата на бројни аспекти со различен развоен карактер, но релевантни за обработуваната тема, доаѓа до конкретни заклучоци, препораки, сугестии, а на одредени домени, и до модели за потребните промени во македонската економија, кои предлага да се реализираат во периодот на транзиција кон економија базирана на знаење. Неговите видувања отвораат можност за нови размислувања, одобрувања, но и критики, што еднозначно ја потврдува корисноста на истражувањето во функција на подобрување на конкретните политики кои би требало да се практицираат во периодот на транзицијата кон економијата базирана на знаење.

-Апликативниот и развоен карактер на истражувањето, базирано на најновите теоретски пристапи во современата наука, овозможува согледување на промените во минатото низ аголот на идните промени кои ги претпоставуваат новите технолгии и знаењето како клучни фактори на економскиот раст во Р.Македонија. Потенцирајќи ги ограничувањата од минатото, кандидатот има свои видувања на кои домени тие би можеле да се надминат со побрза динамика. Притоа, поаѓа од основните развојни магистрали на глобализирана економија и современата практика на економијата базирана на знаење, користејќи и селектирајќи ги стекнатите сознанија за позитивните примери од развојот на поединечни земји. Специфичноста на развојните правци на македонската економија ги изразува низ сетот на политики кои ги претпочита за транзицијата кон економија базирана на знанење.

-Актуелноста на темата се оценува не само низ аспект на "развојниот моментум" во долгорочниот развој на македонската економија, туку и од аспект на предизвикот означен како забрзан динамизам на глобалните технолошки траектории со императивен карактер и за македонскиот технолошки развој. Кандидатот обработува два исклучително сложени и едновремено меѓузависни процеси во светот и светската економија - економската глобализација и економијата базирана на знаење. Низ вмрежувањето на нивните промени се пробиваат глобалните правци на економската и технолошка преобразба на отворените економии, што е од особено значење и за перспективниот развој на Р. Македонија. Како мала и отворена земја, таа постојано ќе биде упатена на интензивирање на различни видови на соработка со светот.

- Заклучоците во дисертацијата ги почитуваат научно проверените и емпириски потврдени сознанија за прашањата кои се третираат во современата литература во светот. Освен тоа, до нив се доаѓа преку користење на соодветни методолошки правила, кои исто така имаат своја научна основа. Тоа бара не само економско знаење туку и интердисциплинарно знаење соодветно за разбирање на процесите кои се случуваат во современата практика на економиите базирани на знаење. Кандидатот доаѓа и до заклучоци кои се резултат на сопствени статистички анализи во обработката на соодветни аспекти на промените во производната и технолошка структура на македонската економија.

Врз основа на овие констатации и оцени за научниот придонес, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализација“, поднесена од кандидатот м-р Никола Поповски, заклучува дека кандидатот покажал адекватно владеење со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите на докторска дисертација. Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализација“;

2. да му одобри на кандидатот м-р Никола Поповски јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, април 2010 год.

Комисија за оцена и одбрана

Проф. д-р Златка Поповска с.р.

Проф. д-р Наталија Николовска с.р.

Акад. проф. д-р Таки Фити с.р.

Проф. д-р Љубица Костовска с.р.

Проф. д-р Ристо Христов с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА УЧЕБНИКОТ „ПЕРИФЕРЕН НЕРВЕН СИСТЕМ – КЛИНИЧКА АНАТОМИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ПАПАЗОВА И СОРАБОТНИЦИТЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 25.3.2010 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за оцена на текстот на учебникот „Васкуларизација на мозокот", изработен од проф. д-р Марија Папазова, проф. д-р Добрила Лазарова и н. сор. Јулија Живадиновиќ.

Прегледувајќи го доставениот текст, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Вера Петрова,
2. проф. д-р Миодраг Врчаковски,
3. проф. д-р Лилјана Илиевска,

го изготви следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Предмет на оваа рецензија е текстот на учебникот под наслов „Васкуларизација на мозокот". Учебникот е од областа на невроанатомијата и е прв од овој вид во Р. Македонија. Напишан е од проф. д-р Марија Папазова, проф. д-р Добрила Лазарова и н. сор. Јулија Живадиновиќ, кои имаат долгогодишно стручно и педагошко искуство од областа на анатомијата. Уредник на учебникот е проф. д-р Марија Папазова. Учебникот е конципиран врз најсовремени истражувачки методи во експерименталната сфера и клиничката медицина. Наменет е за студентите од додипломските и постдипломските студии. Неговиот мултидисциплинарен пристап нуди базични сознанија, кои претставуваат основа за понатамошни научни активности. Затоа, и покрај доминантните факти за анатомските карактеристики на мозочните крвни садови, присутни се и голем број податоци за нивната микроструктурата, дистрибуција, рамификација и подрачје на васкуларизација, физиологија. Авторите се обидоа сите хетерогени податоци меѓусебно да ги поврзат и вклопат во единствена целина. Основна концепција на учебникот е јасен преглед на компонентите на церебралниот васкуларен систем, нивната систематизација, потекло, топографски соодноси и принципите на васкуларизација од анатомски аспект. Исто така, се дава интерпретација на низа патолошки, патофизиолошки и, пред се, клинички феномени поврзани со одредени варијации, малформации и оклузии на мозочните артерии. Затоа, во дел од учебникот се изнесени податоци кои се однесуваат на клиничките аспекти на нарушената васкуларизација на соодветниот сегмент на мозочните структури, во светлина на невроанатомските факти.

Содржината на текстот е прегледно презентирана на 139 страници, 66 слики и четири табели, во 13 глави: Вовед; Развојна анатомија на мозочните артерии; Структурни карактеристики на мозочните артерии;

Каротиден систем; Полигон на Williis; Колатерална циркулација на мозокот; Артериска васкуларизација на мозокот; Вени на мозокот; Посебни садовни структури; Регулирање на протокот на крв; Невроангиографија и Цереброваскуларни заболувања.

Во првата глава, на шест страници, илустрирани со три слики,презентирани се општите карактеристики и организацијата на цереброваскуларниот систем.

Во втората глава е прикажана развојната анатомија на мозочните артерии, како и перистентните ембрионални артерии и артериовенски малформации. Текстот опфаќа 5 страници, во кои е вметната и една слика.

Структурните карактеристики на артерискиот ѕид се прикажани во третата глава, која се состои од 7 страници и 7 илустрации. Прикажани се и промените на мозочните артерии поврзани со возраста и периваскуларната инервација на церебралните артерии.

Во четвртата глава, на 14 страници, изнесени се компонентите на вертебробазиларниот систем, што е илустрирано со 8 слики. Изнесени се потеклото, дистрибуцијата, гранките, варијациите и топографските соодноси на вертебралната, базиларната и задната мозочна артерија.

Компонентите на каротидниот систем се прикажани во петтата глава, на 26 страници со 17 илустрации. Претставени се потеклото, дистрибуцијата, гранките, варијациите и топографските соодноси на внатрешната каротидна, предната хороидна, предната мозочна, предната комуникантна и средната мозочна артерија.

Во шестата глава се прикажани компонентите, варијациите и гранките на полигонот на Willis. Главата има 3 страници и 2 илустрации.

Во седмата глава, на 3 страници, прикажани се морфолошките и топографските карактеристики на колатералната циркулација на мозокот.

Артериската васкуларизација на секој сегмент од енцефалонот прикажана е во осмата глава на 12 страници и 5 илустрации. Изнесени се податоци за васкуларизацијата на продолжениот мозок, понсот, малиот мозок, мезенцефалонот, диенцефалонот, хипоталамусот и големиот мозок.

Во деветтата глава на 3 страници и 4 илустрации, се прикажани анатомските карактеристики на венските крвни садови на мозокот.

Посебните садовни структури на мозокот се прикажани во десеттата глава на 5 страници. Опфатени се хипоталамично хипофизниот портален систем, хороидниот сплет и циркумвентрикуларните органи.

Регулирањето на протокот на крв во мозокот преку бариерата крв – мозок, како и нејзината улога, функција и патологија прикажани се на 6 страници и 3 илустрации во единаесеттата глава.

Невроангиографијата како современа радиолошка техника е прикажана во дванаесеттата глава на 4 страници и 5 илустрации.

Во тринаесеттата глава од анатомски аспект се изнесени податоци за цереброваскуларните заболувања кои се јавуваат како последица на васкуларни оклузии, хеморагии и инфаркти во мозочната циркулација. Изнесено е анатомско толкување на невролошките испади кои произлегуваат од промените на мозочните артерии. Главата содржи 23 страници, 6 илустрации и 4 табели.

На крајот од учебникот е понудена обемна, современа литература од областа на церебралната васкуларизација како и индекс на зборови.

Стилот на кој е напишан учебникот е јасен, едноставен, илустративен и применлив за студентите од додипломските и посдипломските студии на Медицинскиот факултет. Текстот е добро компониран, систематизиран и презентиран на многу јасен и разбирлив начин. Стилот и јазикот се воедначени, јасни, концизни и терминолошки конкретни.

Обемот на учебникот е оптимален и усогласен со наставните содржини од областа на невроанатомијата во склоп на предметот анатомија, во согласност со наставната програма на Медицинскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното во извештајот, членовите на Комисијата сметаат дека предложениот текст по својата тематска организација и обем одговара на материјата од областа на невроанатомијата, која студентите од медицина ја изучуваат во склоп на предметот анатомија, во тек на додипломските и постдипломските студии, бидејќи соодветствува со прифатениот наставен план на предметот. Напишан е со јасен, едноставен и разбирлив јазик, а при тоа е употребена соодветна стручна терминологија. Учебникот е изработен така што може да служи како извонредна база за збогатување на знаењата на студентите, како во теоретскиот дел, така и во практичната примена на познавањето на невроанатомијата. Претставува значаен придонес во едукацијата на студентите, овозможувајќи креативен пристап во изучувањето на соодветните теми и е прв од овој вид во Р. Македонија. Предложениот наслов соодветствува на материјата на учебникот. Прецизноста во излагањето е извонредна, а сликовитите прикази на компонентите на цереброваскуларниот систем се дополнителна помош за едукација на студентите. Најсовремените сознанија за комплексноста на морфолошката структура и функција на церебралната циркулација се изнесени во форма која секој студент може да ја прифати и научи.

Затоа членовите на Комисијата со задоволство предлагаат овој пишан материјал да се издаде, а на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлагаат да го прифати како официјално учебно помагало по предметот анатомија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Вера Петрова, с.р.

2. Проф. д-р Миодраг Врчаковски, с.р.

3. Проф. д-р Лилјана Илиевска, с.р.

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Економскиот факултет** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Марија Мокрова | Брендот "Македонија" на светскиот пазар - извозна стратегија и политика на конкурентност на Р. Македонија | 1. Проф. д-р Владимир Петковски<br>2. Проф. д-р Нада Секуловска<br>3.Проф. д-р Љубомир Дракулевски |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ДВА НАУЧНИ СОРАБОТНИКА ПО ПРЕДМЕТОТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за избор на два научни соработника по предметот интерна медицина во состав: проф. д-р Ангел Essential Ончевски, проф. д-р Лидија Чевревска, проф. д-р Бранкица Крстевска, проф. д-р Нада Марина, проф.д-р Оливера Стојчева Танева.

На објавениот конкурс во весникот „Утрински весник" на 25.11.2009 се пријавија кандидатите :

1.ас.д-р Весна Герасимовска ,д-р. сци.мед.
2.ас. д-р Весна Ристовска, д-р. сци. мед.
3.д-р Јелка Масин-Спасовска, д-р. сци. мед.
4.д-р Ѓулшен Селим, д-р. сци. мед.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на приложената документација на кандидатите, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје го дава следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**ас. д-р. Весна Герасимовска**

**Биографски податоци**

Ас. д-р Весна Герасимовска е родена во Скопје 1959 година каде што завршила основно и средно училиште со континуиран одличен успех. Во учебната 1977/78 година се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а го завршила во април 1984 година со просечна оценка 8.80. Во текот на студиите, како член на Научниот клуб „Акад. проф. д-р Д. Арсов" активно била вклучена во научноистражувачката работа на студентите по медицина и земала учество на сите студентски конгреси на студентите по медицина и стоматологија во текот на нејзиното студирање.

На Универзитетската клиника за нефрологија работи од март 1986 година. Работните задачи ги извршувала на повеќе оддели, а од 1997 година

припаѓа на Одделот за васкуларни пристапи. Специјалистичкиот испит по интерна медицина го завршила во март 1995 година и се здобила со звањето специјалист-интернист. Основна проблематика со која повеќе години се занимава е формирање на привремени и трајни васкуларни пристапи за дијализа, а особен интерес посветува на поставувањето, како и на решавањето на компликациите кои се поврзани со централните венски катетери кои се користат за изведување на хемодијализа. Од таа област во јули 2003 година ја одбранила докторската дисертација со наслов **Централни венски катетери за изведување на хемодијализа – компликации и нивни решенија** и се здобила со звањето доктор на медицински науки. Во 2005 година го положила супспецијалистичкиот испит и се здобила со звањето супспецијалист -нефролог.

Член е на Македонското здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи, Здружението на нефролози при МЛД, Интернационалното здружение за васкуларни пристапи (Vascular Access Society), Европското здружение за дијализа и трансплантација (ERA/EDTA), Интернационалното здружение за нефрологија (ISN), Македонската асоцијација за хипертензија, Македонското здружение за контрола на интрахоспитални инфекции (МЗКИХИ), како и на Балканската асоцијација за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи (БАНТАО).

Во практичната настава по интерна медицина и клиничко испитување за медицинари и стоматолози се вклучила во 1991 година со изборот за помлад асистент. За постар асистент е избрана во 1996 година.

## Наставно-образовна дејност

Ас. д-р. Весна Герасимовска на Катедрата за интерна медицина активно учествува во спроведувањето на додипломската настава на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет. Воедно, активно учествува и во едукацијата и обуката на лекари и медицински сестри во областа на дијализата и васкуларните пристапи. Од 2006 година е главен модератор во водењето на Нефролошката трибина, која е една од важните активности на Клиниката за нефрологија за едукација на вработените лекари и специјализанти и на неа одржала повеќе предавања. Таа е и еден од коавторите на Практикумот по интерна медицина за студенти од 2004 година, издаден од Катедрата за интерна медицина. Асистентскиот стаж во континуитет го реализира од 1991 до 1996 година како помлад асистент и од 1996 година до денес со еден избор и повеќе реизбори како асистент. Според резултатите спроведени од студентската евалуација за предметите кои ги реализира Катедрата за интерна медицина во летниот семестар во учебната 2008/2009 година, ас д-р Весна Герасимовска е високо оценета со оценка 4,7.

## Научноистражувачка дејност

Автор и коавтор е на 114 труда, печатени во научни/стручни списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјава и во

странство. Учествувала во изготвувањето на националниот научен проект под покровителство на МАНУ со наслов „Антимикробната и антитромботичната активност на антибиотиците" (1999-2002) . Коавтор е и на делови од монографии објавени кај нас и во странство. Во последните 7 години е претседател на Комисијата за интрахоспитални инфекции на Клиниката за нефрологија, а додека постоеше клиничкиот центар беше член и на Централната комисија за контрола на болничките инфекции. Како член на оваа Комисија вршеше едукација на тимовите за интрахоспитални инфекции на останатите клиники. Добитник е на **единствената награда за најдобар постер на 4th International Congress Vascular Access Society, што се одржа во Берлин, Германија, во мај 2005 година**. Во последниве години има усни презентации и е повикан предавач на европски и на интернационални конгреси за васкуларни пристапи кои предизвикуваат посебно внимание и дискусија.

1994: Hantaan virus infections with acute renal failure in material from department of Nephrology, Medical Faculty Skopje, Macedonia, **Second Congress of nephrology, Sofia, Bulgaria 26-28 Oct 1994.**

1997: Infections of dialysis catheters – microbiological analysis **BANTAO, Congress Struga, Macedonia 6-8.09.1997.**

2000: Femoral hemodialysis catheters used as a temporary vascular access – outcome and complications. **15th Danubesymposium of Nephrology, Linz, Austria, 14-16 June 2000.**

2001: Comparison of hospitalized and non-hospitalized patients with femoral catheters used as a temporary vascular access for hemodialysis. **2nd Intrenational Congress of the Vascular Access Society, London, UK, 30th May- 1st June 2001.**

Преживување и компликации на феморалните катетери за хемодијализа употребени како привремен васкуларен пристап. **Трет конгрес за нефрологија на Р. Македонија со меѓународно учество, Скопје, Р.Македонија, 30 мај- 2 јуни 2001**, Мак.мед. преглед 55; суплемент 48, стр. 79.

Survival and complications of temporary femoral catheters for hemodialysis. Book of abstracts **BANTAO 5th Congress, Thessaloniki Greece, Sept.30-Oct. 03-2001.**

2002: Temporary femoral catheters for hemodialysis – risk of infections. **FEMS Supported symposium" Laboratory diagnosis of emerging infections"** во склоп на Втор Конгрес на микробиолозите на Македонија, Зборник на резимеа, Охрид 28-31 Мај 2002г, Мак.мед преглед 55, супл. 50 стр .37.

Salvage of temporary femoral catheters for hemodialysis using antibiotics in ambulatory patients. **4th European Congress of Chemotherapy and Infections, Paris, France, 4-7 May.**

<u>2003:</u> Follow up of tunneled dialysis catheters: femoral VS jugular VS subclavian catheters, **BANTAO Journal Proceedings of the 6th BANTAO Congress, Varna, Bulgaria, 6-9 oct.2003.**

Tunneled central venous catheters for hemodialysis - risk of infections. **Microbiologia Balkanica 2003, 3rd Balkan Conference of Microbiology, Istanbul, Sept 4-6,2003.**

<u>2005:</u> Infections and malfunctions of temporary femoral catheters – hospital VS ambulatory patients, **BANTAO Congress, Sept.08-11.2005 Ohrid, R Macedonia.**

Risk factors associated with infections and malfunction of femoral catheters: Hospital VS ambulatory patients, **4th International Congress Vascular Access Society, Berlin, Germany, 23-26 May, 2005.**

<u>2006:</u> Prolonged use of a femoral catheters as a temporary vascular access for hemodialysis- is it safe?**XXXIII Annual ESAO Congress, 21-24 June, 2006, Umea, Sweden.**

<u>2007:</u> Long term follow up of catheter-related bloodstream infections in tunneled cuffed hemodialysis catheters, **5th International Congress of the Vascular Access Society (VAS) Nice, France, 11-13 june 2007.**

<u>2008:</u> Predicting risk factors for infections and malfunctions of tunneled hemodialysis catheters. **11th Symposium of Vascular Access for Hemodialysis 2008, Orlando, USA.**

<u>2009:</u> Risk of nosocomial events in patients on chronic hemodialysis – femoral VS jugular tunneled catheters, **6th International Congress of the Vascular Access Society (VAS) Rome, Italy, 20-22 april 2009.**

Nosocomial infections in patients with tunneled hemodialysis catheters, **XXXVI Annual meeting Europen Society for Artificial Organs (ESAO Congress), 2-5 September,2009, Compiegne, France.**

Diagnosis and treatment of catheter related bloodstream infections in tunneled cuffed hemodialysis catheters. **Microbiologia BALKANIKA, 2009 – 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.**

Efficacy of antibiotic therapy of bacteremia associated with tunneled femoral catheters for hemodialysis, **9th BANTAO Congress, 19-21 Novm. 2009, Antalya, Turkey.**

Outcome of femoral catheters for hemodialysis used as a temporary vascular access, **9th BANTAO Congress, 19-21 Novm. 2009, Antalya, Turkey.**

## Стручно-апликативна дејност

Ас. д-р Весна Герасимовска била член на организационите одбори на еден Југословенски конгрес за нефрологија (1989) и на 3 македонски конгреса за нефрологија (1993,1997, и 2001) и два балкански конгреси за нефрологија (Вториот и Седмиот БАНТАО конгрес одржани 1997 и 2005). Добитник е на Диплома од Македонското лекарско друштво во 1998 година и плакета од МЛД за значаен придонес во остварувањето на целите и задачите на МЛД.Член е на Комисијата за интрахоспитални инфекции при Министерството за здравство на Р. Македонија.

## Рецензирани публикации за досегашните избори

Трудовите приложени за избор за помлад асистент се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" бр.548 од 1990 година а за избор за асистент во бр.655 од 1996 година за прв реизбор за асистент, приложените трудови се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" бр. 747 од декември 1999 година а за втор реизбор во Билтенот бр. 846 од 2004 година. Нејзини трудови се рецензирани и во Билтенот бр. 914 од 2007, 936 од 2008, и 968 од 2009година. За асистент по предметот интерна медицина е реизбрана во март 2007 година.

## Ас. д-р. Весна Ристовска

## Биографски податоци

Ас. д-р Весна Ристовска е родена на 21.9.1959 година, во Струмица, каде што се стекнала со основно и средно образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала на 10.10.1985 година. Од 1.7.1988 година, работи на Клиниката за нефрологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализација по интерна медицина завршила на 29.3.1995 година.
Од 1991 година, е помлад асистент, а од 1996 година, асистент по предметот интерна медицина. Со успешната одбрана на докторатот на ден 7.12.2004 година се стекнала со научниот степен доктор на медицинските науки. Од 17.11.2005 година, кога го полагала супспецијалистичкиот испит, таа е супспецијалист -нефролог.

## Стручно-научна дејност

Активно работи на повеќе проблеми од областа на нефрологијата, совладувајќи ги дијагностичките и терапевтските постапки, а учествува и во

изведувањето на практичната настава по предметот интерна медицин
студентите по медицина и стоматологија, а исто така и во едукацијат
специјализантите од оваа област.

Учествувала на повеќе конгреси и симпозиуми, а како автор и коа
има објавено повеќе стручни и научни трудови во земјата и во стран
Работела на проблематиката на психонефрологијата, како
кардионефрологијата, кои се актуелни кај пациентите кои се лекува
хронична хемодијализа. Работи исто така и на еходијагностиката
бубрежните болести и проблемите на уринарниот систем. Основ
проблематика со која се занимава повеќе години е полицистич
бубрежна болест, од која област има одбрането докторска теза со нас
„Клиничка евалуација на прогресијата на бубрежното оштетување
адултната полицистична бубрежна болест". Интензивно ги следи светс
достигнувања од оваа проблематика, со цел нивна примена во клинич
практика. Во 2004 година, била на стручно усовршување 4 месеци
Универзитетот во Лаајден, Холандија.

Во текот на изборите и реизборите за асистент рецензирани се
труда, а рецензиите се објавени во Билтените на Универзитетот и тоа
549 од 1990 г., бр 655 од 1996 г., бр. 747 од 1999 г., бр. 846 од 2004 г. и
од 2006 г.

Член е на Македонското лекарско друштво, а досега има доби
Диплома и Плакета, како резултат на нејзината успешна работа.

Исто така е член на Македонското здружение за нефролог
дијализа, трансплантација и вештачки органи (МЗНДТВО) од самото нег
формирање, како и на Македонската асоцијација за хипертензија.

Од интернационалните здруженија, член е на Балканск
асоцијација за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки орг
(BANTAO), како и на Интернационалното здружение за нефрологија (IS

## Д-р Јелка Масин- Спасовска

### Биографски податоци

Д-р Јелка Масин-Спасовска е родена 1964 година во Охрид. Основ
образование и гимназија завршила во Скопје. Медицинските студии
завршила во Скопје, 1991 година, со успех 9,1 .
Како студент по медицина била член на Научниот клуб на студенти
учествала на повеќе конгреси на студенти со свои трудови.
Во 1991 година го положила стручниот испит, и е во редовен работен од
на Клиниката за нефрологија.
**Постдипломските студии**, отсек нефрологија, ги завршила во 19
година. **Специјалистичкиот испит** по интерна медицина го положила
1999 година, при што се стекнала со звањето: специјалист по интер
медицина.

а за
а на

втор
тво.
и
т со
на
ната
ната
лов:
кај
ките
ката
на

100
бр.
бр.

ено

ија,
ово

ата
нни
).

но
ги

и

ос

94
во
на

**Магистрирала** со просек 9,6 во мај, 1999, на тема **„Динамика на промените на плазма-вискозноста и фибронектинот кај хипертензија индуцирана со гравидитет"**, (дел од научниот проект: „Предиктори на хипертензијата индуцирана со гравидитет", делумно финансиран од Министерството за наука на Република Македонија) под менторство на проф. К. Зафировска, со што се стекнала со научниот степен: Магистер по медицински науки-нефрологија.

**Докторската дисертација ја одбрани во** јануари 2009 година под менторство на проф. Н. Ивановски на тема: **„Раните исхемиско-реперфузиски оштетувања на графтот и нивната предиктивна важност врз појавата, клиничкиот тек и исходот на реналната дисфункција кај болните со пресаден бубрег"**, со што се стекнала со звањето доктор на науки.

**Супспецијалист - нефролог** е од мај 2007 година

## Наставна дејност

Од јуни 1994 година е со наставно-научно звање: **помлад асистент по интерна медицина** Во септември 1997 година е реизбрана во истото наставно-научно звање Од јуни 2000 година е со звање **асистент по интерна медицина,** а во април 2004 година е реизбрана во истото наставно-научно звање, при што успешно ја изведувала практичната настава за студентите по медицина и стоматологија (заклучно до јуни 2007). Исто така учествува во континуираната обука на лекари за водење на акутна и хронична дијализа, лекари -стажанти и лекари на специјализација, како и на лекарите од примарното здравство.

## Стручна и научна активност

На Клиниката за нефрологија од 1991 до 1999 година работела во Одделот за хипертензија, а потоа во Одделот за трансплантација. EXO-сонографија работи од 1999 година.

Активно партиципира во изработката на **проекти** и **мултицентрични студии**:

- научен проект: „Предиктори на хипертензијата индуцирана со гравидитет", делумно финансиран од Министерството за наука на Република Македонија, 1990-1999;
- The use of Mofetil mycophenolate (Cell Cept®) and Daclizumab (Zenapax®) in the prevention of acute postransplant rejection episodes, 1998-99
- Hemopharm's research project: Adynamic bone disease – clinical outcome of the treatment with different dialysate calcium concentration, 2003;
- Студија број M55025, Hoffmann-La Roche "Опсервациона, не-интервентна, еднократна, глобална студија во која се следи клиничкиот ефект кај пациентите со алогена трансплантација на

бубрег кои се префрлени на долготрајна имуносупресивна терапија со CellCept® најмалку 6 месеци по трансплантација", спонзор на студијата: Hoffmann-La Roche, 2004-2009;
- научен проект: „Корелација меѓу хистолошкиот наод на крвните садови кај пациенти со хронична бубрежна инсуфициенција со серумските уремични токсини и нивната дијагностичка вредност за превенција на кардиоваскуларниот морбидитет и морталитет", делумно финансиран од Министерството за наука на Република Македонија, 2006-2009.

**Стручно и научно се усовршувала** при повеќекратни престои на:

- **Нинберг, клиниката „Д-р.Ерлер", во склоп на Ерланген-универзитетот, Нинберг, Германија,** 1993 година (3 месеци - проф. Стерцел) (перитонеална дијализа);
- **Клиниката за нефрологија, во склоп на Универзитетот во Болоња, Италија,** 1996 г. ( 3 месеци- проф. Зухели).

чествува со прифатени трудови на конгреси, бројни теоретски, практични рсеви за континуирана медицинска едукација во повеќе европски земји, ко и во секојдневните едукативно-научни активности на Клиниката во ја е вработена.

**Член е на повеќе национални, балкански, европски и тернационални здруженија:**

- Македонското медицинско здружение,
- Македонското здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи;
- МЛД;
- Лекарската комора на Р. Македонија;
- BANTAO – Balkan cities Association of Nephrology, Dialysis, Transplantation and Artificial Organs;
- EDTA/ERA (Европската асоцијација за дијализа и трансплантација);
- International Transplantation Society;
- International Society of Nephrology (ISN);
- ESOT – European Society of Organ Transplantation;
- ESAO – European Society for Artificial Organs.

**ни презентации/поканети предавања**

1: Plasma fibronectin in pregnancy induced hypertension. **III Congress of nephrology, MANU, Skopje, R..Macedonia.**

2002: Interleukin-2R (IL-2R) antagonists (Dacluzumab or Simulect) in the prevention of acute rejection in living donor transplantation. **First Macedonian national Congress of urology in association with the EAU- education office (ESU), Ohrid, R. Macedonia.**
Антагонисти на интерлеукин 2Р (Zenapax, Simulect) во превенција на акутно отфрлање на графтот. **Стручен состанок на Здружението на нефролозите при МЛД со МЗНДТВО, Дојран.**

2003: Поли и моноклонални антитела во превенцијата на акутното отфрлање на графтот при болни со пресаден бубрег. **Македонско-српски нефролошки денови, Охрид, 18-20 април 2003, Македонија.**

2005: Early protocol renal allograft biopsies and graft outcome: effects of treatment of borderline and subclinical rejections at first month on histological changes and function at 6 months. **VII BANTAO Congress, Ohrid, R. Macedonia.**
The evolution of untreated subclinical and borderline rejactions at first month kidney allograft biopsy in comparison with histological changes at 6 months protocol biopsies. **XXXII ESAO Congress, Bologna, Italy.**
Comparison of histological changes in protocol biopsies at 1 and 6 months after living kidney transplantation: do we have to treat borderline and subclinical changes. **XII Congress of the European Society for Organ Transplantation and XIV Congress of the European Transplant Coordinators Organization (ESOT), Geneva, Switzerland.**

2006: Effects of treatment of borderline and subclinical rejections in renal allograft biopsies at first month on the allograft histology and function at 6 months. **XLIII ERA/EDTA Congress, Glasgow, United Kingdom.**
Early borderline and subclinical rejections in renal allograft protocol biopsies. **3rd World Congress on "Quality in Clinical Practice" Thessaloniki, Greece.**

2007: Histological findings in early protocol biopsies of stable renal allografts – beneficial effects of treatment of borderline changes and subclinical rejections. **VIII BANTAO Congress, Belgrade, Serbia.**
Changes of the endothelial factors following ischemia/reperfusion injury and their effect on allograft function and histology at 1 and 6 months after renal transplantation. **VIII BANTAO Congress, Belgrade, Serbia.**

2008: Risk factors in the development of chronic allograft nephropathy (CAN) after kidney transplantation: The role of protocol biopsies. **Session od the Society of nephrology of the Macedonian Medical Association, Demir Kapija, R. Macedonia.**
Ischemic-reperfusion injury-effect on graft function and histology in protocol biopsies at 1 month and 6 months after kidney transplantation.

**Стручен состанок на Здружението на медицински биохемичари на Македонија, Скопје, Р.Македонија.**

2009: Risk Factors for Chronic Allograft Nephropathy after Renal Transplantation: A Protocol Biopsy Study. **IX Congress of BANTAO, Antalya, Turkey.**

Ризик- фактори асоцирани со појавата и прогресијата на хроничната алографт- нефропатија (ХАН)- Улогата на протокол биопсии во раниот посттрансплантациски период кај стабилни бубрежни трансплантати, Катедра за интерна медицина.

- Коавтор е на поглавјето: „Клиничко искуство од постмаркетиншкото испитување на Pancef (Cefixime) во лекувањето на проксимални и дистални уринарни инфекции". **Монографија за Pancef,** Алкалоид, Скопје, 1996, стр.44-50.
- Соработник и коавтор е на **книгата** од проф. М. Поленаковиќ: **„Исхрана кај болни со бубрежна инсуфициенција и на дијализа",** ковтор на поглавјето: „Протеинско-калоричните потреби кај пациентите кои се лекуваат со хронична интермитентна хемодијализа". Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, 1997, стр 137-141.

**Рецензент** е на списанието:
Македонски медицински преглед
**Member of the Editorial Board of the Bantao Journal**

## Досега рецензирани трудови:

1. до последниот реизбор објавила вкупно 73 труда;
2. Трудовите се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 614/94, бр. 691/97, бр. 747/99 и бр. 846 /04.
3. трудови печатени (in extenso) = 53 (рецензирани и со нови за рецензија);
4. коавтор на книга и монографија;
5. трудови цитирани на Медлајн = 20 (13 труда со i.f.);
6. за сегашниот избор пријавува вкупно 99 труда за рецензија

## Д-р Ѓулшен Селим

### Биографски податоци

Д-р. Ѓулшен Селим е родена во Скопје на 25.09.1959 година, каде што завршила основно и средно образование со континуиран одличен успех. По една година од студиите на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група за математика, и покрај успешното студирање, нив ги прекинала и се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје, кој го завршила во јуни 1989 година со средна оценка 8,65.

По завршувањето на студиите, долго време волонтирала во медицинските институции во Скопје, се до 1992 година кога, како невработен лекар ја започнала специјализацијата по интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје и завршниот испит по предметот интерна медицина го положила во октомври 1997 година. Како специјалист - интернист се вработила на Клиниката за нефрологија, во ноември 1998 година.

На Клиниката за нефрологија работи во Одделот за хронична хемодијализа, каде што од септември 2005 година е раководител на Отсекот за развојна и клиничка хемодијализа.

### Научна активност

Јавниот труд на ниво на магистерски труд на тема: "Детерминанти на постдијализниот скок на уреата и неговото влијание врз оценката на ефикасноста на хемодијализата" го пријавила во 2001 година и го одбранила во јуни 2003 година.

Во 2004 година има прифатено тема за изработка на докторска дисертација: "Проценка на влијанието на традиционалните и уремија/дијализно зависни ризик фактори врз кардиоваскуларниот морталитет и морбидитет кај пациенти на хемодијализа", како дел од Проектот за терминална бубрежна слабост во Р.Македонија и рана иницијација на хемодијализата, 2001-2004, со грант од Министерство за образование и наука. Докторската дисертација ја има одбрането и се здобива со титулата доктор на медицински науки на 12.6.2009 година.

### Проекти:

На Клиниката за нефрологија од самото вработување е вклучена во повеќе проекти, како национални така и мултицентрични:

1. истражувач-соработник во Проектот за терминална бубрежна слабост во Р.Македонија и рана иницијација на хемодијализа, 2001-2004 година, грант од Министерство за образование и наука, главен истражувач: проф. д-р. О.Стојчева Танева;

2. истражувач-соработник во мултицентричен проект: "Evaluation of the therapeutic equivalence of two different formulations containing epoetin (Epoetin STADA vs Erpo) administered intravenously in the correction phase of renal anemia" (2004);

3. истражувач-соработник во мултицентричен проект "A randomized, double-blind, placebo-controlled study of TRK-820 in hemodialysis patients with uremic pruritus " (2005);

4. истражувач-соработник во мултицентричен проект "The influence of advanced glycation end products formation rate on long-term mortality and morbidity of dialysis patients:new insights in AGEs at diabetic patients" (2007);

5. соработник во национален проект: Анемија менаџмент анализа на пациенти на дијализа на Р.МАкедонија (АМАМ), главен координатор: проф.д-р. А. Шиколе (2009)

**Наставна активност**

Во март 2001 година се здобила со звањето асистент по предметот интерна медицина, со повторен реизбор во март 2004 година, со што активно учество во практичната настава за студентите.

Од 2003 до 2006 година е помошник-модератор на Нефролошката трибина која се организира на Клиниката за Нефрологија со активно учество во неа со свои презентации (1999 год.- Карактеристики на пациенти со долго хемодијализно лекување; 2001 год. - Повратен скок на уреата- urea rebound и адекватност на ХД; 2003 год. - Примена на колор дуплекс доплер во проценка на протокот на артериовенска фистула кај пациенти на ХХД; 2004 год. - Хемодијализа и гравидитет; 2005 год.- Дневна vs интермитентна хемодијализа; 2006 год. - Инфламација и анемија: предиктори на вкупен и кардиоваскуларен морталитет кај пациенти на хемодијализа; 2008 год. - Влијанието на предијализното нефролошко следење врз иницијацијата и морталитетот кај пациенти на хронична хемодијализа)

Од самото вработување на Клиниката, активно учествува со свои предавања на семинари, конгреси и секции кои ги организира Клиниката за нефрологија. Од позначајните предавања во Здружението на нефролози при МЛК се :

1. Влијанието на клиничките карактеристики на пациентот врз адекватноста на хемодијализата (2000 год.)

2. Хемодинамски детерминанти на постдијализниот повратен скок на уреата (Македонско-српски нефролошки денови, 2003 год.)

3. Предиктори на кардиоваскуларниот морталитет кај пациентите на хронична хемодијализа (2008 год.)

4. Brain natriuretic peptide (BNP) - кај пациенти на хемодијализа: предиктивна вредност на вкупен и кардиоваскуларен морталитет (2009 год.)

5. Хипертензија кај пациенти на хемодијализа (2009 год. - Македонска асоцијација за хипертензија)

Своите трудови ги има презентирано и на меѓународни конгреси со усни презентации:

1."C-reactive protein predicts all-cause mortality in hemodialysis patients" (VII Balkan Cities Association of Nephrology, Dialysis, Transplantation and Artificial Ograns- BANTAO Congress, 2005, Ohrid);

2."Brain natriuretic peptide in hemodialysis patients: prognostic value of baseline measurement for all-cause and cardiovascular mortality" (European Society for Artificial Organs -ESAO Congress, 2009, Compiegne, France);

3. "N-terminal-pro-B-type-natriuretic peptide predicts mortality in patients with end-stage renal disease in hemodialysis" (IX BANTAO Congress, 2009, Antalija, Turkey);

4. "Pulse pressure predicts all-cause and cardiovascular mortality in hemodialysis patients: a 5 years prospective observational study" (IX BANTAO Congress, 2009, Antalija, Turkey)

Апстрактот "Brain natriuretic peptide in hemodialysis patients: predictive value for all-cause and cardiovascular mortality" - G.Selim, O.Stojceva-Taneva, B.Zafirova-Ivanovska, S.Trojacanec-Piponska, S.Gelev, I.Nikolov, N.Stojcev, P.Dzekova, I.Rambabova-Busletic, A.Asani, A.Sikole - на World Congress of Nephrology, 2009, Milan, е оценет во групата топ 20% од сите апстракти.

Член е на Македонското здружение за дијализа, трансплантација и вештачки органи, Европската асоцијација за дијализа и трансплантација - EDTA/ERA, Балканската асоцијација за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи - BANTAO; Европската асоцијација на вештачки органи - ESAO; како и на Лекарската комора на Македонија.

Досега објавените трудови се рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од 23.1.2001 год. бр. 771, на стр 41, од бр. 1 - 6 и во Билтен бр. 846 од 01.3.2004 год. на стр. 266 од бр. 7 - 27.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, образецот кон извештајот за избор и досегашното познавање на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатите, како и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија цени дека сите кандидати ги исполнуваат формалните законски услови за избор во звањето научен соработник.

Врз основа на изнесените податоци, во однос на нивната стручна, научна и едукативна дејност, како и од личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија одлучи и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Јелка Масин-Спасовска и ас. д-р Весна Герасимовска да бидат избрани во звањето научен соработник по предметот интерна медицина.

**Рецензентска комисија**

1. Проф.д-р Ангел Oнчевски, с.р
2. Проф.д-р Лидија Чеврееска, с.р
3. Проф. д-р Бранкица Крстевска, с.р
4. Проф. д-р Нада Марина, с.р
5. Проф. д-р Оливера Стојчева Танева, с.р

### Образец
### кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање

**Кандидат: Герасимовска Весна**
**Институција: Клиника за нефрологија**
**Научна област: интерна медицина**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| | | поени |
|---|---|---|
| **Одржување на вежби Асистент од март 1991- се уште** | 3x 15x0,03=1,35 38x1,35 | **51,3** |
| **Консултации со студенти** | | **1,32** |
| **Позитивно рецензиран практикум-коавтор** | | **3** |
| Вкупно | | **55,62** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

| | бр. | поени | вкупно поени |
|---|---|---|---|
| Одбранета докторска теза | | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска работа или јавен труд | / | / | / |
| **Учесник во национален научен проект** 1.Антимикробната и антитромботичната активност на антибиотиците (1999-2002) | 1 | 3 | 3 |
| Дел од монографија | 2 | 4 | 8 |
| 1.(8)К.Зафировска, Р.Гроздановски, С. Богдановска, **В.Герасимовска-Таневска.** Акутен ефект на Нифедипинот на диурезата, натриурезата и урикозуријата, Едиција бубрег и хипертензија, Бубрег и патогенеза на хипертензијата, Ниш, 1989 г. 2.(94) Инфекции, хемостатски нарушувања и антибиотичка терапија кај болни на хемодијализа, МАНУ, 2004. | | | |
| Дел од монографија-објавен во странство | 1 | 6 | 6 |
| 1.(90)P.Dejanov,A.Oncevski, **V.Gerasimovska**: The advantages of femoral catheters for hemodialysis. Vascular access for hemodialysis-VII, Mitchell L. Henry, M.D, W. L. Gore & Associates, Inc. Precept Press, ISBN:0-944496-67-9,2001 | | | |
| Труд со оригинални научни резултати | 1 | 4 | 2,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **објавен во научно/стручно списание** | | **(60%-2,4)** | |
| **1.** (9) К.Зафировска, С. Богдановска, **В.Герасимовска-Таневска,** Љ.Лозанче, Ј. Максимовиќ- Павловиќ: Periodicum biologorum Vol 90 No 4, p.511-512, презентирано на III научен состанок на нефролозите на Југославија, 8-9.10.1987 г. | | | |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | | |
| 1.Artificial organs | 1 | **6+2,131** | **8,131** |
| 2.Annals dUrologie | 1 | **6+0,25** | **6,25** |
| 3.International Journal of Artificial Organs | 1 | **6+1,277** | **7,277** |
| 4.International Journal of Artificial Organs | 1 | **6+1,277** | **7,277** |
| 5.The Journal of Vascular Access | 1 | **6+1,972** | **7,972** |
| 6.BANTAO Journal | 1 | **6** | **6** |
| 7.BANTAO Journal | 1 | **6** | **6** |
| **1.**(21) M. Polenakovik, L.Grcevska, **V.Gerasimovska**, A.Oncevski, S.Dzikova, K. Cakalaroski, G.Masin:Hantaan virus infection with acute renal failure. Artificial organs19 (8):808-813, 1995.<br>**2.**(42) A. Oncevski, P.Dejanov, **V.Gerasimovska**, K.Cakalarovski, N. Ivanovski, Z.Popov: Acces vasculaires et insuffisance renale chronique. Ann Urol 2000;34:345-51.<br>**3.**(51) A. Oncevski, P.Dejanov, **V. Gerasimovska**, M.Polenakovic: Approach to vascular access for hemodialysis: experiences from the Republic of Macedonia. Int J Artif Organs 2002;25:354-364.<br>**4.**(58) M. Polenakovic on behalf of the Dialysis Working Group: A.Sikole, R.Grozdanovski, V. Amitov, Lj. Stojkovski, A.Oncevski, L.Grcevska, S.Dzikova, K.Cakalaroski, S. Bogdanovska, **V. Gerasimovska**, B. Gerasimovska, M. Milovanceva, O. Stojceva-Taneva at all: Dialysis in adults in year 2000 in the Republic of Macedonia. Int J Artif Organs 2002;25(5):386-390.<br>**5.**(99) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P.Dejanov, M.Polenakovik: Are ambulatory femoral catheters for hemodialysis a safe vascular access? The Journal of Vascular Access 2002;3:14-20.<br>**6.**(101)**V. Gerasimovska,** A.Oncevski, P.Dejanov, B.Gerasimovska-Kitanovska: Infections and malfunctions of temporary femoral catheters- hospital VS ambulatory patients; BANTAO Journal 2005; 3 (2):p.62-63.<br>**7.**(114) A. Oncevski, P.Dzekova, **V.Gerasimovska,** P. Dejanov, L. Tozija: Multiple Myeloma, Renal Involvment and Sepsis-Case report, BANTAO Journal 2009;7(1):55-57. | | | |
| **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир-ММП суплемент** | | 2 | |
| | 8 | (60%-1,2) | 9,6 |
| | 2 | (80%-1,6) | 3,2 |
| **1.** (10) Г. Масин, О.Стојчева, Н. Ивановски, С. Стојковски, Н. Стојчев, А. | | | |

Шиколе, В. Амитов, **В.Герасимовска-Таневска**: Автономна дисрегулација при хронична хемодијализа, Мак.мед.преглед, год. 43, суплемент 9, 1989 г., стр.431-434.

**2.**(11) А. Ончевски, П.Дејанов, К.Чакалароски, Љ. Лозанче, В. Амитов, **В. Герасимовска–Таневска**: Тунелизирана субклавија како траен васкуларен пристап за хемодијализа. Мак.мед.преглед, год 43, суплемент 9, 1989 г., стр.361-363.

**3.** (12) Г. Масин, М. Поленаковиќ, А. Шиколе, Н. Атанасов, Н. Ивановски, К. Чакалароски, О. Стојчева, Н. Стојчев, Љ. Стојковски, **В. Герасимовска-Таневска**, В. Амитов: Преосетливост во почетокот на дијализата Мак.мед.преглед год.43, суплемент 9,1989 г., стр.501-505.

**4.**(14) **В.Герасимовска-Таневска**, А. Ончевски, Л. Грчевска, М. Поленаковиќ: Хантаан вирусната инфекција со ренално засегање во материјалот на Клиниката за нефрологија, Мак.мед.преглед 1994 г. Суплемент 14:111-114.

**5.**(20) К.Зафировска, Л. Лозанче, Г.Масин, В.Ристовска, Ј.Наумовски, С.Богдановска, **В.Герасимовска**: Дваесет и четири часовно амбулантно крвно притисочно мониторирање и колапс индекс на вена кава инфериор кај пациенти на хемодијализа.Мак.мед.преглед 1993, суплемент 12:41-46.

**6.**(40) **V.Gerasimovska,** A. Oncevski, P.Dejanov, K.Popovska, Z.Cekovska: Infections of the dialysis catheters – microbiological analysis. Mak. Medical review 1999;53: Suppl.35 pp 94-97.

7. (56) V. Amitov, S, Gelev, A, Sikole, Z. Antova, T. Josifovska, **V.Gerasimovska**, M.Polenakovik: Hepatitis C in patients on maintenance hemodialysis, prevalence and clinical biochemical correlation Мак мед преглед 2001;55 суплемент 49:159-163.

**8.**(74) М. Поленаковиќ, А. Шиколе, Р. Гроздановски, В. Амитов, А. Ончевски, Н.Ивановски, К.Чакаларпски, Л.Грчевска, С. Џикова, М.Милованчева-Поповска, Љ. Стојковски, О.Стојчева-Танева, В. Ристовска, П.Дејанов, **В.Герасимовска,** С.Гелев, Г. Спасовски, Н. Стојчев: Лекување на возрасни со дијабетес мелитус и терминална бубрежна инсуфициенција со дијализа во 2000 година во Р. Македонија, Мак.мед. прегелед 56 2003, суплемент 59:137-141.

**9.**(15) **В. Герасимовска-Таневска**, А. Ончевски, М.Поленаковиќ: Case report – Ретка клиничка слика на Хантаан вирусна инфекција, Мак. мед преглед 1994, суплемент 14:123-126.

**10.** (57) А. Ончевски, П. Дејанов, **В. Герасимовска**: Наши искуства со васкуларни пристапи за хемодијализа, Мак.мед. преглед 2001;55 суплемент 49:148-158.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | 2 | 3 | 6 |

1. (61) **V. Gerasimovska**, A. Oncevski, P.Dejanov, B.Gerasimovska-Kitanovska: Follow up Tunneled Dialysis Catheters: femoral VS jugular VS subclavion catheters. BANTAO Journal Proceedings of the 6th BANTAO Congress Varna, Bulgaria 6-9 Oct

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2003.<br>2.(13) **В. Герасимовска- Таневска**, А. Essential Ончески, Л. Грчевска, К.Чакалароски, П. Дејанов, М. Поленаковиќ, Г. Масин: Hemorrhagic fever with renal syndrome (HFRS), печатено во Научниот продукт – проблеми и перспективи, Четврта национална конференција на младите научници со меѓународно учество, Варна, Бугарија, 23-24-11.1990 г. | | | |
| **Пленарно предавање на научен стручен собир** | 4 | 2 | 8 |
| 1.Свечена академија по повод 30 год. од основањето на Клиниките при Катедрата за интерна медицина – стручен дел, ас.д-р **В.Герасимовска:** Компаративна студија на феморални катетери употребени како привремен васкуларен пристап за дијализа – дијабетични вс недијабетични пациенти.<br>2. Втор модул за континуирана едукација на тимовите за контрола на болнички инфекции, Ноември 2006 – **В. Герасимовска**: Централни венски линии како причина за инфекции во нефрологијата.<br>3. Прв модул на Семинарот за контрола на нозокомијалните инфекции, април 2007- **В. Герасимовска**: Инфекции и превенција во единицата за дијализа.<br>4. Прв модул на Семинарот за контрола на нозокомијалните инфекции, април 2007- **В. Герасимовска**: Нозокомијални инфекции во единицата за дијализа. | | | |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир** | 8 | 1 | 8 |
| 1. (25) **В.Герасимовска**, А.Шиколе, Д.Атанасова, В. Амитов, Н.Стојчев, С. Гелев, Г. Спасовски, М. Поленаковиќ: Регистар на пациенти на хемодијализа во Република Македонија. Втор конгрес на МЗНДТВО Струга, септ. 8-10.1997.<br>2. Предавање одржано на Саемот за медицина 2003 – **В. Герасимовска**: Централно-венски катетери за извадување на хемодијализа.<br>3. Здружение на нефролози при МЛД – **В. Герасимовска**: Васкуларните пристапи како ризик за влезно место на инфекција (2007).<br>4. Македонско здружение за контрола на интрахоспитални инфекции- **В.Герасимовска**: Хируршко миење на раце (2009).<br>**Предавања на Катедрата за интерна медицина:**<br>5. Централни венски катетери за изведување на дијализа- Компликации и нивни решенија (1999)<br>6. Инфекции и примена на антибиотска терапија кај централни венски катетери за изведување на дијализа (2003)<br>7. Компаративна студија на феморалните катетери употребени како привремен васкуларен пристап за хемодијализа – дијабетични наспроти недијабетични пациенти (2005)<br>8. Централни венски катетери како траен пристап за хемодијализа и ризик од интрахоспитални инфекции (2009) | | | |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | 20 | 2 | 40 |
| 1.(22)**V. Gerasimovska**, A.Oncevski, L. Grcevska, K.Cakalaroski, M. Polenakovik: Hantaan virus infections with acute renal failure in material from department of Nephrology, Medical Faculty Skopje, Macedonia, Second Congress of nephrology, | | | |

Sofia, Bulgaria 26-28 Oct 1994.

**2.** (29) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P. Dejanov, K.Popovska-Jovanovska, Z. Cekovska: Infections of dialysis catheters – microbiological analysis BANTAO, Congress Struga, Macedonia 6-8.09.1997.

**3.** (41) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P. Dejanov : Femoral hemodialysis catheters used as a temporary vascular access – outcome and complications. 15th Danubesymposium of Nephrology, Linz, Austria, 14-16 June 2000.

**4.**(44) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P. Dejanov : Comparison of hospitalized and non-hospitalized patients with femoral catheters used as a temporary vascular access for hemodialysis. 2nd Intrenational Congress of the Vascular Access Society, London, UK, 30th May- 1st June 2001.

**5.**(48) **В. Герасимовска**, А. Ончевски, П. Дејанов: Преживување и компликации на феморалните катетери за хемодијализа употребени како привремен васкуларен пристап. Трет конгрес за нефрологија на Р. Македонија со меѓународно учество, Скопје, Р Македонија, 30 мај-2 јуни 2001, Мак.мед. преглед 55; суплемент, 48 стр. 79.

**6.** (52) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P. Dejanov: Survival and complications of temporary femoral catheters for hemodialysis. Book of abstracts BANTAO 5th Congress, Thessaloniki Greece, Sept.30-Oct. 03-2001, pp.91.

7. (53) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P. Dejanov, K.Popovska-Jovanovska: Temporary femoral catheters for hemodialysis – risk of infections. FEMS Supported symposium" Laboratory diagnosis of emerging infections" во склоп на Втор Конгрес на микробиолозите на Македонија, Зборник на резимеа, Охрид 28-31 Мај 2002г, Мак.мед преглед 55, супл. 50 стр .37.

**8.**(54) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P. Dejanov: Salvage of temporary femoral catheters for hemodialysis using antibiotics in ambulatory patients. 4th European Congress of Chemotherapy and Infections, Paris, France, 4-7 May, 2002, Abstracts, International Journal of Antimicrobial Agents Vol 19, Suppl. 1 (2002) pp. S21.

**9.**(61) **V. Gerasimovska**, A.Oncevski, P. Dejanov, B. Gerasimovska- Kitanovska: Follow up of tunneled dialysis catheters: femoral VS jugular VS subclavian catheters, BANTAO Journal Proceedings of the 6th BANTAO Congress, Varna, Bulgaria, 6-9 oct.2003.

**14.Резултати од 364 оперативно третирани геријатриски пациенти со трохантерни скршеници на натколеницата**
**С.Трпески,И.Кафтанџиев,С.Стојменски,Љ.Николов,И.Хасани, О.Арсовски,А.Гавриловски,Н.Трајковска.**
**3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:127.**

Целта на овој труд е да се одредат најважните параметри кои влијаат на прогнозата кај оперативно третирани геријатриски пациенти,со трохантерни скршеници на натколеницата. Резултатите од студијата покажуваат дека крајниот исход, освен од оперативниот третман, во голема мерка зависи и од физиолошката старост, коморбидитетот, постоперативните компликации, како и од типот на скршеницата.

**Помл. ас. д-р Софија Пејкова**

**Биографски податоци**

Помл. ас д-р Софија Пејкова е родена на 16.12.1975 год. во Крива Паланка, каде што го завршила основното образование. Средното образование го завршила во Скопје, во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов" со одличен успех. Студиите по медицина ги започнала на Медицинскиот факултет во Скопје во учебната 1994/95, а дипломирала во 2000 година со среден успех 9,0.
За време на студиите била активно вклучена во работата на ССММ и ИФМСА. За време на студиите била на студиски престој во Универзитетската болница „Епендорф", Хамбург, Германија, на Клиниката за естетска и реконструктивна хирургија во траење од 1 месец. По завршувањето на студиите започнала да волонтира на Клиниката за трауматологија , Клинички центар - Скопје.

Во 2002 год. е вработена на Клиниката за трауматологија.
Во септември 2002 год. се запишала на постдипломски студии по хирургија. Во април 2004 год. започнала со специјализација по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, а ја завршила во 2008.
Од февруари 2007 год. работи на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија.
На седницата на Наставно-научниот совет, во април 2004 год. е избрана во звањето помлад асистент по предметот хирургија.
Активно зборува два светски јазика: германски и англиски.

## Стручна и научна дејност

Својата стручно-научна дејност ја остварува со публицирани преку 40 стручно-научни трудови, како автор и коавтор, кои се презентирани или публицирани во земјава и во Европа.
За време на својата едукација има реализирано стручно-научни престои и посетено курсеви од областа на трауматологијата и пластичната хирургија.
Во 2002 год. во Љубљана, Словенија, учествува на "Workshop for basic and advance AO Ostheosinthtesis".
Во 2004 год. во Graz, Австрија, партиципира и со успех ги завршува следниве курсеви за обука: AO - COURSE Approaches and Osteosynthesis Hands-on-Course in Traumatology with Cadaver dissection и Anatomy and surgical exposures in spinal trauma .
Престој, кој е од особено значење, кандидатката го реализирала во периодот од октомври до декември 2006 год. на Клиниката за трауматологија, Allgemeine Krankenhaus (AKH) Wien, Medicinische Universitaet Wien, Austria, кај Prof.V.Vescei, еден од врвните трауматолози во светот.
Во јуни 2009 го завршила курсот организиран од ISAPS за време на одржувањето на 6. Конгрес на BAPRAS.
Кандидатката е член на: BAPRAS (Балканско здружение на пластични хирурзи); МАПРЕХ - Македонска асоцијација на пластични и реконструктивни и естетски хирурзи, Хируршката секција на лекарите од Македонија, EATES (Европско здружение за траума и ургентна хирургија, Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Македонија.

## Рецензирани трудови

Заклучно со трудот под реден бр. 25, трудовите се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 848/04, 918/07 и 938/08 .

## Трудови за рецензија

**26. Pejkova S. ,Trajkovska N. , Atanasova E. , Jovchevska J , Mirchevska E. , Djokic Gj , Tudzarova S , Kaftandziev I , Saveski J Extensor Pollicis Longus Tendon Rupture after Distal Radius Fractures: Evaluation of Incidence and Treatment Options VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Преку овој труд авторите ги евалуираат инциденцата и третманот на руптура на m.extensor pollicis longus (ЕПЛ) кај дислоцираните и недислоцираните Colles-ови скршеници на дисталниот крај на радиусот. Во оваа студија се вклучени 180 пациенти со Colles-ови скршеници на дисталниот крај на радиусот. Авторите истакнуваат дека одложена руптура на m.extensor pollicis longus во најголем процент се среќава во групата на недислоцирани скршеници на дисталниот крај на радиусот и таа најчесто се јавува 5 недели по повредата на дисталниот крај на радиусот. Руптурата на ЕПЛ е третирана оперативно со трансфер на тетивата на m.extensor indicis proprius или со слободни тетивни графтови од m.palmaris longus. Во заклучокот авторите истакнуваат дека руптура на тетивата m.extensor pollicis longus може да се очекува многу почесто кај недислоцираните отколку кај дислоцираните Colles-ови скршеници на дисталниот крај на радиусот.

**27. Pejkova S. , Trajkovska N. , Dzonov B., Atanasova E. ,Jovchevska J., Srceva M.. Peev I., Tudzarova S. , Djokic Gj. , Saveski J**
**Reconstruction Of Soft Tissue Defects With Adipofascial Flap In Open Tibial Plafond Fracture .A Case Report**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Преку овој труд авторите ја истакнуваат вредноста на адипозофасцијалниот резен во реконтрукција на дефектите на дисталниот крај на потколеницата. Прикажуваат случај со пилон фрактура на дисталниот крај на потколеницата со опсежна мекоткивна повреда.Фрактурата на дисталниот крај на потколеницата е третирана со поставување на надворешен фиксатор и лимитирана внатрешна фиксација на фибулата. Во втор акт е направена реконструкција на мекоткивниот дефект со примена на адипозофасцијален перфораторски резен.
Постоперативните и функционални резултати кај овој случај се одлични. Затоа авторите истакнуваат дека кај ваков тип на повреди е потрбен мултидисциплинарен пристап.

**28. Pejkova S,Trajkovska N.,Kaftandziev I., Saveski J**
**Influence Of The Radiological Parameters On the Functional Outcome In Elderly Patients With A Fracture Of The Distal Radius Treated Conservatively**
**Third International Congress of Macedonian Association of Orthopaedics and Traumatology 13-16 May, 2009, Ohrid Macedonia.**

Целта на овој труд е да се одреди влијанието на радиолошките параметри на функционалните резултати кај возрасни пациенти со скршеници на дисталниот крај на радиусот третирани конзервативно. Авторите анализираат 60 пациенти со скршеници на дисталниот крај на радиусот со средна возраст од 74,3 години. Функционалните резултати се испитувани преку скорот на Gartland and Werley додека радиолошките

параметри преку Lindstorm radiological score. Материјалот е класифициран по AO/OTA класификацијата.Според добиените резултати, авторите истакнуваат дека не постои корелација помеѓу функционалните и радиолошките резултати.

**29. Pejkova S,Trajkovska N.,Kaftandziev I.,J.Jovchevska, Dzokic Gj., Saveski J**
**Soft-tissue Coverage with Medial Gastrocnemius Muscle Flap in Open Tibial Fracture – A Case Report**
**Third International Congress of Macedonian Association of Orthopaedics and Traumatology 13-16 May, 2009, Ohrid Macedonia.**

Авторите преку овој труд прикажуваат случај со отворена скршеница на тибија III B - степен со голем мекоткивен дефект. Скршеницата е репонирана и фиксирана со неримуван интрамедуларен клин, додека мекоткивниот дефект е реконструиран со примена на медијален гастрокнемиус мускулен резен. Во заклучокот се истакнува дека акутниот хируршки дебридман, интрамедуларната фиксација и мекоткивната реконструкција претставуваат неопходни фактори за постигнување на добри постоперативни функционални резултати.

**30. Tudzarova Gjorgova S., Pejkova S, Peev I**
**Aging Natural Beauty Or Cause For Cosmetic Surgery**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia**

Преку оваа студија авторите ги евалуираат резултатите од естетските процедури направени во периодот 2002-2006 година. За целите на оваа студија се анализирани 213 пациенти кај кои е направена аурикулопластија, кај 30 - блефаропластика, ринопластика кај 250, поставување на импланти на дојки кај 129 пациенти и редукција на дојки кај 29 пациенти. Во заклучокот авторите истакнуваат дека кај естетските операции мора да се имаат предвид очекувањата на пациентите пред операција и претставуваат важен фактор за крајниот исход.

**31. Tudzarova S., Peev I., Pejkova S.**
**Good For The Patients, Good For The Doctor – Minimal Invasive Surgery In Mid-Face Aesthetic Surgery**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Во овој труд авторите ги прикажуваат вредностите на минимално инвазивните методи кај естетските хируршки интервенции во средната лицева регија. Трудот претставува ретроспективна студија во која се анализирани 11 пациентки кај е направена минимално инвазивна естетска корекција на средната лицева регија со темпорален лифтинг, билатерална горна и долна блефаропластика и вбризгување на филери во назолабијалните бразди и брчки. Со оваа техника се постигнува очекуваниот ефект – подмладување на средната лицева регија - за

релативно кратко време, а воедно е придужена со минимален процент на компликации.

**32. Spasov M., Pejkova S , Atanasova E , Cvetanovska V , Pendovska B , Stojkovska-Pemovska E ,**
**Triceps Tendon Rupure With Fracture Of The Radial Head. Case Report**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic, Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Во овој труд е прикажан случај со скршеница на главата на радиусот придружена со руптура на тетивата на m.triceps brachii. Преку овој труд авторите сугерираат на потребата од евалуација на континуитетот на тетивата на m.triceps brachii кај скршеници на главата на радиусот, со цел за правилен третман и постигнување на одлични функционални резултати.

**33. Atanasova E, Marcikik G, Andonovska D , Stevskovska M, Obocki-Lukovska E , Sapova B , Ugrinovska J., Pejkova S**
**Auricular Reconstruction**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Во оваа студија се прикажани 98 случаи кај кои е направена реконструкција на ушната школка. Реконструкцијата е направена поради карциноми, бенигни неоплазми, траума, каснување од човек, каснување од куче. Кај 30 пациенти е направена реконструкција со директна сутура, кај 12 со поставување на кожни трансплантати, кај 18 со лизгачки резени, ротациони резени биле применети кај 12, а транспонирачки кај 19 пациенти. Во заклучокот авторите истакнуваат дека реконструкцијата на ушната школка е особено комплексна процедура поради анатомската структура, тридимензионалната форма, васкуларизацијата и суптилните топографски детали.

**34. Stojkovska- Pemovska, E.; Arsovski, O.; Gavrilovski, A.; Pejkova, S.; Saveski, J.**
**Severe open tibial sahft fractures -The decision to salvage or amputate**
**8th Congress of EFORT, 11-15 May, 2007, Florence, Italy.**

Авторите преку овој труд ги евалуираат исходот и компликациите по оперативен третман на отворените скршеници на тибијата од III степен и преку нив ги дефинираат факторите кои влијаат на одлуката за ампутација или спасување на екстремитетот. Во студијата се анализирани 74 пациенти со отворени скршеници од III степен на тибијата третирани оперативно – со интрамедуларна фиксација или со поставување на надворешен фиксатор, како и примена на секундарни оперативни реконструктивни процедури. Кај ситс пациенти е применет Mengled Extremity Severity Score како единствен објективен фактор, но од резултатите е утврдено дека овој скор претставува само иницијален водич на хирургот при иницијалната процена на пациентот, додека за

крајната одлука мора да се земат предвид и другите субјективни фактори.

**35. Atanasova E, Marcikik G, Andonovska D , Stevskovska M, Obocki-Lukovska E , Pejkova S , Sapova B , Ugrinovska J., Antia-Buch Chondrocutaneous Advancement Flap And Transpositional Skin Flap In Reconstruction Of An Upper Pole Auricular Defect Due To Human Bite VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Реконструкцијата на посттрауматски дефекти на ушната школка претставува особено комплексен проблем поради структурата, нејзината позиција и функција. Во трудот е прикажан случај со постраруматски дефект на горниот пол на ушната школка поради угриз од човек. Направена е реконструкција во еден акт со примена на Antia-Buch хондрокутан лизгачки резен и транспонирачки резен од окципиталната регија за покривање на дефектот од задната страна на ушната школка. Со оваа процедура се постигнати одлични постоперативни резултати. Авторите препорачуваат реконструкција на трауматски дефекти на ушната школка во еден акт.

**36. Jovcevska J , Dika A , Pejkova S , Gjorgievska M , Jovcevski A , Tudzarova S. , Dzokic Gj Scar Endometriosis Developing After Caesarian Section VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Во трудот се прикажани 11 случаи со ендометриоза, локализирана на постоперативна лузна по направен sectio cesarea. Преку овој труд се истакнува дека најчеста локализација на едноментриозата е карличениот базен, иако сепак многу ретко постојат и екстрапелвични локализации, како во прикажаните случаи – по должина на постоперативната лузна. Авторите нагласуваат дека во поставувањето на дијагнозата неопходни се анемнестичките податоци, како и предоперативните инвестигации како иглена биопсија, компјутеризирана томографија и МРИ. Дефинитивната дијагноза се потврдува преку патохистолошка анализа. Кај сите пациенти е направена радикална ексцизија, а во закажаните термини во текот на периодот на следење кај ниту една пацинтка не е забележан рецидив.

**37. M.Jovanovski-Srceva ;A.Damevski; L.Damevska; S.Pejkova General Anesthesia For Pillonidal Disease Tramadol Hydrochloride Given Intraoperatively And Incidence Of PONV VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Преку овој труд авторите ја прикажуваат инциденцата на постоперативна наузеа и повраќање кај пациенти со пилонидален синус оперирани во општа анестезија во зависност од дозата на трамадол хидрохлорид дадена интраоперативно и постоперативно. Анализирани

се 40 пациенти поделени во 3 групи во зависност од дозата на трамадол хидрохлорид. Во заклучокот авторите истакнуваат дека појавата на постоперативната наузеа и повраќање е во корелација со дозата на трамадол хидрохлорид администрирана интраоперативно.

**38. N. Trajkovska, I. Hasani, S. Pejkova, M. Petrovska, J. Saveski**
**Damage Control Orthopaedics Surgery In Polytraumatized Patients With Femoral Shaft Fracture**
**First Congress of Serbian Orthopaedic Surgeons and Traumatologists with International Participation 25 - 26. September, 2008, Belgrade,Serbia.**

Преку оваа студија авторите го презентираат нивното искуство во однос на стратегијата за третман на политрауматизираните пациенти со скршеници на дијафизата на фемурот. Според резултатите, авторите истакнуваат дека во групата на damage control orthopaedics (DCO) постои сигнификантно намалување на инциденцата на системски компликации (ARDS,MOF) во однос на early total care (ETF) групата. Исто така, според резултатите од оваа студија, во групата на DCO има помал процент на компликации во однос на ETF - групата и покрај тоа што групата DCO е со повисок ISS. Во заклучокот авторите препорачуваат DCO хирургија кај политрауматизираните пациенти со скршеници на дијафизата на фемурот.

**39. S. Pejkova, J. Saveski, N. Trajkovska**
**Evaluation Of Functional And Radiological Outcome After Treatment Of Distal Radius**
**First Congress of Serbian Orthopaedic Surgeons and Traumatologists with International Participation 25 - 26. September, 2008, Belgrade,Serbia.**

Во овој труд авторите ги анализираат и ги евалуираат функционалните резултати по третман на скршениците на дисталниот крај на радиусот. Во студијата се анализирани 200 пациенти со скршеници на дисталниот крај на радиусот третирани конзервативно, третирани со надворешна фиксација и пациенти со отворена репозиција и интерна фиксација. Материјалот е класифициран според AO/OTA класификацијата, а функционалните резултати се одредуваат според Demerit Point System by Saito. Во заклучокот авторите истакнуваат дека функционалните резултати корелираат со типот на скршеницата.

**40. Jordan Saveski, Sofija Pejkova, Ilir Hasani, Neda Trajkovska**
**Results In Surgical Treatment Of Displaced Acetabular Fractures**
**Fifth SICOT/SIROT Annual International Conference 29 August – 1 September 2007**
**Palais des Congrès,Marrakech, Morocco.**

Целта на оваа студија е да се одреди степенот на анатомската репозиција и функционалните резултати по хируршки третман на дислоцирани скшеници на ацетабулумот. За целите на овој труд се анализирани 205

пациенти во период од 14 години, со дислоцирани скршеници на ацетабулумот, третирани оперативно. Авторите истакнуваат дека степенот на репозиција зависи од типот на скршеницата, изборот на хируршкиот пристап во периодот помеѓу времето на повредата и хируршката интервенција. Функционалните резултати се испитувани според скорот на D`Aubigne Postel и од добиените резултати се заклучува дека одлични и добри функционални резултати се постигнуваат само доколку е направена анатомска репозиција и е избран соодветен хируршки пристап.

**Помл. ас. д-р Венко Филипче**

**Биографски податоци**

Венко Филипче е роден на 13.6.1977г. во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 1995 г. а дипломирал во 2001 г. со среден успех 9,65. По завршениот докторски стаж положил стручен испит во 2002 г. Вработен е на Клиниката за неврохирургија од 2002 г. Специјализацијата по неврохирургија ја завршил во 2008 г.
За помлад асистент по предметот хирургија е избран во 2004 г. и е реизбиран во истото звање се до 2010 г.

**Стручна и научна дејност**

Д-р Венко Филипче, во текот на специјализацијата, остварил краток престој во 2004 г. на Клиниката за Неврохирургија во LKH, Graz, Austria. Во 2005/06 г. остварил десет месечен стручен престој на Институтот за неврохирургија во Клиничкиот центар во Белград. Во 2006 г., три месеци престојувал во Neurosurgery Inc. Kettering Medical Centar, во Dayton, Ohio, USA, каде што се едуцирал во областа на спиналната хирургија. Во 2008 г. шест месеци е Research fellow на Ohio State University во Columbos Ohio, USA, каде што работел на проекти од областа на невроендоскопијата и спиналната хирургија. Од 2006 г. е член на American Association of Neurological Surgeons (AANS), а од 2007 на Youth Forum of the World Federation of Neurological Surgeons (YFNS). Бил учесник на домашни и меѓународни конгреси и симпозиуми каде што се појавува како автор и коавтор на повеќе трудови. Објавува трудови во наши и странски списанија од областа на неврохирургијата. Се служи со англискиот и италијанскиот јазик.
Во март 2004г. е избран за помлад асистент по предметот хирургија и активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметите хирургија и хируршка пропедевтика.

**Рецензирани трудови**

Трудовите заклучно со реден број 8 се рецензирани во Билтенот на Медицинскиот факултет бр. 918 од 27.4.2007 г.

**Трудови за рецензија:**

**9. Quantitative and qualitative analysis of the working area obtained by microscope and endoscope in various approaches to the anterior communicanting artery complex using stereotaxy: A cadaver study**
**Filipce V, Pilai P, Makiese O, Zarzour H, Pigott M, Ammirati M.**
**Neurosurgery 65(6): 1147-1153, December 2009.**

Во овој труд авторите ја споредуваат хируршката работна површина добиена со ендоскоп наспроти микроскоп во различни пристапи до комплексот на предната комуникантна артерија. Досега не е објавен труд кој квалитативно и квантитативно ја анализира хируршката работна површина при ваквите пристапи.

**10. Quantitative analysis of surgical exposure and angle of surgical freedom obtained by endoscope and microscope in various approaches to the anterior communicanting artery complex using CT based frameless stereotaxy**
**Filipce V, Pilai P, Makiese O, Kurozumi K, Pigott M, Ammirati M.**
**5th International congress of the World Federation of Skull Base Socieities and 19th Anual Meeting of the North American Skull Base Society, September 2008, Vancouver Canada. Skul Base an Interdisciplinary Approach , September 2008, 18, (Supplement 10: 34-34. Thieme New York Stuttgart: Vancouver, British Columbia, Canada.**

Во трудот авторите ги анализираат експозицијата и аголот под кој се пристапува до комплексот на предната комуникантна артерија при различни пристапи користејќи ендоскоп наспроти микроскоп.

**11. Outcome of purely endoscopic surgery for pituitary adenomas: A systematic review of the literature**
**Makiese O, Pilai p, Filipce V, Ammirati M.**
**5th International congress of the World Federation of Skull Base Socieities and 19th Anual Meeting of the North American Skull Base Society, September 2008, Vancouver Canada. Skul Base an Interdisciplinary Approach , September 2008, 18, (Supplement 10: 50-50). Thieme New York Stuttgart: Vancouver, British Columbia, Canada.**

Авторите во овој труд прават преглед на литературата цитирана во Пуб Мед, притоа осврнувајќи се на исходот од ендоскопската хирургија на хипофизарните аденоми.

**12. Quantitative analysis of surgical exposure and angle of surgical freedom obtained by endoscope and microscope in the retrosigmoid and various posterior petrosectomy approaches to the petroclival region using CT-based frameless stereotaxy.**
**Kurozumi K, Pilai P, Filipce V, Pigott M, Chiocca EA, Ammirati M.**

5th International congress of the World Federation of Skull Base Socieities and 19th Anual Meeting of the North American Skull Base Society, September 2008, Vancouver Canada. Skul Base an Interdisciplinary Approach , September 2008, 18, (Supplement 10: 50-50). Thieme New York Stuttgart: Vancouver, British Columbia, Canada.

Во овој труд авторите квантитативно ги анализираат експозицијата и аголот под кој се пристапува до петрокливалната регија со ретросигмоиден и пристапи со петросектомија, а притоа користејќи ендоскоп наспроти микроскоп.

**13. Fractionated stereotactic intensity modulated radiotherapy using a serial tomotherapy in the therapeutical concept for skull base tumor Ammirati M, Zarzour H, Grecula J, Filipce V, Acta Neurochirurgica, The European Journal of Neurosurgery, September 2008, 150, (9): 981-982. Springer Wien New York: Rimini, Italy.**

Авторите се осврнуваат на концепцијата за третман на тумори на базата на черепот користејќи фракционирана модулирана стереотактична радиотерапија.

**14. Predictive value of the duration of sciatica for lumbar discectomy**
**Blazevski B, Filipce V, Cvetanovski V, Simonovska N**
**Contributions, Sec. Biol. Med. Sci, 29/2 325-335;2008.**

Во овој труд е оценета предиктивната вредност на времетраењето на лумбоишиалгијата во исходот на лумбалната дисцектомија.

**15. The subaxial cervical spine fractures –Evaluation, Treatment and Controverses**
**Saveski J, Hasani I, Filipce V, Trajkovska N, Saveski A.**
**First Congress of Serbian Trauma Assotiation (STA) with International partitipation, September 23-26, 2009, Subotica, Serbia.**

Во овој труд авторите се осврнуваат на евалуацијата, третманот како и на контроверзите во третманот на субаксијалните фрактури на вратниот 'рбет.

**16. Thoracolumbar Injury Severity Scale (TLISS) in decision making about treatment of thoracolumbar fractures**
**Trajkovska N, Hasani I, Filipce V, Saveski J**
**Third Congress of Macedonian Association of Orthopaedists and Traumatologists with International Participation, May 13-16 2009, Ohrid, Macedonia.**

Во трудот е оценета вредноста на ТЛИСС - скалата при третманот на торакoлумбалните фрактури.

**17. Comparasion of results after conservative and operative treatment of patients with thoracolumbar burst fractures without neurological deficit**

**I. Hasani, N. Trajkovska, V. Filipce, J. Saveski**

**Third Congress of Macedonian Association of Orthopaedists and Traumatologists with International Participation, May 13-16 2009, Ohrid, Macedonia.**

Во овој труд е направена споредба на резултатите добиени со конзервативен наспроти оперативен третман кај пациентите со тораколумбални Бурст фрактури без невролошки дефицит.

**18. Symptomatic Epilepsies-Evaluation of Treatment Effects by Phenobarbital and Topamax**

**D. Petrovska Cvetkovska, D. Nikodijevic, N. Dolnenec Baneva, M. Stojanov, S. Radulovic Becarovska, V. Filipce, A. Caparoski, S. Damjanovski, B. Maksimovska, A. Bogoevski**

**Epilepsija, 27/28; 71-74, 2008.**

Во трудот се евалуираат ефектите на Phenobarbital и Topamax кај симптоматските епилепсии.

**19. Combined Posterior and Anterior Surgery for Fractures of Thoracolumbar spine with Incomplete Neurological deficit**

**Saveski J, Hasani I, Filipce V, Trajkovska N.**

**Spine Experts Group, 6th Annual Meeting, 4-7 December, 2008, Sofia, Bulgaria.**

Во овој труд е евалуирана вредноста на комбинираниот преден и заден пристап кај пациенти со фрактури на тораколумбалниот 'рбет со некомплетен невролошки дефицит.

**20. The Subaxial Cervical Spine Fractures –Evaluation, Treatment and Controversis**

**Saveski J., Kaftandziev I., Hasani I., Trajkovska N., Filipce V.**

**Spine Experts Group, 6th Annual Meeting , 4 – 7 December, 2008, Sofia, Bulgaria.**

Во трудот се евалуирани различни аспекти при третман на фрактурите на вратниот 'рбет.

**21. Thoracolumbar fractures (Assessment, Indications for Surgery, Choice of the Best Surgical Approach)**
**Saveski J., Trajkovska N., Hasani I., Filipce V.**
**Spine Experts Group, 5th Annual Meeting , 6 – 8 December, 2007, Belgrade, Serbia.**

Во овој труд авторите се осврнуваат на индикациите и изборот на пристап кај пациенти со тораколумбални фрактури.

**22. Thoracolumbar Fractures**
**Saveski J., Trajkovska N., Filipce V., Hasani I.**
**2nd Congress of Albanian Association of Orthopaedic Surgery and Traumatology with National Trauma Center with international participation, EFORT – FORUM, October 12-13, 2007, Tirana, Albania.**

Во трудот авторите ги евалуираат механизмите, дијагностиката, како и методите за избор на најдобар пристап во третманот на тораколумбални фрактури.

**23. Choice OF Surgical Approach in the Treatment of Subaxial Cervical Spine Injuries**
**Saveski J., Filipce V., Trajkovska N., Hasani I.**
**2nd Congress of Albanian Association of Orthopaedic Surgery and Traumatology with National Trauma Center with international participation, EFORT – FORUM, October 12-13, 2007, Tirana, Albania.**

Во овој труд авторите се осврнуваат на методологијата на избор на пристап во третманот на субаксијалните фрактури на вратниот 'рбет.

**24. Combined Posterior and Anterior Surgery for Fractures of The Thoracolumbar Spine with Incomplete Neurological Deficit**

**Saveski J., Filipce V., Trajkovska N.**

**Fifth SICOT/SIROT Annual International Conference, 29 August – 1 September 2007, Marrakesh, Morocco.**

Во трудот е евалуирана вредноста на комбинираниот заден и преден пристап во третманот на фрактурите на тораколумбалниот 'рбет со некомплетен невролошки дефицит.

**25. Timing of Surgery in Thoracolumbar Spine Fractures with Incomplete Neurological Deficit**

**Saveski J.,Stolevski V.,Andonovski Z.,Pejkova S.,Filipce V.**

**7th National Spinal Surgery Symposium with International Participation, Borovetz, Bulgaria, 5-7 May, 2005.**

Во овој труд авторите се осврнуваат на одредување на тајмингот при третманот на тораколумбалните фрактури со некомплетен невролошки дефицит.

**26. Neurological Recovery in Surgical Treatment of Thoracolum-Bar Spine Fractures with Incomplete Neurological Deficit**

**Saveski J., Stolevski V., Andonovski Z., Pejkova S., Filipce V.**

**3rd Annual Meeting of Spine Experts Group, December 8-10, 2005, Thessaloniki, Greece.**

Во овој труд е евалуирано невролошкото опоравување кај пациенти кои се хируршки третирани заради тораколумбални фрактури со некомплетен невролошки дефицит.

**Помл. ас. д-р Маргарита Пенева**

**Биографски податоци**

Маргарита Пенева е родена на 3.5.1975 година во Скопје. Во 1993 година матурира на природно-математичката гимназија ,, Никола Карев " во Скопје, а во 1999 година го завршила Медицинскиот факултет исто така во Скопје со просек 9,50. Од јули 2002 година работи на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија. Во април 2006 година ја завршила специјализација по општа хирургија. На постдипломски студии по општа хирургија се запишала во 2001 година. За помлад асистент по предметот хирургија е избрана во 2004 година и е реизбирана во истото звање сè до 2010 година. Активно зборува англиски и француски јазик, а пасивно го познава германскиот јазик.

**Стручна и научна дејност**

Д-р Маргарита Пенева, за време на студиите, повеќе пати била на студентска размена и учествувала на студентски конгреси и симпозиуми. Во текот на специјализацијата посетувала базичен курс за микрохирургија и курс за дисекција на слободни резени во Cluj-Napoca, Романија. Во 2005 година била на студиски престој на Одделението за пластична хирургија во Марибор, Словенија. Во октомври 2007 посетила курс по микрохирургија во Загреб, Република Хрватска. Во текот на 2008 година, 3 месеци престојувала на Клиниката за пластична хирургија во Клиничката болница ,, Дубрава" во Загреб.
За помлад асистент по предметот хирургија е избрана во 2004 година и е реизбирана во истото звање се до 2010 година. Активно учествувала во

изведувањето на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија по предметите општа хирургија и хируршка пропедевтика. Зема активно учество во изработка на научно-стручни трудови кои се презентирани на повеќе домашни и странски конгреси.

**Рецензирани трудови**

Заклучно со трудот под реден бр.6, трудовите се резензирани во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 846 од 1.3.2009 и бр. 918 од 24.4.2007 при изборот за помлад асистент во 2004. и 2007 година соодветно.

**Трудови за рецензија:**

**7. Midface Soft Tissue Defects Reconstruction**
**M. Peneva, V. trenchev, a. Naceska, I. Peev, V. Filipovski, Lj. Damevska**
**6th Congress BAPRAS 2009, Ohrid.**

Во трудот е направен приказ на случаи за реконструкција на мекоткивните дефекти во средните партии на лицевата регија со употреба на локални резенки.
Трудот има ревијален карактер и практично значење.

**8. Evaluation of Soft Tissue Defects Reconstruction Using Flaps or Skin Grafts**
**E. Mirchevska, I. Peev, M. Peneva, B. Dzonov, M. Marchevska, V. Mirchevski**
**Macedonian Journal of Medical Sciences, 2009 Sep; 2(3):230-234.**

Во трудот авторите прават споредба меѓу два различни реконструктивни метода - употреба на кожни трансплантати наспроти употреба на локални резенки во решавањето на кожните дефекти. Во заклучокот се истакнува дека локалните кожни резенки се прв метод на избор при решавањето на кожните дефекти поради подобрите резултати во сите обработени критериуми.
Трудот има практично значење во секојдневната реконструктивна хирургија.

**Помл. ас. д-р Љуљзим Агаи**

**Биографски податоци**

Љуљзим Агаи е роден на 27.3.1962, во Скопје. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Приштина (1987), каде што и го положил државниот испит (1988). Стажот го завршил во Приштина, каде што работел како општ лекар до 1989 година, кога се вработил на Хируршката клиника во Приштина. Од 1990 до 1994 бил на специјализација по неврохирургија во Болницата „Сестре Милосрднице" во Загреб, Хрватска. Специјализацијата ја

продолжил и ја завршил во Скопје, на Клиниката за неврохирургија, во 1996, а се вработил на истата клиника во 2000 г. Во периодот од 1996 до 2000 година работел како општ лекар во приватна ординација. Од усовршувањата: март 1994 - престој во приватна радиолошка практика „Лумиани" во Билефелд, СР Германија; јуни, јули, август 1996 - престојување во „Ст. Мариен хоспитал", на неврохируршко одделение, во Лунен, Германија; октомври 2002 - партиципант на Првиот интензивен балкански семинар за телемедицина во Приштина; февруари 2003 – партиципант на Салцбург-Корнеловиот семинар во Салцбург, Австрија; јуни 2003 – партиципант на Вториот научен меѓународен симпозиум за ултразвучна дијагностика во медицината, Призрен, Косово; април 2005 - студиски престој на Неврохируршката клиника во Љубљана, Словенија, под супервизија на проф. Винко Доленц; јули 2005 - студиски престој на Неврохируршката клиника во АКХ Виена, Австрија, директор проф. Е. Кносп; октомври 2007 - партиципант на Вториот интензивен балкански семинар за телемедицина во Тирана, Албанија; октомври 2007 - учесник на Третата меѓународна работилница за невроендоскопија, Истанбул, Турција; септември 2008 - партиципант на Салцбург Веил Корнеловиот семинар за неврохирургија во Салцбург, Австрија; февруари 2009 - партиципант на Третиот интензивен балкански семинар за телемедицина во Скопје. Познавање на јазици: албански, македонски, српски и хрватски како и англиски, италијански и германски.

**Рецензирани трудови**

Заклучно со трудот под редеп број 5, трудовите се рецензирани во билтените на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Трудови за рецензија**

**6. Церебрална цистицеркоза – приказ на случај (Cerebral cystocercosis: case report). Мирчевски В., Агаи Љ., Домазетов Р., Мојсова М., Илиев Б., Цветковски П.**

Трудот е презентиран на Третиот конгрес на микробиолозите на Македонија одржан од 17 до 20 мај 2006 година во Охрид, Република Македонија. Претставува приказ на случај со церебрална цистицеркоза лекуван оперативно, за да 6 години потоа повторно се најдат нови цисти кај болната и покрај негативниот наод на интестинална тенија. Самата специфика на прикажаниот случај претставува придонес за развојот на сфаќањето за можната инфекција со цистоцеркни цисти.

**7. Teamwork with plastic surgeons in reconstruction of huge lumbar meningomyelocella, V. Mircevski, E. Zogovska, Lj. Agai, V. Stolevski, A. Caparoski, S. Damjanovski, I. Pangovski, R. Sumkovski, M. Micevski, M. Lovac, R. Domazetov.**

Трудот е прикажан на 34. Конгрес на Меѓународното здружение за детска неврохирургија, одржан од 19 до 14 септември 2006 година, во Тајпеј, Тајван. Во наведената ретроспективна студија на лекувани

новородени со лумбосакрална менингомиелоцела се дава акцент на соработката со хирург - пластичар, специјалист за реконструктивна хирургија проширувајќи ги можностите за покривање на кожниот дефект, и на тој начин придонесувајќи за адекватно лекување на овие мали пациенти.

**8. Cauda Equina Syndrome. Agai L., Mircevski V. 9th International Professional Medical Meeting, Tetovo, Macedonia, October 26, 2007.**

Трудот е прикажан на 9. Интернационален професионален собир на лекарите во Тетово, одржан на 26 октомври 2007 година. Во него се прикажани 18 случаи на пациенти лекувани од клинички синдром на кауда еквина на Неврохируршката клиника во Скопје. Поентата на оваа ретроспективна анализа е дека овие пациенти треба да се оперираат итно, т.е. во текот на првите 48 часа од настапот на манифестацијата, за да се обезбеди максимален терапевтски учинок.

**9. Initial leucocytosis and hyponatraemia occuring after aneurysmal subarachnoid haemorrhage – do they predict poor outcome? G.. Taleska, V. Durnev, V. Mircevski, M.. Soljakova, Z.S. Suplinoski, T.T. Trajkovska, L.A. Agai, S.A. Ackovska, V.. Davceva, Lj. Momirovska, M. Naumovska. European Journal of Anaesthesiology, Volume 25, Supplement 43, 2008.**

Трудот е објавен во Европското списание за анестезиологија. Врз основа на лабораториските параметри на 45 пациенти примени на Клиниката поради субарахноидално крвавење, се поставува прашањето дали леукоцитозата и хипонатремијата можат да се сметаат како значајни фактори за предикција на степенот на вазоспазмот. Заклучокот е позитивен за првиот и негативен за вториот параметар.

**10. Our experience with MR Cisternography and the Treatment of Spontaneous CSF Fistulae in the Anterior Cranial Fossa. V. Mircevski, L. Agai, R. Domazetov, A. Petrusevska, Lj. Donev. Skull Base, Supplement 1, Volume 17, Thieme, May 2007.**

МР - цистернографијата е мошне практична и неинвазивна дијагностичка процедура за откривање на локацијата на ликворната фистула за егзактна предоперативна подготовка и планирање. Оваа метода успешно ја заменува традиционалната радиоизотопна метода. Авторите ги изнесуваат нивните позитивни искуства во врска со оваа метода.

**11. Carpenter Sy (case report). Agai L., Mircevski V., Rendevski V., Mircevska E., Domazetov R. International Professional Medical Meeting, Kumanovo, Macedonia, October 24, 2008.**

Еден мошне редок синдром (опишани се 100 случаи во светската литература), на успешно третирано дете со мултидисциплинарен пристап (неврохируршка и пластична реконструктивна интервенција).

Трудот е презентиран на Меѓународниот состанок на лекари во Куманово во октомври 2008.

**12. Our experience in the treatment of pressure ulcers by using local cutaneous flaps. Zogovska E., Novevski I., Agai L., Mircevski V., Peev I., Dzokic Gj. Македонска академија на науките и уметностите: Прилози, Одделение за биолошки и медицински науки, XXIX 1, Skopje, 2008.**

Декубиталните рани се честа компликација на хроничните болни со неадекватна физикална нега. Нивното лекување е долготрајно, макотрпно и со неизвесни резултати. Авторите го прикажуваат нивното позитивно искуство со активен хируршки пристап со локални кожни флепови.

**13. Tethered Spinal Cord Syndrome (case report). Agai L., Mircevski V., Suplinovski Z., Hodai S., Zeqiri B. International Professional Medical Meeting, Tetovo, Macedonia, October 23 – 24, 2009.**

Овој релативно редок синдром добива од ден на ден сè поголемо значење во неврохируршката практика благодарение на подоброто познавање на ембриологијата и патофизиологијата на положбата на терминалниот дел од 'рбетниот мозок. Голем придонес во демистификацијата на овој синдром имаше и воведувањето на НМР како неизбежна дијагностичка процедура за одредување на положбата на конус медуларис и филум терминале. Описот на случајот ги опфаќа клиничките и радиолошките иследувања, како и успешното хируршко лекување.

## Д-р Сотир Ставридис

### Биографски податоци

Д-р Сотир Александар Ставридис е роден на 13.6.1974 во Скопје. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје, во јуни 1999 година, со просек 9,56. Бил активен член на Сојузот на студенти по медицина на Македонија (ССММ) и на Европската медицинска студентска асоцијација (ЕМСА), како и претседател на ССММ. Бил проект - координатор на Интернационалната федерација на сојузите на студенти по медицина (ИФМСА) на работилница од областа на медицинската едукација одржан во Охрид во 1999 година.
Во март 2000 година се вработил на Клиниката за урологија при Клиничкиот центар во Скопје, каде што и сега работи.

### Стручна и научна дејност

Во 2001 година, кандидатот бил избран за помлад асистент по предметот хирургија, а во 2005 година е реизбран во истото звање сè до 2008 година.

Учествувал во практичната настава по предметите хируршка пропедевтика и хирургија за студентите по медицина и стоматологија.
Во ноември 2005 година ја завршил специјализацијата по урологија и се стекнал со звањето специјалист по урологија.
Во јануари 2009 година ја одбранил магистерската теза со наслов: „Детекција на ниво на експресија на ХЕР-2 протеинот кај карцином на простата и можности за негова практична примена", и се стекнал со звањето магистер на медицински науки.

**Стручни престои и усовршувања:**

Во 2000 година добил Chevening стипендија од Британскиот совет во Македонија и престојувал три месеци во Лондон, Велика Британија, во болницата „Ст. Петерс", на Институтот за урологија и нефрологија, дел од University College of London.
Во 2008 година добил стипендија од Европската уролошка асоцијација за тримесечен престој во Виена, Австрија, во болницата Allgemeines Krankenhaus на Клиниката за урологија, дел од Универзитетот на Виена.
Учествувал на повеќе конгреси и симпозиуми како: Вториот балкански конгрес на урологите во 2000 година, Вториот конгрес на хирурзите на Македонија во 2000 година, Првиот македонски национален уролошки конгрес во 2002 година, Вториот конгрес на урологите на Словенија во 2003 година, како и на повеќе состаноци организирани од страна на Европската уролошка асоцијација од 2004 до 2009 година.
Има изработено или учествувано во изработката на повеќе од 50 трудови, од кои дел се рецензирани во Билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - бр.777/01, бр.833/03, бр.847/04, 871/05, 894/06.

**Рецензирани трудови**

Заклучно со трудот под реден број 23, трудовите се рецензирани во билтените на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со број 777/01, 833/03, 847/04, 871/05, 894/06

**Трудови за рецензија:**

**24. Таушанова Б, <u>Ставридис С</u>, Пеева В. Фактори на ризикот на нефролитијазата. Метаанализа на најновата литература. Мак спи мед 2004; 50 (1-2):1-170.**

Во трудот е направено истражување и метаанализа на факторите на ризикот за појавата на уринарната калкулоза, како и разгледување на евентуалните мерки за спречување или намалување на инциденцата на оваа уролошка патологија.
Трудот има ревијален карактер.

**25. <u>Ставридис С</u>, Лековски Љ, Дохчев С, Ставридис А. Benign fibroepithelial tumor of the renal pelvis, personal clinical experience ans global literature review; Апстракт книга на 1. Состанок на ЕАУ за ЈИЕ 2005.**

Направен е приказ на редок случај на тумор на бубрежното легенче проследено со приказ на сите хистопатолошки инвестигации, како и на направениот преглед на постојната литература.
Трудот има практично значење и ревијален карактер.

**26. Ставридис С, Лековски Љ, Дохчев С, Банев С, Ставридис А. Her-2, new potential predictor of locally advanced prostate carcinoma? Eur Urol Meetings 2007; 2(5):69.**

Во трудот е прикажан нов потенцијален туморски маркер, Хер-2, за рано дијагностицирање на пациенти во напреднат стадиум на карцином на простата. Прикажани се состојбите кај кои тој е позитивно експримиран како и сите пато-хистолошки анализи и процедури со кои тој се докажува.
Трудот има големо научно и клинички практично значење.

**27. Ставридис С, Пенев М, Лековски Љ, Саиди С, Кузманоски М, Мицковски А, Ставридис А. Does lymphadenectomy improves the overall survival in RCC patients. Eur Urol Meetings 2007; 2(5):13**

Во студијата е направена анализа на 142 пациенти со примарен карцином на бубрег кај кои е направена радикална нефректомија со или без регионална лимфаденектомија во периодот од 1998 до 2002 година. Анализирана е корелацијата помеѓу бројот на извадени лимфни јазли, бројот на позитивни лимфни јазли, односот помеѓу позитивните лимфни јазли и вкупниот број на извадените јазли и специфичното преживување со карцином. Студијата не покажа покажа статистички значајна разлика помеѓу испитуваните групи.
Трудот има практично значење во секојдневната уроонколошка практика.

**28. Ставридис С, Лековски Љ, Дохчев С, Ивановски О, Мицковски А, Ставридис А. The impact of terazosin on the total IPSS, the quality of life and the delay of operative treatment in BPH/LUTS patients. Eur Urol Meetings 2007; 2(5):59.**

Во оваа проспективна студија се прикажани резултатите на дејствувањето на теразосинот како алфа - блокатор врз опструктивните и иритативните компоненти на БПХ. Прикажано с неговото влијание врз интернационалниот простате симптом скор, квалитетот на живот и одложувањето на оперативниот зафат. Резултатите покажале голема ефикасност на лекот врз сите горенаведени параметри.
Трудот претставува придонес од стручно - научен карактер.

**29. Саиди С, Кузманоски М, Ставридис С, Ивановски О, Јанчулев Ј, Петровски Д. Effectivness of immediate intravesical instillation of Mitomycin C after transurethral resection of low risk non muscle invasive bladder cancer; Eur Urol Meetings 2008;3(9):120.**

Во оваа клиничка студија авторите изнесуваат податоци од повеќе пациенти оперирани поради карцином на мочен меур со трансуретрална ресекција. Пациентите биле поделени во две студиски групи во зависност од интравезикалната примена на митомицин Ц. Забележана е сигнификантно значајна намалена рекуренцијата на туморот после применатa на митомицинот Ц.
Трудот има научно и практично значење во уролошката практика.

**30. Саиди С, <u>Ставридис С</u>, Јанчулев Ј, Кузманоски М, Мицковски А, Петровски Д. Complications after radical retropubic prostatectomy-our experiences; Eur Urol Meetings 2008; 3(9):102.**

Во овој труд авторите изнесуваат податоци од компликациите на радикалната простатектомија. Врз основа на изнесените податоци произлегува дека радикалната простатектомија е метода од избор при лекување на локализираниот карцином на простатата, но прецизниот предоперативен клинички стејџинг и искуството на хирургот битно влијаат во намалувањето на постоперативните компликации.
Трудот е од практично значење во третманот на пациенти со карцином на простатата.

**31. <u>Ставридис С.</u> Превенција на карцином на простата; Скрининг или редовни контроли? Зборник на апстракти; 2. Конгрес на лекарите по општа медицина на РМ со меѓународно учество, 2008.**

Овој труд се занимава со проблемот на превенцијата на карциномот на простатата и потребата или не од правење на скрининг кај мажи. Направен е преглед на достапната литература и донесени се повеќе заклучоци. Укажано е на потребата за редовни контроли на машката популација над педесетгодишна возраст, но изнесени се и контрадикторните ставови по ова прашање во светската уролошка јавност.
Трудот има ревијален карактер, но и научен и практичен придонес во уролошката практика.

**Д-р Скендер Саиди**

**Биографски податоци**

Скендер Саиди е роден на 13. 6. 1967 година во Тетово. Основно и средно образование завршил во Тетово. Во 1992 година дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. По завршениот приправнички стаж се вработил во ПЗУ „Виталис-АС“ во Тетово, каде што работел од септември 1995 до октомври 2000 година. Во 2000 година пред комисијата заснована од Хируршката катедра при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје успешно го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со титулата

специјалист по урологија. Од 2000 година е во редовен работен однос на Клиниката за урологија во Скопје.
Во 2002 година престојувал на стручно усовршување во лиценцираната школа за ендоурологија во Словењ-Градец, Република Словенија, каде што се стекнал со знаења и вештини од сферата на минимално инвазивните уролошки методи. Исто така во 2005 година престојувал на Клиниката за урологија во Љубљана каде што се здобил со знаења и вештини од областа на интервентната ултрасонографија.
Во 2009 година пред комисијата заснована од Деканатот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје успешно го одбранил магистерскиот труд на тема „Евалуација на вредноста на експресијата на p53 протеинот во екстракапсуларната екстензија на карциномот на простата" и се стекнал со звањето Магистер на медицински науки.
Активно зборува македонски, албански, турски и англиски јазик. Има завршено основно музичко училиште, насока за солфеѓо и виолина.
Посетил неколку конгреси со меѓународен и национален карактер (Струга 2000-како член на организациониот одбор на I балкански конгрес; Истанбул 2005-ЕАУ; Белград, 2005-ЕСУ; Сараево, 2007-ЕСУ; Тирана, 2008 година).
Членува во повеќе асоцијации и здруженија: МЛД (Македонско лекарско друштво), МАУ (Македонска асоцијација на уролози), ЕАУ (Европска уролошка асоцијација) и ЕЕС (Европска уролошка асоцијација)

## Стручна и научна дејност

Д-р Саиди во 2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Евалуација на вредноста на експресијата на p53 протеинот во екстракапсуларната екстензија на карциномот на простата" и се стекнал со звањето магистер на медицински науки.
Од 2009 година ја изработува докторската дисертација под менторство на акад. проф. Ж. Попов на тема: „Поврзаност на прекумерната експресија на гените УХРФ1, п53 и на микросателитната нестабилност со фенотипот на карциномот на мочен меур".

## Трудови за рецензија

**1. Стриктури на урета и нивно решавање со оптичка интерна уретротомија, наши искуства 1995-2001. Mak Med Pregled 2002;55:79.**
**А.Ставридис, В. Георгиев, М. Пенев, Л. Лековски, О.Станков, С. Дохчев, Д. Петровски, С. Саиди, С. Ставридс, Ж. Попов.**

Во овој труд се прикажани седумгодишни резултати од интерната уретротомија како метода на решавање на уретралните стеснувања како чест уролошки проблем во Р. Македонија. Од прикажаните резултати произлегува дека оваа метода е сигурен и ефикасен начин на решавање на оваа патологија.

**2. Lithotrypsi for ureteral lithiasis with the Dornier sistem with radiological location. Mak Med Pregled 2002;55:79.**
**Пенев М, Ставридс А, Георгиев В, Лековски Љ, Станков О, Дохчев С, Петровски Д, Саиди С, Ставриодс С, Кузмановски М, Попов Ж.**

Во овој труд се прикажани искуства со софистицираната метода на лекување на уролитијазата, т.е. Extracorporal Schock wave lithotripsy (ESWL). Резултатите покажуваат висока ефикасност во третманот на уретеролитијазата.

**3. Ортотопска континентна деривација на урина според методот на Штудер, петгодишен преглед. Mak Med Pregled 2002;55:56.**
**Дохчев С, Ставридс А, Георгиев В, Лековски Љ, Пенев М, Станков О, Петровски Д, Саиди С, Ставридс С, Попов Ж.**

Авторите даваат детално објаснување за овој модалитет на лекување на инфилтративниот карцином на мочен меур. Исто така се дава детален опис на предоперативната подготовка и постоперативната нега на болниот. Според прикажаните резултати, оваа метода се прикажува како ефикасен модалитет на лекување која му обезбедува на пациентот задоволителен квалитет на живот.

**4. Evaluation of the urodynamic parameters at patients with BPH treated with 5 α R inhibitor and α-bolckator. Mak Med Pregled 2002;55:49.**
**Петровски Д, Ставридис А, Георгиев В, Пенев М, Лековски Љ, Станков О, Дохчев С, Саиди С, Ставридс С, Попов Ж.**

Во оваа студија авторите изнесуваат податоци од лекувањето на 63 пациенти со БПХ, кои се поделени во 2 групи во зависност од употребуваниот лек Finasterid (5-alfa reductase inhibitor) или Prazosine (бета - блокатор). Резултатите сугерираат дека комбинираната употреба на овие лекарства покажуваат подобри резултати.

**5. ESWL и класична пиелолитотомија, споредбена студија. Mak Med Pregled 2002;55:44.**
**Лековски Љ, Ставридис А, Георгиев В, Пенев М, Станков О, Дохчев С, Петровски Д, Саиди С, Ставридис С, Попов Ж.**

Во ова клиничко испитување авторите прават компарација помеѓу две модалитети на лекување на нефроилитијазата: екстракорпоралната шок бранова литотрипсија (ESWL) и пиелолитотомијата. Евалуирани се 130 пациенти со строги инклузиони и ексклузиони параметри, во три времиња. Резултатите покажуваат дека ESWL дава лесни транситорни намалувања на бубрежната функција, но поради лесниот начин на изведување и можноста на повторување, ESWL-от го прави поприфатлива метода за пациентите.

**6. Евалуација на уродинамичките параметри кај пациенти со бенигна простатична хиперплазија (БПХ) третирани со алфа-**

**редуктаза инхибитор и алфа-блокатор. Мак. мед. преглед 2003;41:47.**
**Петровски Д, Ставридис А, Георгиев В, Попов Ж, Пенев М, Лековски Љ, Станков О, Дохчев С, Саиди С, Ставридис С.**

Во оваа студија авторите направиле евалуација на уродинамските параметри кај пациенти лекувани за БПХ: пациентите се поделени во 2 групи и тоа пациенти третирани со алфа - блокатори и пациенти третирани со блокатори на 5-алфа редуктаза. Студијата покажува дека и кај двете групи на испитаници доаѓа до подобрување на уродинамските параметри.

**7. Ехосонографските параметри, серумскиот ПСА и симптом скорот кај пациенти со бенигна простатична хиперплазија, третирани со 5 алфа-редуктаза инхибитор и алфа - блокатор. Mak Med Pregled 2004;11:5.**
**Петровски Д, Ставридис А, Георгиев В, Попов Ж, Пенев М, Лековски Љ, Станков О, Дохчев С, Саиди С, Кузмановски М, Ставридис С.**

Во ова клиничко испитување авторите направиле ултрасонографска евалуација на волуменот на простатата кај пациенти со БПХ, третирани со медикаментозна терапија. Во групата лекувани со 5-алфа редуктаза забележено е намалување на волуменот за 20,2%, додека во групата лекувани со алфа – блокатори - зголемување на волуменот на простатата за 6%. Исто така евалуирани се и вредностите на ПСА кои значително се намалуваат во групата третирани со 5-алфа редуктаза, додека во групата третирани со алфа - блокатор разликата е незначајна.

**8. Yolk sac tumor на тестиси-адултна форма, приказ на случај и осврт на литература. Mak Med Pregled 2005;157-160.**
**Петровски Д, Ставридис А, Георгиев В, Попов Ж, Пенев М, Лековски Љ, Станков О, Дохчев С, Саиди С, Кузмановски М, Ставридис С, Банев С, Ацева-Андова Љ.**

Во овој труд е прикажан редок случај на чист Yolk sac tumor на тестис-адултна форма, кај кој е направена орхифуникулектомија,а потоа ретроперитонеална лимфаденектомија, и постоперативно е третиран со адјувантна хемотерапија.

**9. Radikal Retropubic Prostatectomy for Prostate carcinoma; First Results of the Clinic of Urology in Skopje. Acta Chir Jugosl. 2005; 52(4):37-40.**
**Ставридис С, Георгиев В, Попов Ж, Пенев М, Лековски Љ, Станков О, Дохчев С, Петровски Д, Саиди С, Кузмановски М, Банев С, Ставридис А.**

Во оваа ретроспективна студија авторите изнесуваат податоци од искуството на Клиниката за урологија во Скопје со радикалната простатектомија како модалитет на лекување на локализираниот карцином на простатата. Врз основа на изнесените податоци

произлегува дека радикалната простатектомија е златен стандард во лекувањето на карциномот на простата со минимален процент на компликации. Исто така, резултатите се директно поврзани и со искуството на хирургот.

**10. Urinary diversion: 30 years experience of a single centre in Republic of Macedonia. Acta Chir Jugosl. 2007;54(4):49.**
**Попов Ж. Ставридис А, Лековски Љ, Пенев М, Дохчев С, Станков О, Петровски Д, Саиди С, Кузмановски М, Ставридис С, Мицковски А, Банев С, Зогравски Г, Јанчулев Ј, Ивановски О, Георгиев В.**

Цел на овој труд е да се презентира 30-годишното искуство на Уролошката клиника во Скопје со различните типови на уринарна деривација, особено техниките на Брикер и Штудер за третман на мускул инвазивен карцином на мочен меур. Анализирани се податоци од 186 мажи и 15 жени оперирани во периодот од 1997 до 2007 година. Прикажаните резултати се ветувачки за пациентите кај кои се неопходни овие деривации.

**11. Does lymphadenectomy improves the overall survival in RCC patients. European Urology Meetings 2007;2(5):13.**
**Ставридис С, Пенев М, Лековски Л, Саиди С, Кузмановски М, Мицковски А, Ставридис А.**

Во оваа студија се анализирани 142 пациента кај кои е дијагностициран примарен ренален карцином и се подложени на нефректомија со или без регионална лимфаденектомија во периодот од 1998 до 2002 година. Анализирана е корелацијата помеѓу бројот на извадени лимфни јазли, бројот на позитивни лимфни јазли, бројчаниот однос помеѓу позитивните лимфни јазли и вкупниот број на извадените јазли и канцер-специфичното преживување. Студијата покажа дека лимфаденектомијата не го зголемува статистички значајно надживувањето.

**12. Penil strangulation: two case reports and rewiew of the literature. J Sex Med. 2007 Nov;4(6):1775-80.**
**Ивановски О, Станков О, Кузмановски М, Саиди С, Банев С, Филиповски В, Лековски Л, Попов Ж.**

Во овој труд авторите прикажувата два случаја од клиничката практика со странгулација на пенис. Посебен акцент е даден на партофизиолошките механизми кои се последица на различниот степен на васкуларна опструкција предизвикана со странгулација. Во првиот случај се работи за 70 - годишен маж кој од автоеректилни побуди поставил грло од шише на коренот на пенисот, по што настапила комплетна артеријална и венска опструкција и некроза на пенисот. Во вториот случај се работи за 64 - годишен маж со поставен метален прстен на коренот на пенисот, по што настапила странгулација и масивен лимфедем на пенисот. Воедно, обработени се методите на решавање на оваа ретка и ургентна уролошка патологија.

**13. The comlication after bladder substitution with "Studer-technique" for muscle invasive bladder cancer. European Urology Meetings. 2007; 295):6.**
**Саиди С, Дохчев С, Петровски Д, Кузмановски М, Сотир С, Оливер С, Пенев М, Лековски Љ, Георгиев В, Ставридис А, Банев С, Попов Ж.**

Во овој труд авторите изнесуваат податоци од постоперативната евалуација на 20 пациенти оперирани по Штудер заради карцином на мочен меур. Компликациите се поделени од авторите на рани и доцни компликации. Исто така се изнесени податоци од уродинамските иследувања. Врз основа на изнесените податоци произлегува дека оваа метода му овозможува на пациентот добар квалитет на живот со задоволително зачувување на горниот уринарен тракт.

**14. Comlication after radical retropubic prostatectomy-our experience. European Urology Meetings 2008;3(9):102.**
**Саиди С, Ставридис С, Јанчулев Ј, Кузмановски М, Мицковски А, Петровски Д.**

Во овој труд авторите изнесуваат податоци за компликациите на радикалната простатектомија. Врз основа на изнесените податоци произлегува дека радикалната простатектомија е метода на избор при лекување на локализираниот карцином на простата, но прецизниот предоперативен клинички staiging и искуството на хирургот битно влијаат во намалувањето на постоперативните компликации.

**15. Effectiveness of immediate intravesical instillation of mitomicin C after transurethral resection of low risk non muscle invasive bladder cancer European Urology Meetings 2008;3(9):120.**
**Саиди С, Кузмановски М, Ставридис С, Ивановски О, Јанчулев Ј, Петровски Д.**

Во оваа клиничка студија авторите изнесуваат податоци од 46 случаи оперирани поради карцином на мочен меур со трансуретрална ресекција. Случаите се поделени во две студиски групи. Во првата-студираната група се вклучени пациентите кои непосредно по ТУР се третирани со 30 мг митомицин Ц интравезикално, додека другата половина само со ТУР. Во првите три месеци, во испитуваната група рекуренцијата е намалена за 8,7 %, додека по 6 месеци уште за 17,5 %. Оваа студија покажува дека непосредната интравезикална инстилација на митомицин Ц сигнификантно ја намалува рекуренцијата на болеста.

**16. Finasteride prior TURP; Does really helps? European Urology Meetings 2008;3(9):94.**
**Ставридис С, Дохчев С, Саиди С, Мицковски А, Јанчулев Ј, Ставридис А, Лековски Љ.**

Во оваа студија авторите изнесуваат податоци за бенефитот од предоперативната употреба на табл. Финастерид во намалувањето на крвареењето при ТУР на простата. Студијата е направена со 10 пациенти кои примале табл. Финастерид пред ТУРП и 20 пациенти третирани само со ТУРП. Сигнификантно намалување на параметрите од крвната слика се забележани кај пациентите третирани само со ТУР.

**17. Lower urinary tract reconstruction following a cystectomy: experience and results in 20 patients using the "Studer" orthotopic ileal bladder substitution. Bratisl Lek Listy 2008;109(8),353-357. Саиди С, Ивановси о, Петровски Д, Кузмановски М, Ставридис С, Банев С, Попов Ж.**

Во овој труд авторите детално ја опишуваат методата на реконструкција на долниот уринарен тракт по методата на Штудер кај пациентите оперирани со радикална цистопростатектомија поради инвазивен карцином на мочен меур. Понатаму авторите ја објаснуваат предоперативната подготовка на пациентите, како и нивната постоперативната евалуација. Изнессени се податоци за непосредни, рани и доцни компликации од оваа метода на лекување. Посебен осврт е даден за уродинамските иследувања, како и за континентноста на урина како психо-социо-економски важен фактор. Изнесените резултати покажуваат дека оваа метода му обезбедува на пациентот квалитетен живот, како и заштита на горниот уринарен тракт од појава на рефлукс на урина.

**18. Ten year experience with radical prostatectomy for treatment of localized prostate cancer. Medicus 2008,10(2):144-8. Саиди С, Петровски Д, Јанчулев Ј, ставридис С, Банев С, Георгиев В.**

Во овој труд авторите ги прикажуваат резултатите од десеттодишното искуство на Клиниката за урологија со радикалните простатектомии. Дадени се прецизни податоци за бројот на пациенти, клиничкиот staiging, опис на оперативната метода, постоперативната нега и компликации. Резултатите се споредени со искуствата на други центри објавени од релевантни списанија.

**Д-р Роберт Шумковски**

**Биографски податоци**

Датум на раѓање: 11.7.1964 во Скопје, Р. Македонија.
Основно и средно образование завршил во Скопје, Р. Македонија. Медицински факултет завршил исто така во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".
Специјализација по областа неврохирургија при Унив. клиника за неврохирургија завршил во Скопје. Делумно завршена обука на Клиниката за неврохирургија „Каролинска" во Стокхолм, Шведска, реализирал во периодот мај-август 1996 година.

Постдипломски студии завршил во Саклер Медикал унив. во Тел Авив, Израел, при Клиниката за неврохирургија, под менторство на проф. Зви Хари Рапапорт. Стручен престој со усовршување за микроневрохируршка анатомија остварил во „Џексон меморијал хоспитал", Унив. на Мајами, Флорида, САД, во периодот август-ноември 2003 година, ментор: проф. Роберто Херос.

Стручен престој за микроневрохирургија, цереброваскуларна хирургија и микроневрохирургија на черепна база со кадаверска анатомијареализирал во Кјото, Јапонија, Дпт. за неврохирургија при Унив. клиника за неврохирургија во Кјото, Јапонија, ментор: проф. Хашимото Нобуо, во периодот април-август 2005.

Во периодот септември-декември 2005 година реализирал престој во Вероу невролошкиот институт во Феникс, Аризона, САД, под менторство на проф. Спецлер.

Од април до август 2007 - субспецијализација од областа на цереброваскуларната хирургија со микроневрохирургија на черепна база, со практичен курс за кадаверична микроневрохируршка анатомија при ИЦНЕ, Клиника за неврохирургија „Бенефициенција Портогеза", Сао Пауло, Бразил, ментор: проф. Евандро де Оливеира.

**Рецензирани трудови**

Трудовите заклучно со трудот со реден број 7 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 706/98, 691/3, 667, соодветно.

**Трудови за рецензија**

**8. The perioperative use of ceftriaxone in patients with clean neurosurgical operations**
**Lozance K, Pangovski I, Caparoski A, Stolevski V, Sumkovsi R, Suplinoski Z,**
**12th World Congres of Neurosurgery**
**World Federation of Neurosurgical Societies**
**16-20 Sept. 2001, Sidney, Australia**

Аналиизрана е група пациенти со неврохируршка оперативна терапија, со краниотомија, кај кои периоперативно е администриран антибиотик цефтриаксон, како и контролна група без истиот антибиотик. Трудот илустрира дека постои намалена инциденција на инфективни компликации, со препорака за понатамошна поширока употреба на истата концепција на пероперативна заштита.

**9. Subependymal giant cell intraventricular astrocytomas. M.Bourneville. Familiar inheritance-two case reports of mother and sibling.**
**Sumkovski R, Pangovski I.**
**12thWorld Congress of Neurosurgery**
**World Federation of Neurosurgical Societies**
**16-20 Sept. 2001, Sidney, Australia**

Презентирани се два случаја на супепендимален гигантоцелуларен интравентрикуларен астроцитом кај мајка и син. Трудот е приказ на евентуална генетска структурна подложност со евалуација и предикција на негова генетска продорност.

**10. Intracranial ependymomas. Outcome and prognostic factors.**
**Pangovski I, Lozance K, Caparoski A, Stolevski V, Sumkovski R,**
**12th World Congress of Neurosurgery**
**World Federation of Neurosurgical Societies**
16-20 Sept. 2001, Sidney, Australia

Обработена е група на пациенти хируршки лекувани од интракранијален епендимом. Евалуирани се прогностичките фактори, пред сè хистолошката градација на туморот, степеност на ексцизија, димензиите, локализацијата и евентуалната радиотерапија. Овие фактори се значајни за предикција на биолошкото однесување на овие комплексни за лекување неоплазми.

**11. Failure of the Lumbar Intervertebral Disc Surgery**
**Lozance K, Jovkovski S, Pangovski I, Stolevski V, Sumkovski R.**
**Congres of Neurological Surgeons**
**49th Annual meeting**
**Boston, Masachusetts**
**Oct, 30th-Nov,4th, 1999**

Претставена е серија на пациенти хируршки лекувани со дисцектомија, а заради компресивен синдром од радикуларен тип на лумбалниот сегмент на ´рбетникот. Презентирани се најчестите слабости на овие интервенции и начинот на нивното превенирање (пред се се однесува на детекција на лумбалното ниво за дискектомија). Препорачливо е изведување на интраоперативна РТГ- детекција. Резидуата се јавува како проблем, во смисла на радикално ексцидирање или отстранување на секвестар. сеАргументација за обете концепции, со статистички споредбени резултати.

**12. Prophylaxis in Clean Neurosurgical Interventions.**
**Lozance K, Stolevski V, Caparoski A, Suplinoski Z, Tasevski Lj, Sumkovski R,**
**Antibiotic prophylaxis, Neurosurgery, Postoperative infections.**

Обработена е група пациенти, со компаративна група без антибиотска преоперативна и перопертивна профилакса. Анализата покажала постоење на значајна разлика на постоперативни компликации во смисла на инфекции, и фаворизација на преоперативна и перопертивна профилакса.

**13. Intraaxial Midline Cerebelar neoplasm, Acute Post Operative Obstructive Hydrocephalus Due to Fenestration of Cerebellomedulary Cystern and/or Fourth Ventricle.**
**Sumkovski R, Pangovski I, Lozance K.**

**Submission to the selection committee of the 53rd annual meeting of the CNS, Denver, Co. USA, Oct. 2003.**

Трудот претставува студија на пациенти со тумори на средната линија во задната черепна јама, со можни компликации во смисла на опструктивен хидроцефалус, а заради компромитација на ликворниот флукс, најчесто заради отворање па четвртата комора или церебеломедуларната цистерна. Овој труд зборува за насочувања на технолошкиот оперативен процес, доколку е можно да се превенира постојниот ликворен флукс, или тој да се воспостави со декомпресија без компромитација на ликворните патишта, а заради превенција на акутен опструктивен хидроцефалус.

## Д-р Николов Љупчо

### Биографски податоци

Д-р Николов Љупчо е роден на 31.5.1973 во Скопје, Основното училиште го завршил во Скопје, а потоа средното образование го продолжил во гимназијата „Никола Карев" во Скопје. Средното училиште го завршил во 1991 година. На Медицинскиот факултет се запишал во учебната 1991/92, каде што во текот на студиите учествувал на повеќе национални конгреси за студенти по медицина (Бугарија, Германија, Хрватска и Словенија) и студенска размена (студенска размена во Истанбул, Р.Турција, како и студентска размена во Љубљана, Р.Словенија). Дипломирал па Медицинскиот факултет во 1998 година. По дипломирањето започнал со волонтирање во Ургентниот хируршки центар при Хируршките клиники во Државна болница- Скопје. Државниот испит го положил во 2000 година. Се вработил на Клиниката за трауматологија па 14.9.2001 година. Постдипломските студии по предметот општа хирургија ги запишал во 2004 година. Специјалистичкиот испит по општа хирургија го положил на 25.10.2007 година.

### Стручно - научна активност

Во текот на работата на Клиниката за трауматологија, д-р Љупчо Николов бил учесник на повеќе домашни и меѓународни конгреси, семинари и работилници (базичен курс АО остеосинтеза во Љубљана, Словенија и ЕФОРТ - Хелсинки, Финска, семинар АО остеосинтеза Белград, Србија, АО кадавер курс во Грац, Австрија.). Активно е вклучен во научноистражувачката дејност на Клиниката. Член е на МАДОТ, како и на Лекарската комора. Активно ги познава англискиот, српскиот, хрватскиот јазик и германскиот јазик.

### Трудови за рецензија

**1.Simeonov M., Stojmenski S., Kostov H., Trpeski S., Nikolov Lj., Simeonov R. Evaluation of the Knee Stability after the Reconstruction of the Anterior Cruciate Ligament with Patelar**

**Graft Tendon. Proceedings of Scientific Conference on Human Movement Maters. Rousse 2003:73.**

Целта на оваа студија е да ја прикаже употребата на графт од пателарниот лигамент во реконструкција на предниот вкрстен лигамент на коленото. Резултатите од студијата покажуваат дека реконструкцијата на предниот вкрстен лигамент со пателарен коскенолигаментарен графт покажува добри постоперативни функционални резултати.

**2.Stojmenski S., Simeonov., Nikolov Lj.,Trpkovski S., Kostov h., Importance of tromboprophylaxis in patients with performed arthroscopy. Proceedings of Scientific Conference on Human Movement Maters. Rousse 2003:75.**

Во оваа студија се евалуира потребата од тромбопрофилакса кај пациенти на кои е извршена артроскопија. Како заклучок, авторот предложува тронеделна тромбпрофилакса со еднократна доза на нискомолекуларен хепарин.

**3.Stojmenski S., Simeonov M., Velkovski Gj., Kaftandziev I., Kostov H., Nikolov Lj. Neglected spondylolysthesis of lower cervical spine in cases with polytrauma. IX Congress of the Bulgarien Orthopaedics and Trauma Surgeons with International Participation. Plovdiv 2004:114.**

Во трудот авторите го пренесуваат искуството за три случаи на превидена спондилолистеза на долен вратен сегмент кај политрауматизирани пациенти, со препорака за РТГ - профил на долниот вратен сегмент кај сите политрауматизирани случаи.

**4 Stojmenski S., Velkovski G., Simeonov M., Kaftandziev I., Nikolov Lj., Trpevski S. Our five years experience with thromboprophylaxis in injured patients with colli femoris fractures (2004-2005). 7th European Journal of Trauma. Volume 32 Supplement 1 April 2006.**

Во овој труд целта е да се класифицираат пациентите со фрактура на вратот на фемурот, кои се со висок ризик за ВТЕ, правилна доза и времетраење на постоперативната тромбопрофилакса. Заклучок и препорака на студијата е петнеделна тромбопрофилакса со нискомолекуларен хепарин кај сите пациенти со фрактура на вратот на фемурот.

**5. Poposka A., Nikov Lj. Challenges of Fragility Fracture Treatment. Brussels International Symposium- 16th years 2008:44.**

Авторите во овој труд ја презентираат проблематиката на фрагилните фрактури, обработувајќи ги причините за нив, и категоризација на третманот.

**6.Mitreska M., Dimitrieska D., Nikolov Lj., mentor Poposka A.. Nucleus ossification in Evaluation of Newborn Hip joint. 31th International Medical Scientific Congress. Ohrid 2008:16.**

Целта на трудот е анализа на времето на визуелизација на епифизните нуклеуси на феморалната глава. Со развој на новите дијагностички методи, и со оглед на морфологијата на колкот, овие нуклеуси се значајни за прогноза на третманот.

**7.Poposka A., Ramova-Popova E., Nikolov Lj. Ultrasonography of newborn hip.Euroson 2008 Timisoara 2008:7-10.**

Во овој труд е обработена серија од 120 деца со различни ризик - фактори при раѓање, и прикажани се резултатите од рана детекција на конгениталните аномалии на локомоторниот систем.

**8.Poposka A., Nikolov Lj., Angelovska L., Popova-Ramova E. Burden of musculoskeletal conditions in the bone and joint decade. Acta Orthopaedica et traumatologica Macedonica. Volume VI No 1:97.**

Кај егземинираните пациенти во трудот, во периодот од 2001 до 2007, направена е корелација меѓу хроничните и рецидивирачки тегоби на дегенеративните промени на зглобовите и бенефитот од нивното лекување.

**9.Poposka A., Popova Ramova E., Angelovska L., Nikolov Lj. Present state of early clinical and ultrasound diagnosis and prophylaxis of DDH. 1st World Conference on Medical Rehabilitation in Rural and developing Regions. Istanbul 2009:11.**

Во трудот се потенцира раното откривање на дисплазијата на колкот, која е значајна поради тежината на компликациите кои се лекуваат подоцна.

**10.Gavrilovski A., Simeonov M., Gavrilovska A., Velkovski Gj., Stojmenski S., Kaftandziev I., Kostov H., Trpevski S., Nikolov Lj. Minimal invasive treatment of plantotibial fractures. 3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:41.**

Авторот во овој труд го прикажува искуството со минимално инвазивен третман (перкутана фиксација) кај платотибијалните фрактури, при што резултатите покажале и до 80 % одличен или многу добар клинички и радиолошки исход.

**11.Nikolov Lj., Stojmenski S., Trpeski S., Arsovski O., Gavrilovski A., Vraniskovski T. Treatment of calcaneal fractures. . 3th**

**Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:88.**

Целта на трудот е да се одбере адекватниот хируршки третман и оптимален тајминг за фрактури на калканеус. Резултатите покажале дека перкутаната фиксација со канулирачки шрафови овозможува помала траума на меките ткива, лесна апликација, помал процент на инфекции, стабилна фиксација на фрагментите и пониска инциденца на тромбоза.

**12.Simeonov M., Gavrilovski A., Stojmenski S., Kaftandziev I., Nikolov Lj., Trpeski S., Arsovski O., Kostov H. Minimal invasive treatment for pipkin fractures. . 3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:108.**

Во овој труд авторите ги пренесуваат искуствата од концептот на минимално инвазивен третман, со канулирачки шрафови и заден оперативен пристап, кај Пипкин фрактури на главата на бутната коска.

**13.Stojmenski S., Trpevski S., Petrovska M., Nikolov Lj. Algorithm for the risk assessment for assessment of VTE risk in trauma and orthopaedic patients. . 3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:115.**

Во овој труд се изнесува алгоритам за проценка на ризик - факторите за ВТЕ кај трауматолошките и ортопедските пациенти. Со овој концепт лекарите може да го проценуваат ризикот за ВТЕ пред нејзиното настанување , преку едноставни чекори и прашања.

**14.Stojmenski S., Trpevski S., Nikolov Lj., Arsovski O., Follow-up of continuous thoracolumbar burst fractures treated by transpedicular posterior instrumentation (2004-2007). . 3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:116.**

Авторите ги евалуирале доцните клинички и радиолошки резултати на задната транспедикуларна фиксација кај тораколумбални брст фрактури од типот А според класификацијата на Магерел (со невролошки испад). Адекватна репозиција и стабилна фиксација следена со ламинектомија кај овие пациенти е неопходна, за краен добар исход.

**15.Stojmenski S., Trpeski S., Nikolov Lj. New anticoagulant agents. . 3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:116.**

Целта на овој труд е да се презентираат фармаколошките можности на новите орални антикоагуланти и начинот на нивното дејствување во третман на венскиот и артерискиот тромбемболизам.

**16.Stojmenski S., Trpeski S., Nikolov Lj. Kostov H., Our experience in traumedulary nailing for humeral shaft fractures (2006-2007). 3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:117.**

Трудот има за цел да го прикаже искуството и бенефитот од употребата на хумерален клин во решавањето на фрактури на надлактицата, како и псеѕдоартрози на дијафизата на надлактицата.

**17.Stojmenski S., Velkovski Gj.,Trpeski S., Nikolov Lj., Arsovski O. Treatment of the intracapsular femoral neck fractures: Osteosynthesis or arthroplasty. 3th Congress of International Macedonian association of Orthopaedics and Traumatology. Ohrid 2009:118**

Во овој труд авторите евалуирале 312 пациенти со интракапсуларна скршеница на вратот на фемурот, и ги класифицирале (Garden klas.).со цел избор на оптимален оперативен третман – затворена репозиција и перкутана остеосинтеза или протеза, кај фрактури од типот Garden III i Garden IV.

**18.Трпевски С., Кафтанџиев И., Стојменски С., Николов Љ., Хасани И., Арсовски О. Резултати од 364 оперативно третирани геријатриски пациенти со трохантерни скршеници на натколеницата. Трет конгрес на македонското друштво на ортопеди и трауматолози со меѓународно учество. Охрид, 2009:127.**

Целта на овој труд е да се одредат најважните параметри кои влијаат на прогнозата кај оперативно третирани геријатриски пациенти,со трохантерни скршеници на натколеницата. Резултатите од студијата покажуваат дека крајниот исход, освен од оперативниот третман, во голема мера зависи и од физиолошката старост, коморбидитетот, постоперативните компликации и од типот на скршеницата.

**19.Poposka A., Nikolov Lj., Angelovska L. Ultrasound monitoring in developmental disorder of the hip – 20 years experience. 5th Congress of Radiologyst of Macedonia with International participients.Ohrid 2009:11.**

Трудот претставува ретроспективна студија во која се опфатени новороденчиња и деца со развојно нарушување на колкот со етиолошка обработка на ентитетот.

## Д-р Стојан Ѓошев

### Биографски податоци

Стојан Ѓошев е роден на 11.2.1971 во Куманово. Основното и средното образование ги завршил во родниот град. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 1995 година, со среден успех 8,96. Од 1996 година е вработен на Клиниката за дигестивна хирургија. Истата година ги започнал постдипломските студии по дигестивна хирургија. Специјализацијата по општа хирургија ја започнал во 1997 година, а специјалистичкиот испит го положил во 2002 година. За помлад асистент по предметот општа хирургија е избран е во 1999 година, а реизбран во 2004 година. Активно се служи со англискиот јазик.

### Стручна и научна дејност

Во текот на специјализацијата, д-р Стојан Ѓошев бил на студиски престој во Клиничкиот центар во Љубљана, Словенија. Учесник е на повеќе хируршки конгреси и симпозиуми (1996 година, на V конгрес на гастроентерохепатолозите на Македонија; 2002 година, II Конгрес на хирурзите на Македонија и др.). Се јавува како автор и коавтор на повеќе трудови од областа на дигестивната хирургија. За помлад асистент по предметот општа хирургија е избран во 1999 година, е реизбран во 2004 година и активно учествувал во изведувањето на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија по предметите хируршка пропедевтика и хирургија.

### Рецензирани трудови

Заклучно со трудот под реден број 9, трудовите се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со број 733/99, 753/00, 848/04, и дел во Македонски медицински преглед бр. 5-6/2001 г.

### Трудови за рецензија

**10. Колоректални анастомози кај ректалниот карцином-улогата на протективна илеостома**
**Јота Ѓ, Карацов З, Пановски М, Ѓошев В, Спасов В, Димов В, Јосифовски Т, Ѓошев С, Јовчевски А, Ѓошевски Љ.**
**Мак. мед. преглед 56;2002, 128-131.**

Во трудот авторите ја нагласуваат улогата и значењето на протективната илеостома кај писките и „ultra-low" колоректални анастомози при ректален карцином. Процентот на дехисценции кај овие анастомози изнесува 20%. Високиот процент на компликации го оправдува конструирањето на протективните илеостоми во текот на оперативниот зафат, поради тоа што го намалуваат процентот на појава на дехисценциите и овозможуваат нивен поефикасен конзервативен третман.

**11. Квалитет на живот кај болни со карцином на ректумот**
**Јота Ѓ, Карацов З, Пановски М, Василевски В, Ѓошев С, Огњеновиќ Љ.**
**Мак мед преглед 56;2005, 108-112.**

Во трудот авторите се осврнуваат на еден значаен дел на радикалниот хируршки третман на ректалниот карцином, односно, покрај радикалноста, мора да се мисли и на квалитетот на живот кај овие пациенти. Кај 32 пациента е анализиран бенефитот од презервација на нервновегетативниот пелвичен сплет. Резултатите покажуваат дека и покрај продолжувањето на оперативното време за 60 минути, презервираната уринарна и сексуална функција носи голем бенефит за пациентите. Авторите укажуваат на потребата оваа техника да стане составен дел во третманот на пациенти со ректален карцином. Трудот е со голема стручна и практична вредност.

**12. Lymph node dissection along upper border of the pancreas for patients with gastric cancer: a pancreas preserving method**
**Karadzov Z, Panovski M, Serafimovski V, Jota Gj, Gjosev S, Velickovski A, Jasar Dz.**
**Proceedings of the 5th International Gastric Cancer Congress, 4-7 May 2003, Rome, Italy. Gastriv Cancer in the World, 2003:86.**

Во оваа мултицентрична студија авторите ја потенцираат важноста на третманот кај пациенти со карцином на желудникот во горната и во средната третина, со презервација на панкреасот. Во периодот од јануари 1996 до ноември 2002 година, кај 121 пациент е направена панкреас-презервирачка тотална гастректомија. Издвоени се 3875 лимфни јазли (32 во просек по пациент) и кај 71% се најдени метастатски депозити. Кај 17%, МС - депозити се најдени на позиција 11, а кај 15% на позиција 10, кога карциномот бил локализиран во горната третина на желудникот. Кај 12% и 10% од пациентите МС биле најдени на позиција 11 и 10 соодветно, кога карциномот бил во средната третина. Постоперативниот морбидитет бил 12%, а интрахоспиталниот морталитет 0,83%. Важноста на МС - депозитите на позиција 10 и 11 во случаи на гастричен карцином во средната и горната третина е во нивната адекватна дисекција која би можела да биде потенцијален извор на рекуренции или системско проширување на болеста. Зачувувањето на панкреасните лимфни жлезди не ги афектира морбидитетот ни морталитетот. Дисекцијата на Д2 - групата на лимфни јазли со оваа техника би можела да биде безбеден метод во радикалниот третман на гастричниот карцином во горната и во средната третина со што би се овозможил подолг временски период на преживување, особено кај оние со авансиран стадиум на болеста.

**13. Laparoscopic treatment of rectal carcinoma-preliminary results**
**Karadzov Z, Panovski M, Jota Gj, Gjosev S, Velickovski A, Jasar Dz**
**(Abstract No. OP-187) In: Abstracts of the 13th World Congress of The International Assotiation of Surgeons and Gastroenterologists. Hepato-Gastroenterologist 2003; 50(Suppl 1):38.**

Во оваа студија од мултицентричен тип авторите ги евалуираат раните искуства на лапароскопската процедура во третманот на колоректалните карциноми во споредба со класичниот метод на колектомија. Во периодот од јануари 2003 до јуни 2003 година овој метод е применет кај 12 пациенти со колоректален карцином. Анализирани биле времето на операцијата, загубата на крв, растојанието на туморот од дисталната маргина, бројот на дисецираните лимфни јазли, мобилизацијата на пациентот, хоспитализацијата и морбидитетот. Резултатите се споредувани со истите параметри од истиот тим при отворена класична ресекција на ректумот. Времето на оперативниот зафат било пократко, со мала загуба на крв, поголема дистанца на дисталната ресекциона линија и без поголема разлика во дисекцијата на лимфните јазли. Од друга страна, пациентите брзо закрепнувале што го скратило времето на престој во болница, а морбидитетот бил значително намален. Во главните заклучоци на овие прелиминарни резултати се наведуваат редукцијата на трансфузијата со крв и брзото закрепнување на пациентот. Потребна е додатна и подолготрајна анализа на овие пациенти со нивно следење за да се евалуира исходот на оваа оперативна техника.

**14. Д2 – дисекција по должината на горната граница на панкреасот кај пациенти со Но желудочен карцином: метод на презервација на панкреасот**
**Караџов З, Пановски М, Јота Ѓ, <u>Ѓошев С</u>, Величковски А, Јашар Џ. Зборник на апстракти на Седмиот македонски конгрес за гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, 15-18 септември 2004 година, Клиника за гастроентерохепатологија, 2004:91.**

Во оваа студија авторите ја потенцираат важноста на третманот на пациенти со карцином на желудникот во горната и во средната третина со презервација на панкреасот. Во периодот од јануари 1996 до ноември 2003 година, кај 143 пациенти се направени тотални гастректомии, со презервација на панкреасот. Издвоени се 4585 лимфни јазли (32.08 во просек по пациент) и кај 67,83% не се најдени метастатски депозити. Кај 16,13%, МС - депозити се најдени на позиција 11, а кај 14,52% на позиција 10, кога карциномот бил локализиран во горната третина на желудникот. Кај 12,34% и кај 9,88% од пациентите МС биле најдени на позиција 11 и 10 соодветно, кога карциномот бил во средната третина. Постоперативниот морбидитет бил 13,29% а интрахоспиталниот морталитет 2%. Важноста на МС - депозитите на позиција 10 и 11 во случаи на гастричен карцином во средната и горната третина е во нивната адекватна дисекција која би можела да биде потенцијален извор на рекуренции или системско проширување на болеста. Зачувувањето на панкреасните лимфни жлезди не ги афектира морбидитетот ни морталитетот. Дисекцијата на Д2 - групата на лимфни јазли со оваа техника би можела да биде безбеден метод во радикалниот третман на гастричниот карцином во горната и во средната третина со што би се овозможил подолг временски период на преживување, особено кај оние со авансиран стадиум на болеста.

**15. Лапароскопски третман на колоректалниот карцином**
**Карацов З, Пановски М, Јота Ѓ, Ѓошев С, Јашар Џ**
**Зборник на апстракти на Седмиот македонски конгрес за гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, 15-18 септември 2004 година, Клиника за гастроентерохепатологија, 2004:103.**

Во оваа студија од мултицентричен тип авторите ги евалуираат раните искуства на лапароскопската процедура во третманот на колоректалните карциноми во споредба со класичниот метод на колектомија. Во периодот од јануари 2003 до април 2004 година овој метод е применет кај 22 пациента со колоректален карцином. Анализирани биле времето на операцијата, загубата на крв, растојанието на туморот од дисталната маргина, бројот на дисецираните лимфни јазли, мобилизацијата на пациентот, хоспитализацијата и морбидитетот.
Времето на оперативниот зафат било пократко (325 наспроти 207 минути) со мала загуба на крв, поголема дистанца на дисталната ресекциона линија (5,5 наспроти 3,7 цм) и без поголема разлика во ресекцијата на лимфните јазли (14,33 наспроти 16,83 лимфни јазли). Од друга страна, пациентите брзо закрепнувале што го скратило времето на престој во болница (7,3 наспроти 10,5 дена), а морбидитетот бил значително намален (9%). Во главните заклучоци на овие прелиминарни резултати се наведуваат редукцијата на трансфузијата со крв и брзото закрепнување на пациентот. Потребна е додатна и подолготрајна анализа на овие пациенти со нивно следење за да се евалуира исходот на оваа оперативна техника.

## Д-р Александар Шумковски

### Биографски податоци

Александар Шумковски е роден на 11. 7.1964 година во Скопје, каде што завршил и основно и средно образование. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1992 година, каде што и го положил стручниот испит. Реализирал стаж на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата по специјалноста општа и дигестивна хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје ја реализирал во периодот 1997-2001 година. Стручен престој во „Сабатсберг хоспитал" во Стокхолм, Шведска остварил во 1993 год. Положен стручен испит и стекната лиценца за работа како лекар. Во април 1999 година е избран за помлад асистент на Катедрата за хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје.
Во периодот окт. 2001 - јан. 2002 остварил стручен престој во „Бејлинсон хоспитал", Рабин Мед. центар во Тел Авив, Израел, на трансплант - хирургија под менторство на проф. д-р. Езра Шаарабани. Во септември 2002 - работна лабораторија и симпозиум за херниологија во Ниш, Р. Србија. Во 2004 година, пак, е реизбран за помлад асистент на Катедрата за хирургија.

Во декември 2006 бил учесник на Светскиот симпозиум за колоректална хирургија во Белград, Р. Србија. Во периодот декември 2001- февуари 2002 реализирал стручен престој на клиниката „Сакри Кордис", Јесу, Агостино Џемели, за хепатобилијарна хирургија на панкреас и трансплантации на црн дроб (ментор: проф. Кастањето Марко), Рим, Р. Италија. Во април 2008 бил учесник на I конгрес на ЦЕЦС (Централноевропски конгрес за хирургија), претседател: проф. Ришка Мирослав. Во јануари 2009 остварил стручен престој во Централната воена болница во Прага, за хепатобилијарна и панкреатична хирургија (ментор: проф. др. РишкаМирослав).

**Рецензирани трудови**

Заклучно со трудот под реден број 17, трудовите се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Трудови за рецензија**

**18. Спасов В, Димов В, Доцевски Б, Јота Ѓ, Јосифовски Т, Аврамовски В, Шумковски А, Јовчески А. Активно-експектативен хируршки пристап во лекувањето на акутните холецистити Септ. 2000 год., Втор конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество (Книга на апстракти, стр. 94), Охрид, Македонија.**

Во овој труд авторите го потенцираат стратешкиот пристап за менаџмент на пациентите со акутно воспаление на жолчното ќесе, со максимален бенефит од него. Имено, со користење и примена на светските искуства за иницијален конзервативен третман кај пациенти без знаци за иреверзибилни акутни промени и перитонитис, доаѓа до постепено смирување на акутната фаза со медикаментозна терапија. Потоа, во следната фаза, се пристапува кон одложена ургентна оперативна интервенција, со што се добива најголем бенефит за пациентот во смисла на морбидитет и постоперативни компликации, кои се во сигнификантно помал број.

**19. Спасов В, Димов В, Пановски М, Караџов З, Караѓозов А, Јосифовски Т, Јота Ѓ, Аврамовски В, Шумковски А, Јовчевски А.**
**Компилицирана црнодробна ехинококоза – 22 - годишно искуство,**
**септември 2000 год., Втор конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество (Книга на апстракти, стр. 95), Охрид, Македонија.**

Користејќи го богатото искуство за оперативен третман на ехинококус на црниот дроб, а со тоа и на компилициран ехинокок, авторите ги потврдија а истовремено и ги унапредија постулатите за третман на ехинококус на црниот дроб проследен со компликации. Трудот има дотолку поголема

научна вредност и придонес кон стандардизација на процедурите и менаџментот, следствено на фактот дека во развиените земји и економии, кои се често повикувани репери за третман, индикација и менаџмент, оваа болест е навистина ретка и во мали серии, особено кога се зборува за комплицирана форма и фаза на болеста.

**20. Спасов В, Димов В, Пановски М, Јосифовски Т, Караџов З, Аврамовски В, Шумковски А, Јовчевски А. Лапароскопска холецистектомија QVO VADIS - искуство на Клиниката за дигестивна хирургија Септември 2000 год., Втор конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество (Книга на апстракти, стр. 167), Охрид, Р. Македонија.**

Со овој труд е направена анализа на напредокот на лапароскопската холецистектомија, јасно отчитан во сигнификантно намалениот морбидитет, компликации, особено лезии на билијарното стебло, со што се поставија и се аквирираа темелите на методата како златен стандард и во нашата држава.

**21. Шумковски А, Спасов В, Димов В, Беговиќ Г, Јаневски В, Јосифовски Т, Јота Ѓ, Аврамовски В, Јовчевски А. Компарација помеѓу клиничката слика и патохистолошкиот наод кај акутен апендицит како индикација за оперативно лекување - наше искуство Септември 2000 год., Втор конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество (Книга на апстракти, стр. 97), Охрид, Р. Македонија.**

Со овој труд авторите сакаат да го прикажат директниот однос помеѓу интензитетот на клиничките типични знаци за акутно апендикуларно страдание, од една страна и хистопатолошкиот наод, постоперативно, од друга страна. Со тоа јасно се детерминирале фактите дека сигнификантна е разликата во компликациите и морбидитетот, проследен и со морталитет, во однос на хистопатолошкиот наод кај апендикуларното страдание. Со тоа се потврдува фактот дека и со помалку изразена клиничка слика, поставувањето на индикација за оперативно лекување е бенефит, со сигнификантно намален морбидитет и морталитет.

**22. Декомпресивни или радикални ургентни хируршки постапки при опструктивен токсичен колон настанати од левостран малигном на колонот, Т. Јосифовски, З. Караџов, Г. Беговиќ, А.Шумковски, В.Аврамовски, Ѓ.Јота. Втор конгрес на хирурзите на Македонија, Охрид, 2000. Зборник на апстракти.**

Во трудот е јасно прикажана разликата во исходот кај пациентите со оваа

тешка клиничка состојба, а во зависност од општата состојба на пациентот од една страна и од одбраната метода од другата страна. Секако, еднофазната хирургија е со најдобар бенефит за пациентот, но сепак кај пациенти со тешка состојба поради тешкиот патолошки наод, често се налагаше повеќефазно лекување, при што првата фаза беше само декомпресија, а за жал помалку вредна метода од радикална процедура со истовремено декомпресија-Хартманова процедура. Заклучокот ја диктира идната наша стратегија и менаџмент на ваквите пациенти, пред сè детерминиран од нивната општа клиничка состојба. Сепак, најголем бенефит има со радикална процедура со декомпресија на дигестивната туба.

**23. Нашето петгодишно искуство со оперативно лекување на малигномите на дебелото црево,**
**Ѓ. Јота, З.Караџов, В.Василевски, В.Спасов, Т.Јосифовски, А.Шумковски, А.Јовчевски.**
**Втор конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2000. Зборник на апстракти.**

Авторите во овој труд го анализираат напредокот во лекувањето на карциномот на дебелото црево на Клиниката за дигестивна хирургија, проследен со намален морбидитет, морталитет, пероперативни и постоперативни компликации. Секако, современиот начин на третман ја третира и комплетно зачуваната сексуална функција кај пациентите, а со истовремено максимално постигнат радикалитет во екстирпационите методи на колоректалниот карцином.

**24. Решавање на крваречки дуоденален улкус по хируршки пат при истовремено постоење на холецистодуоденална фистула - приказ на случај,**
**А.Шумковски, Г.Беговиќ, В.Димов, В.Спасов, Ѓ.Јота, В.Аврамовски.**
**Втор конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2000. Зборник на апстракти.**

Многу ретката-исклучителна состојба на комплициран дуоденален улкус со истовремени 2 компликации, една хронична, холецистодуоденална фистула, и една акутна, абундантно крвавење од двостраниот кисинг улкус, е опишана во овој труд. Самата состојба по себе е ретко дијагностицирана и третирана во светот, па и кај нас. Во трудот се дадени насоки за можни процедури во склоп на менаџментот на ваквите тешки пациенти со истовремени повеќекратни компликации, а со истовремено нивно симултано решавање.

## Д-р Јасмина Ѓоргиевска

### Биографски податоци

Д-р Јасмина Ѓоргиевска е родена на 12. 8.1975 година во Гевгелија, каде што го завршила основното образование. Средното образование го завршила во
Mounatain Home High School, Idaho, 83647, САД со одличен успех во 1993 година. Студиите по медицина ги започнала на Медицинскиот факултет во Скопје во учебната 1993/94, а дипломирала на истиот факултет во 2000 година.
За време на студиите била активно вклучена во работата на ССММ и ИФМСА. За време на студиите била на студиски престој во:
1. август 1997 година, Летна школа за кожни и венерични болести, Танта, Египет;
2. април 1999 година, Семинар за медицински термини на германски јазик, Фрајбург, Германија;
3. август 1999 година, размена на студенти во Клиничкиот центар во Љубљана, Словенија.
По завршувањето на студиите започнала да волонтира на Клиниката за трауматологија , Клинички центар - Скопје, и го посетила курсот Pre Hospital Trauma Life Support во јуни 2000 година, Клинички центар, Хируршки клиники, Скопје, Р.Македонија.
Во 2001 година се вработила на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија.
Во септември 2001 година се запишала на постдипломски студии по пластична хирургија.
Во март 2002 година започнала со специјализација по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје и неа ја завршила во 2006.
Активно зборува два светски јазика: германски и англиски.

### Стручна и научна активност

Својата стручно-научна дејност ја остварува со публицирани преку 40 стручно-научни трудови, како автор и коавтор, кои се презентирани или публицирани во земјава и во Европа.
За време на својата едукација има остварено стручно-научни престои, како и завршено курсеви од областа на пластичната хирургија.
Престој, кој е од особено значење, е реализиран во периодот од 12.11.2006 до 15.12.2006 од страна на Prof. d-r Manfred Frey, кој е директор на Klinische Abteilung für Wiederherstellende und Plastische Chirurgie, Medicinische Universität Wien, Allgemainen Krankenhaus (AKH) Wien, еден од врвните пластични хирурзи во светот.
Учествувала во работилницата организирана од Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и Медицинскиот факултет во Скопје за липосукција, лифтинг на лице и ласерска хирургија, одржан во периодот од 31.1.2007 до 3.2.2007 година.
Учествувала, исто така, во работилницата организирана од Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и Медицинскиот факултет во

Скопје, за апликација на дермални пополнувачи (филери), во периодот 14-15 март 2007 година.
Добила Благодарница од Комитетот за меѓународна размена на студентите по медицина во Република Српска- СаМСИК.
Учество на Третиот балкански интензивен семинар за Телемедицина и е-здравје од 06 до 07 февруари 2009 година.
Во јуни 2009 го завршила курсот организиран од ISAPS за време на одржувањето на 6. Конгрес на BAPRAS.
Учествувала во едукативна обука во Заводот за хипербарична медицина во Белград во септември 2009 година.
Кандидатката е член на: BAPRAS (Балканско здружение на пластични хирурзи); МАПРЕХ-Македонска асоцијација на пластични, и реконструктивни и естетски хирурзи, Хируршката секција на лекарите од Македонија, Македонското лекарско друштво како и на Лекарската комора на Македонија.

**Трудови за рецензија**

**1. Петков Ѓ, Миленковиќ З, Каровски К, Пенова М, Ѓорѓиевска Ј, Ѓорѓиевска М.**
**Ризик - фактори при стекнување на бруцелозата**
**Прв конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Р. Македонија, јуни 1999 година.**

Во трудот се прикажани 146 случаи на заболени од бруцелоза во период од 5 години. Преку овој труд се истакнува значењето на половата припадност, односно мажите кои одгледуваат стока, исто така и професионалната дејност, сточари, месари и др. Авторите нагласуваат дека секој кој има непосреден контакт со заболена стока може да заболи од бруцелоза. Кај пациентите се направени сите испитувања за потврдување на дијагнозата.

**2. Ѓорѓиевска М1, Ѓорѓиевска Ј, Ѓорѓиевска М2, Оровчанец Н, Петков Ѓ. Епидемиолошки карактеристики на морбилите во општина Гевгелија во периодот од 1978-1987 год., јуни 1999 год., Прв конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Р.Македонија.**

Во трудот се прикажува состојбата на заболени пациенти од морбили во општина Гевгелија. Во тек на десетгодишен период имало 628 заболени пациенти од морбили. Авторите нагласуваат дека според половата застапеност нема некоја голема разлика процентуално, но најголем акцент на најголем број заболени се дава на возрасната група од 10 до 14-годишна возраст. Во однос на сезоната, најмногу се застапени во месец април. Кај пациентите се направени сите испитувања за потврдување на дијагнозата.

**3. Петков Г, Каровски К Миленковиќ З, Ѓорѓиевска Ј, Ѓорѓиевска М. Клинички и епидемиолошки карактеристики на**

**вирусниот хепатит во Гевгелија. Јуни 1999 год., Прв конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Р.Македонија.**

Во трудот се прикажани 81 регистриран случај на заболени од вирусниот хепатит, во период од 5 години во општина Гевгелија. Авторите нагласуваат дека според полова застапеност нема некоја голема разлика процентуално, но најголем акцент на најголем број заболени од вирусниот хепатит се дава на возрасната група од 10 до 14 годишна возраст. Во однос на типот доминира типот А. Кај пациентите се направени сите испитувања за потврдување на дијагнозата.

**4.Klincevska M, Gjorgievska J.**
**Detection of p53 protein and it's pognostic significance in patients with (NHL's) Non-Hodgkin Limphomas, февруари 2000 год., 26-ти Источноатлантски студентски истражувачки форум, Мајами, САД.**

Преку овој труд се прикажува инциденцата од експресија на p53 протеинот детектиран од ДАКО - моноклоналните антитела на p53 протеинот клон DO -7, кој реагира и со дивиот тип и мутираниот тип на овој протеин во групата на агресивни и многу агресивни NHL's. Авторите нагласуваат дека p53 протеинот абнормално се покажува во NHL's. Кај сите примери се направени парафински исечоци кои се користени за хистохемиска и имунохиртохемиска анализа за лимфоцитни маркери.

**5. Ivanovski O, Petrova M, Duma H, Gjorgievska J, Volcevski G, Arsovska E, et all. Living unrelated renal transplantation: besides the ethics, февруари 2000 год., 26-ти Источноатлантски студентски истражувачки Форум, Мајами, САД.**

Во трудот се прикажани 14 пациенти кај кои е трансплантирано бубрег во Индија со несродни донори, во период од 4 години. Преку овој труд се прикажуваат прифаќањето и компликациите кај трансплантираните пациенти. Авторите нагласуваат кај трансплантираните кај кои преживувањето од една година на трансплантатот е кај 78%, прежувавањето од две години на трансплантатот е кај 64%. Сите пациенти се следени на редовни контроли, а двајца од пациентите починале од компликации, од кои едниот од пулмонална инфекција, а другиот од сепса по две години од трансплантацијата која не е поврзана со графтот.

**6. Роглева М, Роглева В, Роглева М, Ѓорѓиевска М, Рајчиновска З, Каровска М, Ѓорѓиевска Ј.**
**Застапеност на доењето во општина Кавадарци во период од 1994-1998 год.**
**Јули 2000 год., Прв семакедонски конгрес на лекарите, стоматолозите и фармацевтите.**

Во трудот е прикажана неопходноста од исхраната со хуманo млеко, кое има примарна улога во исхраната на доенчето. За анализа се земени 530

деца во општина Кавадарци во тек на една година. Земени се за пример доенчиња доени до 3 месеци, 6 месеци, 9 месеци и 12 месеци. Авторите, од добиените резултати врз основа на годишниот извештај, нагласуваат дека се согледува ефектот од зголемената здравствено-воспитна дејност од страна на педијатарот-превентивец за природната исхрана, со тоа што процентот на природна исхрана во 1998 год. е 70%, каде што се согледува поголем процент на исхрана на доенчето со природна храна-мајчино млеко.

**7. Роглева М, Роглева А, Роглева В, Ѓорѓиевска М, Ѓорѓиевска Ј, Рајчиновска З, Арангелова М.**
**Примена на Legoferot во лекување на сидеропенични анемии кај деца од 0 до 7-годишна возраст. Јули 2000 год., Прв семакедонски конгрес на лекарите, стоматолозите и фармацевтите.**

Во трудот се земени 60 деца од 0 до 7-годишна возраст со феродефицитна анемија и третирани со legofer (Fe protein succinulat). Авторите нагласуваат дека според половата застапеност немало некоја голема разлика процентуално, но карактеристично кај сите деца како најистакнати клинички симптоми биле истоштеност и продолжени респираторни инфекции. Кај пациентите биле направени клинички и лабораториски испитувања за потврдување на дијагнозата, и исто така биле направени контролни испитувања за потврдување на ефектот од дадената терапија.

**8. Петков Ѓ, Миленковиќ З, Каровски К, Ѓорѓиевска Ј, Ѓорѓиевска М.**
**Двојна терапија со Rifampicin и Doxiciklin во третманот на бруцелозата и Cost-Benefit. Јули 2000 год., Прв семакедонски конгрес на лекарите, стоматолозите и фармацевтите.**

Во трудот се прикажани 17 случаи на заболени од бруцелоза. Преку овој труд се истакнува значењето на двојната терапија во комплетно спроведен третман на лечење на бруцелозата, и тоа кај 12 мажи и 5 жени. Авторите нагласуваат дека секој кој има непосреден контакт со заболена стока може да заболи од бруцелоза; избраните случаи биле третирани со Rifampicin i Doxiciklin. Кај пациентите биле направени сите испитувања за потврдување на дијагнозата, и по дадената терапија биле направени испитувања, а несакани ефекти од терапијата биле забележани само кај еден пациент.

**9. Ѓорѓиевска М, Ѓорѓиевска Ј, Ѓорѓиевска М2, Поп- Дамков Ј, Петков Ѓ. Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во општина Гевгелија од 1989 до 1999 год.**
**Јули 2000 год., Прв семакедонски конгрес на лекарите, стоматолозите и фармацевтите.**

Во трудот се прикажани епидемиолошките карактеристики на бруцелозата во општината, со цел да се утврдат мерките и активностите за нејзина превенција, лекување и ерадикација. Преку овој труд се

истакнува значењето на превентивниата медицина (во тек на 10-годишно иследување вкупно биле регистрирани 213 пациенти, од кои 70% биле мажи). Авторите нагласуваат дека секој кој има непосреден контакт со заболена стока може да заболи од бруцелоза, а преку епидемиолошките испитувања е постигнато значително скратување на времето од започнување на болеста до поставување на дијагнозата. Кај пациентите биле направени сите клинички и лабораториски испитувања за потврдување на дијагнозата.

**10. Gjorgjievska J, Ivanovski O, Petrova A, Bina D, Gjorgjievska M. Functional outcome after operatively treated malleolar fractures February 2001 god., 9-th Internacionalen Ain Shams Medical Students' Congress ID 0223-p-Su.**

Во овој труд авторите ги анализираат и ги евалуираат функционалните резултати по оперативен третман на бималеоларните скршеници. Во студијата се анализирани 128 пациенти со бималеоларни скршеници, третирани оперативно според АО-класификацијата, за тоа од кој вид на скршеница се. Материјалот е класифициран според АО/ОТА класификацијата, а функционалните резултати се одредуваат според Demerit Point System by Saito. Во заклучокот авторите истакнуваат дека функционалните резултати корелираат со типот на скршеницата.

**11. Zogovska Mircevska E, Gjorgjievska J, Dzonov B. Surgical treatment of giant angiosarcoma of the penis Avgust 2003 Sydney, Australia, 13th Congress of the International Confederetion for Plastic, Reconstructive and Aestetic Surgery.**

Во трудот е прикажан случај со редок вид на малиген тумор од вакуларно потекло, кој се карактеризира со брз раст и брзо зголемување на меките ткива. Авторите ја истакнуваат високата малигност на туморот и неговата брза инвазија. Исто така се нагласува дека во поставувањето на дијагнозата неопходни се анемнестичките податоци, како и предоперативните инвестигации како тенкоиглена биопсија, компјутеризирана томографија и МРИ. Дефинитивната дијагноза се потврдува преку патохистолошка анализа. Кај пациентот била направена радикална ексцизија на карциномот и бил покриен дефектот со два ротациони резанки. По направениот оперативен третман пациентот е пратен на Институтот за онкологија за понатамошен третман.

**12. Петков Ѓ, Миленковиќ З, Каровски К, Ѓорѓиевска Ј, Пенова М, Тодоров М, Ѓорѓиевска М. Инфективна мононуклеоза болест на младата генерација. Списание на Македонското лекарско друштво, Мак. мед. преглед год. 53, 1999, стр.261:1-370.**

Авторите во трудот ги анализираат клиничките и епидемиолошките аспекти на инфективната мононуклеоза во Гевгелија во период од 1 година. Преку овој труд се истакнува значењето на превентивната медицина (во тек на 1-годишно иследување вкупно се регистрирани 41 пациент со инфективна мононуклеоза). Авторите нагласуваат дека

најзастапена популација на заболени од инфективната мононуклеоза се пациенти од 5 до 25 годишна возраст. Кај пациентите биле направени сите клинички и лабораториски испитувања за потврдување на дијагнозата.

**13. Пенова М, Ѓорѓиевска М. Ѓорѓиевска Ј, Петков Ѓ.**
**Здравствена исправност на прехранбените производи и епидемиолошки карактеристики на алиментарните токсикоинфекции во општина Гевгелија. Списание на Македонското лекарско друштво, Мак. мед. преглед год. 53., 1999, стр.348:1-370.**

Во трудот се дава акцент на исправноста на прехранбените производи со цел да се спречат негативните здравствени последици. Преку овој труд се истакнува значењето на превентивната медицина, во тек на 1-годишно иследување на 245 примероци на прехранбени производи. Авторите нагласуваат дека од вкупниот број на земени анализи, 13% се здравствено неисправни, а најмногу се среќаваат кај производи од промет и занаетчиско производство. Користени се податоци од основната санитарно-хемиска и биолошка анализа на испитуваните прехранбени производи и податоци од алиментарни токсоинфекции.

**14. Ѓорѓиевска М1, Ѓорѓиевска Ј, Ѓорѓиевска М2, Пенова М, Петков Ѓ. Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во општина Гевгелија. Списание на Македонското лекарско друштво, Мак. мед. преглед год. 53, 1999, стр.351:1-370.**

Авторите во трудот ги прикажуваат епидемиолошките карактеристики на бруцелозата во општината и изнесуваат податоци за нејзиното движење со цел да се утврдат мерки и активности за нејзина превенција, лекување и ерадикација. Преку овој труд се истакнува значењето на превентивната медицина (во тек на 5-годишно иследување вкупно се регистрирани 28 пациенти, од кои 72% се мажи). Авторите нагласуваат дека секој кој има непосреден контакт со заболена стока може да заболи од бруцелоза, а преку епидемиолошките испитувања е постигнато значително скратување на времето од започнување на болеста до поставување на дијагнозата. Кај пациентите се направени сите клинички и лабораториски испитувања за потврдување на дијагнозата.

**15. Џонов Б, Ѓорѓиевска Ј, Џокиќ Ѓ, Мостров И.**
**Анатомска класификација на кожните резанки Списание на Македонското лекарско друштво, Мак. мед. преглед год. 55, 2001, стр.3-96,бр.1-2.**

Во овој труд авторите ги анализираат и ги класифицираат кожните резанки. Во студијата се анализирани слободните кожни трансплантати со кожните резанки. Кожните резанки ја задржуваат сопствената васкуларна петелка преку која се исхрануваат. Авторите истакнуваат дека функционалните резултати на кожната резанка се подобри за разлика од слободните кожни трансплантати. Исто така се прикажани и нивните

анатомски и физиолошки карактеристики, како и современите модерни принципи на нивно планирање, дизајнирање и примена.

**16. Џокиќ Ѓ, Ѓорѓиевска Ј, Тренчев В.**
**Хируршки третман на билатерални декубитуси кај пациент со параплегија. Acta Chirurgica Macedonica, Vol.1 N 1 Skopje 2002.**

Во трудот е прикажан случај на 24-годишен пациент со параплегија и со декубитална рана со типична локализација над коскените испакнувања, како што се пределот на сакрококцигеалната регија, седалната регија и колкот. Преку овој труд се истакнува начинот на покривање на голем дефект на декубитална рана која не зараснува со ротирачка резанка. Авторите нагласуваат дека притисокот врз кожата, меките ткива, мускулите и коските, кој е поголем од капиларниот притисок, ако е подолготраен може да иницира декубитални промени. Кај пациентот е направена реконструкција на две декубитални рани со ротирачки резанки, а во закажните термини во текот на периодот на следење не е забележан рецидив.

**17. Џокиќ Ѓ, Ѓорѓиевска Ј, Џонов Б, , С. Туџарова Ѓоргова, В.Тренчев, А. Нацеска.**
**Класификација и хируршки третман на кожните дефекти на стапало. Списание на Македонското лекарско друштво, Мак. мед. преглед год. 58, 2004, стр.1-116,бр.1-2.**

Во трудот се прикажани 32 случаја со кожни дефекти на стапалото. Преку овој труд се прикажува класификацијата според видот на кожните дефекти на стапалото и степенот на оштетување. Авторите нагласуваат дека за затворање на дефектите се користени слободни кожни трансплантати со нецелосна дебелина, аксијални кожни резанки, слободни микроваскуларни мускуло и фасциокутани резанки. Кај сите пациенти е направена реконструкција на дефектите, а во закажните термини во текот на периодот на следење кај 3 пациенти имало компликации (тромбоза на резен, некроза на дистална третина на аксијална резанка и маргинална некроза на транспонирачка резанка, кои понатаму биле реконструирани).

**18. Gjorgievska J., Dzokic G., Tudzarova-Gjorgova S.,**
**Foreign Body in the maxillar sinus-case report 5th Croatian congress for Plastic, reconstructive and aesthetic surgery ESPRAS appointed Congress for 2004, Dubrovnik-Cavtat, Croatia.**

Поради реткоста на туѓо тело во максиларен синус во трудот е прикажан случај на 61-годишен пациент кој три месеци пред да дојде на преглед имал траума во пределот на левата инфраорбитална регија. Авторите нагласуваат дека не треба да се запемаруваат повредите и треба пациентите да се следат доколку немаат заздравување на раната по падот. Кај пациентот, за дијагноза од земената анамнеза се направени и Ртг на глава и лицеви коски и КТ на глава, при што е потврдена дијагнозата. Во закажаните термини во текот на периодот на следење не е забележана инфекција или компликација по операцијата.

**19. Ј. Ѓоргиевска, В.Тренчев, Ѓ. Џокиќ**
**Хируршки третман на Condylomata Acuminata од мултицентричен тип во генитална регија. Прв македонски национален конгрес за урологија во соработка со Европската уролошка асоцијација, Охрид, јуни 2002 год.**

Во трудот е прикажан случај на 21-годишен маж со Condylomata Acuminata во гениталната регија. Преку овој труд се истакнува начинот на настанување (HPV) и хируршкиот третман. Авторите нагласуваат дека во поставувањето на дијагнозата неопходни се анемнестичките податоци, како и предоперативните инвестигации како тенкоиглена биопсија. Дефинитивната дијагноза се потврдува преку патохистолошка анализа. Кај пациентот е направена радикална ексцизија на кондиломите, а во закажаните термини во текот на периодот на следење не е забележан рецидив.

**20. Djokic Gj., Jovchevska J.,Dika A.**
**Electrical Injuries:Ethiology, Pathophisiology and Mechanism of injury. Maced J Med Sci.2008.Dec 15;1 (2) :1-89.**

Во трудот се прикажани етиологијата на настанување на електричните изгореници, патофизиологијата и механизмот на настанување на електричните изгореници. Преку овој труд се истакнуваат значењето и тежината на повредата кои можат да настанат од нисковолтажна струја, високоволтажна струја, од гром, и од друга етиологија. Авторите нагласуваат дека струјата предизвикува директно уништување на ткивото, при што ја конвертира електричната во топлинска енергија и предизвикува масивно уништување на ткивото, а исто така предизвикува и механички повреди резултирани од пад или јака мускулна контракција. Кој пат го зафаќа струјата, тие делови на телото, односно ткивото се зафатени. Електричните изгореници предизвикуваат мултипни повреди на телото, од влезната и излезната рана и целото околно ткиво.

**21. Pejkova S. ,Trajkovska N. , Atanasova E. , Jovchevska J , Mirchevska E. , Djokic Gj , Tudzarova S , Kaftandziev I , Saveski J**
**Extensor Pollicis Longus Tendon Rupture after Distal Radius Fractures: Evaluation of Incidence and Treatment Options**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Преку овој труд авторите ја евалуираат инциденцата и третманот на руптура на m.extensor pollicis longus (ЕПЛ) кај дислоцираните и недислоцираните Colles-ови скршеници на дисталниот крај на радиусот. Во оваа студија се вклучени 180 пациенти со Colles-ови скршеници на дисталниот крај на радиусот. Авторите истакнуваат дека одложена руптура на m.extensor pollicis longus во најголем процент се среќава во групата на недислоцирани скршеници на дисталниот крај на радиусот и таа најчесто се јавува 5 недели по повредата на дисталниот крај на радиусот. Руптурата на ЕПЛ е третирана оперативно со трансфер на

тетивата на m.extensor indicis proprius или со слободни тетивни графтови од m.palmaris longus. Во заклучокот авторите истакнуваат дека руптура на тетивата m.extensor pollicis longus може да се очекува многу почесто кај недислоцираните отколку кај дислоцираните Colles-ови скршеници на дисталниот крај на радиусот.

**22. Pejkova S. , Trajkovska N. , Dzonov B., Atanasova E. ,Jovchevska J., Srceva M.. Peev I., Tudzarova S. , Djokic Gj. , Saveski J.**
**Reconstruction Of Soft Tissue Defects With Adipofascial Flap In Open Tibial Plafond Fracture .A Case Report VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Преку овој труд авторите ја истакнуваат вредноста на адипозофасцијалниот резен во реконструкција на дефектите на дисталниот крај на потколеницата. Прикажан е случај со пилон фрактура на дисталниот крај на потколеницата со опсежна мекоткивна повреда.Фрактурата на дисталниот крај на потколеницата е третирана со поставување на надворешен фиксатор и лимитирана внатрешна фиксација на фибулата. Во втор акт е направена реконструкција на мекоткивниот дефект со примена на адипозофасцијален перфораторски резен.
Постоперативните и функционални резултати кај овој случај се одлични. Затоа авторите истакнуваат дека кај ваков тип на повреди потребен е мултидисциплинарен пристап.

**23. Pejkova S,Trajkovska N.,Kaftandziev I.,J.Jovchevska, Dzokic Gj., Saveski J.**
**Soft-tissue Coverage with Medial Gastrocnemius Muscle Flap in Open Tibial Fracture – A Case Report**
**Third International Congress of Macedonian Association of Orthopaedics and Traumatology 13-16 May, 2009, Ohrid Macedonia.**

Авторите преку овој труд прикажуваат случај со отворена скршеница на тибија III B степен со голем мекоткивен дефект. Скршеницата е репонирана и фиксирана со неримуван интрамедуларен клин, додека мекоткивниот дефект е реконструиран со примена на медијален гастрокнемиус мускулен резен. Во заклучокот се истакнува дека акутниот хируршки дебридман, интрамедуларната фиксација и мекоткивната реконструкција претставуваат неопходни фактори за постигнување на добри постоперативни функционални резултати.

**24. Jovcevska J , Dika A , Pejkova S , Gjorgievska M , Jovcevski A , Tudzarova S. , Dzokic Gj Scar Endometriosis Developing After Caesarian Sectio.**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Во трудот се прикажани 11 случаи со ендометриоза локализирана на постоперативна лузна по направен sectio cesarean. Преку овој труд се истакнува дека најчеста локализација на едонометриозата е карличениот базен, иако сепак многу ретко постојат и екстрапелвични локализации, како во прикажаните случаи – по должина на постоперативната лузна. Авторите нагласуваат дека во поставувањето на дијагнозата неопходни се анемнестичките податоци, како и предоперативните инвестигации како иглена биопсија, компјутеризирана томографија и МРИ. Дефинитивната дијагноза се потврдува преку патохистолошка анализа. Кај сите пациенти е направена радикална ексцизија, а во закажаните термини во текот на периодот на следење кај ниту една пациентка не е забележан рецидив.

**25. A.Dika., J.Jovcevska.,I.Orana.,V.Mircevski.,Gj.Dzokic.**
**Surgical Trearment Of Locally Advanced Recurrent Cancer Of the Forehead.**
**VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic,Reconstructive and Aesthetic Surgery 4-7 June, 2009, Ohrid Macedonia.**

Во трудот е прикажан случај со рекурентен карцином локализиран во фронтална регија. Преку овој труд се истакнува начинот на покривање на голем дефект со слободна резанка, по опсежна ексцизија на рекурентен карцином во фронтална регија. Авторите нагласуваат дека во поставувањето на дијагнозата неопходни се анемнестичките податоци, како и предоперативните инвестигации како иглена биопсија, компјутеризирана томографија и МРИ. Дефинитивната дијагноза се потврдува преку патохистолошка анализа. Кај пациентот е направена радикална ексцизија на карциномот со коскен дефект кој е препокриен со слободна резанка (radialis free flap), а во закажаните термини во текот на периодот на следење не е забележан рецидив.

**26. Gjorgievska J., Dzokic G., Peev I.**
**Radial Border Polydactilia (Pollex Duplex) in adult patient The 14th International Congress of the International Confederation for Plastic, reconstructive and Aesthetic Surgery June 26-30, 2007 Berlin, Germany.**

Во трудот е прикажан случај на 43-годишен маж со радијална полидактилија, што вообичаено се оперира во детска возраст. Преку овој труд се истакнува индикацијата за оперативен третман на полидактилијата која, освен некогаш од функционална природа, најчесто се оперира заради козметички ефект. Авторите нагласуваат дека во поставувањето на дијагнозата неопходни се анемнестичките податоци, клиничката слика и РТГ на шака. Во постоперативниот период, во закажните термини не се забележани компликации.

**27. Џокиќ Ѓ., Јовчевска Ј., Дика А., Трепчев В.**
**Влијанието на анатомската основа врз прогнозата на малигниот меланом**

**IV конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 септември 2009, Охрид, Македонија.**

Во трудот е прикажана клиничка опсервација во тек на хируршката практика, која укажала на можноста дека анатомската основа би можела да биде услов за полоша прогноза асоцирана со малигниот меланом кој се јавува на одредени регии. Преку овој труд се земени 45 пациенти со примарен малиген меланом во тек на 5 години. Авторите нагласуваат дека местата кои имаат невроваскуларни прозорци кои обезбедуваат лесно достапен васкуларен пат за дисеминација на малигни клетки. Триесетина пациенти биле класифицирани како високоризични, а другите биле класифицирани во нискоризична група.

**28. Дика А., Јовчевска Ј., Идриз О.,Гоцев Ѓ., Цокиќ Ѓ. Важноста од раното препознавање на pyoderma gangrenosum од општите лекари и хирурзи- приказ на три случаи. IV конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 Септември 2009, Охрид, Македонија.**

Во трудот се прикажани 3 случаи со pyoderma gangrenosum. Преку овој труд се истакнува реткоста на ова кожно заболување и неговата погрешна дијагноза кое со несоодветна терапија води кон влошување на локалниот наод и општата состојба на болниот. Авторите нагласуваат дека најважно е од страна на општите лекари, дерматолозите и хирурзите рана дијагноза на pyoderma gangrenosum и навремено лечење со соодветна терапија.

Врз основа на разгледаните документи, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Перо Петровски
2. проф.д-р Славчо Стојменски
3. доц. д-р Сашко Јовев,

го донесе следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Документите на кандидатот д-р Ален Јовчевски не се разгледувани зашто тој не е повеќе во работен однос при ЈЗУ Клиники-Скопје.
Кандидатите д-р Љупчо Николов и д-р Јасмина Ѓорѓиевска немаат претходен стаж како помлади асистенти, а од Комисијата добија позитивна рецензија.
Останатите кандидати: д-р Христијан Костов, ас. д-р Боро Џонов, помл. ас. д-р Симон Трпески, помл. ас. д-р Оливер Арсовски, помл. ас. д-р Софија Пејкова, помл. ас. д-р Венко Филипче, помл. ас. д-р Маргарита Пенева, помл. ас. д-р Љуљзим Агаи, д-р Сотир Ставридис, д-р Скендер Саиди, д-р Роберт Шумковски, д-р Стојан Ѓошев и д-р Александар Шумковски, кои имаат уредна документација и ги исполнуваат условите за избор за асистент, добија позитивна рецензија.

**Рецентзентска комисија**

Проф. д-р Перо Петровски, претседател, с.р.

Проф. д-р Славчо Стојменски, член, с.р.

Доц. д-р Сашко Јовев, член, с.р.

29. 3. 2010, Скопје

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕВАЛУАЦИЈА НА ФЕМОРО-ПОПЛИТЕАЛНИОТ BY PASS И ПЕРКУТАНАТА ТРАНСЛУМИНАЛНА АНГИОПЛАСТИКА СО СТЕНТИРАЊЕ ВО ТРЕТМАНОТ НА ПЕРИФЕРНАТА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ ВО ИНФРАИНГВИНАЛНИОТ СЕГМЕНТ", ИЗРАБОТЕНА Д-Р ВЛАТКО ЦВЕТАНОВСКИ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје на својата 5-та редовна седница одржана на 25.3.2010 година, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на д-р Влатко Цветановски, во состав:

1. проф. д-р Тихомир Крцкоски
2. проф. д-р Горан Кондов
3. проф. д-р Самуел Садикарио.

Комисијата се формира за оцена на докторската дисертација со наслов:

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ФЕМОРО-ПОПЛИТЕАЛНИОТ BY PASS И ПЕРКУТАНАТА ТРАНСЛУМИНАЛНА АНГИОПЛАСТИКА СО СТЕНТИРАЊЕ ВО ТРЕТМАНОТ НА ПЕРИФЕРНАТА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ ВО ИНФРАИНГВИНАЛНИОТ СЕГМЕНТ**

По разгледувањето на доставена документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд **Евалуација на феморо-поплитеалниот by pass и перкутаната транслуминална ангиопластика со стентирање во третманот на периферната артериска болест во инфраингвиналниот сегмент** е напишана на 117 страници и се состои од неколку компактни целини: Вовед, Мотив, Цели на студијата, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Библиографија на користена литература.

Во **воведниот** дел, покрај историскиот аспект на периферната артериска болест, се укажува на нејзината висока процентуална застапеност во популацијата, како и на значењето на ризик - факторите во генезата на периферната артериска болест.
Во понатамошниот текст се дефинира периферната артериска болест преку нејзините микроскопски патохистолошки карактеристики, најчестата локализација, како и патофизиолошкиот механизам на исхемијата кој е причина за клинички манифестации во облик на claudicatio intermitens. Воведниот дел завршува со модалитетите на третман на периферната артериска болест, и тоа конзервативен треман, интервентни процедури и хируршки третман.
**Мотивот** е јасен и произлегува од високата застапеност на периферната артериска болест во популацијата, како и од потребата за редефинирање на етапниот тераписки пристап во третманот на периферната артериска болест.
Она што авторот сака да го извлече како главна **цел** е врз основа на анализирани параметри како коморбидитет-diabetes mellitus, биолошки и простетични материјали, локализација и позиционирање на стентот, компликации и друго, да се утврдат преферирани индикациони подрачја за двата модалитета на третман на периферната артериска болест.
Во делот **Материјал и методи,** авторот наведува дека докторскиот труд ќе се работи на пациенти од Клиниката за торакална и васкуларна хирургија, додека во дијагностичко терапевтски цели ќе бидат вклучени и Институтот за РТГ - дијагностика во Клиничкиот центар, како и други здравствени установи во Р. Македониа.
Болните се поделени во две групи во зависност од техниката на третман на периферната артериска болест, и тоа:

**Група I- 50** пациенти со периферна артериска болест (ПАБ), кои биле третирани со методата на хируршка реваскуларизација (fem-pop by pass). Пациентите во првата група се поделени во две подгрупи во зависност од материјалот кој се употребил за хируршка реваскуларизација:

- **подгрупа А**-20 пациенти кај кои е употребен биолошки материјал-аутологна вена сафена магна (АВСМ);
- **подгрупа Б**-30 пациенти кај кои е употребен простетичен материјал- Дакрон или ПТФЕ.

**Група II- 40** пациенти со периферна артериска болест (ПАБ) кои биле третирани со интервентна процедура- перкутана транслуминална ангиопластика со стентирање (ПТАС).

При тоа за сите пациенти во групите јасно се дефинирани критериумите за вклучување, односно невклучување во студијата, како и критериумите за иницијално неуспешни процедури. Авторот приложува и протоколи за двата модалитети на третман кои содржат анализа на следниве параметри: базични клинички податоци, лабораториски параметри, ангиографски параметри, Ancle Brachial Pressure Index (АБИ), ехокардиографија, параметри за компликации, како и статистичка анализа со статистички методи кои се употребени во оваа студија. Даден е и детален опис на техниките и тоа феморо-поплитеалниот by pass, како и перкутаната транслуминална ангиопластика со стентирање.

**Резултатите** кои се објавени во оваа студија се систематично и логично проследени, а се базираат на веќе докажани биофизички законитости и принципи. Најпрво авторот ги изнесува демографските податоци за двете испитувани групи од кои јасно се гледа хомогеноста на двете групи по однос на полот, возраста но исто така и во однос на ризик - факторите каде што доминира хипертензијата. Од функционалните испитувања авторот го изнесува значењето на потколеничниот индекс кој сигнификантно се зголемува постоперативно како и по интервентната процедура. Пациентите во хируршката група имаат повисок процент на пациенти во Fontain 2б класата. Проодноста на графтовите во хируршката група по 6 - месечната евалуација е значајно повисока кај пациентите каде што како графтен материјал е употребена реверсна АВСМ,(95%), а пониска кај пациентите каде што како графтови се користени синтетски материјали (PTFE или Dacron)(80%). Ова е посебно потенцирано кај пациентите кои се дијабетичари, и кај пациентите со лоша левокоморна функција, односно ниска истисна фракција, како и кај пациентите со лош периферен run off. Во групата на пациентите третирани со интервентни процедури утврден е поголем успех и проодност кај кратки оклузии, кај концентрични лезии, како и кај недијабетичари.

Сепак она што оваа докторска теза ја издвојува како посебна е анализата на проодноста во двете групи и подгрупи анализирана преку мултифакторијалното влијание на коморбидитетот (посебно дијабетесот), како и анализата на проодноста во двете групи во корелација со пумпната способност на срцето, односно истисната фракција.

**Дискусијата** е поставена на 7 страници и опфаќа компарација на добиените резултати во оваа студија со голем број актуелни студии и метаанализи кои произлегуваат од реномирани центри и автори во светот. Дискусијата е сеопфатна, концизна, јасна, а воедно и со постојан самокритички осврт на авторот кој произлегува од големината на студијата, краткорочноста на анализата и пристрасноста во проценка на лезиите.

**Заклучно,** авторот преку осум заклучоци ја изнесува суштината на докторската теза според која аутологната сафенска вена се препорачува како графтен материјал кај пациенти со долгосегментни лезии кај пациенти со клаудикациони интервал <50м. а посебно кај пациенти со лош потколеничен run off и кај дијабетичари. ПТАС според авторот, е метода на избор за краткосегментни лезии , лезии со добар run off, и и таа не се препорачува кај дијабетичари. Интересен е заклучокот на авторот во однос на позицијата на стентот, според кој се препорачува позиционирање во проксимален сегмент, односно се препорачува избегнување на позиционирање на стентот во средна и дистална третина на феморалната артерија. Намалување на истисната фракција на срцето е еден од факторите кој индицира употреба на аутологна сафенска вена. Во последниот заклучок авторот наведува дека ПТФЕ - материјалот се употребува само во случаи на недостапност на биолошки графт, калцификации, варикозитети и оштетување на големата сафенска вена како и во случаи на оклузии подолги од 4см.

Во **литературата** се цитираат 103 референци, речиси сите објавени во последниве пет години, кои претставуваат широка теоретска основа за изнесените сознанија.

### Оцена на пријавената тема за докторска дисертација

Според содржината и темата, докторската дисертација на д-р Влатко Цветановски претставува самостоен научно-стручен труд од областа на васкуларната хирургија, посветен на различните техники и модалитети на третман на периферната артериска болест во инфраингвиналниот сегмент - болест која се уште претставува предизвик за голем број лекари и истражувачи поради се уште високиот морбидитет и морталитет. Студијата е многу актуелна и со големо практично значење и апликативност во областа на васкуларната хирургија и интервентната радиологија, а воедно ги задоволува сите принципи на научноистражувачка работа.

Комисијата оценува дека д-р Влатко Цветановски оваа актуелно конципирана идеја, тематски и содржински успешно ја изработил, и затоа му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензијата да ја прифати, а на кандидатот да му овозможи понатамошно проследување на трудот до конечна јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Тихомир Крцкоски, с.р.

2. Проф. д-р Горан Кондов, с.р.

3. Проф. д-р Самуел Садикарио, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На конкурсот објавен во весникот „Време" на 21.12.2009 година, д-р Митко Б. Панов се пријави за предвремен избор во звањето научен советник при ИНИ. Кон пријавата на д-р Митко Б. Панов се приложени потребните конкурсни материјали, документи и податоци: биографија на кандидатот, библиографија па објавени трудови/текстови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на неговата научноистражувачка, наставно-научна, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Врз основа на поднесените конкурсни материјали, Рецензентската комисија ги зеде предвид и ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. биографија на кандидатот д-р Митко Б. Панов;
2. преглед и оцена за неговата научна, наставна и стручна работа;
3. оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен советник.

Комисијата во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Милан Бошкоски и проф. д-р Александар Атанасовски, по прегледувањето на документацијата, му го поднесува на Советот следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци за д-р Митко Панов

Митко Б. Панов е роден 1967 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во родниот град. Во октомври 1991 година дипломирал на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Од јули 1993 година е вработен во Институтот за национална историја во Скопје. Во 1995 година ја одбранил магистерската теза на тема „Солун во рановизантискиот период". Докторската дисертација „Македонија и Византија во IV и V век", ја одбранил во 2003 година. Со звањето виш научен соработник се стекнал во ноември 2006 година.

### 2. Научноистражувачка дејност

Научната и професионална преокупација на д-р Митко Б. Панов е фокусирана кон проучувањето на доцноантичката и средновековната историја на Македонија, како и на историјата на Византија, која во квантитативна смисла, од последниот избор во звање (Билтен бр. 907) резултира со публикување на 18 научни труда, од кои една монографија (рецензирана), 3 дела од монографии, како и 14 статии во научни списанија и зборници на трудови од меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми.

Во монографијата *Солун низ историјата*, т. I, изд. „Матица Македонска", за првпат во македонската историографија се проследува историскиот развој на градот Солун во хронолошки опсег од основањето до VI век. Значењето на овој труд на д-р Панов произлегува од фактот што во него

се поставуваат повеќе историографски проблеми, чиешто разјаснување овозможува да се реконструира историјата на Солун. Посебен акцент е даден на глобалната политичко-религиска трансформација во периодот на рана Византија (IV-VI век), кога градот зазема бележита позиција во новоформираните односи и креираните сфери на влијание помеѓу Истокот и Западот.

Д-р Митко Б. Панов е автор и на шест поглавја содржани во *Историјата на македонскиот народ*, изд. ИНИ (Скопје, 2008), кадешто во синтетизирана форма е проследен комплексниот историски развој на Македонија во средновековниот период, што ги опфаќа и односите со Византија. *Историјата на македонскиот народ* е публикувана и како посебно издание на англиски јазик, што придонесува за афирмација на македонската научна мисла во странство. Во таа насока е и делот од монографијата на д-р Митко Б. Панов „A religious clash and interaction: An example of the cult of St. Demetrios of Thessalonica", во монографијата „*Saints of the Balkans*, ed. M. Detelic, G. Jones, Shyon Tyas (во печат), во кој се содржани нови научни сознанија за култот на св. Димитрија како религиски феномен кој ги интегрирал паганските и христијанските традиции во градот Солун во V век.

За истакнување е фактот дека кандидатот има публикувано повеќе статии и научни прилози на англиски јазик, во кои се третираат историографски проблеми од историјата на Македонија и на Византија. Во таа смисла, може да се издвои прилогот за административните промени на Балканот во периодот на IV-V век, објавен во Зборникот на трудови од 21. Меѓународен византолошки конгрес, одржан во Лондон, 2006 година. Посебен предмет на научна елаборација се и административните промени во Македонија во рановизантискиот период, со што се ревидираат повеќе гледишта во традиционалната историографија.

Професионалната и научната ориентација на д-р Митко Б. Панов кон истражувањето на историјата на Византија и релациите со Македонија и Балканот, наоѓаат израз и во научните трудови во кои се анализираат владеењата на византиските императори Теодосиј I, Теодосиј II, Јустинијан I, Лав VI, Константин VII и рефлексијата на нивната политика и идеолошка концепција на Балканот и во Македонија.

Во опсегот на објавените научни истражувања на д-р Митко Б. Панов е и проблематиката поврзана со трансформацијата на политичко-идеолошките процеси во Македонија во периодот IV-VII век. Во тие рамки, во повеќе научни трудови, врз основа на изворна анализа, научно се проследува континуитетот на македонските традиции, кои нашле силна рефлексија во процесот на симбиоза помеѓу населените Словени во Македонија и домородните Македонци.

Д-р Панов се зафаќа и со сеопфатно истражување и критичка анализа на византиските извори, посебно во контекст на употребата и значењето на термините Македонија и Македонци во средниот век. Особено значаен е фактот што тој применува оригинален научен приод анализирајќи ја оваа комплексна историографска проблематика низ призмата на византиската идеологија, која имала силно влијание врз претставата на византиските

историографи одразена во нивните дела. Во тие рамки се и неговите научни трудови во кои се истражува процесот на креирањето на византиската идеологија кај македонската династија (867-1056), преку фабрикувањето на легендата за поврзаноста со Александар III Македонски. Притоа, д-р Панов за првпат го поставува како историографско прашање и феноменот на „македонизмот" како форма на идеологија и политичка мисла во Византија, манифестиран меѓу другото и преку самоидентификацијата на претставниците на империјалната власт како Македонци. Низ призмата на византиската идеологија, д-р Митко Б. Панов ги истражува и светиклиментовите традиции во Македонија, со што внесува сосема нова димензија во проучувањето и расветлувањето на дејноста на св. Климент и традииите на св. Кирил и Методиј. Предмет на посебна научна елаборација е и византиската политичко-религиска концепција манифестирана во локални рамки низ примерот со Струмица и струмичката област, како значаен стратешки регион за Византија во средновековниот период.

Оригиналните резултати од научноистражувачката дејност на д-р Митко Б. Панов наоѓаат практична примена и во нивната презентација на 9 научни симпозиуми и конференции. Неговата стручност наоѓа израз и во организирањето на четири научни симпозиуми, од кои два во својство на претседател на организациски одбор и два како член.

Д-р Панов учествува како раководител на еден проект и како координатор на два домашни и еден меѓународен проект. Член е на уредувачкиот одбор на научното списание на ИНИ, „Гласник". Учествува во уредувачките одбори на четири зборници на трудови, од кои во два како главен уредник.

Научната стручност и афирмираност на д-р Панов е манифестирана и со одржаното предавање за постдипломци и докторанди на покана од референтниот Универзитет во Глазгов, Велика Британија, на тема: "Byzantiuim in the Balkans: Where the East met West" (октомври 2008).

### 3. Наставно-научна дејност

Опсежната научноистражувачка дејност, д-р Митко Б. Панов ја надополнува и со активното учество во наставната дејност. Наставник е на три предмети во рамките на студиската група *историја на Византија* при ИНИ, а е ангажиран како соработник на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први", како и на постдипломските студии на Институтот „Евро-Балкан". Одржувал предавања и на постдипломските студии организирани во рамките на програмата за соработка и размена на студенти меѓу Државниот универзитет во Темпи-Аризона и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.

Д-р Митко Б. Панов со својот активен ангажман придонесува и за усовршувањето на научен подмладок, што доаѓа до израз преку неговото учество како ментор на докторска дисертација, членство во 2 комисии за оцена или одбрана на докторат, како и во три комисии за оцена или одбрана на магистратура.

**4. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Значајниот придонес на д-р Митко Б. Панов во развојот на македонската научна мисла е валоризиран со добивањето на општествено признание - највисоката годишна награда на град Струмица - „Светите 15 Тивериополски маченици", за особени достигнувања од областа на историјата и културата.

Треба да се истакне и фактот дека д-р Панов има значајно влијание во усовршувањето на научната практика, што се потврдува од пројавената активност како иницијатор за основање на групата за постдипломски студии *историја на Византија* при ИНИ, во рамките на која ја извршува функцијата координатор.

Во два мандата (2005-2009 и 2009 - ) е избиран за член на највисокото тело на Институтот за национална историја - Советот. Бил член на повеќе научни и стручни тела, како и рецензент за избор во научни звања. Ко-автор е на учебникот „Историја за I клас средно образование" (Алби, 2007, 2010), а учествувал и во подготовката на енциклопедиското издание *Македонски среден век* (VI-XVIII век), во издание на МИ-АН, Скопје, 2008. Учествувал и на повеќе научни трибини, што ги вклучува и пленарните излагања. Настапувал и на повеќе радио и телевизиски емисии од областа на историјата на Македонија и на Византија.

## ЗАКЛУЧОК

Д-р Митко Б. Панов е водечки научник-истражувач во областа на византологијата. Неговите трудови, обработени со посебна ерудиција и научна хеуристика, претставуваат голем научен придонес не само за историјата на Македонија во византискиот период, туку и научни сознанија воопшто, во светската историја во средниот век.

Врз основа на изнесените податоци, согледби и одлични оцени за вкупната научноистражувачка, научно-наставна, стручно-апликативна и организациско развојна дејност на кандидатот – виш научен соработник д-р Митко Б. Панов, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Милан Бошкоски и проф. д-р Александар Атанасовски, смета дека кандидатот ги исполнува сите потребни услови за избор во звањето научен советник/редовен професор. Рецензентската комисија има чест да му предложи на Советот на ИНИ да го избере д-р Митко Б.Панов во звањето научен советник/редовен професор.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Анета Шукарова с.р

Проф. д-р Милан Бошкоски с.р

Проф. д-р Александар Атанасовски с.р.

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛОКУПНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ Д-Р МИТКО Б. ПАНОВ

| Научноистражувачка и наставно-научна дејност (НИ+НН) | | |
|---|---|---|
| **1.** | Монографија или дел од монографија | |
| | 1) *Солун низ историјата,* т. I, изд. *Матица македонска* (рецензиран труд во печат). | 8 |
| | 2) Историја на македонскиот народ, ИНИ (Скопје, 2008) – автор на шест поглавја, с. 65-124. | 4 |
| | 3) The History of the Macedonian people, INI (Skopje, 2008) – six chapters | 4 |
| | 4) "Religious clash and interaction: An example of the cult of St. Demetrious of Thessalonica", *Saints of the Balkans,* ed. M. Detelic, G. Jones (Shyon Tyas) – во печат | 6 |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание: | |
| | 1) „Административните реформи на Диоклецијан, Галериј и Константин I и Македонија", *Гласник на ИНИ,* 50/1 (2006) [2007], 111-124. | 6 |
| | 2) „Јустинијана Прима – Тесалоника – Сирмиум: Паралели помеѓу политиката на Јустинијан I и Теодосиј II, *Гласник на ИНИ,* 51/1-2 (2007) [2008], 7-14. | 6 |
| | 3) „Македонија во книжевните дела на Лав VI и Константин VII: Историја и легенда", *Филолошки студии,* 1 (2009) (рецензирана статија во печат). | 6 |
| | 4) „The Making of the Cult of St. Demetrius of Thessalonica: Byzantine creation?", *Гласник на ИНИ,* 52/1-2 (2008) [2009]. | 6 |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: | |
| | 1) "Ilyricum between East and West: administrative changes at the end of the fourth and the first half of the fifth century", *Proceedings of the 21International Congress of Byzantine Studies,* III. Abstracts of Communications, (London, 2006), 33-34 (цитирано). | 2 |
| | 2) „Административни промени во Македонија во IV-V век: Нови датирања", *Историја, историографија и настава по историја*, (Скопје, 2008), 115-128. | 1 |
| | 3) „Античките Македонци во рана Византија: посведочен континуитет", *Македонија помеѓу Византискиот комонвелт и Европската унија* (Евро-Балкан пресс/КИЦ, Скопје, 2008). | 1 |
| | 4) "Macedonia in the Politics of Theodosius I", *Антиката и европската наука и култура*, (Скопје, 2009). | 1<br>1 |
| | 5) „Политичко-идеолошки транзиции и континуитет: Македонија во IV-VI век", *Транзициите во историјата и културата* (Скопје, 2008), 45-50. | 1 |
| | 6) „Струмица и струмичката област во воено-политичката и идеолошката концепција на Византија (IV-XI век)", *Струмица и Струмичко: Историја, култура и традиција* (Струмица, 2008). | 1 |
| | 7) „Јустинијана Прима во политичко-идеолошката концепција на Јустинијан I", *Скопје помеѓу античкото и модерното време* (Евро-Балкан прес/КИЦ, Скопје, 2009). | 1 |
| | 8) „Македонија и Македонците во византиската историографија: Перцепција, претстава, конструкција", *Македонскиот идентитет низ историјата* (Скопје, 2010) - во печат. | 1 |
| | 9) „Светиклиментовите традиции во Македонија низ призмата на Византија", *Светиклиментовите традиции во Македонија* (Скопје, 2009). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10) „Да се биде Македонец: Македонизмот како идеологија и политичка мисла во Византија", *Византиското културно-историско наследство и Македонија* (Евро-Балкан прес, 2010) – во печат. | |
| 4. | Одржано предавање по покана од референтна научна институција/ универзитет:<br>1) Предавање на Универзитетот во Глазгов, Велика Британија на тема: "Byzantiuim in the Balkans: Where the East met West", 29 октомври 2008. | 3 |
| 5. | Учество на научен собир со реферат:<br>1) Меѓународен научен симпозиум „Транзициите низ историјата и културата", Скопје, 30-31 октомври 2006.<br>2) Меѓународен научен собир „Антиката и европската наука и култура", Скопје, 21-22 ноември 2006<br>3) Научен симпозиум „Македонија помеѓу Византискиот комонвелт и Европската унија, Скопје, 11-12 мај 2007.<br>4) International Conference, "Europe's central attraction: Getting closer to go further", Central Europan Initiative, Zakopane, Poland, 21-23 мај 2007<br>5) Меѓународен научен собир „Историја, историографија и настава по историја", Скопје, 21-23 ноември 2007.<br>6) Научен симпозиум „Струмица и Струмичко: Историја, култура и традиција", Струмица, 11-13 септември 2008.<br>7) Меѓународен симпозиум „Македонскиот идентитет низ историјата", Скопје, 2008.<br>8) Научен симпозиум „Византиското културно-историско наследство и Македонија", Скопје, 11-12 мај 2009<br>9) Научен собир „Светиклиментовите традиции во Македонија", 8 декември 2009. | 1,5<br>1,5<br>1,5<br>2<br>1,5<br>1,5<br>1,5<br>1,5<br>1,5 |
| 6. | Раководител на научен проект:<br>1) Македонија во раниот среден век (VI-X век): Дефинирање на историските процеси (2009- ). | 4 |
| 7. | Учесник во научен проект:<br>1) Меѓународен проект: "The nation-state and the institutions of academic knowledge: production and legitimating of dominant discourses of/on knowledge about society, *Regional Research Promotion Programme-Western Balkans*, University of Freiburg, Swiss Agency for development and cooperation, 2009- (Research Coordinator)<br>2) Проект: „Денови на Јустинијан I", *град Скопје, Министерство за култура на РМ, Скопје, 2009* (идејна подготовка, координатор).<br>3) Проект: „Денови на Јустинијан I", *град Скопје, Министерство за култура на РМ*, Скопје, 2008 (идејна подготовка, координатор). | 3<br>2<br>2 |
| 8. | Член на уредувачки одбор на научно списание:<br>1) Член на уредувачкиот одбор на „Гласникот" на ИНИ | 0,5 |
| 9. | Уредник на зборник на трудови од научен собир:<br>1) „Скопје помеѓу античкото и модерното време" (Скопје, 2008) – главен уредник.<br>2) „Струмица и Струмичко: Историја, култура и традиција" (Струмица, 2008).<br>3) „Македонскиот идентитет низ историјата" (Скопје, 2010).<br>4) „Византиското културно-историско наследство и Македонија" (Скопје, 2010) – главен уредник. | 1<br>1<br>1<br>1 |
| | Претседател на организациски одбор на научен собир: | |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | 1) Претседател на организацискиот одбор на научниот собир „Македонија помеѓу Византискиот комонвелт и Европската унија" (Скопје, 2008)<br>2) Претседател на организацискиот одбор на научниот собир „Византиското културно-историско наследство и Македонија" (Скопје, 2009) | 2<br>2 |
| **11.** | Член на организациски одбор на научен собир:<br><br>1) „Струмица и Струмичко: Историја , култура и традиција (Струмица, септември 2008)<br>2) „Порече низ историјата" (Самоков, септември 2009) | 1<br>1 |
| **12.** | Одржување настава и консултации на постдипломски студии:<br><br>1) Наставник на постдипломските студии во ИНИ на групата *историја на Византија* (2007-2010), по предметите :<br>- *историја на Византија*<br>- *историја на средновековна Македонија*<br>- *историја на византиската дипломатија*<br>2) Одржани предавања на постдипломските студии, организирани во рамките на програмата за соработка и размена на студенти меѓу Државниот универзитет во Темпи - Аризона и Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2007 г.)<br>3) Наставник на посдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот св. Кирил и Методиј (2008/9 г.) по предметот: *државно-правна историја на Македонија под византиска власт (од доаѓањето на Словените на Балканот до 1453).*<br>4) Наставник на постдипломските студии на Институтот за социјални и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" (2009/10 г.) по предметот: *Балканска историја* | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 |
| **13.** | Ментор на докторска теза | 3 |
| **14.** | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат: | **0,5Х2** |
| **15.** | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура: | **0,3Х3** |
| | **Вкупно (НИ+НН)** | **104,4** |

| | | |
|---|---|---|
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА+ОР)** | | |
| 1. | Награди-признанија за научни постигнувања:<br><br>1) Добитник на највисоката годишна награда на град Струмица „Светите 15 Тивериополски маченици", за достигнувања во областа на историјата и културата (самостојна) | 5 |
| 2. | Речник /Енциклопедија:<br><br>Македонскиот среден век (VI-XVIII век), МИ-АН (Скопје, 2008), коавтор | 3 |
| 3. | Учебник во употреба за средно образование:<br><br>1) „Историја за I клас средно образование", Алби 2007, 2010 (коавтор). | 6 |
| 4. | Членства во научни и стручни тела:<br><br>1) Член на Советот на Институтот за национална историја.<br>2) Иницијатор за основање на групата за постдипломски студии *историја на Византија* и нејзин координатор.<br>3) Член на иницијативниот одбор за одбележување на 60-годишнината од формирањето на Институтот за национална историја.<br>4) Член на комисијата за подготовка на постдипломски студиски групи на ИНИ | 2<br>1<br><br>0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | (4+1) – *Историја на Византија.*<br>5) Член на комисијата за подготовка на докторски студии на ИНИ – византолошки студии.<br>6) Член на научниот совет на Друштвото за историчари на Република Македонија.<br>7) Претседател на комисијата на град Скопје за натпревар на средните училишта за најдобро изработен есеј за Јустинијан I (мај 2009). | 0,5<br><br>0,5<br><br>1<br>1 |
| **5.** | Член на комисија за избор во научно звање: | **3X0,2** |
| **6.** | Студиски престој во странство:<br>1) Велика Британија (Лондон и Глазгов), октомври 2008. | **0,5** |
| **7.** | Учество на научни трибини:<br>1) Научна трибина посветена на „Името Македонија", Скопје, март 2008, излагање на тема: „Македонското прашање како проблем на грчкиот идентитет: Историските аспекти со акцент на поимот Горна Македонија".<br>2) Научна трибина „Македонија помеѓу античкиот и Ариевскиот модел", Скопје, 8 април 2009, пленарно излагање на тема: „Македониската античка и средновековна историја во конструираниот грчки идентитет". | **0,5**<br><br><br>**0,5** |
| | **Вкупно (СА+ОР)** | **22,6** |

| **Професионални референци на кандидатот за избор во звање** | | |
|---|---|---|
| | **НИ+НН** | **104,4** |
| | **СА+ОР** | **22,6** |
| | **Вкупно** | **127** |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ПРЕДВРЕМЕН ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја, на својата седница на 17. 3.2010 година, нè избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на проф. д-р Маја Ангеловска-Панова за предвремен избор во звањето научен советник, при што по увидот во доставениот материјал му го предлагаме за усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за предвремен избор во звањето научен советник објавен во весникот „Време" на 21.12.2009, се пријави проф. д-р Маја Ангеловска-Панова, виш научен соработник и вонреден професор при Институтот за национална историја. Кон пријавата, кандидатката приложила документација според новите конкурсни пропозиции со дополнителен образец каде што се презентира бројот на поени за нејзиниот севкупен ангажман, врз чијшто преглед впрочем и е донесена одлуката за распишување предвремен конкурс за избор во наредното највисоко звање - научен советник (а според еквивалентноста на наставните и научните звања и за звањето редовен професор).

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Маја Ангеловска-Панова е родена на 31.7. 1968 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во родниот град. Дипломирала во 1993 година на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1994 година се запишала на постдипломските студии на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Од мај 1994 година е вработена во Институтот за старословенска култура во Прилеп (одделение во Скопје). Во септември 1997 година успешно ја одбранила магистерската теза под наслов „Алексијадата на Ана Комнина како извор за македонската средновековна историја", по што е избрана во звањето асистент-истражувач. Во октомври 2002 година успешно ја одбранила и докторската дисертација „Одразот на богомилството во духовната култура на Македонија", со што се стекнала со звањето научен соработник. Од 2005 година е вработена во Институтот за национална историја во Скопје и го има звањето виш научен соработник. Во тековните активности на Институтот таа е вклучена во научно-истражувачката дејност со учества и раководење на научни проекти, но и во наставната дејност како предавач - професор по неколку предмети на тамошните постдипломски студии. Исто така нејзината активност е забележлива и при подигањето на млад научноистражувачки кадар, при менторства и членување во комисии за одбрана на магистерски или докторски дисертации. Евидентна е и нејзината активност при учества на повеќе меѓународни научни собири во земјава и во странство, како и нејзиното присуство со објавени научни прилози во релевантни научни списанија, зборници или монографски трудови.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

**1. Објавени монографски трудови**: Во печат е објавувањето на нов рецензиран монографски научен труд под наслов *Религиските формации и родовите идентитети*, во издание на „Сакс-Стил" од Скопје.

Во монографијата научно и стилски синтетизирано се третира статусот на родовите во рамките на принципите на ранохристијанското монаштво, но и како идејни и социолошко-културолошки проекции во алтернативните доктрини - какви што биле манихејството, монофизитството, иконоборството, богомилството и катаризмот. Во фокусот на научното опсервирање се личности со различен општествен статус, кои придонеле за развојот, подемот па и истиснувањето на определени религиски ориентации во рамките на поширок временски период, почнувајќи од доцната антика па сè до периодот на XIV век.

**2. Дел од монографија**: Како дел од монографско објавување се појавува како автор на научната студија со историско-митолошки истражувачки карактер под наслов "The Bogomils Folk Heritage: History, Reality, Mythology", *Heresy and Orthodoxy*, Leeds 2010.

Главно, истражувачкото внимание е насочено кон презентирање на историските и на митолошките компоненти како творечко искуство во македонското наспроти дел од европското народно творештво со богомилски карактер, а истовремено проникнуваат погледите кон рационалните тенденции на овој вид структура на текстови, произлезени од секојдневието на раскажувачот.

**3. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија**: Главно, научните истражувања на кандидатката презентираат оригинални и препознатливи резултати, што се податливи и цитирани во научната средина кај нас и пошироко во некои од странските центри. Од овој тип на научни трудови се објавени 4 библиографски единици, од кои едно во странско стручно списание - 1) „Аскетизмот како духовно-телесен praxis", *Гласник на ИНИ*, Скопје, 2005 [2006]; 2) "Heretical Theology and Bible's Interpretation", *Poludniowoslowianskie zeszyty naukowe*, 4. Piktor, 2007; 3) „Историско-културолошкиот контекст на богомилството", *Филолошки студии*, т.1. Скопје, Перм, Љубљана, Загреб 2007; 4) „Окултизмот на катарите низ призмата на Рајнериј Саониј". *Историја*, бр. 1-2, 2006 (2007);

**4. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научни собири**: Ваквата природа на објавени трудови во зборници од одржани меѓународни и домашни научни собири се и најфреквентните истражувачки пројави на кандидатката, чиишто научно-истражувачки резултати и констатации директно се соочувале со најновите погледи и искуства во домашната и во меѓународната јавност. На тој план се објавени следниве научни прилози: 1) "Women and Heresy: Parallels between Byzantium and the Latin World", *Proceedings of 21 st International Congress of Byzantine Studies*, III, Ashgate, 2006; 2) „Богомилско-катарскиот однос кон Светото писмо", *Македонија помеѓу Византискиот комонвелт и Европската унија*, Скопје, 2008; 3) „Преодните форми на иконоборството", *Зборник од меѓународната научна конференција „Транзициите низ историјата"*, Скопје, 2008; 4) „Мани и традицијата од манихејскиот религиски концепт", *Зборник од меѓународната научна конференција „Историја, историографија и настава по историја"*, Скопје, 2008; 5) „Монаштвото во Велјуса: Ранохристијанските импликации во средновековието", *Зборник од научниот симпозиум „Струмица и Струмичко: Историја, култура и*

*традиција"*, Струмица, 2008; 6) „Тајната книга на богомилите: културолошко-историска ретроспектива", *Зборник од меѓународниот научен симпозиум: „Развојот на македонската литература"*, Скопје, 2009 (рецензиран труд во печат); 7) „Импликациите за појавата на богомилството во Македонија", *Зборник од меѓународниот научен симпозиум „Македонскиот идентитет низ историјата"*, Скопје, 2009 (рецензиран труд во печат); 8) "Vegetarianism in the Discourse of Bogomil-Cathar Dogmatism", International conference "Bogomilism and Related Movements-Culture of Peace and Contacts of Civilizations in the Middle Ages", Sofia, 2009 (рецензиран труд во печат); 9) „Монаштвото во религиско-аскетскиот и културолошки концепт на Византија и Македонија", *Зборник од научниот симпозиум „Византиското културно-историско наследство и Македонија"*, Скопје, 2010 (рецензиран труд во печат);

**5. Прегледен напис во научно списание**: Научноистражувачката дејност на кандидатката се манифестира и преку нејзините критички произнесувања кон некои од научните изданија - 1) "Andrew P. Roach, *The Devil's World: Heresy and Society 1100-1300* (Longman, 2005), *Спектар*, 2005 [2007], 262; 2) "Heresy and Identity in Late Antiquity, eds. Iricinschi E., Zellentin H, (Texts and Studies in Ancient Judaism). Mohr Siebech, Tübingen 2008", *Christianessimo Nella Storia, 2* (Bologna, 2010), 407;

**6. Раководител на научен проект**: Во моментот кандидатката е главен истражувач (раководител) на проектот *Македонско книжевно, културно-историско наследство*, што се реализира во истражувачката програма на Институтот за национална историја, а тоа ја манифестира и нејзината оспособеност за самостојни, комплементарни и престижни истражувања од областа на нејзиниот потесен научен интерес.

**7. Учество на научни собири**: Во периодот меѓу 2006 и 2009 година има учествувано на 10 меѓународни научни собири во земјава и во странство, што е евидентна илустрација за нејзиниот активен однос кон презентирање, но и афирмирање на сопствените истражувачки искуства. 1) *XXI International Congress of Byzantine Studies*, London, August 2006; 2) меѓународна конференција *Транзициите низ историјата и културата*, Скопје, октомври 2006; 3) меѓународен научен симпозиум *Развој на македонската книжевност*, Скопје, октомври 2006; 4) научен симпозиум *Денови на Јустинијан*, Скопје, 11-12 мај 2007; 5) научен собир *Св. Кирил и Методиј и македонската културно-историска афирмација*, Скопје мај 2007; 6) меѓународна научна конференција *Историја, историографија и настава по историја*. Скопје, октомври 2008; 7) научен симпозиум *Струмица и Струмичко: Историја, култура и традиции*. Струмица, септември 2008; 8) меѓународен научен симпозиум *Македонскиот идентитет низ историјата*. Скопје, октомври 2008; 9) научен симпозиум *Византиското културно-историско наследство и Македонија*. Денови на Јустинијан, Скопје, мај 2009; 10) меѓународна научна конференција *Bogomilism and Related Movements-Culture of Peace and Contacts of Civilizations in the Middle Ages, во организација на* State University of Librarian Studies and Information Technologies-Sofia and Bulgarian Cultural Center in Skopje. Скопје, септември 2009.

**8. Одржано предавање по покана од референтна научна институција/универзитет**: Скренувањето на вниманието пошироко кон

нејзиното научно творештво се потврдува и со поканата во април 2009 година да одржи предавање на Универзитетот C'a Foscari во Венеција – Италија, на тема "Eastern Dualistic Heresy: The Challenge of Bogomilism".

**9. Член на организациски одбор на научен собир**: Во периодот на 2008 година членувала во организацијата на два одбора: 1) *меѓународна научна конференција „Транзициите низ историјата"*, Скопје, октомври 2008 и 2) *меѓународна научна конференција „Историја, историографија и настава по историја"*, Скопје, октомври 2008.

**10. Одржување настава и консултации на постдипломски студии**: Кандидатката активно е вклучена во изведувањето и реализацијата на постдипломските студии во Институтот за национална историја во две наставни групи на 5 наставни предмети: 1) на групата *Историја на култовите и религиите во Македонија*, по предметите: *Историја на религиите, култовите и митовите во Македонија*; *христијанството во Македонија и историја на монаштвото;* 2) на групата *Историја на Византија*, по предметите: *жената во Византија* и *христијанството и еретичките учења во Македонија и Византија*. Се пројавува и со наставна дејност на постдипломските студии на институтот „Евро-Балкан", по предметот *религија и род*.

**11. Ментор на докторска дисертација**: Во моментов е ментор на докторската дисертација под наслов *Културолошки аспекти на записите и натписите на црковнословенски јазик во Македонија (XIV-XVIII век)*, што ја изработува м-р Марија Паунова, асистент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

**12. Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**: Во извештајниот период во неколку наврати била член на комисиите за оцена и одбрана на докторските дисертации на: 1) Елена Чушкова, *Константин VII Порфирогенет - „За церемониите на византискиот двор"*; 2) Ели Милошевска, *Култот на христијанските светци во народната традиција на Македонците*; 3) Драгица Поповска, *Симбиоза на религиите во Македонија врз култната и магиската функција на каменот* и 4) Бесим Морина, *Католичката црква на Балканот од 13 до 15 век.*

**13. Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**: Учествувала во оцената на магистерскиот труд на Даниела Ѓорѓиева, под наслов *Лав Ѓакон како извор за историјата на македонскиот народ.*

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

**1. Член на редакциски одбор**: Со нејзиното активно пројавување како автор на научни студии и прилози во научната периодика и во научните зборници едноставно беше последователно да биде вклучувана и како член на научната редакција во некои од нив. Во извештајниот рецензентски период, таа била член на редакторските одбори на списанието „Историја", на Алманахот по повод јубилејот 60-години од постоењето на Институтот за национална историја, но и на Зборникот со научни трудови „Транзициите во историјата и културата" (Скопје, 2008).

**2. Членства во научни и стручни тела**: Како опитен и креативен научен кадар, д-р Ангеловска-Панова директно е ангажирана и во организациско-развојните насоки на планот на реформираните научноистражувачки и високообразовни тенденции што ги наметнува движењето на новото време, па следствено на тоа се пројавува и со ваков вид на активност: 1) координатор на студиската програма *историја на култовите и религиите во Македонија*; 2) член на иницијативен одбор за одбележување 60 години од формирањето на Институтот; 3) член на Надзорниот одбор на Сојузот на историчари на Р. Македонија; 4) комисија за алманах; 5) член на Research Board of Advisors, American Bibliographical Institute, N. Carolina; 6) член на комисија за приспособување на магистерски студии и 7) член на комисија за докторски студии за *историја на религиите*.

**3. Студиски престој во странство**: Сопственото научно издигнување го надградувала и со реализирање на студиски престои, меѓу кои е впечатлив нејзиниот престој на Универзитетот C'a Foscari во Венеција – Италија, во април 2009 година.

**4. Пленарно предавање на научен собир**: Како веќе признат специјалист во современите проучувања за богомилството ја добила и честа да биде назначена како предавач на пленарна секција на интернационална конференција - International conference "Bogomilism and Related Movements-Culture of Peace and Contacts of Civilizations in the Middle Ages", во организација на Staate University of Librarian Studies and Information Technologies-Sofia and Bulgarian Cultural Center in Skopje.

**5. Секциско предавање на научен собир**: Својата научна актуализација ја афирмирала и на високо престижниот *XXI International Congress of Byzantine Studies*, London, August 2006.

**6. Организација на предавање**: Кандидатката изразува и способност за научна комуникација со странски научни работници, при што во јуни 2006 година, во Институтот за национална историја, го организирала и го координирала предавањето на Dr. Andrew Roach, "The competition for souls: Sava of Serbia and consumer choice in religion in the thirteenth century Balkans".

**7. Настава во летни школи**: Во рамките на Охридскиот летен универзитет во Охрид – јуни 2008 година била координатор на семинарот „Cultural Diffusion in the middle ages: or 'what have have the Bogomils ever done for us?'.

**8. Речник/енциклопедија**: Своите научни сознанија од областа на медијавалистиката ги има синтетизирано и пренесено преку лексикографскиот ангажман, пишувајќи повеќе енциклопедиски единици за изданието на МИ-АН „Македонскиот среден век (VI-XVIII век), Скопје, 2008.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Пријавената кандидатка проф. д-р Маја Ангеловска-Панова е веќе формиран и афирмиран научен работник, чиишто објавувани научни прилози од секаков тип на презентирање го насочуваат вниманието на македонската и на пошироката научна јавност од областа на медијавилистиката, културологијата, митологијата, историјата на религиите и на филологијата. Од особено значење е што д-р Ангеловска-Панова се истакнува со интердисциплинарни приоди при истражувањата и при реализирањата на сопствените научни текстови, а притоа

применувајќи ги и најновите методолошки пристапи на толкувања со кои ги афирмира и актуелните современи теоретски тенденции. Нејзините научни резултати се оригинални, поткрепувани со релевантни извори и со логични донесувани констатации и ставови. Оттаму произлегува и нејзината истражувачка смелост да се толкуваат или критички да се опсервираат и оние ставови зад кои стојат апсолвирани авторитети. Покрај евидентните достигнувања на планот на научноистражувачката дејност, до израз доаѓаат и нејзините стекнати искуства преку предавањата на постдипломските студии во трите погоре наведени студиски групи и со шесте предмети што ги предава. Таа покажува забележлива активност и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, за што сведочи и вкупниот збир на поените во сите области на нејзиното работење и ангажирање - што е значително поголем од неопходниот минимум за изборот во највисокото научно звање за коешто конкурира. Нашата стручна и компетентна оцена врз целокупната активност што пред нас ја имавме на разгледување ни прави задоволство да му предложиме на Советот на Институтот за национална историја **да ја избере проф. д-р Маја Ангеловска-Панова во звањето научен советник**, а согласно со еквивалентноста на звањата во високото образование и во научно-истражувачката дејност и во звањето редовен професор.

Скопје, 15.4.2010 г.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Илија Велев с.р.

Проф. д-р Анета Шукарова с.р.

Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.

# ПРИЛОГ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Маја Ангеловска-Панова

**Институција:** ЈНУ Институт за национална историја

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| 1. | Објавени монографски трудови: | 8 |
| 2. | Дел од монографија: | 6 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание: | 24 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: | 11 |
| 5. | Прегледен напис во научно списание: | 3 |
| 6. | Раководител на научен проект: | 4 |
| 7. | Учество на научни собири: | 16 |
| 8. | Одржано предавање по покана од референтна научна институција/универзитет: | 3 |
| 9. | Член на организациски одбор на научен собир: | 2 |
| 10. | Одржување настава и консултации на постдипломски студии: | 6 |
| 11. | Ментор на докторска дисертација: | 3 |
| 12. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат: | 2 |
| 13. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура: | 0,3 |
| | **Вкупно (НИ+НН)** | **88,03** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на редакциски одбор: | 2 |
| 2. | Членства во научни и стручни тела: | 5 |
| 3. | Студиски престој во странство: | 0,5 |
| 4. | Пленарно предавање на научен собир: | 3 |
| 5. | Секциско предавање на научен собир: | 3 |
| 6. | Организација на предавање: | 1 |
| 7. | Настава во летни школи: | 1,5 |
| 8. | Речник/енциклопедија: | 3 |
| | | |
| | **Вкупно (СА+ОР):** | **17,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
| --- | --- |
| | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | **88,03** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **17,00** |
| **Вкупно:** | **107,03** |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Илија Велев, претседател
2. Проф. д-р Анета Шукарова, член
3. Проф. д-р Милан Бошкоски, член

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА: ОСНОВИ НА ТЕСНО-СТРУЧНИ ОБЛАСТИ, ПО ПРЕДМЕТОТ ОСНОВИ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ СО МЕТОДИКА, ЗА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 14.4.2010 година, врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.35/08...99/09), чл.42-53 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.138/2009), и чл. 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, со одлука бр.02-236/1 од 16.4.2010, а во врска со конкурсот објавен на 17.3.2010 година во весникот „Коха е ре“ и на 18.3.2010 година во весникот „Дневник“, формирана е Рецензентска комисија во состав:

проф. д-р Душан Тодоровски - претседател
проф. д-р Душан Ристевски - член
доц. д-р Бујар Саити - член,

за избор на еден извршител во сите наставно-научни звања од областа: основи на тесно-стручни области, по предметот основи на физичкото воспитание со методика, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик.

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија изразувајќи му благодарност за довербата на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На наведениот конурс објавен во дневните весници се јави еден кандидат, д-р Марјан Малцев. Кандидатот, согласно со условите објавени на конкурсот, ги поднесол сите потебни документи.

### Биографски податоци

Кандидатот д-р Марјан Малцев е роден на 5.8.1959 година во Скопје. Основното и средното училиште - гимназија „Орце Николов“ ги завршил во родното место, а потоа се запишал на Факултетот за физичка култура во Скопје. Дипломирал во 1983 година со просечна оценка 8,33 и се стекнал со звањето професор по физичко воспитание.

Во 1984 година се вработил во Училиштето за физичка култура „М.М.Брицо“ во Скопје како професор по стручни предмети, меѓу кои предавал теорија на физичката култура, методика на физичкото воспитување, биомеханика и други стручни предмети. Во 1991 година ја одбранил магистерската работа на Факултетот за физичка култура во Нови Сад на тема: „Релације ставова ученика према физичком васпитању и успешности у настави физичког васпитања“, под менторство на проф. д-р Лука Берковиќ и се стекнал со звањето магистер на науки од областа на физичката култура за научната дисциплина физичко воспитување.

Во 1993 година е избран во звањето предавач во Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка култура за настава по физичко образование со студентите од нематичните факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1996 година се стекнал со звањето виш предавач на истото работно место. Во 1996 година бил избран за хонорарен наставник по физичко обрзование во „American school Macedonia“, првото екстериторијално училиште на САД во Р. Македонија.

Во 2001 година на Факултетот за физичка култура во Скопје ја одбранил докторската дисартација „Влијанието на некои лични и социјално-демографски карактеристики врз формирањето и менувањето на ставот кон спортот кај учениците на возраст од 10 до 16 години“, под менторство на проф. д-р Димтар Керамичиев и се стекнал со научниот степен доктор на кинезиологија.

Последниот избор во звањето виш предавач, Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка култура за настава по физичко образование со студентите од нематичните факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го извршил во 2006 година.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за спортски туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент (бр.01-8.5.2009 г.) бил избран за наставник за група предмети од областа на кинезиологијата во звањето доцент.

Од 21.2.2010 година е вработен на Педагошкиот факултет „Св. Климент Оридски“ во Скопје како помлад асистент.

**Наставно-образовна дејност**

Како наставник во Средното училште за физичка култура учествувал во подготвувањето на наставните планови и програми по неколку предмети, изготвувач е на критериумите за прием во Училиштето за физичка култура, како и е еден од изготвувачите на наставната програма по физичко воспитание за средно образование во 1998 година. Активно учествувал на повеќе летни

школи, симпозиуми, советувања и конгреси од областа на физичката култура и спортот во земјава и во странство. Бил член на организациониот одбор на Вториот конгрес за спорт и физичко образование во Р. Македонија.

„Како наставник во Центарот покажува способнсти за водење на наставниот процес на високо стручно ниво, учествувајќи во наставните и вонннаставните активности за студентите на нематичните факултети"- од Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.807 од 1.7.2002 година.

За својата долгогодишна успешна спортско-педагошка и научна работа на Вториот конгрес за спорт и физичко образование му било доделено признание од Федерацијата на спортски педагози на Република Македонија. Од 2007 година, член е на уредувачкиот одбор на списанието за научни и стручни прашања од физичката култура - „Физичка култура".

Член е на стручниот тим избран од Бирото за развој на образованието на Р. Македонија за изработка на нови наставни програми по физичко и здравствено образование за VII, VIII и IX одделение, како и член е на стручниот тим за изработка на нови наставни програми по спорт за VII одделение.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот има доставено список на 46 труда, кои се рецензирани и објавени во повеќе домашни и странски научно-стручни списанија од областа на физичката култра. Приложил и сертификати за учество на повеќе симпозиуми, научни конференции и конгреси од земјава и од странство.

Трудовите од реден бр. 1 до бр.21 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.593 од 10.4.1993 г., бр.660 од 15.5.1996 г., бр.735 од 11.6.1999 г., бр.807 од 1.7.2002 г. и бр.899 од 15.6.2006 година.

Од доставрните 46 труда се забележуваат неколку кинезиолошки научни области кои кандидатот соодветно научно и стручно ги обработува и за кои покажува особен афинитет, со посебен акцент на методиката на физичкото образование која е застапена со 23 труда, ставот кон физичкото образование и спортот опфатен со 10 труда, маркетингот во спортот со 7 труда и 6 труда од областа на спортскиот туризам, а сите заедно ја опфаќаат тематиката која ја третира методологијата на наставниот час, интензификацијата на часот, следењето, вреднувањето и оценувањето, ставот кон физичкото образование и спортот и други аспекти за успешна реализација на часот по физичко образование, односно предметните содржини.

Почнувајќи од првиот објавен труд во 1983 година, па до денес, кандидатот континуирано ги следи и ги разработува научните сознанија од технологијата на наставата по физичко образование (список на трудови бр.4 и 6), при што придава особено внимание на следењето, вреднувањето и оценувањето по наставниот предмет физичко образование (бр. 5, 31 и 46). Во

своите трудови кандидатот дава современи научни видувања на иновативните процеси во методиката на физичкото образование како во основните училишта, преку средното образование (бр. 19, 39 и 40), па сè до високото образование (бр. 12, 18 и 25) каде што бил вработен како виш предавач на ФФК во Скопје, а сега на ПФ „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Во трудовите бр. 42 и 45 се осврнува на принципите на наставата по физичко образвание, како и на улогата на образованието во услови на глобализацијата.

Современите научни гледишта кандидатот ги компарира и со искуствата од непосредните реализатори на наставните единици – професорите кои во неколку труда (бр. 1 и 20) ги анкетира и преку соодветни статистички методи ги разработува најсоодветните начини за понатамошно афирмативно претставување на физичкото образование во севкупниот воспитно-образовен систем кој се практикува во Р. Македонија.

Во своите трудови кандидатот ги претставува и ги разработува искуствата стекнати со работата во „American school Macedonia" (бр. 10 и 11), кои трудови се пионерски од оваа област во Македонија. Понатаму, низ големиот опус на научни и стручни трудови, кандидатот се занимава и со рентабилноста на наставата по физичко образование (бр. 18), нејзината интензификација (бр. 12), а посветува и внимание на вонnаставните активности како составен дел на севкупниот образовен процес по физичко образование, посветувајќи должно внимание и на здравствената компонента на оваа наставна содржина (бр. 3, 8 и 40). Во интерес на наставата по физичко образование извршил и утврдување на одредени мерни карактеристики на некои моторни тестови (бр. 27) кај 11-годишни ученички.

Посебна група на трудови ги опфаќа ставовите на учениците кон физичкото образование и спортот, и тоа кај повеќе возрасни категории, со цел тие да се констататираат, а потоа и да се изврши влијание врз нив доколку се забележи дека се негативни, но од доставените трудови се забележува дека испитаниците од третираните возрасни групи имаат позитивен став кон физичкото образование и спортот. Овие трудови се единствени од ваков вид во Р. Македонија и даваат голем придонес од фундаментален карактер во развојот на педагошката практика кај нас (бр. 13, 14, 15, 16, 17, 21, 22, 23, 34 и 38), при што е дефиниран периодот на формирањето на ставот кон спортот – 10 - годишна возраст, со трансферзално истражување кај голем – репрезентативен примерок, а со употреба на современи статистички методи.

Кандидатот дава и теоретски рамки во кои треба да се движи и да се дефинира физичката култура и физичкото образование (бр. 2 и 9).

Следната група на научни и стручни трдови (бр. 24, 26, 28, 29, 30, 32, 37) ги опфаќа најсовремените тенденции на воспитно-образовниот систем, односно маркетингот, т.е. менаџментот како најсовремена тенденција во

управувањето со процесите воопшто, па така и во физичкото образование и спортот. Може да се забележи дека на овој начин обработени современи научни трудови, особено од областа на маркетингот во спортот и физичкото образование, сè уште не се третирани во нашата земја.

Конечно, спортскиот туризам е опфатен со 5 труда во кои преку аналитички согледувања и примена на соодветни дескриптивни анализи се дава согледување за местото и улогата на спортскиот туризам во Р. Македонија.

Гледано во целина може да се забележи дека кандидатот со својата научна и стручна работа дава значаен придонес особено на полето на методиката на физичкото образование во сите степени на образование.

**Стручно-апликативна дејност**

Бил активен спортист-натпреварувач во повеќе спортови: член на кошаркарските клубови „Работнички“ и „Скопје“, ракометниот клуб „Карпош“, пливачкиот клуб „Вардар“, сите од Скопје. Како тренер работел во повеќе клубови, меѓу кои: РК „Вардар“, РК „Кометал Ѓорче Петров“, РК „Уни Проком банка Скопје“, со кои постигнал завидни резултати, особено во младинските женски категории. Како наставник во средното училиште има освојувано повеќе први места на натпреварите во рамките на МОИ. Поседува лиценца за учител по скијање и спасител на вода, активно се занимава со сурфање, повеќе години бил водич во ТА „Интеримпакс“ од Скопје.

Претседател е на стучниот одбор па Партизан „Н.Н.Борче“ - Карпош IV, член е па управниот одбор на Федерацијата на спортски педагози на Македонија и еден е од рецензентите на научно-стручното списание „Физичка култура“.

# ЗАКЛУЧОК

Составен дел на рефератот е образецот кон извештајот за избор во наставно-начно, научно, наставно-стручно и соработничко звање.

Врз основа на приложените документи и оцената за досегашната работа на пријавениот кандидат, имајќи ја предвид неговата наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, како и афинитетот за понатамошно научно-стручно усовршување во оваа област, согласно со одредбите од Законот за високото образование, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да му предложи кандидатот д-р Марјан Малцев да биде избран во звањето доцент од областа: основи на тесно-стручни области, по предметот основи на физичкото воспитание со методика, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, иако според критериумите и неговата досегашна научноистражувачка, наставно-образовна и стручно-апликативна работа заслужува и многу повисоко звање.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Душан Тодоровски претседател с.р.
2. Проф. д-р Душан Ристевски член с.р.
3. Доц. д-р Бујар Саити член с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Марјан Малцев**

**Институција: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје**

**Научна област: кинезиолошки науки** (Основи на тесно-стрчни области, по предметот основи на физичкото воспитание со методика, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик)

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава од прв циклус студии (по семестар)** | |
| | Основи на физичкото образование со методика (предучилишна) | 0,6 |
| | Основи на физичкото образование со методика (предучилишна) | 1,2 |
| | Основи на физичкото образование со методика (одделенска) | 0,6 |
| | Основи на физичкото образование со методика (одделенска) | 1,2 |
| 2 | **Одржување на вежби од прв циклус на студии (по семестар)** | |
| | Основи на физичкото образование со методика (предучилишна) | 0,9 |
| | Основи на физичкото образование со методика (предучилишна) | 0,9 |
| | Основи на физичкото образование со методика (одделенска) | 0,45 |
| | Основи на физичкото образование со методика (одделенска) | 0,9 |
| | Одржување на консултации | 0,37 |
| | Кинезитерапија | 0,9 |
| | Со студенти од нематични факултети по предметот физичко воспитување на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ | 5,4 |
| 3 | Настава во летни школи и работилници-учесник (Крањска Гора, Нови Сад, Охрид) | 3 |
| | **Вкупно** | **16,42** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Одбранета магистерска работа | 4 |
| | Одбранета докторска теза | 8 |
| 1 | Научно-стручно списание „Физичка култура“ бр. 2, Скопје, 1983. Следење, вреднување и оценување на постигањата на учениците во наставата по физичко воспитување во училиштата со насочено образование. | 2 |
| 2 | Научно-стручно списание „Физичка култура“, бр. 1-2, Скопје, 1983. Карактеристики на физичката култура како компонента на современиот начин на живеење. | 2 |
| 3 | Посветовање о теории ин методики смучања, Марибор, 1988. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Некои искуства во организирањето и реализирањето на наставата по скијање во Училиштето за физичка култура „Методи Митевски Брицо“ – Скопје. | |
| 4 | Летна школа на педагозите по физичка култура на Југославија, Охрид, 1989. Современи системи во наставата по физичко воспитување и нивните можности за подобрување на здравјето на учениците. | 2 |
| 5 | Зборник, Диференцирани програми во наставата по физичко воспитание, Охрид, 1990. Повратните информации (оценката), во функција на унапредување на наставата по физичко воспитување. | 2 |
| 6 | Зборник, Диференцирани програми во наставата по физичко воспитание, Охрид, 1990. Улогата на наставникот во современата технологија на наставата по физичко воспитание. | 2 |
| 8 | Зборник, 1 симпозиум на спортските педагози на Македонија, Охрид, 1995. Некои аспекти за формирање и функционирање на спортски школи-паралелки во училиштата. | 2 |
| 9 | Конгрес за спорт и физичко воспитување на Македонија, Скопје, 1997. Некои рамки во кои треба да се остварува физичкото воспитување. | 3 |
| 10 | Конгрес за спорт и физичко воспитание на Македонија, Скопје, 1997. Наставата по физичко образование во „American school Macedonia“. | 2,4 |
| 11 | Prvi medjunarodni simpozium, Inovacije nastavnih planova i programa fizickog vaspitanja dece i omladine, Novi Sad, SR Jugoslavija, 1997. The Phisically Educated Student. | 2 |
| 12 | Меѓународен симпозиум - Охрид, 1998. Интензификација на наставата по физичко воспитание со студентите од прва година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје. | 2 |
| 14 | „Физичка култура“ бр. 1-2, Скопје, 2002. Личните и социјално-демографски влијанија врз формирањето на ставот кон спортот кај ученичките од 4-то и 5-то одделение. | 1,8 |
| 15 | „Физичка култура“ бр. 2, Скопје, 2003. Ставот кон спортот и влијанијата (лични и социјално-демографски) за негово формирање кај учениците од 4-то и 5-то одделение. | 1,8 |
| 16 | „Физичка култура“ бр. 1, Скопје, 2003. Релации помеѓу ставот по физичко образование и оценката по физичко образование кај учениците и ученичките од некои основни училишта. | 1,8 |
| 17 | „Физичка култура“ бр. 1, Скопје, 2004. Влијанието на некои лични и социјално-демографски карактеристики врз ставот за занимавање со спорт кај учениците на возраст од 12 до 13 години. | 1,8 |
| 18 | „Физичка култура“ бр. 2, Скопје, 2004. Испитување на рентабилноста на наставата по физичко образование кај студентите од Природно-математичкиот факултет во Скопје. Физичка култура, бр. 2, Скопје, 2004. | 2 |
| 19 | „Физичка култура“ бр. 2, Скопје, 2004. Релации меѓу евалуацијата во наставата по физичко образование во ДСУ „Ј.Б.Тито“ и ОУ „Ј.Х.Песталоци“-Скопје. | 1,8 |
| 20 | „Физичка култура“ бр. 2, Скопје, 2005. Мислењата на наставниците од ОУ и ДСУ за наставата по физичко образование, спорт и спортски активности. | 1,8 |
| 21 | „Физичка култура“ бр. 1, Скопје, 2005. Вијанието на некои лични и | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | социјално-демогрефски карактеристики врз тавот кон спортот кај учениците на возраст од 14-15 години. | |
| 22 | 10. Симпозиум за спорт и физичко образование на младите. Охрид, 2006. Занивање со спорт на ученичките на возраст 12-13 години и влијанието на некои лични и социјано-демографски карактеристики врз ставот кон спортот. | 1,8 |
| 23 | „Физичка култура" бр. 1, Скопје, 2006. Разликите на ставот кон спортот кај учениците и ученичките на 10 - годишна возраст. 10. Симпозиум за спорт и физичко образование на младите. | 1,8 |
| 24 | „Физичка култура" бр. 1, Скопје, 2006. Маркетинг-организација на спортот во услови на слободен пазар. | 1,6 |
| 25 | ФИС-комуникације. Ниш, 2006. Утицај континуираног тренинга на резултат у кросу код студената ФФК у Лепосавиќу. | 1,8 |
| 26 | Оптимизиранс на педагогическија процес по баскетбол, волеибол и хендбол. Софија, 2007. Менаџмент (управление) в спортните организации. Международна научна конференција. | 1,6 |
| 27 | Спорт&Наука, Научна конференција, Актуелни проблеми на спортната тренировка, Извнреден број 4/2007, Софија, 2007. Мерни карактеристики на применетите моторни тестови кај 11 годишни ученички. | 1,2 |
| 28 | „Физичка култура" бр. 1, Скопје, 2007. Организација на спортскиот маркетинг. | 1,8 |
| 29 | „Физичка култура" бр. 2, Скопје, 2007. Карактеристики на спортскиот менаџмент за успешен маркетинг. | 1,6 |
| 30 | „Физичка култура" бр. 1, Скопје, 2007. Спортскиот маркетинг како функција и процес. | 2 |
| 31 | „Физичка култура" бр. 2, Скопје, 2007. Проблеми на описното оценување и некои актуелни прашања па наставата по физичко образование и спортски активности. | 2 |
| 32 | 11. Симпозиум на спортските педагози па Македонија, Охрид, 2007. Спортот како услуга. | 1,8 |
| 33 | 11. Симпозиум па спортските педагози па Македонија, Охрид, 2007. Материјално-технички услови за развој на спортскиот туризам во Р. Македонија. | 2 |
| 34 | Меѓународен научен симпозиум, Благоевград, Р. Бугарија, 2007. Разликите на ставот кон спортот кај учениците и ученичките на 16 - годишна возраст. | 2 |
| 35 | Меѓународен научен симпозиум „Туризмот во 21 век", Скопје, 2008. Некои аспекти на спортскиот туризам. | 2 |
| 36 | Меѓународен научен симпозиум „Туризмот во 21 век", Скопје, 2008. Мислењата на некои вработени за спортскиот туризам. | 1,8 |
| 37 | Меѓународна научно-стручна конференција од областа на физичкото образование и спортот. Охрид, 2008. Менаџмент - концепција на спортот во Р. Македонија во услови на пазарна економија. | 1,8 |
| 38 | Меѓународна научно-стручна конференција од областа на физичкото образование и спортот. Охрид, 2008. Разликите на ставот коп спортот кај учениците од двата пола на 11- годишна возраст. | 1,6 |
| 39 | Меѓународна конференција, Актуелни проблеми во физичката | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | култура, НСА, Софија, 2008. Статусот на наставниот предмет физичко и здравствено образование во новото 9 - годишно задолжително основно образование. | |
| 40 | Меѓународна конференција, Актуелни проблеми во физичката култура, НСА, Софија, 2008. Активности во природа, настава и рекреација. | 2 |
| 41 | 13. Симпозиум за спорт и физичко образование на младите, Охрид, 2009. Маркетинг во спортскиот туризам. | 2 |
| 42 | 13. Симпозиум за спорт и физичко образование на младите, Охрид, 2009. За принципите во физичкото образование. | 2 |
| 43 | Меѓународна научна конферנција, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2009. Глобални трендови во спортскиот туризам. | 2 |
| 44 | Меѓународна научна конферנција, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2009. Спорт и спортски туризам. | 1,8 |
| 45 | Научен собир со меѓународно учество. Можности на националното воспитување во време на глобализација, Врање, Р. Србија, 2010. Создавање на маркетинг- ориентација во образованието. | 1,8 |
| 46 | V научен собир на тема „Образование за хумано општество", Охрид, 2010. Хуманизација на оценувањето во наставата по физичко и здравствено образование. | 2 |
| | Вкупно | 95,8 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на **Национална наставна програма по физичко образование за средно образование во 1998 година.** | 3 |
| 2 | Изработка на **Национална наставна програма по физичко и здравствено образование за VII одд. во деветгодишното основно образование** | 3 |
| 3 | Изработка на **Национална наставна програма по физичко и здравствено образование за VIII одд. во деветгодишното основно образование** | 3 |
| 4 | Изработка на **Национална наставна програма по физичко и здравствено образование за IX одд. во деветгодишното основно образование** | 3 |
| 5 | Изработка на **Национална наставна програма по спорт за VII одд во деветгодишното основно образование.** | 3 |

| **Дејности од поширок интерес** | | |
|---|---|---|
| 6 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание (14*0,5) | 7 |
| 7 | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (2*0,5) | 1 |
| 8 | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (8*0,5) | 4 |
| 9 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (7*1) | 7 |

| Спортска дејност | | |
|---|---|---|
| 10 | Награди и признанија добиени на државна официјална спортска манифестација - Признание од Федерацијата на спортски педагози па Р. Македонија, 2005 | 5 |
| 11 | Тренер на спортски клуб (3*1) | 3 |
| 12 | Тренер (ментор) на студентската репрезентација во ракомет – машки и женски и фудбал за студентите од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (3*2) | 6 |
| | **Вкупно** | **48** |

| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | Поени |
|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | **16,42** |
| **Научноистражувачка дејност** | **95,8** |
| **Стручно-апликативна дејност** | **48** |
| **Вкупно** | **160,22** |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Душан Тодоровски претседател с.р.

2. Проф. д-р Душан Ристевски член с.р.

3. Доц. д-р Бујар Саити член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 4.2.2010 година, со одлуката број 07-3471/2 од 12.02.2010 година, нѐ избра за рецензенти за избор на еден асистент во Заводот за програмско инженерство на Институтот за информатика при ПМФ од областа информатика – информациски системи. На конкурсот, објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 21.12.2009 година, се пријави кандидатот Вангел Ајановски, магистер на информатички науки, асистент на Институтот за информатика. Врз основа на доставените конкурсни материјали, личното познавање на кандидатот и следењето на неговата наставно-научна активност, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Вангел Ајановски е роден на 22 јуни 1975 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование со одличен успех. Во текот на школувањето учествувал и освојувал награди на повеќе натпревари, и тоа: државни натпревари по информатика за средношколци (II награда - 1992 година, I награда - 1993 година), државни натпревари по математика за средношколци (III награда - 1991 година, I награда - 1992 година, III награда - 1993 година), државни натпревари по физика за средношколци (III награда - 1991 година) и признание за учество на Југословенската сојузна олимпијада по физика за средношколци - 1991 година.

На студиите по применета информатика се запишал во учебната 1994/95 година, дипломирал со просечна оценка 9,34 и со одлично одбранета дипломска работа во јуни 1999. Во текот на студиите добил признание за учество на Бугарската олимпијада по математика за студенти - 1995 година, признание за најдобар студент на Институтот за информатика - 1995 година, најдобро дипломиран студент на Институтот за информатика во 1999 година, а неговата работа „Пријавување испити преку Интернет", изработена во рамките на дипломската работа „Веб-апликации и бази на податоци" е прогласена за најдобра студентска работа од областа на информатиката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - 1999 година. Во јануари 2000 година (учебна 1999/2000) кандидатот ги запиша постдипломските студии на Институтот за информатика, на кои ги положи сите предвидени испити со оценка 10 и на 29.12.2006 година го одбранил магистерскиот труд под наслов **ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ И ИНФОРМАЦИСКИ ПОРТАЛИ,** со што се здоби со звањето магистер на информатичките науки. Со одлуката на Наставно-научниот совет на ПМФ бр. 07-4835/5 од 28.5.2009 година е прифатен извештајот за оцена на подобноста и одобрена е изработка на докторка дисертација под наслов **АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ.**

Во октомври 1999 година беше избран за стручен соработник (рецензијата е објавена во Билтен бр. 739, од 15.9.1999), на Институтот за информатика при ПМФ. Во ноември 2002 година беше избран за помлад асистент (Билтен бр. 815, од 15.11.2002 година), а потоа, во 2004 и 2007, беше повторно избиран за помлад асистент (Билтен бр. 861 од 15.11.2004 година и Билтен бр. 912 од 1.2.2007 година).

По магистрирањето, со одлуката на Наставно-научниот совет на ПМФ бр. 07-346/7 од 13.7.2007 година (по извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 921 од 1.6.2007 година), кандидатот е избран за асистент на кое работно место се наоѓа и сега.

Одлично говори и пишува англиски и српски јазик, се служи со германскиот јазик и го разбира бугарскиот јазик.

**2. Наставна и стручно-научна активност**

Од своето вработување, кандидатот Вангел Ајановски со успех и ангажираност изведуваше часови вежби по 17 предмети: бази на податоци од учебната 1999/2000 година, операциони истражувања од учебната 1999/2000 до 2003/2004 година, компјутерска графика од учебната 2000/2001 година, математичка логика и алгебра во учебната 1999/2000 година, програмски системи во учебната 2000/2001 година, мултимедија од учебната 2001/2002 до 2006/2007 година, бази на податоци 2 во учебната 2003/2004 и 2004/2005 година, информациски системи од учебната 2003/2004 година, системски софтвер од учебната 2003/2004 година, проектирање на компјутерски мрежи во учебната 2003/2004 година, анализа и дизајн на информациски системи од учебната 2007/2008 година, физички дизајн на информациски системи од учебната 2008/2009 година, тимска работа од учебната 2007/2008 година, интеракција човек–компјутер во учебните 2007/2008 и 2008/2009 години при Институтот за информатика, како и вовед во информатиката за физичари во учебната 1999/2000 година, вовед во информатиката за хемичари во учебните 1999/2000 и 2000/2001 година и вовед во информатика за студенти од Земјоделскиот факултет во учебната 1999/2000 година. Под менторство на проф. д-р Маргита Кон-Поповска држел и настава на предметите интеракција човек-компјутер во учебната 2007/2008 година, информациски системи во учебната 2007/08 година и физички дизајн и имплементација на информациски системи во учебната 2008/09 година. Во рамките на постдипломските студии при Институтот за информатика изведувал часови вежби по предметот процеси на развој на информациски системи (Скопје и Нови Сад) од учебната 2006/2007 година. Учествувал како член на комисијата за одбрана на околу 50 дипломски работи.

Во рамките на неколку проекти при ИИ учествувал во информатичкото описменување на поширок круг слушатели (библиотекари, учители) во основите на информатиката (Microsoft Windows, Word и Excel), интернет („веб – пребарување и креирање“), веб–дизајнирање (Macromedia Dreamweaver), креирање сопствен курс за далечинско учење (за универзитетски наставници), обука за објектен дизајн со UML за потребите на МОБИМАК А.Д. - Скопје во 2005, обука на учители од основни и средни училишта во проектот за модернизација на образованието финансиран од Светска банка за развој во 2005 и 2006 година (основи на информатиката и напреден Excel, компјутерско проектирање – AutoCAD). Во рамките на регионалната Cisco-академија при Институтот, одржува Cisco CCNA1 до CCNA4 курсеви за Cisco-инструктори од локалните академии, како и врши подготовката на соодветни семинари и работилници.

Кандидатот Вангел Ајановски постојано е ангажиран со изведување голем број часови по аудиториски и лабораториски вежби од повеќе различни предмети, што подразбира организирање бројни испити, колоквиуми и консултации, а со голем број студенти. Особено се грижи за перманентното следење и оценување на работата на студентите преку изработка на семинарски работи и проекти во текот на вежбите, со што во значителна мера се подобрува успехот на студентите. Во содржинска и организациона смисла, тој постојано воведува новини во изведувањето на вежбите и во комуникацијата со студентите преку интернет (веб-ориентирани учебни материјали, тестирање на знаење, задавање и доставување домашни задачи, известувања, резултати, и сл.). За таа цел, за потребите на Институтот за информатика заедно со асистентите Анастас Мишев и Боро Јакимовски има поставен и локализиран Moodle отворен софтверски производ за потребите за е-учење на Институтот. Кон подготовката и реализацијата на вежбите, како и кон сите други активности, тој пристапува мошне одговорно и самостојно.

Кандидатот, како раководител на Сметачкиот центар, наедно се грижел и за други софтверски инсталации и за програмското одржување на лабораториите и серверската опрема на Институтот за информатика, како и за веб-страницата на Институтот и други информациски сервиси.

***Објавени научни трудови***

Кандидатот Вангел Ајановски покажува интерес во неколку научни области: информациски системи; веб-портали, веб и интернет-апликациски системи; бази на податоци - интеграција на базите на податоци и кориснички посредници, дистрибуирани информациони системи и GRID-ови бази на податоци; вештачка интелигенција - препознавање на човечки лик, хумани и интелигентни посредници човек-компјутер, системи за автоматизирано преведување, видео/аудио/тактилни посредници, препознавање на личности; компјутерска графика и звук - кориснички посредници, визуелизација на податоци, процесирање на сигнали во реално време, автоматско генерирање, виртуелна реалност; компјутерски мрежи – сигурност, дистрибуирани информациски системи.

Во изминатиот период кандидатот работел на своето научно и стручно усовршување во овие области. Трудовите под реден број 1-6 од неговата биографија, изработени во периодот до изборот за помлад асистент се претставени во Билтенот број бр. 815, од 15.11.2002 година, трудовите под реден број 7-11 во Билтенот бр. 861 од 15.11.2004 година и под реден број 12-13 во Билтенот бр. 912 од 1.2.2007 година, а трудот под реден број 14 во Билтенот бр. 921 од 1.6.2007 година

Во периодот од доставувањето на пријавата за претходниот конкурс до овој конкурс, кандидатот ја пријавил својата докторска дисертација на која интензивно работи. Во тој период го изработил и следниов труд:

15. Vangel Ajanovski – "Analysis of user satisfaction with the organization of content", Proceedings of the Sixth International Conference on Informatics and Information Technology, Bitola 2008 – pp. 32-34 – ISBN 978-9989-668-78-4.

Во трудот е направена анализа која може да се користи за следење на корисничките патеки низ еден веб-ориентиран информациски директориум и потоа оцена на задоволството на корисниците со организацијата на директориумот и пристапноста до бараните информации. Предложен е алгоритам за реструктурирање на организациското дрво на еден таков директориум на база на направената анализа и предложено обопштување на алгоритмот со кое, преку мерење на пакет параметри

засновани на следењето на движењата на сите истовремени корисници и целосната организациска шема на директориумот, ќе се овозможи постепено и динамичко реструктирирање на организацијата на директориумот. Реструктурирањето се врши со воведување нови патеки или измена на постојни патеки, врз основа на споредба на оцените по предложените параметри за старата и новата организациска поставеност.

**Учество во научни и во развојни проекти**

Во периодот до доставувањето на пријавата за претходниот конкурс, како што е реферирано во билтените бр. 815, од 15.11.2002 година, бр. 861 од 15.11.2004 година, бр. 912 од 1.2.2007 година и бр. 921 од 1.6.2007 година, м-р Вангел Ајановски учествувал во вкупно 32 проекта, од кои 10 домашни и 22 меѓународни проекти. Во перидот потоа, продолжил да работи како соработник на некои од постојните проекти, како и на следниве нови проекти:

33. Tempus JEP 40020-2005 – IETC (Integrating E-Learning across Teachers Curriculum in Macedonia) 2006-2009 / соработник
34. SEE-GRID-SCI (South Eastern European GRid-enabled e-Infrastructure Development for Science), EU FP7, 2008-2010, М. Кон-Поповска (заменик-координатор за Македонија) / одржување на сервиси, дисеминациски активности.
35. ИСИИ (Информациски систем на Институтот за информатика) – Дел за уписи на студенти по ЕКТС, координатор: Вангел Ајановски / дополнително развој на софтверски компоненти, поставување и одржување, 2008-тековно.
36. TEMPUS IV, ViCES (Video Conferencing Educational Services), 2009-2012, В. Трајковиќ (координатор за Македонија) / спецификацијата на опрема како технички експерт на МАРНЕТ.
37. GN3 (Multi-Gigabit Research and Educational Network and Associated Services) EU FP7, 2009-2013, М. Кон-Поповска (координатор за Македонија) – CERT, имплементација на eduroam при ИИ, мониторинг на сервиси, тестирање на апликации и сценарија.

***Стручни и образовни трудови***

Во овој извештај се наведени трудовите кои се изработени во периодот од последниот избор. Во претходните рецензии се реферирани претходно изработените трудови, и тоа: наставните помагала под редните броеви 1 - 19, конференциите, семинари и работилници со презентации со редни броеви од 1 до 20, и другите стручни трудови со редни броеви од 1 до 23. Треба да се нагласи дека кандидатот Вангел Ајановски почнал со пишување на стручни и образовни трудови уште како студент.

**Наставни помагала**

22. Moodle web сајт Интеракција човек-компјутер
23. Moodle web сајт Анализа и логички дизајн на информациски системи
24. Moodle web сајт Физички дизајн и имплементација на информациски системи

**Конференции, семинари и работилници**

23. Вангел Ајановски – организирана работилница "Користење на Moodle во наставата на Институтот за информатика", 5-та КИИТ, Пелистер, 2007.

24. Vangel Ajanovski - „Experience from the practical excercises on RUP as part of the Master's studies in Novi Sad" – 7$^{th}$ Workshop on Software Engineering, Education and Reverse Engineering, Рисан, Црна Гора, септември 2007.

25. Vangel Ajanovski – „Web Information Systems: Analysis of user satisfaction with the organization of content", 6-та КИИТ, Пелистер, февруари 2008.

26. Vangel Ajanovski, Margita Kon-Popovska – „Data Bases (JDBC)" - 8-th Workshop on Software Engineering Education and Reverse Engineering - Durrës, Albania – 8-13.9.2008 - презентирано од проф. д-р Маргита Кон-Поповска.

27. Vangel Ajanovski - „Java Internet Programming, Servlets, JSP" - 9-th Workshop on Software Engineering Education and Reverse Engineering – Neum, Bosnia and Herecegovina – 31.8-5.9.2009

28. Vangel Ajanovski - „Enterprise Java Beans" - 9-th Workshop on Software Engineering Education and Reverse Engineering – Neum, Bosnia and Herecegovina – 31.8-5.9.2009.

По покана учествувал со презентации и трудови на следниве работилници:

29. Вангел Ајановски – „Студија на случај на употреба на Мудл на Институтот за информатика" – 4-та меѓународна конференција е-општество.Мк „ИКТ во образованието", Скопје, 10.12.2008.

30. Vangel V. Ajanovski – „eLearning at II" – IETC Tempus Project Dissemination workshop, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 23.3.2009.

31. Vangel V. Ajanovski, Anastas Mishev – „Establishing Moodle LMS" – IETC Tempus Project Closing Conference, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 25.9.2009.

Во изминатиот период кандидатот учествувал и на семинари и работилници од областите: адаптивни хипермедија и адаптивни веб базирани системи – Хановер, 2008 и ICT Innovations International Conference, 2009 година, Охрид.

*Други стручни трудови*

Кандидатот В. Ајановски учествувал во предлагањето на решение за активна мрежна опрема за изградба на гигабитска академска мрежа во Скопје, како и за безжично поврзување на шесте кампуси на Скопскиот универзитет. Решението е успешно имплементирано. В. Ајановски, исто така, учествувал во тимот за предлог на опрема и вмрежување за надградба на мрежата на ПМФ до гигабитски мрежен 'рбет. Тој тековно ја одржуваше мрежата и врската со Ректоратот.

Кандидатот се грижи или се грижел за системско администрирање (инсталации на мрежа, оперативни системи, кориснички работни места, управување со работа и одржување) на неколку сервери на ИИ, технички ги уредил, ги програмирал и се грижи за одржување на веб-страници за неколку проекти и наставни предмети, како и за мултимедијалната презентација на Институтот.

25. В. Ајановски, Нова веб страница и портал на ПМФ, 2007 – http://www.pmf.ukim.edu.mk
26. В. Ајановски, MGGF project database geographical map – http://www.dai.com.mk/maps
27. В. Ајановски, Систем за управување со документи базиран на KnowledgeTree за NALAS (Network of Associations of Local Authorities of South-East Europe), 2009 – системот е на интерна веб локација и е интегриран во рамките на веб - страниците на http://www.nalas.eu
28. В. Ајановски, Moodle систем за електронско учење – Прокредит банка, 2009 – интерна веб - локација
29. В. Ајановски и други - Проектни страници и документација за проектот ИСИИ (Информациски систем на Институтот за информатика) – 2008-тековно – http://develop.ii.edu.mk/projects/isii
30. В. Ајановски – Редизајн и одржување на веб - страниците на MARNet CERT, 2009 – тековно – http://cert.marnet.net.mk/
31. В. Ајановски – поставување и одржување на систем за уписи по ЕКТС и база на податоци (дел од ИСИИ) – 2009 – тековно - http://www.ii.edu.mk/upisi

***Студиски престои***

Од вработувањето до денес, м-р Ајановски имал 30-тина кратки студиски престои во траење од една недела до еден месец, а најчесто во рамките на проектите во кои учествувал. Во изминатиот изборен период такви престои се:

- Бугарската академија на науките – Институтот за паралелно процесирање – Софија, Бугарија, мај 2007;
- Универзитетот во Гронинген – Холандија, јануари 2009 (Tempus IETC);
- HungarNet – Будимпешта, Унгарија, мај 2009 (Tempus ViCES).

**3. Други активности**

Паралелно со извршувањето на наставните обврски, кандидатот м-р Вангел Ајановски бил активен во работата на Здружението на информатичарите на Македонија. Член е на комисии за задачи на регионални и државни натпревари по информатика - 2000/2001 и 2001/2002 година и во комисија за натпревари по информатика во движењето „Наука на младите" – Народна техника – 2000 година, како и заменик-водач на македонската екипа на Балканијадата по информатика, 2000 година.

Мултипликатор е за FP6 проектите при МОН, како претставник од ПМФ, член на организациониот одбор за прослава на 20-годишнината на ИИ при ПМФ, во 2005, член на Комисијата за евалуација на софтвер за потребите на техничките служби на ПМФ и член на Комисијата за јавни набавки на ПМФ, од 2006 до 2008 година. Во мандатот 2005-2007 и 2007-2009 е раководител на Компјутерскиот центар на ИИ при ПМФ.

Членува или членувал во неколку професионални здруженија: Здружението на информатичарите на Македонија, AACE (Association of the Advancement of Computing in Education) – professional, IEEE – student, ACM – student, Oracle Technology Network и Java Developers Connection.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Вангел Ајановски, во периодот по изборот за асистент и претходно од вработувањето како стручен соработник и помлад асистент на ИИ при ПМФ, покажал забележителна активност и резултати на сите полиња на активности на Институтот. Тој покажува висок квалитет при извршувањето на наставните задолженија. Неговиот однос кон студентите и колегите е коректен, секогаш подготвен за укажување помош и за соработка. Во содржинска и во организациона смисла, тој постојано воведува новини во изведувањето на вежбите и во комуникацијата со студентите преку интернет (веб-ориентирани учебни материјали, тестирање на знаење, задавање и доставување домашни задачи, известувања, резултати, и сл.), особено грижејќи се за перманентно следење и оценување на работата на студентите.

М-р Ајановски е активно вклучен во повеќе научни и развојни проекти на Институтот, во изградбата на брзи мрежи на Факултетот и на Универзитетот (МАРНет), а се презентирал и со научни трудови на меѓународни конференции, повеќето рецензирани и објавени во зборници на трудови, со што ја покажува својата подготвеност да придонесе во решавањето на бројни научни и стручни проблеми во областа на базите на податоци и информациските системи на интернет, гридовите бази податоци, веб-порталите, компјутерските мрежи – сигурност, далечинско и електронско учење (е-учење), препознавање на човечки лик, посредници човек-компјутер. Сето наведено несомнено ја покажува неговата исклучителна сестраност и научна зрелост. Резултат на неговата работа во изминатиот период е и пријавената тема за докторска дисертација под наслов **Адаптивни и социјални самоструктурирачки системи за навигација низ јавни информациски системи.**

Согласно со наведеното, кандидатот м-р Вангел Ајановски во целост ја оправда довербата што му беше дадена при неговиот избор за асистент. Оценувајќи ја позитивно неговата целокупна работа, на наставен, научен, апликативен и организационен план, Рецензентската комисија смета дека кандидатот ги исполнува сите услови од Законот за високото образование и од Статутот на Факултетот, и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му предлага да го реизбере кандидатот м-р Вангел Ајановски за асистент од областа информатика – информациски системи при Институтот за информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Катерина Здравкова, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Ана Мадевска, вонреден професор, ПМФ – Скопје, с.р.

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Факултетот за ветеринарна медицина** во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| м-р Радмила Чрчева – Николовска | „Типизација на анимални протеини во храна и добиточна храна и компарација на различни методи за нивна детекција" | 1. Проф. д-р Ристо Проданов<br>2. Доц. д-р Зехра Хајрулаи – Муслиу<br>3. Доц. д-р Павле Секуловски |
| м-р Слободен Чокревски | „Организационо –правни и институционални активности и проблеми на ветеринарната служба во Република Македонија во претпристапниот период за членство во Европската унија" | 1. Проф. д-р Ристо Проданов<br>2. Доц. д-р Трпе Ристоски<br>3. Доц. д-р Павле Секуловски |
| м-р Катерина Благоевска | „Ефектот на пробиотикот Enterococcus faecium dsm 7134–Бонвитал врз биохемискиот статус при Т-2 микотоксикоза кај бројлери " | 1. Проф. д-р Велимир Стојковски<br>2. Проф. д-р Ристо Проданов<br>3. Проф. д-р Божидарка Гошиќ-Марковска |
| м-р Александар Цветковиќ | „Надзор, анализа на ризици и епидемиологија на вирусните болести кај фармски одгледуваните риби во Република Македонија кои задолжително се пријавуваат во Светската организација за здравје на животните (OIE)" | 1. Проф. д-р Мишо Христовски 2. Проф. д-р Алмедина Зуко<br>3. Доц. д-р Славчо Мреношки |
| м-р Игор Есмеров | „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните антиапоптотични гени NF-kB, сурвивин и bcl-2 во култури на малигни клетки" | 1. Проф. д-р Сашо Панов<br>2. Проф. д-р Велимир Стојковски<br>3. Проф. д-р Ромел Велев |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „ОПТИМИРАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА НЕФОСИЛНИ АЛТЕРНАТИВНИ ГОРИВА КАЈ МОБИЛНИТЕ ЗАГАДУВАЧИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА НИВНИТЕ ЕМИСИИ“,

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАМЕ ДИМИТРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлуката на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-273/2 од 31.1.2008 година, беше прифатен извештајот за подобноста и оспособеноста за научна работа на кандидатот м-р Даме Димитровски, дипл.маш.инж., како и подобноста на темата за изработка на докторска дисертација.

Со одлука бр. 02-653/3 на Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на 1.4.2010 година, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов: **Оптимирање на примената на нефосилни алтернативни горива кај мобилните загадувачи преку анализа на нивните емисии,** во состав:

проф. д-р Славе Арменски, Машински факултет - Скопје,
проф. д-р Александар Мојсовски, Машински факултет - Скопје,
доц. д-р Ристо Филкоски, Машински факултет - Скопје,
проф. д-р Муртезан Исмаили, ЈИЕ универзитет во Тетово,
проф. д-р Слободан Пренцов, Технолошко-Металуршки факултет - Скопје.

По прегледувањето на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Даме Димитровски претставува самостоен научен труд од областа на термоенертетиката и моторите со внатрешно согорување, со посебен акцент на дефинирање на методологија за оптимирање на примената на нефосилно алтернативно гориво во моторите со внатрешно согорување, преку анализа на карактеристиките на согорувањето во комората на моторот и влијанието врз издувната емисија.

Докторската дисертација е изложена на 206 страници и дополнителни прилози, со 47 графикони и 14 табели. Пописот на литературата содржи 196 релевантни библиографски единици.

Содржината на докторската дисертација е компонирана во 12 поглавја, заклучоци, насоки за понатамошна работа, прилози и библиографија, и тоа:

1. Вовед
2. Општи согледувања
3. Цел и задача на дисертацијата
4. Нефосилно алтернативно гориво-биодизел, светски трендови
5. Согорување кај дизел-моторите
6. Влијание на горивата со нефосилно потекло врз согорувањето кај дизел-моторите
7. Карактеристики на биодизел горивата од интерес за понатамошните истражувања

8. Моделирање на согорувањето како основа за оптимирање на издувната емисија
9. Преглед на развојот на модели за емисија на NOx кај дизел-моторите
10. Моделирање на емисија на азотни оксиди
11. Мерна опрема, организација и резултати од експерименталните мерења
12. Споредна анализа и анализа на резултатите
13. Заклучоци
14. Насоки на понатамошна работа
15. Прилози
16. Литература

Докторската дисертацијата е изложена во една книга. **Првото** поглавје, односно воведното излагање ја истакнува важноста на разгледуваната проблематика и актуелноста на истражувањето во светски рамки. Во **второто** поглавје се нагласени проблемите од користење на фосилните горива и предностите и недостатоците на биодизел-горивото во мобилните загадувачи. **Третото** поглавје ја дефинира целта на докторската дисертација: анализа на моделите на согорување на разни нефосилни горива, оптимирање на системите, проекција на емисијата на полутанти при комбинирање на постапките, системите и на горивата и конечна анализа.

Во **четвртото** поглавје се дадени суровините за производство на биодизел како гориво за мобилните загадувачи, причините зошто треба да се употребува биодизел-гориво како замена на дизел-горивото кај моторите и последиците од примената на биодизелот. **Петтото** поглавје ги разгледува процесите на согорување кај дизел-моторите и феномените кои се јавуваат при впрскување на горивото во комората за согорување. Направен е краток осврт на влијанието на параметрите на моторот кон карактеристиките на согорувањето и преглед на нови концепции во согорувањето кај дизел-моторите.

**Шестото** поглавје се занимава со анализа на карактеристиките на биодизел-горивата и влијанието на секоја од карактеристиките (цетански број, топлинска моќ, вискозност, корозија и др.) врз параметрите на согорувањето и составот на издувната емисија. **Седмото** поглавје дава детален преглед на карактеристиките на биодизел-горивата кои се од интерес на понатамошните истражувања и се разгледани: цетанскиот број, температурата на согорување, топлинската моќ и вискозитетот на биодизелот. Анализирани се карактеристиките на биодизелот на нискотемпературни услови, и тоа: точка на заматување, точка на стинување, точка на појава на восок, филтрабилност на ниски температури и други, врз работните параметри на дизел-моторите и врз издувната емисија.

**Осмото** поглавје од дисертацијата е посветено на моделирање на согорувањето како основа за оптимирање на издувната емисија кај дизел-моторите. Разработени се теоретските основи за моделот на рамнотежни концентрации, т.е. основите на хемиската рамнотежа и хемиската кинетика. Посебно внимание е посветено на моделите на согорувањето, со осврт кон азотните оксиди: азотмоноксидот NO, азотдиоксидот $NO_2$ и диазотоксидот $N_2O$.

Во **деветтото** поглавје е даден преглед на модели за емисија на NOx кај дизел-моторите, како што се: дијагностички, мултидимензионални, квазидимензионални и др. модели. Детално е прикажан развојот на модели за емисија на $NO_x$ при дифузно согорување, при што е направен преглед на модели со: претпоставка на хемиска рамнотежа, парцијална рамнотежа, кинетички шеми и модели врз основа на полуемпириска зависност.

Во **десеттото** поглавје се разгледани изолирани локални кинетички модели на рамнотежни концентрации со чие комбинирање се формира модел на согорување кај дизел-моторите. Важноста на материјата која е разработена во ова поглавје се огледа во влијанието на составот на горивото и на воздухот врз концентрацијата на различни

компоненти, при зададени услови (температура, притисок и време), од каде што може да се одреди валидноста на моделот за предвидување на излезната емисија кај моторот. Еден дел од поглавјето е посветен на моделот на рамнотежни концентрации, кој овозможува пресметка на рамнотежни концентрации во продуктите на согорување при одредена температура и притисок и одредување на нивните термодинамички карактеристики: енталпија, специфична топлинска моќ и сл. Од добиените вредности се пресметуваат две важни променливи во процесот на согорување: адијабатска температура на пламенот и ослободена топлина. Податоците од моделот се користат како база за определување на локалната кинетика на формирање на различните компоненти. Во поглавјето е опишан и хемиско-кинетичкиот модел за пресметка на времето на формирање на разгледуваните компоненти. Истиот локален кинетички модел е искористен и за анализа на реакциите кои доминираат при формирање на NO и на CO за време на процесите на загревање (согорување) и на ладење (процес на ослабено согорување со вишок воздух). Кинетичко-хемискиот модел, опишан во ова поглавје, е продолжение (или развој) на веќе познати и употребувани модели со проширување на механизмот на кинетички реакции и на разгледувани компоненти и со поголема разновидност при употреба на алтернативни горива, со посебен осврт кон биодизелот.

Во **единаесеттото** поглавје се прикажани мерната опрема, организацијата и резултатите од експерименталните истражувања. Кај експерименталните мерења се направени промени на притисокот на впрскување, аголот на предвпрскување и смесата гориво – воздух, кај едноцилиндричен дизел-мотор. При тоа е мерено влијанието на секоја од промените врз емисијата на азотни оксиди. Усогласувањето на експерименталниот и теоретскиот модел е направено со приспособување на вредноста на составот на смесата.

Во **дванаесеттото** поглавје е направена споредба и анализа на резултатите. Извршени се симулации и моделирање на: појави во комората за согорување кај дизел-моторите кои се од интерес на евалуација на емисијата на азотни оксиди; појави кои во реални услови не е можно да се измерат и моделирање на примената на нови научни достигнувања и технологии кои имаат влијание врз параметрите кај процесот на формирање азотни оксиди при согорувањето кај дизел-моторите.

Направена е споредба на кинетичкиот механизам применет во оваа дисертација со други модели кои вообичаено се употребуваат за процена на количеството на формиран NO. Користен е проширениот механизам на Zeldovich, а моделот на Zeldovich е пресметан според методот на Lavoie. Направена е симулација на процес кој трае 5, 10 и 15 ms.

Прикажано е исто така влијанието на употребата на EGR-системот кај дизел-моторите, кој кај модерните дизел-мотори се користи за намалување на концентрацијата на азотни оксиди во издувната емисија. Намалувањето на концентрацијата на азотни оксиди е последица на зголемување на концентрацијата на инертни гасови и намалување на температурите во комората. За симулација на влијанието на EGR во моделот, употребено е дизел-гориво и оксидатор кој е мешавина на воздух и продукти на согорување. Анализирано е и влијанието на времето на одвивање на процесот.

Во ова поглавје е прикажано и влијанието на употребата на преполнување врз емисијата на азотни оксиди, како концепт кај дизел-моторите. Анализирано е влијанието на употреба на турбополначи за повишување на влезниот притисок од 1, 1,5, 2 и 2,5 bar, со дополнително зголемување и на количеството на гориво во комората за согорување на дизел-моторот. Анализата покажува дека дополнителното зголемување на притисокот во комората за согорување при употреба на горивата B20 и B100 влијае кон дополнително зголемување на концентрацијата на NO, односно се случува пообемно формирање на NO.

Анализирана е и употребата на емулзија дизел-гориво – вода (во различен сооднос) врз промените на температурата и концентрацијата на NO и $NO_2$. Ефектот на зголеменото количество вода во емулзијата која се употребува како погонско гориво

врз намалувањето на концентрациите на азотните оксиди е значителен. Намалените концентрации се должат на намалување на температурите во комората за согорување и пократкото време на изложеност на високи температури, а со тоа и намалување на улогата на топлинскиот механизам при формирањето на NO.

Дел од ова поглавје ја анализира промената на концентрацијата на азотните оксиди NO и $NO_2$ во зависност од потеклото на суровината за добивање на биодизел. Направена е споредбена анализа на употребата на метилестер од маслена репка, метилестер од употребувани масла за готвење, етилестер од маслена репка и B10 мешавина на D2 со метилестер од маслена репка.

Деталниот преглед на модели кои се занимаваат со анализа на формирањето и на деструкцијата на компонентите на азотните оксиди кај дизел-моторите, почнувајќи од наједноставните до најсложените CFD-модели, се користи како основа за понатамошно моделирање. Во овој труд, како и кај неколку светски истражувачи е следена методологијата, каде што смесата гориво – воздух во секој пакет, пред и по согорувањето, е моделирана феноменолошки. Моделот кој е развиван е нултидимензионален, феноменолошки модел на мултизона. Едноставноста на моделот дозволува да се разгледува подетален механизам на реакции кај дизел-мотор за процена на штетната емисија, при што е поставен модел со 38 компоненти и 83 реакции, насочен кон детално опишување на процесите на формирање и деструкција на азотните оксиди и посредните компоненти, кои влијаат на нивно формирање. Моделот овозможува симулација на употреба на горива со различен хемиски состав и физички својства, и преку сложена анализа на појавите во комората за согорување, овозможува симулација на современи технологии и нивно влијание врз концентрацијата на азотните оксиди. Со сопствени експериментални мерења потврден е моделот со кој се правени понатамошни анализи.

Преку анализа на резултатите и препораките за натамошна употреба и истражување на користењето на биодизелот, извршено е оптимирање на примената на различните нефосилни биодизели врз издувната емисија на мобилните загадувачи, со посебен осврт на азотните оксиди, како компонента со исклучително штетно влијание и ограничени можности за нејзино намалување во ефикасен циклус на согорување.

Врз основа на деталниот преглед и анализа на приложениот труд, Комисијата го донесува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Кандидатот м-р Даме Димитровски подготвил квалитетен и оригинален научно-истражувачки труд од областа на термоенергетиката и моторите со внатрешно согорување, нефосилните горива, т.е. биодизелот како алтернативно гориво за моторите со внатрешно согорување и екологијата преку намалување, пред сè, на NO во издувната емисија од мобилните загадувачи. Докторската дисертација **Оптимирање на примената на нефосилни алтернативни горива кај мобилните загадувачи преку анализа на нивните емисии** претставува значаен придонес заради дефинирање на модели за анализа на формирањето и деструкцијата на компонентите на азотните оксиди во издувната емисија кај дизел-моторите, при согорување на нефосилни горива-биодизел од различно потекло.

Пристапот кон решавањето на истражувачката проблематика, преку анализа на битните влијателни фактори, користење на експериментални истражувања и формирање на потребните математички модели за изразување на физичките карактеристики на процесот на согорување на нефосилни горива, со користење на современи апликативни професионални софтверски пакети - без кои не е можно да се пристапи кон пресметка на издувната емисија со земање предвид на сите битни фактори, што му овозможиле на авторот да направи синтеза и да извлече оригинални заклучоци, го карактеризираат м-р Даме Димитровски, дипл.маш.инж., како упорен истражувач, со огромна работна енергија, способен да решава сложени проблеми од полето на техничките науки, а осо-

бено од моторите со внатрешно согорување. Од овие причини, Комисијата со задоволство заклучува дека неговата докторска дисертација претставува успешен и оригинален научен труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да го прифати овој извештај и да закаже јавна усна одбрана на дисертацијата.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Славе Арменски, с.р.
2. Проф. д-р Александар Мојсовски, с.р.
3. Доц. д-р Ристо Филкоски, с.р.
4. Проф. д-р Муртезан Исмаили, с.р.
5. Проф. д-р Слободан Пренџов, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „МОРАЛНО МИСЛЕЊЕ И МОРАЛНА СЛИКА ЗА СЕБЕ ВО ПЕРИОДОТ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АНА ФРИЦХАНД, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 14 април 2010 година, формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолесценција", поднесена од м-р Ана Фрицханд. Комисијата ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Ана Фрицханд, под наслов „Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолесценција", претставува самостоен труд во областа на проучувањето на сложени развојни психолошки појави како што е моралниот развој.

Докторскиот труд е изложен на 262 страници и се состои од вовед и пет дела, литература, содржи 20 табели, 17 слики и 4 прилози.

Во воведот се истакнува дека во последните две декади од дваесеттиот век е посебно нагласен интересот за истражување на моралната слика за себе и на моралниот идентитет, како и потребата за повторно обмислување и редефинирање на сознанијата околу моралното мислење. Се настојува да се конструираат психометриски поиздржани мерни инструменти приспособени за развојните специфичности и општествениот контекст во кој тој се одвива. Целта е да се покаже поврзаноста на моралното мислење и на моралната слика за себе во периодот на адолесценцијата и преку истражувања да се даде теориски придонес во областа на применетата развојна психологија и моралниот развој.

Теоретските основи на моралниот развој се изнесени во првиот дел. Во него *моралнот̄о мислење* е дефинирано како способност на поединецот да ги идентификува и да ги разликува добрите од лошите постапки и објаснувања при решавање на одредена морална дилема. Развојот на моралното мислење е подетално прикажан преку теориите на морален развој на Жан Пијаже, на Лоренс Колберг и на Џејмс Рест (познат како модел на четири компоненти, односно како нео-колбергијански приод). *Моралнат̄а слика за себе* е определена како

моралнa перцепција и идеи кои поединецот ги има за себе од аспект на доблестите. Нејзиниот развој е прикажан преку селф-моделот во теоријата на морално функционирање на Августо Блази, потоа преку теоријата за формирање на идентитетот на Роберт Киган, преку еколошко контекстуалната теорија на Јуриј Бронфенбренер и социокултурната теорија на развојот на Лев С. Виготски.

Во првиот дел понатаму во текстот е направен преглед на моралното мислење во периодот на адолесценцијата и неговата поврзаност со моралното однесување, а потоа на развојот на моралната слика во периодот на адолесценцијата. Посебно се разработени улогата на семејството и на врсниците во процесот на социјализацијата, како и карактеристиките и причините за јавување на асоцијално и антисоцијално однесување. На крајот од првиот дел се прикажани релевантни истражувања на моралното мислење и на моралната слика за себе во адолесценцијата.

Вториот дел претставува преглед на методолошката рамка на истражувањето. Основното проблемско прашање на кое се бара одговор (а од него се произлезени и посебните задачи на истражувањето) е дали постојат разлики во моралното мислење и во моралната слика за себе кај адолесцентите во зависност од нивната возраст, пол, вид на образование, како и од (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и од примарната група за социјализација. Главната цел е да се направи развојно-трансферзално истражување и да се дојде до емпириски проверени сознанија за моралното мислење и за моралната слика за себе во периодот на адолесценција. Посебно значајно е испитувањето за влијанието на процесот на социјализација и на општествениот контекст во развојот на моралното мислење и на сликата за себе кај адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување, како и кај оние што живеат во домови за деца без родители и родителска грижа. Се очекува сознанијата произлезени од ова истражување да посочат начини за систематско менување на контекстот и за негова преобразба во поволна средина за развој на идните генерации.

Дефинирани се две групи на хипотези. *Хипотезите од А-групата* се однесуваат на разлики во однос на моралното мислење кај адолесцентите во зависност од возраста, полот, видот на образование, од (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и од примарната група на социјализација. *Хипотезите од Б-групата* се однесуваат на разлики во однос на моралната слика за себе кај адолесцентите, во зависност од возраста, полот, видот на образование, од (не)манифестираното асоцијално и антисоцијално однесување и од примарната група на социјализација.

Потоа, откако се дефинирани независните, зависните и контролираните варијабли и индикатори, се наведуваат мерните инструменти. Моралното мислење во ова истражување се испитува со инструментот за мерење на посредните поими кај адолесцентите чиј автор е Стивен Тома. Тој се состои од седум морални дилеми во кои актерите се адолесценти. Инструментот е осетлив на влијанието на возраста и на степенот на образование во периодот на адолесценцијата и успешно ги диференцира адолесцентите кои покажуваат проблеми во однесувањето. За испитување на моралната слика за себе се користат два

инструмента, и тоа: скала за доблести и инструмент за мерење на моралната слика за себе. Во истражувањето се користи и Прашалник за демографските карактеристики на примерокот (возраст, пол, место на живеење, етничка и религиозна припадност на испитаниците).

Во истражувањето се опфатени 330 адолесценти од двата пола, на возраст од рана (просечна возраст 14,5 години), средна (просечна возраст 17,7 години) и од доцна адолесценција (просечна возраст 21,4 години). Испитаниците се ученици од гимназии и од Македонската православна богословија, како и студенти на Филозофскиот факултет во Скопје, на Факултетот за физичка култура и на Православниот богословски факултет во Скопје. Во истражувањето се опфатени и штитеници од воспитни установи, воспитно-поправни установи и казнено-поправни домови кои во нив се упатени со судска одлука, како и адолесценти кои престојуваат во домови за деца без родители и родителска грижа.

Истражувањето е направено во две фази. Во првата фаза (пилот-истражување) е направено приспособување на мерните инструменти, а во втората е направено истражувањето на избраните испитаници чиј тек се одвива приспособено во зависност од нивните посебности. На крајот од вториот дел е наведен начинот на обработка на податоците.

Третиот дел ги содржи добиените резултати неопходни за проверка на секоја од истражувачките хипотези. Резултатите се прикажани во 20 табели и 17 слики. Направени се споредби на разликите во резултатите меѓу различните групи адолесценти во поглед на моралното мислење и на моралната слика за себе. Од богатиот извор на добиени резултати, кои се коректно обработени, ќе се задржиме само на некои. Со порастот на возраста на адолесцентите се зголемува нивната способност да ги идентификуваат како добрите така и лошите постапки и објаснувања. Адолесцентките покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите. Видот на средното образование во периодот на средна адолесценција не доведува до разлики во способноста за идентификување на добри и на лоши постапки и објаснувања. Кај студентите од различни факултети се покажува дека тие подеднакво добро ги идентификуваат добрите постапки и објаснувања. Но, при идентификување на лошите постапки и објаснувања, студентите на Православниот богословски факултет покажуваат поголема способност во споредба со студентите на Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура. Друг значаен показател од добиените резултати е што адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување имаат значително пониска способност за идентификување на добрите и на лошите постапки и објаснувања, во споредба со адолесцентите кои не манифестираат ваков вид однесување. Индикативен податок е и помалата способност да ги идентификуваат лошите постапки и објаснувања адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа, во споредба со нивните врсници кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

Ќе приведиме и значајни показатели во поглед на испитувањето на моралната слика за себе. Со зголемување на возраста моралните вредности почесто се избираат како централни во моралната слика за себе. Се покажува дека кај адолесцентите полот не игра значајна улога во

изборот на моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе. Но, учениците од гимназија поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, во споредба со учениците од Македонската православна богословија. Студентите од Филозофскиот факултет и Факултетот за физичка култура поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од оние на Православниот богословски факултет. И лицата од средна адолесценција кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување значително поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе за разлика од нивните врсници кои не манифестираат ваков вид однесување. Слично на нив, адолесцентите кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа значително поретко ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе, споредени со адолесцентите кои живеат во семејство со родители кои се во брак.

Односот на моралното мислење и моралната слика за себе со возраста и со полот е проверен преку двофакторска мултиваријантна анализа на варијанса. Резултатите покажуваат дека адолесцентите од двата пола на различна возраст кои покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите избори и објаснувања почесто ги избираат моралните вредности како централни во нивната морална слика за себе.

Во четвртиот дел е направена дискусија на резултатите од истражувањето преку богата споредбена анализа со повеќе светски проучувања и преку нивно поврзување со сознанијата изнесени во теоретските основи за моралниот развој. Во дискусијата се видливи пошироките познавања на м-р Ана Фрицханд од областа на развојната психологија и особено од моралниот развој.

Добиените резултати се во согласност со оние добиени во истражувања кај повеќе автори. Видливо е дека моралниот развој во адолесценцијата е тесно поврзан со сознајниот развој. Анализата на резултатите и изведените заклучоци се потпираат на теориите за моралниот развој и за формирање на идентитетот кои се образложени во првиот дел од трудот. Така, на пример, утврдената поврзаност меѓу моралното мислење и моралната слика за себе кај адолесцентите, наоѓа поддршка и во теоријата на Августо Блази, според која моралниот развој треба да биде насочен кон морално однесување. Промените кои се јавуваат како во способноста за идентификување на добрите и на лошите постапки и објаснувања така и во структурата на моралната слика за себе можат да се објаснат преку способноста на луѓето да конструираат значења за сѐ посложени системи (во согласност со теоријата на Роберт Киган).

Тоа што истражувањето потврди дека моралното мислење и моралната слика за себе се два поврзани домена на моралноста има значење за моралното однесување на поединецот. Така, на пример, може да се очекува дека лицата кои се поспособни да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања и кај кои се сретнува морална слика за себе која е позаситена со морални вредности, понагласено ќе настојуваат да се однесуваат според нив. Една од препораките за

стимулирање на моралниот развој произлегува од сознанието дека моралното однесување го стимулира развојот на моралната слика за себе која потоа повратно го мотивира моралното однесување. Истражувачките наоди покажуваат и дека адолесцентите ги напуштаат типично маскулини-те, односно типично феминините карактеристики и се насочуваат кон психичка андрогинија.

Во поглед на заклучоците врз основа на добиените резултати м-р Ана Фрицханд укажува на претпазливост заради некои недостатоци од самиот инструмент во кој се вклучени, на пример, морални дилеми за кои може да се претпостави дека подобри резултати ќе добијат припадници на едниот или на другиот пол.

Испитаните адолесценти кои живеат во домови за деца без родители и родителска грижа, како и оние што манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување покажуваат тешкотии во развојот на моралното мислење и на моралната слика за себе. Во трудот се укажува на нужност од промена на различните нивоа на општествениот контекст во кои живеат овие адолесценти. Се укажува на потреба од програми за трансформирање на насилните структури, култури и поединци со цел да се стимулира развој на моралното мислење и на моралната слика за себе, почнувајќи од детството и продолжувајќи во адолесценцијата. Исто така, од истражувањето се согледува дека етиката во образованието треба да е присутна, бидејќи таму каде што ја има (во испитувањето тоа се испитаниците од Македонската православна богословија и од Православниот богословски факултет во Скопје), испитаниците почесто бираа морални вредности како централни во нивната морална слика за себе.

Пос дадените сосема конкретни предлози за примена на истражувачките наоди, на крајот од трудот м-р Ана Фрицханд посочува каде би било пожелно да се свртат идните истражувања од областа на моралниот развој, како и на потребата од валидизација на инструменти за тоа.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р Ана Фрицханд под наслов „Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолесценција" претставува самостоен научен труд кој концепциски и емпириски е солидно поставен. Трудот се одликува со добро поставена теориска рамка на истражувањето, коректен методолошки приод, среден и прецизен приказ и обработка на податоците. Во дискусијата, во која се поврзуваат и обмислуваат добиените резултати со оние на други истражувачи во светот и се осмислуваат во рамки на најзначајните психолошки теории од областа на моралниот развој, доаѓа до израз способноста на кандидатката теориски да мисли. Во заклучните согледувања се изведени конкретни предлози за применети програми за унапредување на моралниот развој. Оваа докторска дисертација успева да ги обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод во

мошне сложената област од развојната психологија како што е моралното мислење и моралната слика за себе.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена на докторската дисертација, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија, да го усвои овој извештај за докторската дисертација на м-р Ана Фрицханд и да ја одобри нејзината усна одбрана.

Скопје, 23 април 2010 год.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, с.р.
Проф. д-р Ружица Керамичиева, с.р.
Проф. д-р Зоран Стојановски, с.р.
Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.
Проф. д-р Михајло Поповски, с.р.

Д-р Драгица Зенделовска,
Асистент-истражувач на
Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија

До
Научниот одбор на
Медицинскиот факултет во Скопје

**Скопје, 22.4.2010**

**Предмет: Приговор на објавениот реферат за избор на еден научен соработник по предметот фармакологија со токсикологија објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 984 од 15.4.2010**

Почитувани,
Поднесувам приговор на објавениот реферат за избор на еден научен соработник по предметот фармакологија со токсикологија, Медицински факултет, Скопје, како учесник во постапката.
Во однос на рефератот поднесен од Рецензентската комисија во кој се констатира дека јас, кандидатот ас. д-р Драгица Зенделовска, не ги исполнувам критериумите за избор во звањето научен соработник бидејќи докторатот не е од научната област по кој треба да ме изберат во научното звање научен соработник, сметам дека ***констатацијата на Комисијата е неоснована*** поради следниве причини:

- Во 2003 година на Природно-математичкиот факултет имам одбрането докторска теза со наслов „Развој и модификација на методи за определување на некои лекови во биолошки флуиди со примена на високоефикасна течна хроматографија". Една од дејностите на Институтот за фармакологија со токсикологија е определување на лекови во биолошки материјал и мониторирање на лекови. Фармакологијата е интердисциплинарна област и во ова истражувачко поле секаде во светот соработуваат, покрај лекарите, и научници од други пресечни области. Исто така, составен дел од практичната настава по предметот фармакологија со токсикологија е мониторирање на лекови. Бидејќи во актите на факултетот не е утврдено кој назив на диплома се бара при избор по научни области, во конкретниот случај при изборот во научната област фармакологија, потребно е да се цени дали докторатот, односно докторската дисертација е од областа на фармакологијата, без оглед на називот на дипломата. Поради ова, сметам дека ***областа во која имам одбрането докторска дисертација е пресечна, соодветна и неопходна во дејноста фармакологија.***

- Досега сум учествувала во голем број проекти кои се спроведени на Институтот, за кои сум поставувала лабораториски методи за определување на лекови, чии составен дел е и аналитиката на лековите. ***Аналитиката на лековите е неизоставен дел од некои проекти кои ги спроведува Институтот.***

- Во 2003 година сум избрана во звањето асистент истражувач по предметот фармакологија со токсикологија. Во 2007 и во почетокот на 2010 година сум реизбрана во истото звање. Ниту при изборот, ниту при реизборите докторатот не бил спорен во однос на научната област. Имено, ***според Комисијата, докторатот е валиден за избор во звање асистент-истражувач, но не и за избор во звање научен соработник.***
  На Медицинскиот факултет се вработени кадри во научни области, а не се доктори на медицина (пр. хемичари, биохемичари, биолози, фармацевти, физичари и сл.), и досега без проблем биле унапредувани во соработнички и научни звања. Согласно со политиката за интегрираност на Универзитетот, магистрите и докторите произлезени од неговите факултети не треба да бидат спречени во академскиот развој кога работат на нематични катедри.

- Со оглед на фактот што јас сум во редовен, неограничен работен однос во Институтот од 2000 година и во неговите рамки ја започнав и ја унапредив мојата научноистражувачка кариера, ***неможноста за избор во звањето научен соработник за мене значи доживотно блокирање на академскиот, кариерниот и професионалниот развој.*** Имено, Комисијата со нејзината одлука одлучува дека јас до крајот на мојата кариера на Медицинскиот факултет треба да останам на ниво на асистент-истражувач, со што ги нарушува моите фундаментални права за образовно и кариерно напредување. Освен тоа, како вработена на Институтот, ми се ограничува можноста за научноистражувачка работа во поглед на спроведување и имплементирање на научноистражувачки проекти кои се од интерес на Институтот.

Поради гореспоменатите причини, а и поради и мојот особен придонес во научно-истражувачката работа на Институтот во земјава и во странство, ***сметам дека мојата апликација треба да биде оценета.***

Д-р Драгица Зенделовска с.р.

**До ДЕКАНОТ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
**Универзитет„Св.Кирил и Методиј", Скопје,**
**Република Македонија**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на приговорот од Драгица Зенделовска во врска со објавениот реферат за избор на еден научен работник на Катедрата за фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје, кој е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" бр. 984 од 15.4.2010.

Рецензентската комисија го разгледа приговорот на кандидатката, асистент-истражувач Драгица Зенделовска и ги донесе следниве заклучоци:

1.Во однос на тврдењето на кандидатката дека во актите на Факултетот не е утврдено кој назив на диплома се бара при избор по научни области, Комисијата заклучи дека **не е точно тврдењето на кандидатката и дека називот на дипломата што се бара за избор по научни области е дефинирана со Законот за научноистражувачка дејност на Република Македонија од 31.3.2008 (Службен весник на РМ број 46, стр. 1-11) и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје ( јуни 2009). Медицинскиот факултет при УКИМ-во Скопје е обврзан да работи согласно со позитивните законски прописи во Република Македонија.** Во наведените Закон и Правилник е наведено следново во однос на дипломата за избор по научни области:

- Во Законот за научноистражувачка дејност на РМ од 31.3.2008, во членовите 35 и 36 е пропишано дека во научни звања (научен соработник, виш научен соработник и научен советник) може да биде избрано лице кое има научен степен **доктор на науки од научното подрачје за кое се избира**.
- Во член 27 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје (јуни 2009) е пропишано дека за научен работник **(научен соработник, виш научен соработник и научен советник)** може да биде избрано лице кое има научен степен **доктор на науки од научната област во која се избира**.
- Во член 36 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје (јуни 2009) е пропишано дека конкурсот треба да ја содржи наставно-научната област за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научни полиња, подрачја и области според стандардите на ОЕЦД. Во конкурсот објавен во „Утрински весник" на 25.XI.2009 година за избор на еден научен работник на Катедрата за фармакологија со токсикологија, **како наставно-научна област од која се избира кандидатот е дефинирана научната област фармакологија.**

2.Во однос на соодветноста на дипломата на кандидатот и исполнувањето на условите дефинирани со Законот за научноистражувачка дејност на РМ од 31.3.2008 и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје (јуни 2009), а врз основа на поднесените материјали од кандидатот, Рецензентската комисија останува на ставот изнесен во објавениот реферат дека асистент-истражувач Драгица Зенделовска **не ги исполнува критериумите за избор во звањето научен работник од научната област фармакологија, односно дека кандидатката се нема стекнато со научниот степен доктор на науки од наставно-научната област, ниту од научното подрачје на истражување за кое е распишан конкурсот** за

избор на еден научен работник на Катедрата за фармакологија при Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје. Истото е заклучено врз основа на следниве факти:

- Според приложената документација, асистент-истражувач Драгица Зенделовска е доктор на хемиски науки, односно согласно со класификацијата на научните полиња, подрачја и области (дисциплини) на истражување според стандардите на ОЕЦД (Службен весник на РМ бр.55 од 20.7.2001 година, стр. 3694-3705) се има стекнато со научен степен доктор на науки од научното подрачје **хемија (точка 1.07** од претходно спомнатата класификацијата). Научната област **фармакологија**, за која е објавен конкурсот, како посебна научна област спаѓа во научното подрачје на истражување **„Фундаментални медицински науки" (точка 3.01, код 30107** од претходно спомнатата класификација според стандардите на ОЕЦД).
- Во однос на содржината на докторската дисертација на кандидатката, Комисијата констатира дека докторската дисертација на асистент истражувач Драгица Зенделовска со наслов „Развој и модификација на методи за определување на некои лекови во биолошки флуиди со примена на високоефикасна течна хроматографија" **не е од научната област (дисциплина на истражување) фармакологија**.
- Во составот на Комисијата за одбрана на докторскиот труд на асистент-истражувач Драгица Зенделовска **нема ниту еден член кој се занимава со истражувања од научната област фармакологија**, а со тоа не е исполнет основниот услов од член 113, став 6 од Законот за високото образование на РМ за одбранета докторска дисертација од одредена научна област (дисциплина). Во член 113, став 6 од Законот за високо образование на РМ е пропишано дека одбраната на докторската дисертација се врши пред комисија составена од 5 члена со наставно-научни и научни звања од кои најмалку три се од соодветната наставно-научна област во која е темата на докторската дисертација.

3.Рецензентската комисија смета дека не се спорни изборите и реизборите на Драгица Зенделовска за помлад асистент-истражувач и асистент-истражувач на Катедрата за фармакологија со токсикологија бидејќи за изборот во ова звање е потребно кандидатот да има завршено постдипломски студии или да има **научен степен доктор на науки кој не мора да биде од научната област во која се избира** (Закон за научноистражувачката дејност, Сл.весник на РМ број 46 од 7.4.2008 година, член 37 ,став 2 и Правилник на УКИМ за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, член 30, став 2). **Меѓутоа, во однос на изборот во наставно-научни и научни звања, според стекнатата диплома, кандидатката не ги исполнува условите пропишани во Законот за научноистражувачка дејност на РМ од 31.3.2008 и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје (јуни 2009).**

4.Во однос на тврдењето на кандидатката дека невозможноста за избор во звањето научен соработник значи доживотно блокирање на академскиот и професионалниот развој, Рецензентската комисија заклучи дека тоа **не е точно** и дека кандидатката може да има натамошен академски и професионален развој доколку според систематизацијата на работни места на Факултетот е предвидено и врз основа на тоа биде распишан конкурс од научната област за која кандидатката се има стекнато со соодветна диплома.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија заклучи дека приговорот на ас. Драгица Зенделовска **е неоснован и како таков не го прифаќа.** Комисијата смета дека апликацијата на кандидатката **не треба да биде оценета поради тоа што не ги исполнува критериумите за избор во научното звање научен работник од научната област фармакологија согласно со Законот за научноистражувачка дејност на Република Македонија и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје.** Комисијата во целост останува на ставовите изнесени во објавениот реферат за избор на еден научен работник на Катедрата за фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје кој е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" бр. 984 од 15.4.2010.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Стојмир Петров, с.р ____________________
2. Проф. д-р Петар Милошевски с.р. ____________________
3. Проф. д-р Петраки Корнети с.р. ____________________
4. Проф. д-р Трајче Стафилов с.р. ____________________
5. Проф. д-р Никола Лабачевски с.р. ____________________

# РЕЦЕНЗИЈА

## *НА РАКОПИСОТ „ПРЕВЕНТИВНА ДИПЛОМАТИЈА И МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р МАРИНА МИТРЕВСКА*

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница, одржана на 14.4.2010 година, донесе одлука со која сме избрани за рецензенти на учебникот под работен наслов ***„Превентивна дипломатија и мировни операции"***, чиј автор е ***проф. д-р Марина Митревска***, редовен професор на Институтот за одбранбени и мировни студии при Филозофскиот факултет.

## ИЗВЕШТАЈ

### *Опис и анализа на трудот*

Ракописот со работен наслов ***„Превентивна дипломатија и мировни операции"*** е поднесен од проф. д-р Марина Митревска и е прво издание обработено на 220 страници компјутерска обработка на А4-формат. Основниот текст на ракописот зафаќа 198 страници, со библиографски анекс на 8 страници, со 115 референтни единици, од кои 7 на македонски, а другите на англиски, словенечки и на хрватски јазик. Освен Предговор, Вовед и селектирана библиографија, ракописот е поделен на четири дела со по неколку поглавја во секој од нив.

Во рамките на Првиот дел насловен како ***„Дипломатија во системот на меѓународните односи"***, разработени се десет клучни прашања. Најнапред се анализираат начинот и средствата на општење во меѓународните односи. Втората група прашања опфаќа поимно и содржинско определување на дипломатијата. Третата група прашања претставува анализа на генезата на дипломатијата. Во тој контекст се разработени почетоците и развојот на дипломатијата. Во следните групи прашања авторката става акцент на функциите, задачите и начините на водење на дипломатијата и стратегијата на дипломатска акција. Последната група прашања претставува преглед на неколку видови дипломатија: економска, воена и превентивна дипломатија. Оттука, опфаќајќи ги овие круцијални прашања, авторката создава одлична теориска основа за поглавјата што следуваат, а кои конкретно се занимаваат со клучните аспекти на превентивната дипломатија.

Во вториот дел, ***„Превентивната дипломатија во современите меѓународни односи"***, акцентот е ставен на поимното

определување на превентивната дипломатија и нејзиниот развој, а во тие рамки се анализира и прашањето за преговарањето како начин на остварување на превентивната дипломатија. Овој дел е заокружен со изложување на клучните аспекти како од превентивна дипломатија да се дојде до превентивна акција. Опфаќајќи ги овие круцијални прашања, проф. Митревска создава одлична теориска основа за поглавјата кои следуваат во третиот дел, а кои конкретно се занимаваат со имплементацијата на механизмот превентивна дипломатија.

Во третиот дел, ***„Одржувањето на миротт и безбедноста во современите меѓународни односи"***, вниманието им е посветено на оние актери што се инволвирани во сферата на одржувањето на мирот и безбедноста во современите меѓународни односи. Притоа, опфатени се меѓународните и регионалните организации, и тоа: ООН, ЕУ, НАТО и ОБСЕ. Проф. Митревска, во овој дел, во посебни поглавја ги разработува овие организации, при што посебно ја нагласува нивната улога во превентивната дипломатија.

Четвртиот дел, ***„Мировни операции"***, авторката го посветува на еволуцијата на мировните операции. Најнапред се анализира институционалното уредување на мировните операции. Анализирајќи ги овие круцијални прашања, авторката создава теориска основа за поглавјата што следуваат, а кои конкретно се занимаваат со принципите и техниките за планирање и изведување на мировните операции. Овој дел е заокружен со изложување на најважните аспекти на координацијата и цивилно-воената соработка помеѓу меѓународните и регионалните организации: ООН, НАТО, ЕУ и ОБСЕ.

На крајот од учебникот е изработен и посебен Прилог, во кој авторката ни дава пресек на сите мировни операции кои Обединетите нации ги имаат воспоставено до сега. А, на самиот крај е изложена импресивна библиографија, која опфаќа претежно странски теориски извори за дипломатијата, превентивната дипломатија и мировните операции.

Учебникот ***„Превентивна дипломатија и мировни операции"*** е прв од тој вид литература кај нас. Тоа е самостоен, оригинален, мултидисциплинарен по својот карактер и современ учебник кој коренсподира со најновите научни достигања и тенденции, во повеќето релевантни организации, со единствена цел да се изнајдат оние фокусни моменти на нивните активности што ја иницираат меѓународната соработка во областа на превентивната дипломатија и воспоставувањето на мировните операции. Прашањата, опфатени во учебникот, се прецизно и документирано разработени, со што на студентите ќе им се помогне во изучувањето на оваа материја.

Учебникот има една логична структура, детално разложена и аргументирана заснованост на одделните поглавја, а предметот е проучуван од многу аспекти и неговата елаборација дава можност за градење на адекватен пристап во примената на механизмот превентивна дипломатија преку принципите на Агендата за мир. Трудот е пишуван на

разбирлив јазик, стилот е прецизен и е во функција на точноста на излагањето. Секој учебник, за да биде ефективен, треба да им послужи на повеќе конституенти: на академските работници, на студентите и постдипломците кои го изучуваат предметот превентивна дипломатија и мировни операции и на државните институции, како на пример Министерството за одбрана, како главен партиципиент во мировните мисии во кризните региони. Исто така, учебникот сосема одговара на намената, бидејќи е усогласен со критериумите за наставниот процес според правилата на ЕКТС по предметот *превентивна дипломатија и мировни операции*, кој се изучува на двете насоки на Институтот за одбранбени и мировни студии при Филозофскиот факултет во Скопје. По својот квалитет, овој учебник ќе послужи за пополнување на научната мисла со оригинален и содржаен труд од областа на мировните студии.

## *ЗАКЛУЧОК*

Ракописот ***„Превентивна дипломатија и мировни операции"***, поднесен од проф. д-р Марина Митревска, претставува извонредно значаен научен труд. Оваа констатација произлегува од оцената на елаборацијата на трудот и резултатите од целокупната анализа, кои, пак, на значењето на трудот упатуваат со круцијални елементи кои се преточени во научната релевантност и актуелност. Фактот дека авторката проф. Митревска со овој научен труд, кој всушност е првичен којшто , во рамките на нашата научна мисла, проблемот на истражувањето го лоцира и континуирано го истражува, претставува дополнителен аргумент на претходните констатации.

Со оглед на сето напред изнесено, можеме да констатираме дека публикувањето на овој учебник и овозможувањето тој да стане достапен за пошироката јавност има особено значење за затворање на една голема празнина која досега постоеше на овој план.

Сето кажано во оваа рецензија претставува основа за најтопла препорака за печатење на трудот, што е единствен начин резултатите на ова истражување да станат достапни за поширок круг корисници, а тој да ги оствари научните цели кои си ги поставил.

***18.4.2010 г.,***
***Скопје***

***РЕЦЕНЗЕНТИ***

***Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.***
***Проф. д-р Антон Гризолд, с.р.***

# РЕФЕРАТ

**за избор на наставник во сите звања на групата наставна програма - проектирање на мебел и ентериер, по предметите: елементи на проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и градежна столарија, елементи на организација на простор, организација на простор, индустриски дизајн, конструктивни системи во организација на простор, историја на уметноста, историја на уметноста низ стилови, нацртна геометрија со техничко цртање и перспектива, на Шумарскиот факултет во Скопје**

Со одлука бр. 0201-63 на Наставно - научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, донесена на **II**-7седница одржана на 22.2.2010 година, формирана е Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во сите звања, на групата наставна програма, проектирање на мебел и ентериер во состав:

1. д-р Владимир Каранаков, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, претседател на Комисијата;
2. проф. д-р Јасмина Хаџиева - Алексиевска, редовен професор на Архитектонскиот Факултет во Скопје, член;
3. проф. д-р Виолета Ефремовска, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, член.

Рецензентската комисија, откако ги прегледа поднесените документи, во врска со конкурсот објавен во весниците „Време"и „Коха" од 2.2.2010 година, констатира дека за избор на еден наставник на наставната програма проектирање на мебел и ентериер, по предметите: елементи на проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и градежна столарија, елементи на организација на простор, организација на простор, индустриски дизајн, конструктивни системи во организација на простор, историја на уметноста, историја на уметноста низ стилови, нацртна геометрија со техничко цртање и перспектива, се пријавил само еден кандидат, и тоа д-р Елена Никољски - Паневски, досегашен асистент на Шумарскиот факултет во Скопје.

Врз основа на извршениот преглед на поднесената документација и другите чинители релевантни за избор на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

#### 1.1. Образование

Кандидатката Елена Никољски, д.и.а. е родена на 19.4.1969 година во Скопје. Основното образование го завршила во О.У. „Ј.Х.Песталоци" во Скопје, а средното образование во гимназијата „Никола Карев" во Скопје.

Студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје ги започнала во 1986-87, а ги завршила во 1993 година, дипломирајќи со проектот за „Градска ботаничка градина". Во текот на последните две години од студиите кандидатката Елена Никољски, д.и.а. работела како архитектонски техничар во австриското биро „Маурер" во времетраење од шест месеци.

Во студиската 2001 година ги запишува постдипломските студии на Архитектонскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд под наслов: „Дизајнирањето на мебел, ергономијата, технолошкиот развој и нивното влијание врз прогресивната еволуција во проектирањето и дизајнирањето на кујните во станот" го одбранила на 6.7.2006 година на Архитектонскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд го изработила под менторство на проф. д-р Иванка Кировска.

Нејзината докторска дисертација е насловена: „Интегралност кај недвижниот и движниот мебел, во македонската куќа од XIX век и можности за континуитет", а

рецензијата за докторската дисертација, изготвена од Комисијата за нејзина оцена и одбрана, е објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.969 од 1.9.2009 година и е прифатена од Наставно - научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје на 0201-72/VI-2, седница одржана на 23.9.2009 година. Докторската дисертација ја изработила под менторство на проф. д-р Јасмиа Хациева - Алексиевска.

**1.2. Работно искуство**

Кандидатката м-р Елена Николски работела како архитект во неколку претпријатија за проектирање и производство на ентериери, мебел и опрема, како проектант на ентериери и мебел за индивидуални куќи, станови и јавни објекти. Од 1995 учествува на БИМАС со свои проекти. Од март 1995 година работела во „Маркони" д.о.о. , како архитект, а во 1996 година работела и на производство на мебел за детски соби, наменет за извоз. Од 1995 година кандидатката изложува проекти на БИМАС-Скопје, кои се следствено објавени во каталозите на Биеналето на македонската архитектура.

Како студент на постдипломските студии, кандидатката м-р Елена Николски е ангажирана, како демонстратор, во реализацијата на вежбите по предметите: индустриски дизајн и организација на простор, насока: проектирање и технологија на мебел и ентериер (ПТМЕ) на Шумарскиот факултет во Скопје, под раководство на проф. д-р И. Кировска. Вежбите се изведувани во учебната 2004/2005 и 2005/2006 година.

Во ноември 2006 година е избрана за асистент на Шумарскиот факултет, на насоката проектирање на мебел и ентериер (Билтен бр. 905 од 16.10.2006). Од септември во учебната 2006/2007 година па се до април 2010, кандидатката ја реализира наставата по следниве предмети: историја на уметноста, историја на уметноста низ стилови, конструктивни системи на градба, елементи во организација на простор, индустриски дизајн и организација на простор (само во 2009 година), под покровителство на доц. д-р Владимир Каранаков на Шумарскиот факултет, насока Проектирање на мебел и ентериер.

Кандидатката м-р Елена Николски успешно ги владее и користи следните светски јазици: германски јазик (го изучувала во текот на основното училиште и гимназијата), англиски јазик (го изучувала на курсевите за брзо изучување во Центарот за странски јазици во Скопје), италијански јазик (го изучувала на курсевите за брзо изучување во Центарот за странски јазици во Скопје). Кандидатката м-р Елена Николски, користи одредени софтвери како што се: MSOffice (Word, Excel, Pover Point, Inter Net, Corel, Auto Cad, In Design, Photoshop).

**2. Наставно-образовна, научна и стручна дејност**

**2.1. Наставно-образовна дејност (НО)**

Во текот на својата четиригодишна работа како асистент на погоре наведените предмети, кандидатката д-р Елена Николски-Паневски се изградила во извонреден педагог со широк дијапазон на афинитети кон наставата и наставно-образовниот процес на Факултетот. Нејзиниот капацитет особено се истакнува во работата со студентите, покажувајќи особен интерес кон развивањето на нивната критичка мисла за аналитичко размислување при совладувањето на знаењата. Темелна, методична и креативно предиспонирана за активно учество, развивање и унапредување на наставниот процес, таа постојано придонесува кон подобрувањето на организацијата на наставата, внесувајќи при тоа нови свежи идеи и конструктивно-практични начини за работа со студентите.

**2.2. Научноистражувачка дејност (НИ+СУ)**

Научноистражувачката дејност на кандидатката започнува со постдипломските студии на Архитектонскиот факултет во Скопје, во рамките на кои таа ги подготвила и ги одбранила следниве семинарски трудови:

-„Потенцијален дизајн, за еден поинаков, можен дизајн, дизајн кој се базира на искуство, нови стратегии во производството како алтернативи на масовното производство". Трудот бил изработен под менторство на проф. д-р Мартин Гулевски.
- „Интеракција помеѓу архитектонскиот простор, дизајнот и технологијата, како носител на новите вредности". Трудот бил изработен под менторство на проф. д-р Владимир Бошковски.
-„Италијанскиот придонес во развојот на кујната, како сегмент од индивидуалните станбени објекти, причини за еволуција на кујните и мебелот за нив". Трудот бил изработен под менторство на проф. д-р Живко Поповски.
- „Стандардизација наспроти унифицираност во дизајнот на мебелот". Трудот е изработен под меторство на проф. д-р Димитрие Голубовски.
- Магистерскиот труд под наслов: „Дизајнирањето на мебел, ергономијата, технолошкиот развој и нивното влијание врз прогресивната еволуција во проектирањето и дизајнирањето на кујните во станот" кандидатката го одбранила на 6.7.2006 година, со што се стекнала со научниот степен магистер по архитектура и урбанизам.

Магистерскиот труд претставува прво научно истражување од областа на дизајнот на мебелот за домување, во Р. Македонија со особен акцент на кујните. Трудот е успешен обид да се презентира комплетниот историјат на мебелот за кујните и анализа на антропометриските, ергонометриските и техолошките влијанија врз проектирањето на оваа просторија во архитектурата на објектот.
- Докторската дисертација „Интегралност кај недвижниот и движниот мебел, во македонската куќа од XIX век и можности за континуитет" е презентиран на 321 стр. текст со цртежи, 91 страница селектиран, табеларен приказ на содржините со текст и слика, и 250 библиографски единици.

Основна цел на истражувањето е откривањето на степенот на интегралност на движниот и недвижниот мебел во македонската куќа од XIX век, со акцент на можностите за континуитет на традиционалниот израз од историските во современите ентериери. Темите во дисертацијата се поделени во три основни дела со повеќе заглавја: движен мебел, недвижен мебел и можности за континуитет. Во првите два дела анализата на мебелот е извршена од повеќе аспекти, како: типологии, атропоморфни истражувања, методи во техничката обработка, традиционални материјали за изведба, декорација и семантика кај движниот и недвижниот мебел.

Во третиот дел, врз база на анализата од светските искуства, за пример се земени земјите кои негуваат долговековен позитивен однос со традицијата - скандинавските земји и Јапонија. Компаративната анализа на нивните искуства ни помага да ги согледаме можностите за континуитет на традиционалните вредности во современиот дизајн на мебел. Покрај овие примери земени се и одделни примери на самостојни дизајнери со светско реноме, кои работејќи во доменот на дизајнот на мебелот никогаш не го заборавија своето потекло и културно наследство и кои традиционалните вредности постојано ги поместуваат во се посовремени рамки на егзистенција. На крајот од дисертацијата во заклучокот авторката ги сумира сите фази на истражувањето и го претставува значењето на квалитетниот однос со традицијата, кој не би требало да биде контрадикторен, туку традицијата треба да биде длабоко всадена во мислата на луѓето и во начинот на живот, па со оглед на тоа да претставува составен суптилен дел и на современите ентериери и дизајн на мебел.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, подетално се наведени сите референци и активности на кандидатката од наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

### 3. Стручно-апликативна дејност (СА)

### 3.1. Проекти за ентериери реализирани од 1994 до 2008 година

Значајна е работата на кандидатката во доменот на стручната и апликативната работа. Од дипломирањето во 1993 година, како самостоен проектант

или соработник земала учество во изработката на повеќе проекти за ентериери од кои подолу наведените се сите реализирани во периодот од 1994-2008 година.

1. Ентериер на Аеродром „Петровец"- Скопје, влезен, излезен терминал и кафе-ресторан;
2. Ентериер на Аеродром „Охрид" - Охрид;
3. Ентериер на канцелариите на Управната зграда на „Македонски пошти" - Скопје;
4. Ентериер на канцелариите на Управната зграда на „Македонски телекомуникации"- Скопје;
5. Ентериер на канцелариите на Управната зграда на „Македонски пошти"- Охрид;
6. Ентериер на кафе/бар „Булевар" во Скопје;
7. Ентериер на кафе/бар „Метро" во Скопје;
8. Ентериер на Интерен Ресторан во зградата на Парламентот на Република Македонија, Скопје;
9. Ентериер на хотелот „Св. Наум" во Охрид;
10. Ентериер за 20 хотелски соби - хотел „Дрим"- Струга;
11. Ентериер на канцеларии за Военниот гарнизон во Скопје;
12. Проект за два апартмана и две индивидуални куќи во истиот период, изведени во градската населба Водно;
13. Апартмани на два спрата, индивидуално домување, г. З.Иванов, Скопје;
14. Ентериер на индивидуална куќа, нас Водно, г. Денков, Скопје;
15. Индивидуален објект, куќа за г. Ермановиќ, нас.Водно, Скопје;
16. Канцелариски комплекс на фирмата „Елсаде"- ГТЦ, Скопје;
17. Ентериер на продажен салон за расвета „Идеа Луче"- ГТЦ, Скопје;
18. Ентериер на продажен салон на „Гেталдус" оптика- ГТЦ, Скопје;
19. Ентериер на Бутик за облека „Рашица" -ГТЦ, Скопје;
20. Ентериер на Бутик за облека „Ст. Оливер"- ГТЦ, Скопје;
21. Ентериер на Бутик за облека „Ст. Оливер", ул.Васил Главинов, Скопје;
22. Ентериер на продажен салон за аудио опрема „Коди аудио центар"- ГТЦ, Скопје;
23. Ентериер на канцелариски простории на Коди/Болин, аудио центар- ГТЦ, Скопје;
24. Ентериер на канцелариски простории на „Магнетик" Скопје (брендови: Мура, Рашица, Ст.Оливер, Токо, Б.Баркли), бул. „Маркс и Енгелс"- Скопје;
25. Ентериер на индивидуален стамбен објект на сем. Маневски;
26. Ентериер на канцеларии на „Мицубиши" - Маневски, Скопје;
27. Ентериер на едносемеен индивидуален објект, сем. Даневи, нас. Волково - Скопје;
28. Ентериер за фризерскиот салон „Панаш"- Т.Ц.Буњаковец, Скопје;
29. Ентериер на индивидуален стан за сем. Лазарови, нас. Центар, Скопје;
30. Ентериер на индивидуален стан за сем. Варналиеви, нас. Карпош, Скопје.

**3.2. Проекти за дизајн на мебел реализирани во периодот 1994-2008 година**

Паралелно со проектирањето на ентериерите, кадидатката работела и на дизајнирање на мебел за домување, соработувајќи во периодот 1994-2000 година со претпријатието за производство на мебел „Интерна" од Ресен. Од 2000 година до 2010 година, во доменот на дизајнот на мебел соработува со претпријатието за производство на мебел „Дизајн фантазија" од Скопје. Од оваа соработка произлегле соодветни, бројни реализации на мебел и етериери. Покрај мебелот за домување, јавни објекти со работен карактер и јавни објекти со услужна дејност, кандидатката изработила и неколку проекти за идејно решение на сценографија и мебел за опремување на телевизиското студио на тв „Телма", во 2008 година.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, подетално се наведени сите стручни и професионални референци и активности на кандидатката од стручно-апликативната дејност.

***4. Награди и изложби***

- Светски конкурс за зградата на Музејот за современа уметност во Истанбул, 1. награда на студентското Биенале во 1993 година,

- Конкурс за дизајн на ЕКО-куќички за птици, за градовите во Р. Македонија, 1. награда,
- Конкурс за дизајн на „Црковен Полиелеј" за Соборниот храм „Св. Климент Охридски"- Скопје, 2. награда,
- Проект за ниска станбена структура во скопската населба Д.Маало, 1. награда на Студентското Биенале 1991 година,
- „Бронзен мост" Саем за мебел, Скопје - дизајн на мебел за спална соба, 1996 година,
- „Златен мост" Саем за мебел, Скопје - дизајн на мебел за детски соби, 1997 година,
- „Сребрен мост" Саем за мебел, Скопје- дизајн на мебел за детски соби, 1998 година.

### 5. *Публикувани трудови*

Во доменот на публикувани трудови се вбројуваат тесктовите кои кандидатката ги објавила во јавните медиуми, и тоа:
- започнала со текстовите „Совети за уредување на домот" во дневниот весник „Вечер" во периодот 1993-1995;
- публикуван проект за адаптација на индивидуален станбен објект во јавен простор (ентериер на кафетерија „Булевар"), во стручното списание „Аршин", март 1996 годинач
- подготовка на едукативна програма од областа на архитектурата, ентериерите, индустријскиот дизајн, за телевизиски едукативни прилози, 1999-2002 година, 192 емисии „Доме сладок доме", на А1 телевизија;
- кандидатката работела и како стручен уредник на списанието за внатрешно уредување „Мој дом", 2002-2003 година. Во неколку броја од списанието „Мој дом" се објавени нејзини едукативни текстови (по три текста во секој двоброј), и тоа: декември/јауари.2002 година, февруари/март.2003 година и април/мај.2003 година.
- од 2004 година па наваму уредува и пишува текстови за емисии од областа на домувањето и уредувањето на ентериерите. Кандидатката е автор на 250 емисии од циклусите: „Дома сме", „Знаци во просторот", „Соба со поглед" и „Шестиот ден", сите на „Телма" телевизија.

**Прилог: АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Елена Никољски - Паневски**
**Институција: Шумарски факултет - Скопје**
**Научна област: проектирање на мебел и ентериер**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Организација на простор, (4+3), V, одржување на вежби, 2005/2006 | 1,35 |
| 2 | Индустриски дизајн, (2+2), VI, одржување на вежби, 2005/2006 | 0,9 |
| 3 | Конструктивни системи во обликување на простор (ШД603), (2+2), III,одржување на вежби, 2006/2007 | 0,9 |
| 4 | Историја на уметноста низ стилови, (2+2), ПТМЕ, IV, одржување на вежби, 2006/2007 | 0,9 |
| 5 | Историја на уметноста, (2+2), III, МТД, одржување на вежби, 2006/2007 | 0,9 |
| 6 | Елементи во организација на простор, (4+3), IV, одржување на вежби, 2006/2007 | 1,35 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Индустриски дизајн, (2+2), VI, одржување на вежби, 2006/2007 | 0,9 |
| 8 | Конструктивни системи во обликување на простор (ШД603), (2+2), III, одржување на вежби, 2007/2008 | 0,9 |
| 9 | Историја на уметноста низ стилови, (2+2), ПТМЕ, IV, одржување на вежби, 2007/2008 | 0,9 |
| 10 | Историја на уметноста, (2+2), III, МТД, одржување на вежби,2007/2008 | 0,9 |
| 11 | Елементи во организација на простор, (4+3), IV, одржување на вежби, 2007/2008 | 1,35 |
| 12 | Индустриски дизајн, (2+2), VI, одржување на вежби, 2007/2008 | 0,9 |
| 13 | Конструктивни системи во обликување на простор (ШД603), (2+2),III, одржување на вежби, 2008/2009 | 0,9 |
| 14 | Историја на уметноста низ стилови, (2+2),ПТМЕ,IV,одржување на вежби, 2008/2009 | 0,9 |
| 15 | Историја на уметноста, (2+2), III, МТД, одржување на вежби, 2008/2009 | 0,9 |
| 16 | Елементи во организација на простор, (4+3), IV, одржување на вежби, 2008/2009 | 1,35 |
| 17 | Индустриски дизајн, (2+2), VI, одржување на вежби, 2008/2009 | 0,9 |
| 18 | Конструктивни системи во обликување на простор (ШД603), (2+2), III,одржување на вежби,2009/2010 | 0,9 |
| 19 | Историја на уметноста низ стилови, (2+2),ПТМЕ,IV,одржување на вежби, 2009/2010 | 0,9 |
| 20 | Историја на уметноста, (2+2), III, МТД, одржување на вежби, 2009/2010 | 0,9 |
| 21 | Организација на простор, (4+3), V, одржување на вежби, 2009/2010 | 1,35 |
| 22 | Елементи во организација на простор,(4+3),IV,одржување на вежби, 2009/2010 | 1,35 |
| 23 | Индустриски дизајн, (2+2), VI, одржување на вежби, 2009/2010 | 0,9 |
| 24 | Консултации со студенти, 2006/2007 (84 студенти) | 0,168 |
| 25 | Консултации со студенти, 2007/2008 (103 студенти) | 0,206 |
| 26 | Консултации со студенти, 2008/2009 (137 студенти) | 0,274 |
| 27 | Консултации со студенти, 2009/2010 (110 студенти) | 0,22 |
| | **Вкупно** | 23,36 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранет магистерски труд: „Дизајнирањето на мебел, ерго-номијата, технолошкиот развој и нивното влијание врз прогресивната еволуција во проектирањето и дизајнирањето на кујните во станот", одбранета на 6.7.2006 година. | 4 |
| 2 | Одбранета докторска дисертација: „Интегралност кај недвижниот и движниот мебел, во македонската куќа од XIX век и можности за континуитет", одбранета на 19.10.2009 година. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | „Sub object oder zwishen Subekt und Objekt", анализа на проектот за дизајн на елементи од урбана опрема на арх.Сергеј Никољски, за Венецијаското Биенале, објавено во стручното списание „Einundneunzig Grad", jan. 2007, Eternit-Werke Ludwig Hatschek AG, Wien. | 2 |
| 4 | „Mobelkonzept - Social Ergonomics", анализа на проектот на арх.Сергеј Никољски и арх.Mihail Schluder, објавено во „Contemporary design", Sept.2003, Klausengelhorn 22, Wien. | 2 |
| | Вкупно | 16 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ентериер на Аеродром „Петровец"-Скопје, влезен, излезен терминал и кафе-ресторан | 2 |
| 2 | Ентериер на Аеродром „Охрид"- Охрид | 2 |
| 3 | Ентериер на канцелариите на Управната зграда на „Македонски пошти"- Скопје | 2 |
| 4 | Ентериер на канцелариите на Управната зграда на „Македонски телекомуникации" - Скопје | 2 |
| 5 | Ентериер на канцелариите на Управната зграда на „Македонски пошти"- Охрид | 2 |
| 6 | Ентериер на кафе/бар „Булевар" во Скопје | 2 |
| 7 | Ентериер на кафе/бар „Метро"во Скопје | 2 |
| 8 | Ентериер на Интерен ресторан во зградата на Парламентот на Република Македонија- Скопје | 2 |
| 9 | Ентериер на хотелот „Св. Наум"- Охрид | 2 |
| 10 | Ентериер за 20 хотелски соби -„Дрим"- Струга | 2 |
| 11 | Ентериер на канцеларии за Воениот гарнизон- Скопје | 2 |
| 12 | Проект за ентериер на два апартмана и две индивидуални куќи во истиот период, изведени во градската населба Водно-Скопје | 2 |
| 13 | Проекти за етериер на два апартмана, г. З.Иванов, Скопје | 2 |
| 14 | Ентериер на индивидуална куќа, нас Водно, г. Денков, Скопје | 2 |
| 15 | Индивидуален објект, архитектура и ентериер, за г. Ермановиќ, нас.Водно, Скопје (соработник) | 2 |
| 16 | Проект за етериер на канцеларии на фирмата „Елсаде", ГТЦ, Скопје | 2 |
| 17 | Ентериер на продажен салон за расвета „Идеа Луче", ГТЦ, Скопје | 2 |
| 18 | Ентериер на продажен салон на „Геталдус" оптика, ГТЦ, Скопје | 2 |
| 19 | Ентериер на Бутик за облека „Рашица", ГТЦ, Скопје | 2 |
| 20 | Ентериер на Бутик за облека „Ст. Оливер", ГТЦ, Скопје | 2 |
| 21 | Ентериер на Бутик за облека „Ст.Оливер", ул.Васил Главинов, Скопје | 2 |
| 22 | Ентериер на продажен салон „Коди аудио центар" ГТЦ, Скопје | 2 |
| 23 | Ентериер на канцелариски простории на Коди/Болин, аудио центар, ГТЦ, Скопје | 2 |
| 24 | Ентериер на канцелариски простории на „Магнетик" Скопје (брендови: Мура, Рашица, Ст.Оливер, Токо, Б.Баркли), бул. „Маркс и Енгелс "- Скопје | 2 |
| 25 | Ентериер на индивидуален станбен објект на сем. Маневски | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Ентериер на канцеларии на „Мицубиши"- Маневски, Скопје | 2 |
| 27 | Ентериер на едносемеен индивидуален објект, сем. Даневи, нас. Волково Скопје | 2 |
| 28 | Ентериер за фризерскиот салон „Панаш", Т.Ц.Буњаковец, Скопје | 2 |
| 29 | Ентериер на индивидуален стан за сем. Лазарови, Скопје | 2 |
| 30 | Ентериер на индивидуален стан за сем. В.,нас.Карпош, Скопје. | 2 |
| | **Вкупно** | 60 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ (СУ)**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Проект за дизајн на брачен кревет и мебел за спална соба, „Елена", во 1996 година. | 1 |
| 2 | Проект за серија детски соби од еколошки материјал, „Еко-програма", во 1997 година. | 1 |
| 3 | Проект за серија мебел за детски соби компонибилен од плочест материјал, „Наутилус", во 1998 година. | 1 |
| 4 | Идеен проект за сценографија и мебел за опремување на телевизиско студио за вести на тв „Телма" , во 2008 година. | 1 |
| | Вкупно | 4 |

| **Дејности од поширок интерес** | | поени |
|---|---|---|
| | Награда „Бронзен мост", Саем за мебел, Скопје/ мебел за спална соба, 1996 година. | 1 |
| | Награда „Златен мост" Саем за мебел, Скопје/ мебел за детски соби, 1997 година. | 1 |
| | Награда „Сребрен мост" Саем за мебел, Скопје/мебел за детска соба, 1998 година. | 1 |
| | Стручен уредник на списание специјализирано за внатрешно уредување „Мој дом" од 2002-2003 година. | 0,5 |
| | | 3,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 23,36 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 16 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 60 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | 3,5 |
| **Вкупно** | 106,86 |

***Заклучок и предлог***

Врз основа на увидот во приложената документација од страна на кандидатката ас. д-р Елена Никољски-Паневски, нејзиниот интерес за постојано усовршување во наставно - педагошката и научноистражувачката работа, како и искажаната способност за тимска работа, Рецензентската комисија смета дека таа во целост ги исполнува критериумите утврдени согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно -

научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. От тука, Рецензентската комисија, до Наставно - научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

**ПРЕДЛОГ**

Покрај стекнатите бодови, по основа на сите дејности – 106,86 (НО=23.36, НИ=16, СА=60, СУ=4, дејности од поширок интерес 3,5), кои го надминуваат пропишаниот минимум, Комисијата го нагласува широкото образование на кандидатката и посветеноста кон академската професија, како и интересот за научноистражувачка работа. Овој квалитет на кандидатката се надополнува со нејзиниот особен афинитет кон творење и на полето на стручната, стручно-уметничката и публицистичката дејност, што во целина ја издвојува како личност со висок ителектуален и творечки потенцијал, солидно позиционирана во поширoката стручна средина.

Комисијата посебно ги истакува нејзините педагошки квалитети и посветеност кон унапредувањето на наставата по предметите по кои е избрана, и во таа смисла кон активности од поширок интерес на Факултетот.

Ценејќи го претходно наведеното, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, кандидатката ас. д-р Елена Никољски-Паневски, согласно со член 132 од Законот за високото образование и член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде избрана во звањето доцент на наставната програма проектирање на мебел и ентериер, по предметите: елементи на проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и ентериер, проектирање на мебел и градежна столарија, елементи на организација на простор, организација на простор, индустриски дизајн, конструктивни системи во организација на простор, историја на уметноста, историја на уметноста низ стилови, нацртна геометрија со техничко цртање и перспектива.

Рецензентска комисија

1. Д-р Владимир Каранаков, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, претседател, с.р.
2. Д-р Јасмина Хаџиева - Алексиевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, член, с.р.
3. Проф. д-р Виолета Ефремовска, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ВЛИЈАНИЕТО НА МЕТАДОНОТ ВРЗ КАТЕХОЛАМИНСКИТЕ МЕТАБОЛИТИ КАЈ ХЕРОИНСКИ ЗАВИСНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАНИЈЕЛА ЈАНИЌЕВИЌ-ИВАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПМФ ВО СКОПЈЕ

Наставно научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 25.2.2010 година (писмо број 07-3580/13 од 30.3.2010 година), нè предложи за РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА за оцена на изработената докторска работа на кандидатката м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска, дипломиран биолог со насока биохемиско-физиолошка, вработена како раководител на Отсекот за хормони и витамини во ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија - Скопје, под наслов: **"ВЛИЈАНИЕТО НА МЕТАДОНОТ ВРЗ КАТЕХОЛАМИНСКИТЕ МЕТАБОЛИТИ КАЈ ХЕРОИНСКИ ЗАВИСНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ".** Комисијата во состав: **д-р Ицко Ѓоргоски**, редовен професор на ПМФ во Скопје; **д-р Велимир Стојковски**, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, **д-р Ангел Митрески**, виш научен соработник на Медецинскиот факултет во Скопје, **д-р Бранко Стефановски,** доцент на УК за психијатрија на Медецинскиот факултет во Скопје и **д-р Митко Младенов,** доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, го разгледа доставениот материјал и има чест да го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов: **"ВЛИЈАНИЕТО НА МЕТАДОНОТ ВРЗ КАТЕХОЛАМИНСКИТЕ МЕТАБОЛИТИ КАЈ ХЕРОИНСКИ ЗАВИСНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"** на кандидатот м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска е презентиран на 185 страници, средени со компјутерска техника со вообичаен проред, со вклучени 57 табели и 55 слики. Трудот ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и англиски јазик, Вовед, Цел на истражувањата, Материјал и методи на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во **ВОВЕДОТ**, кандидатката дава опширен преглед за досегашните сознанија во врска со оваа проблематика, кои се поткрепени со бројни литературни податоци од понов датум. При тоа се истакнува дека проблемот на употреба и злоупотреба на дроги и други психоактивни супстанции станува актуелен и загрижувачки светски проблем во последните децении. Историските записи за дружењето на човекот со дрогите нè враќаат во периодот од пред повеќе милениуми. Така, на пример, познато е за употребата на овие супстанции кај старите народи за лековити цели: афионот кај Сумерците пред повеќе од 5.000 години, хашишот е запишан во фармакопејата на стара Кина, халуциногените супстанции кај Ацтеките, Мајите и Шаманите пред повеќе од 9.000 години и кокаинот кај

споменува во 13 век, имено тоа е периодот кога крстоносците го пренеле опиумот од Блискиот Исток на територијата на Европа.

Во древните времиња дрогата била вклопена во животната филозофија, култура и традиција на тие народи и скоро секогаш била во функција на колективниот хедонизам. За разлика од тогаш, во денешно време нивната употреба суштествено се разликува, со тоа што овие супстанции и денес се земаат на посебен начин, така што за некои луѓе тие ја губат својата првобитна улога и стануваат цел самите за себе.

Во САД, бројката на хероински зависници се движи помеѓу 750.000 и 1.000.000, додека во земјите од Европската унија околу 1-1,5 милион луѓе се зависни од опијатни дроги, пред сè хероин, истражувани од EMCDDA (Europian Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 1999). Според критериумите на организацијата, се проценува дека во Република Македонија меѓу 5.000 – 8.000 лица злоупотребуваат хероин.

Кандидатката м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска нагласува дека, според досегашните сознанија, хероинската зависност е голем социјален и јавноздравствен проблем во многу делови на светот, но за жал се уште многу малку се знае за неговата етиологија. Па така, според голем број направени студии одредени психоактивни супстанции како хероинот и кокаинот создаваат чувство на задоволство кај луѓето и животните. Имајќи го предвид фактот дека и при ослободувањето на катехоламинот исто така се создава чувство на задоволство (пријатно доживување), се смета дека овој невротрансмитер би бил значајна компонента во етиологијата на хероинската зависност.

Во понатамошниот дел од Воведот, кандидатката наведува дека, опијатите се група психоактивни супстанции што се добиваат од растението афион (*Papaver somniferum*). Опиумот е добиен за прв пат во далечната 1500 година пред нашата ера во Месопотамија, како екстракт на млечен сок од афионот и содржи околу 25 алкалоиди, од кои 10% морфин, 0,5% кодеин и други соединенија. Подоцна во вид на разновидни формулации - дериватите на опиум како основни состојки се одржаа во употреба на медицината паралелно со неговата злоупотреба како психоактивна супстанција во текот на 18 и 19 век во Европа и Азија. Во Македонија се одгледува еден од најквалитетните афиони, кој содржи 17% морфин во опиумскиот екстракт. Терминот "опијати" се користи исто така и за полусинтетската дрога-хероин, која се произведува од афионовите состојки.

Терминот "опиоиди" се однесува на синтетски добиените супстанции како што се метадон, фентанил, пептидин-долантин, пиритрамид, буторфанол, трамадол, тродон и други. Се наведува и податокот дека уште пред повеќе од 200 години ,Сертурнер, (1805) го изолирал главниот активен дериват на опиумот-морфинот, кој го именува според богот на сонештата од грчката митологија-Морпхеус, а во 1853 година за првпат е добиена форма погодна за парентерална употреба.

За разлика од морфиумот, метадонот е синтетски опоиден аналгетик синтетизиран во 1937 година од германските научници Max Bockmühl и Gustav Ehrhart во IG Farben (Hoechst-Am-Main), со цел да се пронајде аналгетик кој ќе се користи при хируршки интервенции, а притоа тој да не предизвика зависност, а во 1941 година, од страна на Bockmühl и Ehrhart, почнува да се користи на пациенти како синтетска супстанција под името Hoechst 1082.

Понатаму во Воведот м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска ги објаснува сознанијата за физиолошките ефекти на опијатите, при што се нагласува дека општо е познато дека опијатите имаат многу силно аналгетско дејство (ја намалуват или наполно ја смируваат болката), а имаат и способност да предизвикуваат толеранција, физичка и психичка

зависност. Потенцијалот за создавање на зависност е правопропорционален со аналгетското дејство на опијатите.

Опоидната зависност се развива по одреден период на редовно користење на опијатот, при што временскиот период варира согласно со количеството, честотата и начинот на администрирање, земајќи ги предвид и факторите на индивидуална вулнерабилност и контекстот во кој се јавува користењето на droги. Оваа зависност и интравенското земање на дроги претставува сериозен проблем во најмалку 138 земји во светот. Се претпоставува дека 13,5 милиони луѓе во светот злоупотребуваат опиоиди, вклучувајќи ги и 9,2 милиона кои злоупотребуваат хероин. Ова претставува 0,2% од вкупната светска популација, или помалку од 1% од опие што се на возраст од 15 години и над тоа.

Метадонот како супституциски третман за опијатна зависност е прв пат употребен во доцните 50-ти години од Halliday во Канада, и во 60-тите во САД од Nyswander и Dole. Тие ја вовеле оралната администрација на дозата за одржување со синтетски опиоид како супституциски третман за опијатна зависност. При тоа е констатирано дека опијатната зависност е физиолошка болест која се карактеризира со постојан метаболички дефицит, кој најдобро се третира со внесување на доволно количество на метадонот за да се стабилизира. Во тие години се користеле високи блокирачки дози на метадон кои ја отстранувале "гладта за хероин", ги блокирале еуфоричните ефекти на хероинот, и лицето го подобрувало своето социјално функционирање. Според EMCDDA, евидентирано е дека во 1997 година во земјите на Европската унија, стапките на лицата на терапија со метадон се движела од 6 до 207 лекувања на 100.000 жители на возраст од 16 до 60 години. Се проценува дека околу 300.000 лица се на метадонски третман во Европа, а ако на тоа се додат уште 200.000 во САД и 20.000 во Австралија, тогаш се проценува дека има повеќе од половина милион лица во светот кои се на ваков вид третман. Во останатиот дел од Воведот, колешката м-р Јаниќевиќ-Ивановска ги објаснува сознанијата за биохемиските и фармаколошките особини на катехоламините и нивните клеточни рецептори. Тоа го прави од причина што најголем дел опијатите дејствуваат луваат на сличен начин со овие соединенија што нормално се создаваат во човечкиот организам. При тоа се наведува познатиот факт дека катехоламините се создаваат во невроните на симпатикусот, нервните завршетоци, мозокот, хромафинските клетки во срцевината на надбубрежната жлезда. Создадените и ендокрино излачените катехоламини во крвта циркулираат неколку минути, бидејќи се одликуваат со краток полуживот и тие многу брзо се распаѓаат. Со активирањето на симпатикусот и срцевината на надбубрежната жлезда, предизвикано од глад, болка или страв, доаѓа до зголемено излачување на катехоламините, односно на стрес-хормоните. Норадреналинот дејствува преку α-рецептори предизвикувајќи вазоконстрикција на крвните садови, а како резултат на тоа доѓа до зголемен крвен притисок и зголемена срцева фреквенција, додека адреналинот во мали дози ги шири крвните садови, дејствува на крвотокот и на метаболизмот, на јаглените хидрати и на липидите, предизвикувајќи гликогенолиза и липолиза врзувајќи се за β - адренорецептори. Притоа го инхибира лачењето на инсулин, предизвикувајќи зголемена концентација на глукоза во крвта. Порано се сметало дека допамин е прекурсор во синтезата на адреналин и норадреналин.

Во катаболизмот на катехоламините важни се два ензима: катехол-о-метилтрансфераза (COMT) и моноаминооксидаза (MAO). Разградбата на норадреналинот се одигрува под дејство на ензимитот MAO до 3,4-дихидрооксимандселична киселина

(DXMA), додека во присуство на катехоламин-о-метил-трансвераза (COMT) се разградува до ванил маделична киселина (BMA). Додека, пак со разградба на адреналинот под дејство на COMT настанува дериватот метанефрин, кој претставува меѓупродукт на катехоламините. Од метанефринот во присуство на моноаминооксидаза се создава крајниот продукт BMA. И двата продукта се среќаваат во урината, па постои можност со одредување на нивната активност, на индиректен начин да се процени и концентрацијата на катехоламините во мозокот.

Кандидатката нагласува дека според одредени студии се забележува зголемена уринарна елиминација на катехоламинскиот метаболит 3-metoxi-4-hidroxi glikol (MXPG) кај поголем дел од опоидните зависници, додека одредени сознанија индиректно укажуваат на врската помеѓу опоидната зависност и промените на катехоламинските метаболити. За време на раната апстиненцијална криза забележано е зголемено лачење на катехоламините, следени преку зголеменото излачување на уринарното ниво на метанефринот и BMA. Во овој дел, исто така, се објаснуваат досегашните сознанија добиени врз основа на литературните податоци за градбата и биохемиската активност на катехоламинските невротрансмитери значајни за опијатната зависност. Подробно се објаснува за допаминот, адреналинот и норадреналинот и за нивното дејство на сите нивоа на организмот. При тоа посебен аспект се дава на клеточните рецептори за овои невротрансмитери и начинот на кој тие се активираат и ја сигнализираат клетката на своите биолошки ефекти.

Па така се констатира дека е познато дека за допаминот постојат два главни пресинаптички, потсинаптички и авторецептори: D1 и D2 како и неколку поттипа D3, **D4**, и најнов изолиран D5-рецептори. За разлика од тоа за норадренергичните рецептори се делат на неколку подвидови:

1. алфа-адренорецептори кои се делат на: α1A, α1B,α1D: α2A, α2B, α2D;
2. бета-адренорецептори кои се делат на : β1, β2 и β3

Адреналинот, пак, дејствува преку адренергичните рецептори активирајќи ги α1 A2 и B1 β2.

Во понатамошниот текст на воведниот дел на докторската дисертација, кандидатката ја објаснува улогата на зависноста врз адренергичните рецептори. При тоа се нагласува дека досегашните сознанија зборуваат дека ефектот на дејствување на дрогите (психоактивни суспстанци) и се остварува преку одредени невротрансмитери и нивните рецептори. Опоидите дејствуваат врз лимбичниот систем (hypothalamus, amigdala, hippocampus, septal nuclei, anterior cingulated girus) како и врз невроендокрината оска.

Типично место каде што опоидите дејствуваат преку своите опоидени рецептори врз норадренергичнтата система е locus ceruleus. Имено, тоа е место каде што преку акутното администрирање на опијатите доаѓа до инхибиција во лачењето на норадреналинот, додека при апстиненцијалната криза имаме негова активација и зголемено лачење на норадреналин, додека во фаза на хронична зависност имаме хиперактивност во горенотираниот предел, а соодветно на тоа и зголемување на ниво на норадренергичниот систем, кое е следено преку зголемено плазматско ниво на норадреналинот во организмот. Се смета дека допаминергичниот и норадренергиочниот систем имаат битна улога во механизмот на хероинската зависност како и појавата на

апстиненцијалната криза, поради тоа интеракцијата помеѓу нив би била многу значајна за да се разбере нивната улога.

Потоа, кандидатката м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска се задржува на објаснување на биоструктурата и механизмот на биохемиското дејство на најкористената дрога - хероинот. Имено хероинот (3,6-dyacetilmorphin) се врзување за протеини на плазмата околу 40% со минимална уринарна елиминација во непроменета форма (помалку од 1%) без ентерохепатална циркулација. Периферната хидролиза на хероинот се врши во црниот дроб, бубрезите, мозокот и серумот, и тоа до 6-моноацетsлморпхине, а потоа до морфин, кој перзистира во значајна концентрација во циркулацијата до 90 минути.

Како посебна карактеристика во метаболизмот на уличниот хероин во однос на другите опијати и опиоиди е променет, односно повисок сооднос М6Г/М3Г (зголемени вредности на активниот морфин-6-глукоронид во крв и урина со снижени вредности за морфин-3-глукоронид ). Хероинската фармаколошка активност се должи на неговите активни метаболити, имено хероинот е со послаб афинитет кон опијатните рецептори, за разлика од неговите метаболички продукти. Тоа сè мисли пред се на β-моноацетиморфин ( со седумкратен поголем афинитет од хероинот) и морфин-6-глукоронид кои се високо потентни опијатни агонисти. Во овој дел, исто така, се набројуваат големиот број на несакани ефекти од злоупотреба на хероинот, како и начинот на кој оваа материја го изразува својот ефект, посебно задржувајќи се на разгледување на досегашните сознанија за фармаколошката активност на хероинот што се остварува преку врзување за **опијатните рецептори**. Сегашните ставови кои се широко прифатени, претпоставуваат постоење на три главни (мајорни) класи рецептори $\mu$, $\kappa$, $\delta$ со нивни поткласи и неколку помали дефенирани споредни (минорни) класи: $\xi$, $\zeta$ и *Nociceptin/orphan FQ*-рецептор, додека $\sigma$-рецепторот не се смета повеќе дека поседува опиоиден карактер.

Напоредно со хероинот, кандидатката се задржува и на објаснување на општите карактеристики на метадонот (Methadone hydrochlorie, 6-dimethilamin-4, 4-diphenil-3-heptanone hydrochloride). При тоа се наведува дека неговата биорасположливост, даден орално, изнесува 80 - 95%. Внесен преку уста по 30 минути е во циркулација, а неговата максимална концентрација се постигнува по 2-3 часа. Даден преку уста, метадонот е приближно за половина послаб отколку кога се дава парентерално. Давањето преку уста доведува до задоцнет почеток на дејствувањето и до побавно достигнување на максимална концентрација во плазмата, но и до подолго траење на терапевското дејство. Метадонот постепено се намалува во плазмата во наредните 72 часа, а неговите метаболити можат да се најдат во урината по 96 часа при еднократна употреба. Полуживотот на метадонот е 24 часа или повеќе. Метадонот има долготрајно дејство, над 24 часа што е за околу 6 пати подолго од она на хероинот, токму затоа, лицата што се на одржување на метадон го земаат еднаш дневно, и тоа орално. Во овој дел кандидатката ги изнесува досегашните созанија за метаболитичкото разградување на метадонот кое оди преку процес на Н-деметилација кој го вклучува црнодробниот микрозомален систем. Неговите метаболити се хемиски нестабилни и тешко е да се изолираат во урина, фецес, плазма, и не се фармаколошки активни.

Кандидатката, м-р Јаниќевиќ-Ивановска исто така укажува на сознанијата дека метадонот е прв лек што е употребуван како замена за хероинот, а дека тој сè уште е најпопуларен како лек за супституција на хероинот. Според литературните податоци,

метадонот е најистражуван лек, а третманот со метадон е најистражуван третман во однос на кој било друг лек и третман во медицината.

Во поглавјето **ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО,** кандидатката јасно ги одредува целите на работата, при што истакнува дека докажување на ефикасноста на метадонската (суптитуциона) терапија врз основа на одредување на катехоламинските продукти за нашата популација ќе биде преку процена на: влијанието на демографските карактеристики (пол, возраста, БМИ, национална припадност, брачен статус, образование, вработеност) на вредностите на метанефрин и ВМА во урина во сите испитувани групи; влијанието на начинот на апликација кај испитаниците на уличен хероин, во апстиненцијална криза и во фаза на стабилизација; отстапување на нивоата на метанефрин и ванил манделична киселина во урина, и разликите во нивните вредности помеѓу група на зависници кои се на уличен хероин, апстиненцијална криза и во фаза на стабилизација; отстапување на нивоата на метанефрин и ванил манделична киселина во урина и разликите во нивните вредности помеѓу група на зависници кои се на уличен хероин, апстиненцијална криза и во фаза на стабилизација - поставени на детоксикациона програма со симптоматска терапија (невролептична, антидепресивна и анксиолитична) и контролна група ( здрава популација); времетраењето на хероинската зависност кај испитаниците на уличен хероин, апстиненцијална криза и во фаза на стабилизација во однос на вредностите метанефрин и ВМА; корелација помеѓу времетраењето на опијатната зависност и нивоата на метанефрин и ванил манделична киселина во урина кај зависници кои се на уличен хероин, апстиненцијална криза и во фаза на стабилизација; отстапување на нивоата на метанефрин и ванил манделична киселина во урина и разликите во нивните вредности помеѓу испитаниците на хероински зависници и пациентите кои се на метадонски третман; ефикасноста на метадонскиот третман врз катехоламинските метаболити во зависност од возраста и времетраењето на метадонскиот третман.

Во поглавјето **МАТЕРИЈАЛ и МЕТОДИ НА РАБОТА**, кандидатката постапно и сликовито ги објаснува сите користени методи при изработката на овоаа докторската работа. При тоа се нагласува дека врз основа на поставените цели во испитуваниот материјал се вклучени пациенти од двата пола, со различни демографски карактеристики, на возраст 18-35 години, и кои имаат потпишана согласност за учество во ова истражување пред да се започне со ова испитување, како и согласност од Центарот за зависници при Психијатриската болница.

Во студијата се анализирани вкупно 186 испитаници – пациенти - зависници, поделени во четири испитувани групи, и контролна група на 50 здрави испитаници. Лимитиран е бројот на испитаници бидејќи се работи со пациенти со специфична проблематика.

Севкупната статистичка анализа е направена со помош на програмата SPSS 16.

Во поглавјето РЕЗУЛТАТИ и ДИСКУСИЈА, кандидатката м-р Данијела Јаникевиќ-Ивановска ги образложува своите добиени резултати и нив ги дискутира и ги споредува со резултатите и сознанијата добиени од досегашните истражувања во светот.

Врз основа на добиените резултати и нивната анализа, кандидатот би можеле да ги издвоиме следните заклучоци:

- Од вкупниот број од 186 хероински зависници, 22 се жени и 164 мажи, што значи земањето на хероин е привилегија на посилниот пол.

- Не е регистрирана значајна полова разлика во зголемената катехоламинска продукција на метанефрин и ВМА кај хероинските зависници на уличен хероин, кај испитаници во апстиненцијална криза, испитаници во стабилизација, и испитаници кои се на метадонски третман. Полот не влијае врз зголемената продукција на метанефрин и ВМА кај сите испитаници на хероинска зависност.

- Возраста не покажа значајна статистичка разлика кај испитаниците на хероинска зависност на уличен хероин, во апстиненцијална криза и во фаза на стабилизација.

- Кај испитаниците кои се наоѓаат на метадонски третман, возраста има статистичко значење во втората подгрупа која е на возраст од 26 до 35 години врз излачувањето на метанефрин.

- Вредностите на БМИ не се разликуваат помеѓу трите испитувани групи, што значи дека БМИ нема влијание на вредностите на ВМА и метанефрин. Само испитаниците од четвртата група на метадонска терапија имаат повисока вредност на БМИ во однос на останатите групи, што се должи на подолготрајна метадонската терапија, што значи дека тоа покачување на МИ се должи на метадонската терапија.

- Од вкупниот број на хероински зависници кои беа испитани на Македонци отпаѓаат 79,56%, Албанци-13,.44%, Турци-2,15%, Срби-2.69%, Роми-1,08%, останати-1,08%.

- Високото образование е застапено само со многу мал процент кај групата на испитаници кои се на метадонски третман, а најголем процент отпаѓа на испитаниците со неоформено образование. Образованието не претставува ризик-фактор за дејствувањето на метадонската терапија врз излачувањето на метанефрин и ВМА.

- Правилно групирање на испитаниците според должината на времетраење на хероинската зависност е основен предуслов за правилна хормонска проценка.

- Постои висока статистичка значајност на разликите меѓу контролната група на метанефрин и ВМА и групите на испитаници на уличен хероин, во апстиненцијална криза, и групата на метадонски испитаници.

- Подолготрајното лекување со метадон над 1,5 години се карактеризира со пониски вредности на метанефрин и ВМА во однос на испитаниците кои се на лекување до 1,5 години, односно со значајно помала катехоламинска активност.

- Кај испитаниците кои се наоѓаат 10. ден од детоксикација, кои се во фаза на стабилизација, се потврди исто така значајно намалување на уринарното ниво на метанефрин и ванил-манделичната киселина во однос на испитаниците кои беа во апстиненцијална криза.

- Измерените просечни вредности на метанефрин и ВМА кај зависниците во фаза на стабилизација не се разликуваат значајно во однос на истите кај здравите испитаници, односно тестираната разлика меѓу нив е статистички несигнификантна ($p>0,05$) во рамките на референтните вредности.

- Вредностите на катехоламините се вратија во нормално ниво на што и се должи ефектот на надминување на апстиненцијалната криза и воспоставување на состојба на стабилизација.

- Испитаниците во акутна апстиненцијална криза имаат значително повисоки скорови од истоимената скала во однос на испитаниците на уличен хероин, испитаниците во стабилизација и испитаниците на метадонска програма. Исто така, испитаниците на уличен хероин имаат значајно повисоки скорови на анализираната скала во однос на

оние во фаза на стабилизација, но сепак оваа статистичка значајност е помала во однос на значајноста регистрирана меѓу пациентите во акутна состојба во однос на останатите групи.

- Познавањето на невробиологијата на зависноста е од големо значење за изнаоѓање на нови фармаколошки третмани за успешни терапевтски интервенции.

Во поглавјето **ЛИТЕРАТУРА**, кандидатката наведува 147 референци кои се однесуваат само на оваа проблематика. Најголемиот број од нив се со најнови датуми и се оригинални научни статии.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од докторската дисертација со наслов **"ВЛИЈАНИЕТО НА МЕТАДОНОТ ВРЗ КАТЕХОЛАМИНСКИТЕ МЕТАБОЛИТИ КАЈ ХЕРОИНСКИ ЗАВИСНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"** од м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска, дипломиран биолог, биохемиско-физиолошка насока, вработен како раководител на Отсекот за хормони и витамини во ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија- Скопје, може да се заклучи дека ова истражување ќе придонесе да се согледа ефикасноста од примената на метадонската терапија во третманот на опијатната зависност следена преку уринарните катехоламински метаболити, метанефрин и ВМА, како и да се предложи начин за нејзино подобрување.

Поголемиот број проблеми со кои кандидатката се сретнала во текот на работата успешно ги разрешила користејќи соодветни теоретски сознанија. За научниот придонес на разработените методи и верификацијата на добиените резултати говори и фактот дека дел од резултатите од дисертацијата се објавени во познати меѓународни списанија кои се индексирани, при тоа во еден од нив кандидатката е прв автор, а во другиот е втор.

Членовите на Рецензентската комисија со задоволство му препорачуваат на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да ја прифати докторската дисертација под наслов **"ВЛИЈАНИЕТО НА МЕТАДОНОТ ВРЗ КАТЕХОЛАМИНСКИТЕ МЕТАБОЛИТИ КАЈ ХЕРОИНСКИ ЗАВИСНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"** од м-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска и да овозможи нејзина јавна одбрана.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. **Д-р Ицко Ѓоргоски**, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.
2. **Д-р Велимир Стојковски**, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.
3. **Д-р Ангел Митрески**, виш научен соработник на Медецинскиот факултет во Скопје, с.р.
4. **Д-р Бранко Стефановски,** доцент на УК за психијатрија на Медецинскиот факултет во Скопје, с.р.
5. **Д-р Митко Младенов,** доцент на Природно-математички факултет во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТАТА НА СЕИЗМОЛОГИЈАТА ВО СЕИЗМОЛОШКАТА ОПСЕРВАТОРИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје (седница одржана на 4.2.2010 г.), број 07-3472/3 од 12.02.2010 г., избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Драгана Черних-Анастасовска на конкурсот за избор на едно лице во сите научни звања од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На конкурсот, кој беше објавен во весниците "Дневник" и "Коха" од 21.12.2009 г., се пријави кандидатката д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш стручен соработник во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. По разгледувањето на целокупната документација приложена од кандидатката, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката д-р Драгана Черних-Анастасовска е родена на 6.2.1961 г. во Скопје, каде што го завршила основното и средното училиште (гимназија) со одличен успех и била наградена како најдобар ученик во генерацијата. Учествувала на градски, републички и сојузни натпревари по физика, математика и биологија, а добитник е и на многу дипломи и медали. Во 1979 г. се запишала на Факултетот за физика во Скопје, применета насока. Студиите ги завршила на 26.6.1985 г. со среден успех 9,00. Дипломската работа, „Фотоволтаични ќелии на бакар-бакароксид“, била изработена под водство на проф. д-р Милчо Ристов.

Од 1.9.1986 г. е вработена на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје како приправник, а на 12.2.1988 г. е избрана во звањето помлад асистент на истиот Институт. Од 1.2.1989 г. преминала на работа во Сеизмолошката опсерваторија при истиот Факултет, а на 8.11.1995 г. е избрана во звањето асистент по сеизмологија. Од 1.1.2008 е наименувана за виш стручен соработник во Сеизмолошката опсерваторија, каде што работи и денес.

Во учебната 1985/86 се запишала на постдипломски студии по геофизика - насока физика на внатрешноста на Земјата, на Геофизичкиот завод „Андрија Мохоровичиќ” на Природословно-математичкиот факултет во Загреб. Тие студии ги завршила со одличен успех на 29.3.1995 г., со одбраната на магистерскиот труд „Određivanje magnituda potresa na osnovi registracija mreže seizmoloških postaja Republike Makedonije”, под менторство на проф. д-р Драган Хаџиевски.

На 31.10.2002 г., Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје ја прифати и ја одобри за изработка докторската дисертација со наслов: *„Карактеристики на кода бранови на земјотресите од територијата на Република Македонија“*, под менторство на н. сов. д-р Лазо Пекевски. На 6.7.2009 г. , на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатката успешно ја одбрани својата докторска дисертација и се стекна со академскиот степен *доктор на физички науки.*

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во својата досегашна работа, кандидатката д-р Драгана Черних-Анастасовска се истакнала со забележителна научноистражувачка и стручна активност.

Во својата научноистражувачка работа, кандидатката работи во областите на изучувањето на параметрите на сеизмичноста, ширењето на сеизмичките бранови, истражувањата на карактеристиките на Земјината кора на територијата на Р. Македонија според карактеристиките на сеизмичките бранови и теоријата на сеизмолошката инструментација.

Нејзините стручни секојдневни работни обврски во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје опфаќаат анализа на сеизмограми, составување на сеизмолошки билтен, извештаи за јавноста за осетени земјотреси на територијата на Р. Македонија, како и стручни дежурства во неработни денови.

Натаму, кандидатката зема активно учество во осовременувањето на постојните и инсталирањето на нови сеизмолошки станици на територијата на Р. Македонија, во водењето на телеметриската мрежа на овие станици, во постојаната контрола и одржување на телеметриската опрема, во архивирањето на дигиталните регистрации, во собирањето на податоците од телеметриската мрежа, како и во меѓународната размена на сеизмолошките податоци. Кандидатката била активно вклучена и во инсталациите и одржувањата на сеизмолошки станици за истражувањата со кои Сеизмолошката опсерваторија ја следи индуцираната сеизмичност на подрачја во коишто се градат акумулации (Брана Козјак и др.). За потребите на овие истражувања, како и за потребите на секојдневната стручна работа во Опсерваторијата, кандидатката има развиено софтверски програми кои овозможија унапредување на анализата, презентирањето и размената на резултатите на обработката на сеизмолошките податоци во земјата и во странство.

Кандидатката активно учествува во работата на наставно-научните и стручните органи, комисии и одбори на ПМФ во Скопје. Член е на Друштвото на физичарите на Македонија и на Здружението на инженери по физика на Македонија.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката во периодот 1986 - 1989 г. држела вежби на Институтот за физика, и тоа: нумерички везби по физика за студентите од Градежниот факултет, лабораториски вежби по физика за студентите од Факултетот за фармација, Институтот за биологија и Медицинскиот факултет (радиолози).

Во периодот 1992 - 2008 г., кандидатката има изведувано вежби од предметите сеизмологија I и II на дипломските студии при Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), како и вежби за учесниците на меѓународниот курс CADAC при истиот Институт.

Кандидатката била вклучена во изведувањето на вежбите по предметите сеизмологија I и II за студентите на поднасоката геофизика при Институтот за физика на Природно-математичкиот факултет. За потребите на овие вежби, кандидатката подготвила интерна скрипта.

Кандидатката држи и популарни предавања по сеизмологија во рамките на средношколската настава, кои во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје се организираат на иницијатива на одделни училишта од Република Македонија.

### *Трудови на кандидатката од вработувањето до денес*

**1) Објавени и презентирани научни трудови**

*а) објавени*

1а.1. **Černih, D.** (1993/1994): *Determining earthquake magnitude from the events recorded at seismological stations Skopje, Ohrid and Valandovo*. Годишен зборник - физика / Annuaire - physique, 43/44, стр. 89-96/ pp. 89-96. Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Институт за физика, Скопје.

Во овој труд се прикажани резултатите од одредувањето на магнитудата на земјотресите врз база на изведена релација за пресметување на магнитудите, одредена со нова постапка (хомоген магнитуден систем). Одредена е калибрациона функција за епицентрални растојанија во интервалот 55 - 200 km како и станични корекции, а за епицентрални растојанија помали од 55 km е одредена нова калибрациона функција.

1а.2. **Černih, D.** (1994): *Određivanje magnituda potresa na osnovi registracija mreže seizmoloških postaja Republike Makedonije*. Sveučilište u Zagrebu, Postdiplomski studij prirodnih znanosti, Fizika. Zagreb, 1995. Magistarski rad, 132 str.

Врз основа на голем број оригинални набљудувања за 172 земјотреса, со епицентрални растојанија во интервалот 5 – 205 km и магнитуди од 1,6 до 3,7, регистрирани на сеизмолошките станици во Скопје, Валандово и Охрид, извршена е анализа и одредена е емпириска регионална релација за пресметување на магнитудата на земјотресите. Во трудот е изнесена метода која го подобрува одредувањето на магнитудите на блиските земјотреси, вклучувајќи ги и многу слабите блиски земјотреси. При тоа е покажано дека се доволни четири итерации за дефинирање на калибрационата функција и за нејзина примена во мрежата на сеизмолошки станици во Р. Македонија. Со примена на таа метода значително се смалени средните вредности на стандардната девијација и отстапувањата на индивидуалните вредности на магнитудата. Методата е објективна и, што е многу важно, отворена за вклучување на нови сеизмолошки станици. Споредбата на вредностите на магнитудата на земјотресите одредени со оваа постапка со нејзините вредности одредени на сеизмолошките станици од соседните системи укажува на големата предност на методологијата употребена во овој магистерски труд. Затоа и во оцената на работата е наведено дека таа претставува своевиден оригинален научен и практичен придонес во проблемот на одредувањето на магнитудата на земјотресите.

1а.3. Јордановски, Љ., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Христовски, Б., и Н. Василевски (1994): *Битолскиот земјотрес од 1 септември 1994 год. во 18h 12min и неговото дејство на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија. – 82 стр. + прилози.

Во овој монографски труд се прикажани неотектонските и сеизмотектонските карактеристики на територијата на Р. Македонија, со посебен осврт на битолско-ресенското подрачје, како и комплетната анлиза на инструменталните и макросеизмичките податоци на земјотресите од 1.9.1995 г. во 18 часот и 12 минути и серијата на земјотреси што по него настанале во споменатото подрачје. Исто така, презентирана е и оцената на идната сеизмичка активност на ова подрачје, во форма на карти на очекувани максимални интензитети за повратни периоди од двесте и бесконечно многу години.

1a.4. **Cernih, D.** (1996): *Calibrating function for $S_g$ and $L_g$ waves for the territory of Macedonia.* Seismology in Europe, XXV General Assembly of European Seismological Commision, September 9-14, 1996, Reykjavik, Iceland.

Врз основа на емпириските резултати добиени со анализата на $S_g$ и $L_g$ брановите од земјотресите од територијата на Р. Македонија, определени се нивните калибрациони функции. Преку примената на овие функции повторно се определени магнитудите на земјотресите земени во анализата. Добиени се значително смалени средни вредности на стандардната девијација и отстапувањата на индивидуалните вредности на магнитудата.

1a.5. Јордановски, Љ., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Христовски, Б., И н. Василевски (1996): *Битолскиот земјотрес од 1 септември 1994 год. во 18h 12min и неговото дејство на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија (преработено и дополнето издание.) – 110 стр. + прилози.

1a.6. Чејковска, В., Пекевски, Л., **Черних, Д.**, и Љ. Јордановски (1996): *Гевгелискиот земјотрес од 21 декември 1990 год. во 06h 57min GMT и неговото дејство на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија. – 41 стр. + прилози.

Во овој монографски труд е изведена детална научна анализа на сите инструментални и макросеизмички податоци за земјотресот од 21.12.1990 година во *06h 57min GMT* настанат на подрачјето Гевгелија – Гуменџа, како и на неговите придружни земјотреси. Дадена е дискусија на резултатите во врска со неотектонските и сеизмотектонските карактеристики на подрачјето Гевгелија – Гуменџа.

1a.7. Јордановски, Љ., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Христовски, Б., и Н. Василевски (1998): *Основни карактеристики на сеизмичноста на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија. - 263 стр. (100 стр. во текст + 163 стр. во прилози)

Во оваа монографија, детално се истражувани параметрите на сеизмичноста на територијата претставена со Р. Македонија и опкружувачкиот појас со широчина од 100 km. Најпрво е изучувана набљудуваната сеизмичка активност на оваа територија во периодот од 1901 до 1996 година, и тоа во корелација со неотектонските карактеристики и со законите на придушувањето на сеизмичките бранови. Презентирани се каталози, макросеизмички описи и карти на изосеисти на земјотресите, и изведени се нови регресии за разните типови на земјотресни магнитуди. Врз основа на добиените резултати од овие сеизмолошки истражувања, направено е ново дефинирање на епицентралните подрачја и извршено е ново сеизмичко реонирање на територијата на Р. Македонија, а изработени се и карти на очекувани максимални интензитети за поголем број на одредени повратни периоди. Покрај научната важност, добиените резултати се од големо значење за сегашните и за идните потреби на просторното и урбанистичкото планирање на територијата на Р. Македонија.

1a.8. Čejkovska, V., Pekevski, L. and **D. Černih** (2008): Source mechanism of the 1994 September 1 ML=5.2 Bitola earthquake. *Прилози, Одд. мат. тех. науки, МАНУ,* XXIX/1-2, стр. 37-48 / *Contributions, Sec. Math. Tech. Sci., MANU,* XXIX/1-2, pp. 37-48.

Во трудот се направени детални студии на механизмот на жариштето на битолскиот земјотрес од 1.9.1994 г., со локална магнитуда $M_L$=5.2. Студиите опфаќаат: одредување на двете нодални рамнини на лонгитудиналните (*P*) сеизмички поместувања од далечното поле; синтетизирање на брановите облици на овие поместувања за случаите кога секоја од нодалните рамнини е земена како раседна рамнина; лоцирање на соодветните придружни земјотреси; споредба на добиените резултати со претходните макросеизмички истражувања на битолскиот земјотрес и со неотектонските услови во битолското подрачје. Се востановува дека жариштето на битолскиот земјотрес бил нормално лево раседување, придружено на неотектонскиот Пелистерски расед.

Резултатите од овој труд се значајни од два аспекта:

- се востановува една методологија на истражување на механизмот на жариштето на конкретен земјотрес, во којашто се вклучени безмалку сите можни начини на истражување на овој земјотресен параметар, при што за прв пат во домашните истражувања од овој вид се применува синтетизирањето на сеизмограми, особено актуелно во најсовремената светска сеизмологија;
- се пополнуваат сознанијата за сеизмичката активност на битолското епицентрално подрачје, која, инаку, најмногу се должи на Пелистерскиот расед (северен раб на планината Баба) и на Битолскиот расед (во правец Битола - Лерин); тоа што овде се утврдува дека анализираниот средно-силен земјотрес ($M_L$=5.2) се должи на активноста на првиот (Пелистерскиот) расед е особено значајно за детализирањето на сеизмичкиот хазард и ризик за битолското подрачје за односната јачина на земјотреси (средно-силни).

1а.9. **Черних-Анастасовска, Д.** (2009): *Карактеристики на кода бранови на земјотресите од територијата на Република Македонија* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Институт за физика. Докторска дисертација, 110 стр. + прилози.

Овој труд, докторската дисертација на кандидатката е рецензиран при предлогот за одобрување на неговата јавна одбрана, во Билтенот на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 964, од 15.5.2009 г., стр. 212-215.

***б) презентирани на научни собири***

1б.1. Pekevski L., **D. Černih** (1990): "Određivanje azimuta epicentra potresa na mreži od tri stanice na osnovi nastupnih vremena valova", Naučni skup Zajednice za seizmologiju SFRJ, Beograd, 1990.

Во ова соопштение се прикажани постапката и резултатите од одредувањето на азимутот на епицентарот на земјотресот врз основа на настапните времиња на сеизмичките бранови на трите сеизмолошки станици на територијата на Македонија.

1б.2. **Černih, D.** (1994): "Determining regional earthquake magnitude relation for Macedonia", Balkan Physics letters, 3. Second General Conference of the Balkan Physical Union, Izmir, 1994. (A poster presentation.)

1б.3. **Cernih, D.** (2000): "Homogenous magnitude system of Macedonia", 3th Conference of the Macedonian Physicist Union, Ohrid, Republic of Macedonia, 2000. (A poster presentation.)

Во овие два труда се прикажани резултатите од одредувањето на магнитудата на земјотресите врз база на изведена релација за пресметување на магнитудите, одредена со нова постапка (хомоген магнитуден систем). Одредена е калибрациона функција за епицентрални растојанија во интервалот 55 - 200 km, како и станични

корекции, а за епицентрални растојанија помали од 55 km е одредена нова калибрациона функција.

1б.4. Pekevski, L., Cejkovska, V., and **D. Cernih** (2002): "Seismic activity after the Gnjilane earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, $M_L$ = 5.2 (SKO)", XXVIII General Assembly of the European Seismological Commission (ESC), Genoa, 1-6 September 2002. (A poster presentation.)

Во трудот се дадени и дискутирани резултатите од сеизмолошките истражувања извршени по земјотресот во Гњилане од 24.4.2002 г., со локална магнитуда $M_L$ = 5,2. Одредени се параметрите на хипоцентрите и на двете нодални рамнини на побудените лонгитудинални ($P$) сеизмички поместувања за овој земјотрес и неговите четири силни придужни земјотреси. Од споредбите на овие резултати со тектониката, неотектониката и сеизмотектониката на поширокото подрачје на Гњилане-Витина, се заклучува дека жариштето на главниот земјотрес е раседување придружено на добро изразениот расед по должината на долината на реката Биначка Морава, а дека жариштата на анализираните придружни земјотреси се раседувања што се должат на активирањата на раседи кои се од втор или понизок ред и кои имаат поинаква ориентација. Ваквите заклучоци дополнително се потврдуваат со утврдените различни карактеристики на брановите форми на главниот замјотрес, како и на придружните земјотреси.

1б.5. L. Pekevski, P. Labak, **D. Cernih**, E. Bystricky, A. Tuntev, A. Cipciar (2005): "Macedonian seismological network and the real-time data exgange in the SE EUROPE", EE-21C, Earthquake Engineering in the 21st Century, Skopje-Ohrid, Macedonia, August 27-September 1, 2005. (An oral presentation, Elektronický zborník - CD ROM).

1б.6. **Cernih, D.** (2006): "Macedonian seismological network and the real-time data exgange", 6$^{th}$ General Conference of the SPRM, 14-17, September, Ohrid, Macedonia 2006. (An oral presentation.)

Во двете горни презентации прикажано е инсталирањето на нова телеметриска мрежа на територијата на Р. Македонија, остварено во соработка со Геофизичкиот институт при Словачката академија на науките, Република Словачка, како и имплементирањето на софтверите SEISCOMP (за регистрација) и SEISMIC HANDLER (за обработка на дигитални сеизмограми). Презентирани се и првите резултати од работата на новата мрежа и имплементираните софтвери.

1б.7. Čejkovska, V, Pekevski, L. and **D. Černih** (2008): "Source dimensions for the Gnjilane Earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, $M_L$ = 5.2 (SKO), as inferred from spectral analysis and aftershocks' and macroseismic data", 7$^{th}$ Conference of the Society of Physicists of Macedonia, September 18-21, 2008, Ohrid, Macedonia. (An oral presentation.)

Со амплитудна спектрална анализа на записот на земјотресот, одреден е сеизмичкиот момент на земјотресот. Со дополнителна примена на Бруновиот дислокациски модел, одреден е радиусот и површината на еквивалентната кружна раседна површина. Големината на оваа површина се споредува со правоаголни раседни површини со разни димензии, од коишто се одбира најверојатната, со оглед на податоците за дистрибуцијата на придружните земјотреси.

1б.8. **Černih, D.** and V. Čejkovska (2008): "Frequency independent quality factor distribution in Vardar zone after displacement amplitude spectral analysis of coda waves", 7$^{th}$ Conference of the Society of Physicists of Macedonia, September 18-21, 2008, Ohrid, Macedonia. (An oral presentation.)

Во овој труд се одредени феквентно независните фактори на квалитет на средината за одредени правци сеизмолошка станица - епицентрално подрачје за

Вардарската зона, за две сеизмолошки станици (Скопје, SKO и Валандово, VAY) и 12 епицентрални подрачја. Воочена е зависност на факторот на квалитет на средината од правците и подрачјата.

**2.) Научноистражувачки проекти**

2.1. *DIRECTE 2 (Development of Infrastructure for Rapid Earthquake Data Collection and Exchange)*; водители: вонр. проф. д-р Лазо Пекевски, Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, и проф. д-р Петар Лабак, Геофизички институт при Словачката академија на науките (Geophysical Institute, Slovak Academy of Sciences), Братислава, Словачка; траење: 2004-2005 г.

Во рамките на програмата за странска помош од Словачката агенција SLOVAK AID и соработката со Геофизичкиот институт при Словачката академија на науките, Република Словачка, инсталирана е нова телеметриска мрежа на сеизмолошки станици во Македонија, заснована на IP - технологија (2004-2006).

2.2. Мрежа за изучување на предвесниците и претскажување на земјотресите во реонот на Балканот и Црното Море. Билатерален македонско-бугарски научно-истражувачки проект. Л. Пекевски (главен истражувач), С. Мавродиев, траење: 2005 - 2007 г.

Во соработка со Институтот за нуклеарни истражувања и нуклеарна енергија, БАН, Софија, Бугарија и Рударско-геолошкиот факултет во Штип, се истражува промената на локалното геомагнетско поле, како предвесник на сеизмичка активност.

2.3. SEE-GRID (South East European GRID) , FP7 IST project, 2006 - 2008.

Учеството на кандидатката во рамките на овој проект е насочено кон обезбедувањето на сеизмолошки податоци кои ќе се користат од апликациите на грид-платформите како и можностите за гридификација на алгоритми за оптимизација на складови податоци имплементирани на инсталирани грид - платформи на Југоисточна Европа, изгра во рамките на проектот.

**3) Објавени и презентирани стручни трудови**

*а) објавени*

3а.1. Пекевски Л., **Черних, Д.**, Љ. Јорданоски (1996): *Мрежа на сеизмолошки станици во Р. Македонија.* Друштво за наука и уметност - Битола, Монографски изданија, 38, стр.41-48.

3а.2. Пекевски Л., **Черних, Д.**, Љ. Јордановски (1996): *Сеизмолошка станица во Битола.* Друштво за наука и уметност - Битола, Монографски изданија, 38, стр.49-59.

3а.3. **Черних, Д.**, Пекевски, Л., Чејковска, В. (1996): *Набљудувана сеизмичка активност по битолскиот земјотрес* (септември 1994 - септември 1996). Друштво за наука и уметност - Битола, Монографски изданија, 38, стр.73-91.

3а.4. - 3а.8. **Черних-Анастасовска, Д.**, - коавтор во: *Сеизмички мониторинг на брана "Козјак"* - Извештаи за следење на сеизмичката активност во 2004, 2005 2006, 2007, 2008 година. Универзитет „Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија, Скопје.

3а.9 - 3а.24. **Черних-Анастасовска, Д.**, - коавтор во: *Сеизмички мониторинг на брана „Козја""*. Квартални извештаи за следење на сеизмичката активност во 2004, 2005,

2006, 2007 и 2008 година. Универзитет „Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија, Скопје.

*б) презентирани на собири*

3б.1. **Cernih, D.** (2005): *Seismological network in Republic of Macedonia.* SeisComP users group meeting, ORFEUS Observatory Coordination Meeting, Praga, Czech Republic, May, 9-12, 2005.

**4) Научно-популарни трудови**

4.1. **Черних, Д.** (1995): *Што е тоа магнитуда и интензитет на земјотресот?* Импулс, 35, Институт за физика при ПМФ, Скопје, стр.18-20.

**5) Трудови во Фондот на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје**

*а) сеизмолошки билтени*

5а.1. - 5а.6. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.,** и Н. Василевски: *Сеизмолошки билтени за годините 1989, 1990, 1991, 1992, 1993, 1994.*

5а.7. - 5а.9. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.,** и Н. Василевски: *Сеизмолошки билтени за годините 1995, 1996, 1997.*

5а.10. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.,** и Н. Василевски (1998): *Сеизмолошки билтен за 1998 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.11. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Џуровска, Ј., и Н. Василевски (1999): *Сеизмолошки билшен за 1999 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.12. Пекевски, Л., **Черних, Д.**: *Упатство за работа со телеметриска сеизмолошка станица (Верзија 1.0).* Извештај бр. 1999-02. Сеизмолошка опсерваторија при ПМФ, Скопје, 1999 (фонд на Сеизмолошката опсерваторија)

5а.13. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Џуровска, Ј., и Н. Василевски (2000): *Сеизмолошки билтен за 2000 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.14. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Џуровска, Ј., и Н. Василевски (2001): *Сеизмолошки билтен за 2001 година.* Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на

5а.15. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Џуровска, Ј., и Н. Василевски (2002): *Сеизмолошки билтен за 2002 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.15. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.,** Цуровска, Ј., и Н. Василевски (2003): *Сеизмолошки билтен за 2003 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.16. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.,** Тунтев, А., Цуровска, Ј. и Н. Василевски (2004): *Сеизмолошки билтен за 2004 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.17. Христовски, Б., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.,** Тунтев, А., Цуровска, Ј. и Н. Василевски (2005): *Сеизмолошки билтен за периодот јануари–август 2005 година.* Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.18. Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Тунтев, А., и Ј. Цуровска (2005): *Сеизмолошки билтен за периодот септември–декември 2005 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.19. Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Тунтев, А., и Ј. Цуровска (2006): *Сеизмолошки билтен за 2006 година.* Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.20. Пекевски, Л., Јордановски, Љ., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Тунтев, А., и Ј. Цуровска (2007): *Сеизмолошки билтен за 2007 година.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија.

5а.21. Чејковска, В., **Черних, Д.**, Тунтев, А., Цуровска, Ј., Јордановски, Љ., и Л. Пекевски (2008): *Сеизмолошки билтен за 2008 година.*

5а.22. Чејковска, В., **Черних, Д.**, Тунтев, А., Цуровска, Ј., Јордановски, Љ., и Л. Пекевски (2009): *Сеизмолошки билтен за 2009 година.*

*б) други трудови*

5б.1. Пекевски, Л., Чејковска, В., Христовски, Б., **Черних, Д.,** Всилевски, Н., и С. Ордев (1991): *Извештај за земјотресот од 21.12.1990. во 7 часот и 57 минути и за неговото дејство на територијата на СР Македонија.* Скопје. – 7 стр. + прилози

5б.2. Чејковска, В., Пекевски, Л., и **Д. Черних** (1999): *Земјотресот од 3.1.1999. во 07 часот и 33 минути UTC, од епицентралното подрачје Св. Николе–Штип.* – 6 стр.

5б.3. Чејковска, В., и **Д. Черних** (2008): Сценарио за урушување на земјиште во акумулацијата Козјак, за вежбата во Центарот за управување со кризи.

5б.4. Чејковска, В., **Черних, Д.,** Пекевски, Л., Тунтев, А., Цуровска, Ј., и Љ. Јордановски (2009): *Серијата земјотреси во подрачјата на Валандово и Дојран во периодот мај – јуни 2009 година.* (Извештај до Владата на РМ.) - (околу 20 стр. со слики, прилози, преглед за Сеизмолошката опсерваторија и формулари со барања за подобрување на состојбата).

*в) упатства и софтвери*

5в.1. Чејковска, В., **Черних, Д.,** и З. Тодоров (2009): *Параметри на електромагнетските сеизмометри SS-1 и WR-1 и на 16-битните SSR-дигитални*

*заштитувачи во Сеизмолошката опсерваторија во Скопје за периодот 2001 – 2005 година.* - 110 стр.

5в.2. **Черних, Д.** (2002): Софтвер за препознавање на регистрации во SSR - формат со земјотреси од билтен и нивно соодветно архивирање.

5в.3 **Черних, Д.** (2002): Скрипта за вежби од Сеизмологија I и II.

5в.4. **Черних, Д.** (2008): Софтвер за визуелизација и анализа на податоци од браната „Козјак" и подготвување на сеизмолошки билтен. Фонд на Сеизмолошката опсерваторија и Електро - стопанство на Македонија.

**6) Специјализации, престои на странски институции**

6.1. Third workshop on non-linear dynamics and earthquake prediction. 7-17 November 1995, . ICTP, Trieste, Italy.

6.2. Third workshop on three-dimensional modelling of seismic waves generation, propagation and their inversion. 4 - 15 November 1996, ICTP, Trieste, Italy.

6.3. 4th workshop on three-dimensional modelling of seismic waves generation, propagation and their inversion. 3 - 14 November 1998. ICTP, Trieste, Italy.

6.4. Collaborative Research Center (CRC 461) "Strong Earthquakes" of Karlsruhe University, Germany. (Престој: декември 2002 - јуни 2004.)

6.5. Geophysical Institute, Slovak Academy of Sciences, Bratislava: Two-weeks training course for *DIRECTE 2 (Development of Infrastructure for Rapid Earthquake Data Collection and Exchange)*, May, 2005.

6.6. 1st Workshop on the Digital Vectorization of Historical Seismograms, September 20-23, 2005. Grotaminarda, Italy.

6.7. SeisComP users group meeting, ORFEUS Obcervatory Coordination Meeting, May 9-12, 2005, Praga, Czech Republic.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од гореизнесеното се гледа дека во извештајниот период (од вработувањето на 1.9.1986 г. до денес), кандидатката д-р Драгана Черних-Анастасовска постигнала видни резултати во својата научна дејност, која вклучува изработка и одбрана на магистерски труд и докторска дисертација, објавување на 7 други научни трудови (во коишто е автор или коавтор) и презентирање на научни собири на 8 други научни труда (во коишто е автор или коавтор).

Стручната активност на кандидатката во истиот период е обемна, а вклучува објавување на 24 стручни или научно-популарни трудови, презентација на еден стручен труд, учество во 3 научноистражувачки проекти (1 меѓународен и 2 билатерални), како и изработка на 29 други стручни трудови приложени во Фондот на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во објавените стручни трудови е вклучен и изработката на сеизмолошки софтвери, кои активно се применуваат во секојдневната работа во Опсерваторијата.

Кандидатката во извештајниот период одржувала факултетска и друга настава од областа на сеизмологијата и геофизиката.

Покрај тоа, д-р Драгана Черних-Анастасовска учествува во работата на стручни здруженија, а постојано ја развива соработката и размената на стекнатите знаења со своите колеги во Сеизмолошката опсерваторија и Природно-математичкиот факултет во Скопје, но и со стручњаци од други институции во земјата и во странство.

Констатираме конечно дека д-р Драгана Черних-Анастасовска покажува доследен развој во самостоен научен работник и наставник од областа на сеизмологијата и, пошироко, геофизиката, со што ги исполнува условите за избор во истражувачко звање. Со оглед на тоа, имаме чест да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја избере д-р Драгана Черних-Анастасовска во звањето научен соработник од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Скопје, 23.4.2010 г.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**:

Д-р Љупчо Јорданoвски,
научен советник на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Лазо Пекевски,
научен советник на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Вера Чејковска,
насловен доцент на ПМФ во Скопје, с.р.

# АНЕКС 2
# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Драгана Иван Черних - Анастасовска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Природно-математички факултет - Скопје / Сеизмолошка опсерваторија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: сеизмологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на вежби:** нумерички, општа физика за Градежен факултет, 2x2 часа неделно, 3 семестри | 5,4 |
| 2 | **Одржување на вежби:** лабораториски, општа физика за за Фармацевтски факултет, 2x2 часа неделно, 5 семестри | 9 |
| 3 | **Одржување на вежби:** лабораториски, општа физика за Институт за биологија, ПМФ: 2x2 часа неделно, 5 семестри | 9 |
| 4 | **Одржување на вежби:** лабораториски, општа физика за Медицински факултет, радиолози, 2x2 часа неделно, 2 семестра | 3,6 |
| 5 | **Научно-популарна статија во стручно методско списание: Черних, Д.** (1995): *Што е тоа магнитуда и интензитет на земјотресот?* Импулс, 35, Институт за физика при ПМФ, Скопје, стр.18-20. | 1 |
| 6 | **Пакет материјали за одреден предмет: Черних, Д.** (2002): Скрипта за вежби од Сеизмологија I и II. | 1 |
| | **Вкупно** | 29 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одбранета магистерска работа: Černih, D.** (1994): *Određivanje magnituda potresa na osnovi registracija mreže seizmoloških postaja Republike Makedonije*. Sveučilište u Zagrebu, Postdiplomski studij prirodnih znanosti, Fizika. Zagreb, 1995. Magistarski rad, 132 str. | 4 |
| 2 | **Одбранета докторска теза: Черних-Анастасовска, Д.** (2009): *Карактеристики на кода бранови на земјотресите од* | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | *територијата на Република Македонија* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Институт за физика. Докторска дисертација, 110 стр. + прилози. | |
| 3 | **Монографии:** Јордановски, Љ., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Христовски, Б., и Н. Василевски (1994): *Битолскиот земјотрес од 1 септември 1994 год. во 18h 12min и неговото дејство на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија, (82 стр. + прилози). | 4,8 |
| 4 | **Монографии:** Јордановски, Љ., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Христовски, Б., И н. Василевски (1996): *Битолскиот земјотрес од 1 септември 1994 год. во 18h 12min и неговото дејство на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија, (преработено и дополнето издание, 110 стр. + прилози). | 2,4 |
| 5 | **Монографии:** Чејковска, В., Пекевски, Л., **Черних, Д.**, и Љ. Јордановски (1996): *Гевгелискиот земјотрес од 21 декември 1990 год. во 06h 57min GMT и неговото дејство на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија, (41 стр. + прилози). | 4,8 |
| 6 | **Монографии:** Јордановски, Љ., Пекевски, Л., Чејковска, В., **Черних, Д.**, Христовски, Б., и Н. Василевски (1998): *Основни карактеристики на сеизмичноста на територијата на Република Македонија.* Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија. - 263 стр. (100 стр. во текст + 163 стр. во прилози). | 4,8 |
| 7 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно / стручни списанија: Černih, D.** (1993/1994): *Determining earthquake magnitude from the events recorded at seismological stations Skopje, Ohrid and Valandovo.* Годишен зборник - физика / Annuaire - physique, 43/44, стр. 89-96/ pp. 89-96. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Институт за физика, Скопје. | 4 |
| 8 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно / стручни списанија:** Čejkovska, V., Pekevski, L. and **D. Černih** (2008): Source mechanism of the 1994 September 1 ML=5.2 Bitola earthquake. *Прилози, Одд. мат. тех. науки, МАНУ,* XXIX/1-2, стр. 37-48 / *Contributions, Sec. Math. Tech. Sci., MANU,* XXIX/1-2, pp. 37-48. | 3,2 |
| 9 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен / стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Cernih, D.** (1996): *Calibrating function for $S_g$ and $L_g$ waves for the territory of Macedonia.* Seismology in Europe, XXV General Assembly of European Seismological Commision, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | September 9-14, 1996, Reykjavik, Iceland. | |
| 10 | **Учество на научен/стручен собир со реферат:** Pekevski L., **D. Černih** (1990): "Određivanje azimuta epicentra potresa na mreži od tri stanice na osnovi nastupnih vremena valova", Naučni skup Zajednice za seizmologiju SFRJ, Beograd, 1990. | 1 |
| 11 | **Учество на научен/стручен собир со реферат: Černih, D.** (1994): "Determining regional earthquake magnitude relation for Macedonia", Balkan Physics letters, 3. Second General Conference of the Balkan Physical Union, Izmir, 1994. (A poster presentation.) | 1 |
| 12 | **Учество на научен/стручен собир со реферат: Cernih, D.** (2000): "Homogenous magnitude system of Macedonia", 3th Conference of the Macedonian Physicist Union, Ohrid, Republic of Macedonia, 2000. (A poster presentation.) | 1 |
| 13 | **Учество на научен/стручен собир со реферат:** Pekevski, L., Cejkovska, V., and **D. Cernih** (2002): "Seismic activity after the Gnjilane earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, $M_L$ = 5.2 (SKO)", XXVIII General Assembly of the European Seismological Commission (ESC), Genoa, 1-6 September 2002. (A poster presentation.) | 1 |
| 14 | **Учество на научен/стручен собир со реферат:** L. Pekevski, P. Labak, **D. Cernih**, E. Bystricky, A. Tuntev, A. Cipciar (2005): "Macedonian seismological network and the real-time data exgange in the SE EUROPE", EE-21C, Earthquake Engineering in the 21st Century, Skopje-Ohrid, Macedonia, August 27 - September 1, 2005. (An oral presentation, Elektronický zborník - CD ROM). | 1 |
| 15 | **Учество на научен/стручен собир со реферат: Cernih, D.** (2006): "Macedonian seismological network and the real-time data exgange", 6th General Conference of the SPRM, 14-17, September, Ohrid, Macedonia 2006. (An oral presentation.) | 1 |
| 16 | **Учество на научен/стручен собир со реферат:** Čejkovska, V, Pekevski, L. and **D. Černih** (2008): "Source dimensions for the Gnjilane Earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, $M_L$ = 5.2 (SKO), as inferred from spectral analysis and aftershocks' and macroseismic data", 7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, September 18-21, 2008, Ohrid, Macedonia. (An oral presentation.) | 1 |
| 17 | **Учество на научен/стручен собир со реферат: Černih, D.** and V. Čejkovska (2008): "Frequency independent quality factor distribution in Vardar zone after displacement amplitude spectral analysis of coda waves", 7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, September 18-21, 2008, Ohrid, Macedonia. (An oral presentation.) | 1 |
| 18 | **Учество на научен/стручен собир со реферат: Cernih, D.** (2005): *Seismological network in Republic of Macedonia.* SeisComP users group meeting, ORFEUS Observatory Coordination Meeting, Praga, Czech Republic, May, 9-12, 2005. | 1 |
| 19 | **Учесник во меѓународни научни проекти:** *DIRECTE 2 (Development of Infrastructure for Rapid Earthquake Data Collection and Exchange)*; водители: вонр. проф. д-р Лазо Пекевски, Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | и проф. д-р Петар Лабак, Геофизички институт при Словачката академија на науките (Geophysical Institute, Slovak Academy of Sciences), Братислава, Словачка; траење: 2004-2005 г. | |
| 20 | **Учесник во меѓународни научни проекти:** Мрежа за изучување на предвесниците и претскажување на земјотресите во реонот на Балканот и Црното Море. Билатерален македонско-бугарски научно - истражувачки проект. Л. Пекевски (главен истражувач), С. Мавродиев, траење: 2005 - 2007 г. | 5 |
| 21 | **Учесник во меѓународни научни проекти:** SEE-GRID (South East European GRID) , FP7 IST project, 2006 - 2008. | 5 |
| | **Вкупно** | 63 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | – |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник/соработник во студии:** Пекевски Л., **Черних, Д.**, Љ. Јордановски (1996): *Мрежа на сеизмолошки станици во Р. Македонија.* Друштво за наука и уметност - Битола, Монографски изданија, 38, стр.41-48. | 1 |
| 2 | **Учесник/соработник во студии:** Пекевски Л., **Черних, Д.**, Љ. Јордановски (1996): *Сеизмолошка станица во Битола.* Друштво за наука и уметност - Битола, Монографски изданија, 38, стр.49-59. | 1 |
| 3 | **Учесник/соработник во студии: Черних, Д.**, Пекевски, Л., Чејковска, В. (1996): *Набљудувана сеизмичка активност по битолскиот земјотрес* (септември 1994 - септември 1996). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Друштво за наука и уметност - Битола, Монографски изданија, 38, стр.73-91. | |
| 4 - 8 | **Учесник/соработник во студии: Черних-Анастасовска, Д., - коавтор во:** *Сеизмички мониторинг на брана „Козјак"* - Извештаи за следење на сеизмичката активност во 2004, 2005 2006, 2007, 2008 година. Универзитет „Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија, Скопје. | 5 |
| 9 | **Учесник/соработник во студии:** Чејковска, В., **Черних, Д.,** Пекевски, Л., Тунтев, А., Џуровска, Ј., и Љ. Јордановски (2009): *Серијата земјотреси во подрачјата на Валандово и Дојран во периодот мај – јуни 2009 година* (Извештај до Владата на РМ), (околу 20 стр. со слики, прилози, преглед за Сеизмолошката опсерваторија и формулари со барања за подобрување на состојбата). | 1 |
| 10 | **Учесник/соработник во студии:** Чејковска, В., **Черних, Д.,** и З. Тодоров (2009): *Параметри на електромагнетските сеизмометри SS-1 и WR-1 и на 16-битните SSR – дигитални запишувачи во Сеизмолошката опсерваторија во Скопје за периодот 2001 – 2005 година.* (110 стр.). | 1 |
| 11-32 | **Учество во промотивни активности на Факултетот / Институтот:** *Сеизмолошки билтени за годините 1989 – 2009 г.* | 11 |
| 33 | **Учество во промотивни активности на Факултетот / Институтот:** Пекевски, Л., Чејковска, В., Христовски, Б., **Черних, Д.,** Всилевски, Н., и С. Ордев (1991): *Извештај за земјотресот од 21.12.1990. во 7 часот и 57 минути и за неговото дејство на територијата на СР Македонија.* Скопје (7 стр. + прилози). | 0,5 |
| 34 | **Учество во промотивни активности на факултетот / институтот:** Чејковска, В., Пекевски, Л., и **Д. Черних** (1999): *Земјотресот од 3.1.1999. во 7 часот и 33 минути UTC, од епицентралното подрачје Св. Николе–Штип* (6 стр.). | 0,5 |
| 35 | **Учество во промотивни активности на Факултетот / Институтот:** Чејковска, В., и **Д. Черних** (2008): Сценарио за урушување на земјиште во акумулацијата „Козјак", за вежбата во Центарот за управување со кризи. | 0,5 |
| 36 | **Изработка на софтвери: Черних, Д.** (2002): Софтвер за препознавање на регистрации во SSR - формат со земјотреси од билтен и нивно соодветно архивирање. | 1 |
| 37 | **Изработка на софтвери: Черних, Д.** (2008): Софтвер за визуелизација и анализа на податоци од браната „Козјак" и подготвување на сеизмолошки билтен. Фонд на Сеизмолошката опсерваторија и Електро - стопанство на Македонија. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Студиски престој во странство до 3 месеци:** Third workshop on non-linear dynamics and earthquake prediction. 7-17 November 1995, . ICTP, Trieste, Italy. | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | **Студиски престој во странство до 3 месеци:** Third workshop on three-dimensional modelling of seismic waves generation, propagation and their inversion. 4 - 15 November 1996, ICTP, Trieste, Italy. | 0,5 |
| 3 | **Студиски престој во странство до 3 месеци:** 4th workshop on three-dimensional modelling of seismic waves generation, propagation and their inversion. 2 - 14 November 1998. ICTP, Trieste, Italy. | 0,5 |
| 4 | **Студиски престој во странство до 3 месеци:** Geophysical Institute, Slovak Academy of Sciences, Bratislava: **Two-weeks** training course for *DIRECTE 2 (Development of Infrastructure for Rapid Earthquake Data Collection and Exchange)*, May, 2005. | 0,5 |
| 5 | **Студиски престој во странство до 3 месеци:** 1st Workshop on the Digital Vectorization of Historical Seismograms, September 20-23, 2005. Grotaminarda, Italy. | 0,5 |
| 6 | **Студиски престој во странство до 3 месеци:** SeisComP users group meeting, ORFEUS Obcervatory Coordination Meeting, May 9-12, 2005, Praga, Czech Republic. | 0,5 |
| 7 | **Студиски престој во странство повеќе од 6 месеци:** Collaborative Research Center (CRC 461) "Strong Earthquakes" of Karlsruhe University, Germany. (Престој: декември 2002 - јуни 2004.) | 2 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 29,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 29 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 63 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 29,5 |
| **Вкупно** | 121,5 |

**Членови на Комисијата**

1. 1. ________________________, претседател с.р.
2. 2. ________________________, член с.р.
3. 3. ________________________, член с.р.
4. 4. ________________________, член

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ПРЕДУЧИЛИШНА ХИГИЕНА, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, УЧИЛИШНА ХИГИЕНА, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ОСНОВИ НА ЕКОЛОШКОТО ВОСПИТАНИЕ, ЗА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, со одлука број 02-234/1 од 16.4.2010 година, а во врска со конкурсот објавен во весникот „Дневник“ на 18.3.2010 година, и во весникот „Коха е ре“ од 17.3.2010 година за избор на еден извршител во **наставно-научно звање по предметите: предучилишна хигиена за групата предучилишна хигиена на македонски наставен јазик, училишна хигиена за групата одделенска настава на македонски наставен јазик и основи на еколошкото воспитание (изборен предмет) за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје,** формира

Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Елисавета Стикова, претседател
2. проф. д-р Мурат Мурати, член и
3. проф. д-р Билјана Камчевска, член

На конкурсот се пријавија два кандидата, д-р Билјана Глигорова и д-р Миле Србиноски. Со оглед на тоа дека конкурсот беше за избор на еден извршител по сите три предмети, а кандидатот д-р Миле Србиноски се има пријавено само за предметот основи на еколошкото воспитание, Рецензентската комисија едногласно донесе заклучок дека кандидатот не ги исполнува условите за конкурирање, поради што и нема да биде пишувана рецензија за него.

Рецензентската комисија по разгледувањето на целокупната документација, како и врз основа на непосредното познавање на кандидатката д-р Билјана Глигорова, има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во весникот „Дневник“ за избор во наставно-научно звање по предметите: предучилишна хигиена, за групата предучилишно воспитание, училишна хигиена, за групата одделенска настава и основи на еколошкото воспитание, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, се пријави д-р Билјана Глигорова.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Билјана Глигорова** е родена на 11.7 1974 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование со континуиран одличен успех.

Во учебната 1993/94 година се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје и дипломирала во 1999 година со средна оцена 9,4. Во текот на студиите во рамките на студискиот престој на Медицинскиот факултет во Анталија, Република Турција, учествувала во практичната работа на Факултетот и имала можност да се запознае со развојот на медицинската наука во Република Турција.

Кандидатката д-р Билјана Глигорова постдипломски студии запишала во учебната 2000/01 година на Медицинскиот факултет во Скопје, на насоката ***хигиена со медицина на трудот***. Постдипломските студии ги завршила со просечна оценка 9,8. На 9.6.2005 година го одбранила магистерскиот труд под наслов **„Одредени епидемиолошки карактеристики на деформитетите на ‘рбетниот столб кај учениците во основните училишта во Република Македонија“**, и се стекнала со називот **магистер на медицински науки**.

На 15.1.2010 година, д-р Билјана Глигорова ја одбранила својата докторска дисертација под наслов **„Утицај исхране и ухрањености на квалитет живота деце узраста од 7 до 9 година“,** на Медицинскиот факултет во Ниш, со што се стекнала со звањето **доктор на медицински науки.** Дипломата е признаена од страна на Министерството за образование и наука, по предлог на Стручната комисија за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство од научните подрачја на медицински науки и здравство врз основа на Записник бр. 09-1354/1 од 17.2.2010 година.

***Избори и наставни активности***

Д-р Билјана Глигорова од 19.9.2000 година е ангажирана како демонстратор за извршување на активности по предметот **хигиена** на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски

наставен јазик на **Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски"** во Скопје. На истиот предмет од 20.5.2002 година е избрана за помлад асистент.

По одбраната на магистерскиот труд, а имајќи ги предвид нејзините резултати во работата со студентите како помлад асистент, како и постигнувањата во останатите сегменти на наставно-научната работа на Факултетот, од 6.9.2005 година д-р Билјана Глигорова е избрана за асистент по предметите: **предучилишна хигиена,** за групата предучилишна настава и **училишна хигиена,** за групата одделенска настава, на македонски наставен јазик.

На 26.9.2008 година, а со оглед на тоа дека кандидатката ги исполнува условите и критериумите утврдени со Законот за високото образование и актите на Факултетот и Универзитетот, извршен е реизбор во соработничко звање асистент по предметите: **предучилишна хигиена** за групата предучилишна настава и **училишна хигиена,** за групата одделенска настава, на македонски наставен јазик.

Како асистент на овие два предмета, во две различни студиски програми, д-р Билјана Глигорова дава посебен интерес за унапредување на практичниот дел на наставата, обидувајќи се предметните содржини да ги направи достапни до студентите. Посебен ангажман таа пројавува во настојувањата практичниот дел од наставата да го реализира во самите предучилишни и училишни објекти, а со тоа на студентите на многу конкретен и применлив начин да им ги пренесе вештините што им се неопходни за успешно извршување на стручната работа, а се однесуваат на унапредување на здравјето на децата и превенцијата на болестите. За одбележување е нејзиното настојување во наставата постојано да вклучува нови практични и применливи содржини за прашањата третирани во рамките на наведените предмети. Во рамките на нејзините наставни обврски таа постојано настојува да ја продлабочува соработката со други релевантни институции и здруженија, а во интерес на поквалитетно реализирање на наставниот процес.

Од учебната 2006/07 д-р Билјана Глигорова е ангажирана на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за извршување на асистентски активности по предметот **Здравствена екологија**, а од 2009 година на Педагошкиот факултет извршува асистентски активности по предметот **Основи на еколошкото воспитание**. Во извршувањето на овие активности покажува особен интерес во работата со студентите, при реализирање на наставните содржини од овие предмети.

Д-р Билјана Глигорова активно учествувала на повеќе симпозиуми и семинари од областа на педагошките и медицинските науки. Таа е вклучена во реализацијата на проектот „Истражувајќи ја другоста", спроведен од страна на Институтот Отворено општество, а активно е ангажирана и во обуката на наставниот кадар во руралните општини, организирана од страна на УНИЦЕФ.

## *Стручно-научна и едукативна дејност*

Редовните наставни задолженија на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје кандидатката д-р Билјана Глигорова ги врши со одговорен однос и покажува посебен интерес кон прашањата кои се третираат во рамките на наставната содржина на наведените предмети. Како резултат на својот ангажиран однос и интерес за унапредување на наставно-научните резултати во работата, таа има објавено повеќе трудови и учествувала во меѓународни научно-истражувачки проекти.

Кандидатката д-р Билјана Глигорова кон пријавата има доставено и список на објавени трудови, со по еден примерок од нив, како и пополнет образец кон извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

1. **Stikova E., Piperkoska B., Kuka A.:** WORK RELATED INJURIES IN REPUBLIC OF MACEDONIA. 17 th International Symposium on Epidemiology in Occupational Health, Australia, 2004

Во трудот прикажана е состојбата со повредите, при што е даден посебен акцент на повредите на работа во Република Македонија. Податоците се компарирани со состојбата во другите земји во Европа, ЕУ и во новосоздадените држави, при што е дојдено до констатација дека во Република Македонија бројот на повредите на работа е помал, но се смета дека е резултат на несоодветниот начин на нивното регистрирање.

2. **Stikova E., Kuka A., Piperkoska B.:** EPIDEMIOLOGICAL CKARACTERISTICS OF MALIGNANT NEOPLASMS IN MACEDONIA. 17 th International Symposium on Epidemiology in Occupational Health, Australia, 2004.

Во трудот е прикажана состојбата со смртноста во Република Македонија поради малигните неоплазми. Малигните неоплазми се на второ место во водечките причини за смрт, со стапка на морталитет од 1.3 на 1000. Преку трудот се добиваат податоци за најзначајните епидемиолошки аспекти на јавувањето на неоплазмите во периодот 1995-2001 година, и тоа анализирано според полот, возраста и местото на живеење. Трудот има истражувачко-апликативен карактер.

3. **Стикова Е., Кука А., Пиперкоска Б.:** НЕКОИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. I македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество. Зборник на трудови, Струга, 2004: 54.

Трудот ја покажува состојбата со основните епидемиолошки карактеристики на повредите на работа во периодот 1991-2002 година. Од трудот се добива податок за намалување на стапката на смртност поради повреди на работа, а намален е и бројот на повреди на работа и стапката на инциденција. Притоа, на прво место се повредите на работа во индустријата и во рударството, на второ место повредите на работа во градежништвото, а на трето место во земјоделството. Со оглед на тоа се добива податок дека инциденцијата на повреди на работа кај нас е значително пониска во однос на земјите во ЕУ, трудот укажува на тоа дека причина за ваквата состојба може да биде несоодветното пријавување на повредите на работа и сè уште невоспоставениот регистар за повреди на работа. Трудот дава посебен придонес во дефинирањето на повредите и има истражувачко-апликативен карактер.

4. **Стикова Е., Пиперкоска Б., Мијакоски Д., Столески С.:** ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. I македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество. Зборник на трудови, Струга, 2004: 188

Во трудот е даден приказ на состојбата во однос на здравата животна средина. Врз основа на Националниот еколошки акционен план, Националниот здравствено-еколошки акционен план, како и Националниот план за здравје, средина и безбедност на работа, во трудот се прикажани активностите што треба да се преземат за унапредување на здравјето на населението. Посебен акцент е ставен на идентификација на здравствено-еколошките ризици, а активностите кои треба да се преземат се фокусирани на неколку области: водоснабдување, квалитет на воздухот, исхрана, безбедност на прехранбените артикли и следење на радиоактивната контаминација. Податоците се коментирани во однос на утврдените состојби во претходниот период и во однос на максимално дозволените концентрации. Целта на трудот е да се дефинираат здравствено-еколошките ризици.

5. **Мурати М., Мурати Л., Пиперкоска Б.:** ДЕГРАДАЦИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОПСТАНОКОТ НА ЧОВЕКОТ. Педагошка практика, Скопје, 2002: 7-15.

Трудот се осврнува на животната средина и на сето она што дејствува врз неа. Посебно се прикажани деградационите процеси во природата, кои доведуваат до настанување на големи штети, со што се загрозува опстанокот на животот. Трудот има за цел, преку укажување на постојаната деградација на животната средина, да се влијае на создавање подобри услови за живеење во еколошки чиста животна средина и непрекинато одвивање на природната еволуција. Трудот има едукативен карактер.

6. **Пиперкоска Б., Јегени Л.:** РЕСПИРАТОРНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА И МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА. Педагошка практика, Скопје, 2002: 114-120.

Трудот дава преглед на најчестите респираторни заболувања во детската возраст. Прикажани се најчестите фактори кои доведуваат до појава на респираторни болести. Во трудот е даден приказ на најчестите респираторни заболувања, со посебен осврт на здравствените ризици кај училишните и предучилишните деца. Истовремено се прикажани и е ставен акцент на здравствено-еколошките мерки што треба да се преземат од наставниот кадар, со цел да се намалат здравствените ризици во училиштето и во предучилишните установи. Трудот има едукативен карактер.

7. **Пиперкоска Б.:** НАЈЧЕСТИТЕ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА И УЧЕНИЦИТЕ И УЛОГАТА НА УЧИТЕЛОТ ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО. Современото предучилишно воспитание и основно образование - состојби и перспективи, Научен собир, Охрид, 2003: 519-524.

Трудот дава приказ на некои од болестите што најчесто се сретнуваат кај децата и кај учениците (ортопедските деформитети на телото и заразните болести). Но тоа што е од поголемо значење на овој труд е фактот дека тој се однесува на наставниот кадар и на неговата улога во зачувувањето и унапредувањето на здравјето. Целта на трудот е да се прикажат здравствените ризици кај училишните и кај предучилишните деца и можноста за нивно елиминирање, со што би се обезбедил поквалитетен начин на живот на децата и учениците. Трудот има едукативен карактер.

8. **Стикова Е., Мурати М., Пиперкоска Б.:** ХИГИЕНА. Скопје, 2003.

Учебникот ХИГИЕНА е наменет за студентите на Педагошкиот факултет, за двете наставни групи, одделенска и предучилишна. Содржината на учебникот е во согласност со наставната програма по предметот, односно го опфаќа целокупниот наставен материјал. Структурата на учебникот се состои од осум глави, четири од областа на хигиената (Здравје и дефиниција за здравјето, Раст и развој на децата, Предучилишна и Училишна хигиена и Лична хигиена) и четири од областа на заразните и незаразните болести (Заразни болести, Заболувања кај училишните и предучилишните деца, Незаразни заболувања и Планирање на семејството). Стилот, пристапот и начинот на презентација на материјалот е современ, актуелен, а стручната медицинска терминологија најчесто е приспособена на говорниот јазик или се дадени соодветни толкувања.

9. **Пиперкоска Б.:** АКТУЕЛНИ РИЗИЦИ ПО ЗДРАВЈЕТО НА УЧИЛИШНИТЕ И ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА. Воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современите услови, 2005: 314-32.

Трудот дава преглед на најчестите ризици по здравјето на училишните и предучилишните деца. Прикажана е состојбата со

пушењето на цигари, алкохолизмот, наркоманијата, ризичното сексуално однесување, ризичното однесување во исхраната и насилното однесување и малтретирање во училиштата. Во рамките на трудот е сместена училишна здравствена програма предложена од страна на Американската академија за педијатрија и Американската асоцијација за училишно здравје, што претставува еден добар пример за обезбедување на подобро здравје на училишните и предучилишните деца. Трудот има едукативен карактер.

10. **Пиперкоска Б.:** ОДРЕДЕНИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕФОРМИТЕТИТЕ НА РБЕТНИОТ СТОЛБ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, магистерски труд, 2005.

Магистерскиот труд е напишан на 97 страници, во кои се содржат поглавјата: Вовед, Анатомија и физиологија на 'рбетниот столб, Материјал и метод, Цели, Резултати, Заклучоци, Дискусија, Предлог-мерки и Литература. Со истражувањето е опфатен десетгодишен период од учебната 1993/94 до учебната 2002/03 година, а истражувањето е реализирано кај учениците од основните училишта во Република Македонија, за кои постои обврска за спроведување на систематски прегледи, односно учениците од прво, трето, петто и седмо одделение. Како методи на истражувањето се наведуваат: методите за утврдување на здравствената состојба на учениците и статистичките методи. Целите на истражувањето се јасно и концизно поставени, при што се наведува дека ќе биде определена зачестеноста на јавувањето на деформитетите на 'рбетниот столб кај учениците во основните училишта во Република Македонија во периодот 1993-2003 година, ќе биде утврдена стапката на морбидитет, структурата на деформитетите на 'рбетниот столб според локацијата и типот на деформитетот, географската дистрибуција на деформитетите по здравствени региони во Република Македонија, како и дистрибуцијата по пол. Резултатите се прикажани во 20 табели, 11 графикони и 10 дијаграми. Преку нив се добиваат податоци за вкупниот број ученици во основните училишта во Република Македонија, за бројот на учениците за кои постои обврска за спроведување на систематски прегледи и за реализацијата на систематските прегледи (општо, по одделенија и по здравствени региони). Прикажани се најчестите патолошки состојби кај испитаните ученици, со посебна анализа на деформитетите на 'рбетниот столб. Особено значаен дел од трудот се предлог-мерките. Тргнувајќи од претходно утврдените состојби, дадени се повеќе предлог-мерки, со цел да се подобри состојбата со деформитетите на 'рбетниот столб, и тоа дејствувајќи превентивно, особено во доменот на училишната хигиена.

11. **Пиперкоска Б.:** БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА. Педагошка практика, Скопје, 2006: 37-40.

Трудот дава преглед на состојбата со болестите на зависност во Република Македонија. Прикажан е периодот од 1999 до 2003 година.

Опфатени се 11 општини на територијата на Република Македонија, а прикажана е одделно состојбата кај двата пола. Во трудот се дадени и некои препораки за лекување и превенција на овие состојби. Трудот има едукативен карактер.

12. **Пиперкоска Б.:** ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОВРЕДИТЕ КАЈ УЧИЛИШНИТЕ И ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА. Педагошка практика, Скопје, 2006: 33-36

Во трудот е прикажана состојбата со најчестите причини кои доведуваат до повреди кај училишните и предучилишните деца. Со оглед на тоа дека се работи за доста чести нарушувања на здравствената состојба кај децата, кај секоја повреда, покрај причината дадена е и превентивната мерка која треба да се преземе, со цел да се намали бројот на повредите кај оваа популација. Потенцирано е и тоа дека за постигнување на безбеден живот на децата значајна улога има наставниот кадар и родителите, кои треба да бидат запознаени со причините, но и превентивните мерки за секоја повреда поодделно. Трудот има едукативен карактер.

13. **Gligorova B.:** HEALTH OF CHILDREN IN REPUBLIC OF MACEDONIA, Fourth balkan congress education, Stara Zagora, 2007: 323-328

Во трудот е прикажана здравствената состојба на децата во Република Македонија. Даден е преглед на најчестите нарушувања на здравствената состојба кај училишните деца. Опфатен е периодот од учебната 2002/03 до учебната 2004/05 година. Посебно внимание е посветено на деформитетите на 'рбетниот столб кај учениците, при што детално е прикажана состојбата според видот на деформитетот и по полот на учениците. Трудот има истражувачко-апликативен карактер.

14. **Глигорова Б., Иљовска С., Павлевска М., Јанкуловска М., Георгиева Е.:** ОРАЛНАТА ХИГИЕНА И СОСТОЈБАТА НА ГИНГИВАТА КАЈ 12-ГОДИШНИ ДЕЦА. Македонски стоматолошки преглед, 2007: 101-105.

Во трудот е прикажана состојбата со оралната хигиена кај училишните деца. Со оглед на тоа дека во голем број студии е потврдено влијанието на лошата орална хигиена на преваленцата на кариесот и парадонталните заболувања, целта на трудот е да се одреди нивото на оралната хигиена следено преку присуството на дигиталниот плак и состојбата на гингивата. Резултатите од испитувањата покажуваат на многу лоша орална хигиена кај испитаниците, но истовремено се наведуваат и можностите за правилно одржување на хигиената на устата и на забите. Трудот има истражувачко-апликативен карактер.

15. **Моме Спасовски, Елисавета Јованова, Билјана Глигорова:** ТРЕТМАНОТ НА ХИПЕРТЕНЗИВНАТА БОЛЕСТ СО АНТИХИПЕРТЕНЗИВНИ ЛЕКОВИ ВО ПРИМАРНАТА

ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - ЈАВНОЗДРАВСТВЕН АСПЕКТ, Physioacta, 2009.

Главна цел на трудот е да даде проценка на примената на упатствата во препишувањето на фармакотерапија на артериската хипертензија кај докторите од примарната здравствена заштита во Република Македонија. За студиите се користени специјално крурирани прашалници. Резултатите кои се добиени се разликуваат од современите прифатени шеми за третман на хипертензијата. Анализата на фармакотертапијата покажа дека таа се разликува од современите упатства и изворите за информации се под влијание на фармацевските компании, а докторите од примарната здравствена заштита имаат скромно познавање на современите упатства за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза и терапија на артериската хипертензија.

16. **Gligorova B., Jankulovska M.:** DENTAL CARIES IN PRIMARY SCHOOL PUPILS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Prilozi, MANU, Skopje, 2009.

Трудот дава преглед на состојбата со забниот кариес кај учениците во основните училишта во Република Македонија, во периодот од учебната 2001/02 до учебната 2005/06 година. Целта на трудот е да се детерминира застапеноста на денталниот кариес, поради што со истражувањето се опфатени вкупно 520 000 ученици од прво, трето, петто и седмо одделение. Анализата на резултатите зборува дека од сите патолошки состојби утврдени кај учениците, на прво место, односно во најголем процент, 41,6% е застапен забниот кариес. Тоа ја наметнува потребата од навремено преземање на соодветни мерки за спречување на ваквата состојба, при што своја улога треба да имаат здравствените работници, родителите и наставниот кадар.

17. **Глигорова Б.**:"УТИЦАЈ ИСХРАНЕ И УХРАЊЕНОСТИ НА КВАЛИТЕТ ЖИВОТА ДЕЦЕ УЗРАСТА ОД 7 ДО 9 ГОДИНА", докторска дисертација, Ниш, 2010.

Докторската дисертација претставува оригинален, самостоен, научен труд од областа на хигиената. Напишана е на 116 страници и се состои од девет поглавја: Вовед, Научна хипотеза, Цели, Материјал и метод, Резултати, Дискусија, Предлог-мерки, Заклучок и Литература. Истражувањето е работено како проспективна студија во текот на 2008 и 2009 година. Целите се јасно дефинирани и го анализираат влијанието на исхраната и исхранетоста на квалитетот на живот на децата на возраст од седум до девет години. Применетата методологија е детално објаснета и одговара на поставените цели. Со истражувањето се опфатени учениците од прво до трето одделение, во вкупно 11 основни училишта (6 основни училишта во градска и 5 основни училишта во рурална средина). Со резулатите се добива преглед на состојбата со исхраната и исхранетоста на учениците, нивниот квалитет на живот, социоекономскиот статус на семејствата на децата, утврдени се антропометриските показатели, преваленцијата на здебеленост, како и

влијанието на социоекономските и нутритивни фактори на ухранетоста на децата. Врз основа на резултатите се доаѓа до заклучоци кои овозможиле да се предложат мерки со цел за унапредување на здравјето на оваа вулнерабилна категорија на население. Во тој поглед, училиштето претставува многу важен канал за интервенции, бидејќи на сите ученици им овозможува широк пристап до предвидените мерки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид елементите наведени во овој извештај, кои произлегуваат од приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката **д-р Билјана Глигорова** ги исполнува формалните услови за избор во наставно-научното звање за кое конкурира. Таа има соодветно високо образование - Медицински факултет и е **доктор на медицински науки** во областа хигиена, а своето наставно научно и едукативно профилирање го насочила во научната област во која предметите за кои конкурира припаѓаат.

Рецензентската комисија, по анализирањето на високите и богато документирани постигнувања и резултати во наставно-научната и педагошка работа, едногласно одлучи дека кандидатката д-р Билјана Глигорова ги исполнува условите и критериумите утврдени со Законот за високото образование и актите на Факултетот и Универзитетот, за избор во наставно-научното звање ***доцент по предметите: предучилишна хигиена, за групата предучилишно воспитание, училишна хигиена, за групата одделенска настава и основи на еколошкото воспитание (изборен предмет), за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.***

Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, кандидатката д-р Билјана Глигорова да ја избере во ***наставно-научното звање доцент по предметите: предучилишна хигиена, за групата предучилишно воспитание, училишна хигиена, за групата одделенска настава и основи на еколошкото воспитание (изборен предмет), за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.***

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Елисавета Стикова, претседател с. р.
2. Проф. д-р Мурат Мурати, член с.р.
3. Проф. д-р Билјана Камчевска, член с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Билјана Илија Глигорова**

**Институција: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје**

**Научна област: Хигиена, Еколошко воспитание**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби по предметот хигиена за време од 6 семестри во четири групи, по два часа неделно (4x2x15x0,03x6) | 21,6 |
| 2 | Одржување на вежби по предметот предучилишна хигиена за време од 5 семестри во две групи, по два часа неделно (2x2x15x0,03x5) | 9 |
| 3 | Одржување на вежби по предметот училишна хигиена за време од 5 семестри во две групи, по два часа неделно (2x2x15x0,03x5) | 9 |
| 4 | Консултации со студенти по предметот хигиена за време од 6 семестри, два дена неделно, по два часа (300x0,002x6) | 3,6 |
| 5 | Консултации со студенти по предметот предучилишна хигиена за време од 5 семестри, два дена неделно, по два часа (70x0,002x5) | 0,7 |
| 6 | Консултации со студенти по предметот училишна хигиена за време од 5 семестри, два дена неделно, по два часа (120x0,002x5) | 1,2 |
| 7 | Одржување на вежби по предметот еколошко воспитание за време од 1 семестар во една група, по два часа неделно (2x15x0,03) | 0,9 |
| 8 | Консултации со студенти по предметот еколошко воспитание за време од 1 семестар, два дена неделно, по еден час (50x0,002) | 0,1 |
| 9 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 0,3 |
| 10 | Одржување на вежби по предметот здравствена екологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, за време од 3 семестри, во една група, по еден час неделно (1x15x0,03x3) | 1,35 |
| | **Вкупно** | 47,75 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза: „Утицај исхране и ухрањености на квалитет живота деце узраста од 7 до 9 година", Медицински факултет - Ниш, 2010 | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска теза: „Одредени епидемиолошки карактеристики на деформитетите на 'рбетниот столб кај учениците во основните училишта во Република Македонија", Медицински факултет - Скопје, 2005. | 4 |
| 3 | Учесник во национален проект: „Истражувајќи ја другоста", спроведен од страна на Институтот Отворено општество, 2003. | 3 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен симпозиум: **Stikova E., Piperkoska B., Kuka A.:** WORK RELATED INJURIES IN REPUBLIC OF MACEDONIA. 17 th International Symposium on Epidemiology in Occupational Health, Australia, 2004. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен симпозиум: **Stikova E., Kuka A., Piperkoska B.:** EPIDEMIOLOGICAL CKARACTERISTICS OF MALIGNANT NEOPLASMS IN MACEDONIA. 17 th International Symposium on Epidemiology in Occupational Health, Australia, 2004. | 1 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од Прв македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество: **Стикова Е., Кука А., Пиперкоска Б.:** НЕКОИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Прв македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество. Зборник на трудови, Струга, 2004: 54. | 1 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од Прв македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество: **Стикова Е., Пиперкоска Б., Мијакоски Д., Столески С.:** ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. I македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество. Зборник на трудови, Струга, 2004: 188. | 0,75 |
| 8 | Труд во стручно списание: **Мурати М., Мурати Л., Пиперкоска Б.:** ДЕГРАДАЦИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОПСТАНОКОТ НА ЧОВЕКОТ. Педагошка практика, Скопје, 2002: 7-15 | 3,2 |
| 9 | Труд во стручно списание: **Пиперкоска Б., Јегени Л.:** РЕСПИРАТОРНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА И МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА. Педагошка практика, Скопје, 2002: 114-120. | 3,6 |
| 10 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови: **Пиперкоска Б.:** НАЈЧЕСТИТЕ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА И УЧЕНИЦИТЕ И УЛОГАТА НА УЧИТЕЛОТ ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО. Современото предучилишно воспитание и основно образование - состојби и перспективи, Научен собир, Охрид, 2003: 519-524 | 2 |
| 11 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови: **Пиперкоска Б.:** АКТУЕЛНИ РИЗИЦИ ПО ЗДРАВЈЕТО НА УЧИЛИШНИТЕ И ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА. Воспитно- образовните функции на предучилишното и на основното образование во современите услови, 2005: 314-325. | 2 |
| 12 | Труд во стручно списание: **Пиперкоска Б.:** БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА. Педагошка практика, Скопје, 2006: 37-40. | 4 |
| 13 | Труд во стручно списание: **Пиперкоска Б.:** ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОВРЕДИТЕ КАЈ УЧИЛИШНИТЕ И ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА. Педагошка практика, Скопје, 2006: 33-36 | 4 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен конгрес: **Gligorova B.:** HEALTH OF CHILDREN IN REPUBLIC OF MACEDONIA, Fourth balkan congress education, Stara Zagora, 2007: 323-328. | 3 |
| 15 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание: **Глигорова Б., Ињовска С., Павлевска М., Јанкуловска М., Георгиева Е.:** ОРАЛНАТА ХИГИЕНА И СОСТОЈБАТА НА ГИНГИВАТА КАЈ 12-ГОДИШНИ ДЕЦА. Македонски стоматолошки преглед, 2007: 101-105. | 0,8 |
| 16 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание: **Моме Спасовски, Елисавета Јованова, Билјана Глигорова:** ТРЕТМАНОТ НА ХИПЕРТЕНЗИВНАТА БОЛЕСТ СО АНТИХИПЕРТЕНЗИВНИ ЛЕКОВИ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА- ЈАВНОЗДРАВСТВЕН АСПЕКТ, Physioacta, 2009. | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Gligorova B., Jankulovska M.:** DENTAL CARIES IN PRIMARY SCHOOL PUPILS IN THE REPUBLIK OF MACEDONIA, Прилози, МАНУ, Скопје, 2009. | 5,4 |
| | **Вкупно** | 49,95 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област: **Стикова Е., Мурати М., Пиперкоска Б.:** ХИГИЕНА. Скопје, 2003. | 7 |
| 2 | Учесник во проект за обука на наставниот кадар во руралните општини, организиран од страна на УНИЦЕФ. | 0,5 |
| 3 | Член на ННС на Педагошкиот факултет во Скопје | 0,5 |
| | **Вкупно** | 8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 47,75 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 49,95 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 8 |
| **Вкупно** | 105,7 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Елисавета Стикова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Мурат Мурати, член с.р.
3. Проф. д-р Биљана Камчевска, член с.р.

Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-382/1
29-04-2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ПРАВОТО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-361/14 на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на 26.4.2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област историја на правото.

Во својство на членови на Рецензентската комисија, слободни сме на Наставно – научниот совет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 2.3.2010 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област историја на правото се пријави само еден кандидат: д-р Мишо Докмановиќ, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први".

### I. Биографски податоци

Кандидатот д-р Мишо Докмановиќ, во прилог на својата пријава ги достави следниве документи: кратка биографија, одлука за стекнат академски степен доктор на правни науки, одлука за стекнат академски степен магистер на правноисториски науки, диплома за завршени постдипломски студии и стекнат академски степен магистер по современа дипломатија на Универзитетот во Малта, како и список на научни и стручни трудови.

Кандидатот д-р Мишо Докмановиќ е роден на 5.7.1979 година во Загреб, Хрватска. Основно образование завршил во ОУ „Љубен Лапе" во Скопје, како првенец на генерацијата. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз – Тито" во Скопје, како првенец на генерацијата. Во учебната 1998/99 година се запишал на Правниот факултет во Скопје, каде што дипломирал како најдобар студент на генерацијата (просечна оценка 9,54), за што бил награден со наградата „Златен Јустинијан".

Во октомври 2003 година се запишал на постдипломските студии по државноправна историја на Македонија на Правниот факултет „Јустинијан Први". Ги положил сите предвидени испити (просечна оценка 9,33) и на 14.6.2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Осамостојување на Република Македонија" со што се стекнал со академски степен магистер на правни науки од областа на правноисториските науки. Освен тоа, во февруари 2005 година се запишал и на постдипломски студии по современа дипломатија на Универзитетот во Малта, каде што магистрирал во ноември 2006 година со највисока почесна дезигнација „со истакнување" (with distinction) и се стекнал со академскиот степен магистер по современа дипломатија.

Во август 2007 година ја пријавил темата за изработка на докторска дисертација под наслов „Државноправниот развој на Македонија во периодот од 1946 до 1953 година" на Правниот факултет во Скопје, која ја одбранил на 26 јануари 2010 година и се стекнал со академски степен доктор на правни науки.

Почнувајќи од септември 2001 година, кандидатот бил ангажиран како демонстратор по предметите историја на правото и современа историја и историја на Македонија (XIX – XX век) на Правниот факултет. За помлад асистент на научната област историја на правото на Правниот факултет е избран на 23.12.2005 година, а на 22 декември 2006 година за асистент на оваа научна област. Од 2007 година учествува во наставата по предметот право и информатичка технологија. Во учебната 2009/10 година бил ангажиран на предметите македонско обичајно право и големи правни системи на магистерските студии на Факултетот.

Во периодот од ноември 2000 до јули 2002 година работел како практикант на Националниот демократски институт за надворешни работи во Собранието на

Република Македонија, односно во Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите на граѓанинот. Во 2001 година бил претседател на уредувачкиот одбор на едицијата „Студентски трудови", објавена во издание на Правниот факултет во Скопје. Во периодот од октомври 2003 до мај 2004 година работел во американската консалтинг - фирма „Беринг поинт", како истражувач на Проектот за фискални реформи.

Од мај 2003 година е ангажиран како национален координатор за Република Македонија и член на жирито на меѓународниот натпревар во областа на правото и економијата, организиран од Светскиот универзитетски сервис од Австрија, Balkan Case Challenge во Виена.

Кандидатот д-р Мишо Докмановиќ од октомври 2005 до октомври 2006 година бил ангажиран како истражувач за оценка на степенот на демократизација во регионот на Југоисточна Европа, во рамките на Безбедносниот форум за Централна и Југоисточна Европа на НАТО. Во 2006 година соработувал со Фондацијата ,,Дипло" со седиште во Женева и работел на истражување поврзано со историјата на дипломатијата.

Д-р Мишо Докмановиќ е потпретседател на Алумни – здружението на Фондот за американски студии во Македонија, член е на Британското здружение за меѓународни студии (British International Studies Association), британскиот Труст на 21 век како и на Светската младинска алијанса.

Во периодот 2002-2004 година бил член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

За успешното водство на студентите на Правниот факултет на најголемиот натпревар за студенти по право во Југоисточна Европа „Balkan Case Challenge" во 2007 и 2008 година бил награден со наградата „Златна плакета – Iustinianus Primus".

Д-р Мишо Докмановиќ зборува англиски, српски и германски јазик, а има и основни познавања од грчкиот јазик.

## II. Учество на конференции, курсеви, семинари и студиски престои

Во рамките на научноистражувачката дејност, д-р Мишо Докмановиќ остварил подолги студиски престои:

- во Парламентот на Република Словачка, април 2001;
- студиски престој во рамките на размената на студенти со Правниот факултет на Универзитетот „М.В. Ломоносов", Москва, Русија, мај 2001;
- Летна школа за идните донесувачи на одлуки, Дубровник, Хрватска, октомври 2001;
- Меѓународен институт за политички и економски студии, организиран од Фондот за американски студии и Универзитетот „Џорџтаун", Крит, Грција, јуни – јули 2002;
- студиски престој на Институтот за јавно право и меѓународни односи на Правниот факултет на Универзитетот во Грац (ментор: проф. Волфганг Бенедек), април – мај 2003;
- Летна школа за економска политика организирана од Институтот Г-17, Белград, 2003;
- 11. Трансатлантска летна академија „Моќ на создавањето – Европа по проширувањето на Европската унија", организирана од Универзитетот во Бон, Германија, јуни – јули 2004 година. Програмата вклучувала институционални посети на главните институции на ЕУ и НАТО во Брисел, Стразбур и Луксембург;
- 17. сесија на Академијата за европско право на Европскиот универзитет во Фиренца, јуни - јули 2006 година;
- летна школа „Европската унија и правните реформи" – организирана од Универзитетот во Болоња и Правниот факултет во Белград – Игало, Црна Гора, јули 2006 година;
- летна школа „Глобализацијата и човековите права", организирана од Правниот факултет во Загреб, Дубровник, јули 2006 година;
- студиски престој како соработник во Центарот за Русија и Источна Европа, Универзитет Илиноис, САД (стипендист на Стејт департментот), јуни – јули 2007 година;

- студиски престој во Меѓународниот центар за студии на холокаустот „Јад Вашем", Ерусалим, Израел (стипендист на Владата на Државата Израел), јануари – февруари 2008 година;
- студиски престој на Јагиелонскиот универзитет во Краков, Полска, март 2008 година;
- студиски престој на Автономниот универзитет во Барселона, Шпанија, јуни 2009 година.

Д-р Мишо Докмановиќ има учествувано на повеќе домашни и меѓународни конференции, од кои ги издвојуваме:

- меѓународен натпревар во областа на правото и економијата Balkan Case Challenge – ноември 2002, Сараево, Босна и Херцеговина (го освоил првото место во конкуренција од 12 земји во регионот);
- меѓународна конференција „300 години од развојот и соработката на правните системи", организирана од ЕЛСА и Правниот факултет во Санкт Петерсбург, Русија, март 2003;
- Трет годишен семинар по меѓународно право, организиран од Правниот факултет во Хелсинки, Финска, и Институтот за право во Тарту, Естонија, март 2004;
- програма на Институтот на Светската банка - „Предизвикот на сиромаштијата во новиот милениум – дефинирање на улогата на младите и новата генерација на лидери", февруари 2004;
- меѓународен семинар „Човековото достоинство и падот на комунизмот" – организиран од Институтот „Нојвалдег" и Образовната иницијатива за Централна и Источна Европа – Виена, Австрија, ноември 2004;
- меѓународен експертски форум „Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување", организиран од Фондацијата „Сорос", ноември 2004;
- Меѓународна конференција за дипломатија, организирана од Дипло- фондацијата и Министерството за надворешни работи на Малта, Буџиба, Малта, февруари 2005;
- пролетна сесија за иновација на универзитетски курсеви во областа на средновековните студии, организирана од Ресурсниот центар за развој на наставни програми на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, Унгарија, март - април 2005;
- меѓународен семинар во Халки - „Реформите во безбедносниот сектор во Југоисточна Европа и Медитеранот: лекции и предизвици", организиран од Грчката фондација за европска и надворешна политика – ЕЛИАМЕП, Халки, Грција, септември 2005;
- меѓународна конференција „Јавното мислење и јавната дипломатија: НАТО во Југоисточна Европа", организирана од Евроатлантскиот совет на Романија, Букурешт, Романија, октомври 2005;
- Меѓународна конференција за долгорочни научни истражувања, организирана од Блед - форумот за Европа, март 2006 година, Блед, Словенија;
- меѓународна конференција „Каде оди глобализацијата?", организирана од Британската фондација „Труст на 21 век" и Законодавното собрание на сојузната индиска држава Карнатака, Бангалор, Индија, мај 2006 година;
- меѓународен семинар „Следни чекори за Западниот Балкан", организиран од Атлантската асоцијација, Софија, Бугарија, јуни 2006 година;
- меѓународна конференција „Нацрт на регионалната безбедносна стратегија", организирана од Евроатланскиот совет на Романија, Букурешт, октомври 2006 година;
- Меѓународна конференција за реформи во безбедносниот сектор, организирана од Демократскиот центар за вооружени сили, Женева, Швајцарија, март 2007 година;
- меѓународна конференција „Пишувањето и изучувањето на историјата по 1989 година", организирана од Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, март 2007 година;
- меѓународен семинар „Дали НАТО станува глобална организација", организиран од Евроатлантскиот сојуз на Португалија, јули – август 2007 година;

- меѓународен семинар во Халки - „Редефинирање на безбедноста во Југоисточна Европа, Црното Море и Блискиот Исток" организиран од Грчката фондација за европска и надворешна политика – ЕЛИАМЕП, Халки, Грција, септември 2007 година;
- Салцбург глобал семинар „Светски самит на млади лидери: Глобални сценарија и стратегии до 2030 година", Салцбург, Австрија, декември 2007 година;
- меѓународна конференција „НАТО во Југоисточна Европа: Реконструкција и безбедност на Балканот", организирана од Кралскиот институт за безбедност како дел од Самитот на НАТО, Темишвар, Романија, март 2008 година;
- летна школа „Културата и човековите права – култура на човекови права", организирана од Центарот за меѓукултурен дијалог, Охрид, јули 2008 година;
- меѓународна конференција „Истражувањето на историјата на правото во Југоисточна Европа", организирана од Правниот факултет во Виена, октомври 2008 година;
- меѓународна конференција „Примена на информатичка технологија во судството", организирана од Сити - колеџот во Солун, Грција, октомври 2008 година;
- меѓународна конференција „Слободата на говор и Интернетот", организирана од Фондацијата „Камберленд Лоџ" во Виндзор, Велика Британија, ноември 2008 година;
- меѓународен форум „Европски културен дијалог", Скопје, март 2009 година;
- меѓународна конференција „Студената војна, американизацијата и странската помош" организирана од Универзитетот во Архус, август 2009 година;
- меѓународна конференција „Е-стратегии - Македонија", организирана од Бритиш Паблишерс во Скопје, септември 2009 година;
- II меѓународна конференција „Примена на информатичка технологија во судството", организирана од ИСИЕ и Собранието на РМ, септември 2009;
- работилница „Како да се интегрира практикантството во универзитетските наставни програми?", Економски факултет во Прилеп, октомври 2009 година;
- меѓународна конференција „Студената војна: заплеткана историја и интерактивни идеи", организирана од ЦЕУ, Будимпешта, декември 2009 година;
- Семинар за аплицирање за фондови од Европската унија, организиран од Техничката помош за граѓанските организации, Истанбул, февруари 2010 година.

## III. Објавени стручни и научни трудови

Кандидатот е коавтор на следниве монографии и учебници:

- Поповски, В., Докмановиќ, М., (2007). *Правен факултет „Јустинијан Први" – Историски развој 1951 - 2006*. Скопје: Правен факултет;
- Наумовски Г., Докмановиќ М., (2008). *Право и информатичка технологија*. Скопје: Академски печат (универзитетски учебник);
- Наумовски Г., Докмановиќ М., (2009). *Право и информатичка технологија*. Штип: 2 август (универзитетски учебник, изменето и дополнето издание).

Во рамките на учеството на семинарите и конференциите, како и при воннаставните активности и ангажмани, ги има изготвено и презентирано следниве трудови и истражувања:

- „Положбата на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите на граѓанинот во политичкиот систем на Република Македонија", објавен во изданието „Студентски трудови", Правен факултет, Скопје;
- „Фрустрацијата во врска со меѓуетничките односи во Македонија" (презентиран во рамките на работилницата „Другиот во македонската култура", организирана од фондацијата Сорос), април 2002;
- *"The legal aspects of the Justinian's codification and its impact on the modern legal systems"*; презентиран на меѓународната конференција „300 години од соработката и развојот на правните системи" во Санкт Петерсбург, Русија, март 2003;

- „Граѓанските иницијативи и македонското прашање од Илинденското востание до Париската мировна конференција", објавено во едицијата „Граѓански практики" бр.1 од Македонскиот центар за меѓународна соработка;
- „Улогата на државата и невладините организации во заштитата на правата на човекот", објавено во едицијата „Граѓански практики" бр.4 од Македонскиот центар за меѓународна соработка;
- „Бикултурализам наспроти мултикултурализам – една македонска приказна" (*"Biculturalism vs. Multiculturalism – one Macedonian story"*), објавен на македонски и англиски јазик во книгата *Multiculturalism in Macedonia: An Emerging Model* ,Skopje, Open Society Institute, 2005;
- „За спорните прашања во врска со Самуиловата држава и нејзиното место во државноправната историја на Македонија", во: Зборникот од македонско-француските правни денови во издание на Правниот факултет во Скопје, 2005, стр. 413-428;
- „За предизвикот наречен Европска унија – има ли место за цивилниот сектор?", во: едицијата „Граѓански практики" бр.4, МЦМС, Скопје, 2005;
- „Улогата на реформите во безбедносниот сектор во остварувањето на регионалната безбедност во Југоисточна Европа", во: едицијата „Политичка мисла" бр. 12 (3);
- *"National Report on the Level of Democratization of Macedonia. Proceedings of the Third Sofia Meeting "Next Steps for the Western Balkans". Atlantic Treaty Association;*
- „Проблемот со меѓународното признавање на Република Македонија", во: Зборникот на докторски и магистерски тези одбранети на Правниот факултет во Скопје, 2001 – 2006, стр. 374 – 391;
- „Политиката на соседните земји во однос на процесот на осамостојување на Република Македонија", во: Зборникот во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски, Правен факултет, Скопје, 671 – 684;
- „Платформите на политичките партии во врска со осамостојувањето на Република Македонија", во: Зборникот „Актуелните прашања во правото на Руската Федерација и Република Македонија", Правен факултет, Скопје, стр. 657 – 674;
- "Promotion of Democratic Governance in the Security Sector as one of the Preconditions for EU Membership". *Proceedings of the DCAF 7th Young Faces Conference on Security Sector Reform – Geneva;*
- "National Security Strategy from the view of the Civil Society - A Contribution for a Regional Security Strategy". *Proceedings of the International Conference "Drafting a Regional Security Strategy from the Perspective of the Civil Society" – Bucharest;*
- „За суштината на грчките барања во Меморандумот во врска со барањето за прием на Република Македонија во членство на ОН", во: Зборникот за македонско – грчкиот збор за името, Скопје: Службен весник на РМ, 2008;
- „Нови трендови во современата дипломатија", во: Зборникот во чест на Панта Марина, Скопје, 2007, стр. 690 – 703;
- "Methodological Approach to Researching the State and Legal Development of Macedonia within the Yugoslav Federation from 1946 – 1953". *Proceedings of the 2007 Balkan Studies Conference at the Centre for Russia, Eurasia and Eastern Europe, University of Illinois at Urbana Champaign;*
- „САД и процесот на осамостојување на Македонија", во: Зборникот во чест на проф. д-р Борислав Благоев, Скопје, 2007, стр. 594 – 607;
- "The Constitution for the Future State Organization of Macedonia and its Impact on the Changes of the Macedonian Constitution in 2001". *Proceedings of the International conference "Research of Legal History in South East Europe", Faculty of law, University of Vienna;*
- „Нирнбершки закони", во: Зборникот во чест на проф. д-р Стефан Георгиевски, Правен факултет, Скопје, 2009, стр. 779-791;
- „Концептот на јавна дипломатија и Македонија" во Зборникот во чест проф. д-р Тодор Џунов, Правен факултет, Скопје, 2009, стр. 279-292;

- "Yugoslavia between Washington and Moscow (1946 – 1953): Americanization or Sovietazation". *Proceedings of Seventh Nordic Summer School in Contemporary History, University of Aarhus, Denmark;*
- "The Law and Judiciary as an Instrument for Establishing Totalitarianism in Macedonia in the Early Cold War". *Proceedings of Int. conference "Beyond Cold War Linearities: Entangled Histories and Interactive Ideas, Central European University – Budapest.*

## IV. Заклучна оцена и предлог

Рецензентската комисија ги прегледа и ги проучи документите поднесени од кандидатот и го заклучи следново:

Прво, кандидатот д-р Мишо Докмановиќ ги исполнува сите услови за избор за наставник на научната област историја на правото предвидени во законските акти и објавениот конкурс. Тој има дипломирано како најдобар студент во генерацијата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Исто така, кандидатот има магистрирано на постдипломските студии од областа на државноправната историја на Македонија на Правниот факултет во Скопје, како и на постдипломските студии по современа дипломатија на Универзитетот во Малта. Конечно, на 26 јануари 2010 година докторирал на тема која е релевантна за областа за која се пријавил.

Второ, од неговиот неколкугодишен ангажман на Факултетот како демонстратор, помлад асистент и асистент на предметите од научната област историја на правото, може да се констатира дека кандидатот успешно се вклучил во изведувањето на наставниот процес на Факултетот преку изведување вежби, семинари и консултации со студентите. Во извршувањето на работните обврски пристапил со висок професионализам и силна мотивираност.

Трето, во периодот по изборот за помлад асистент, односно асистент, кандидатот д-р Мишо Докмановиќ покажал и забележителна научноистражувачка работа. Во таа насока, кандидатот е коавтор на универзитетски учебник и изработил повеќе научни и стручни трудови. Дополнителна тежина на неговата научноистражувачка дејност дава фактот што кандидатот има учествувано на конференции, семинари и студиски престои во повеќе од 30 земји што му овозможило да биде изложен на силно меѓународно академско и професионално опкружување.

Со оглед на претходното, чест ни е на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му го поднесеме следниов

### ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Мишо Докмановиќ да биде избран во звањето доцент на научната област историја на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Комисија

Проф. д-р Владо Поповски с.р.

Проф. д-р Билјана Поповска с.р.

Доц. д-р Мелина Гризо с.р.

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Мишо Докмановиќ
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје
**Научна област:** историја на правото

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава на летни школи и работилници<br>- предавач на летната школа „Културата и човековите права - култура на човекови права", организирана од Центарот за меѓукултурен дијалог, Охрид, јули 2008 година (1 бод);<br>- одржани три работилници за подготовка на студенти за учество на меѓународниот натпревар Balkan Case Challenge во Виена (2007-2009) во делот на симулација на судење пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг (3 бода);<br>- предавач на работилницата „Како да се интегрира практикантството во универзитетските наставни програми?" – Економски факултет во Прилеп - октомври 2009 година (1 бод). | 5 |
| 2. | Одржување на вежби<br>(2006/07 – 120 часа; 2007/08 120 часа; 2008/09 371 часа; 2009/10-272 часа; вкупно – 883 часа*0,03) | 26,49 |
| 3. | Консултации со студенти (1900 студенти *0,002) | 3,8 |
| 4. | Позитивно рецензиран учебник (коавтор)<br>- Наумовски Г., Докмановиќ М., (2008). *Право и информатичка технологија*. Скопје: Академски печат (универзитетски учебник). | 8 |
| 5. | Изменето и дополнето издание на учебник (коавтор)<br>- Наумовски Г., Докмановиќ М., (2009). *Право и информатичка технологија*. Штип: 2 август (универзитетски учебник, изменето и дополнето издание). | 3 |
| | **Вкупно** | 46,29 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза на тема: „Државноправниот развој на Македонија во периодот 1946 – 1953 година", на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (26.1.2010 година). | 8 |
| 2. | Одбранет магистерски труд на тема: „Осамостојување на Република Македонија", на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (14.6.2006 година). | 4 |
| 3. | Одбранет магистерски труд на тема: „Меѓународноправни аспекти на признавањето на држави – случајот на Македонија", на Универзитетот во Малта | 4 |
| 4. | Национален координатор на меѓународниот научен проект „Balkan Case Challenge (2008 -2010)" организиран од Светскиот универзитетски сервис – Австрија. | 6 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>-„Модел на систем на докторски студии (како трет циклус) во општествените науки во Р. Македонија согласно со Болоњската декларација (TEMPUS-CARDS Project N° SM_SCM- CO39B06-2006).<br>- "Developing a Regional Security Strategy from the Perspective of the Civil Society", проект организиран од Атлантската асоцијација и Министерството за надворешни работи на Норвешка (2005-2007). | 10 |
| 6. | Монографија: Поповски, В., Докмановиќ, М., (2007). *Правен факултет „Јустинијан Први" – Историски развој 1951 - 2006*. Скопје: Правен факултет (коавтор - 90% од 8 поени). | 7.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание [1] | |
| | - „Проблемот со меѓународното признавање на Република Македонија", во: Зборникот на докторски и магистерски тези одбранети на Правниот факултет во Скопје 2001 – 2006, Правен факултет, 2006, стр. 374 – 391. | 4 |
| | - „Политиката на соседните земји во однос на процесот на осамостојување на Република Македонија", во: Зборникот во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски, Правен факултет, Скопје, 2006, стр. 671 – 684. | 4 |
| | - „Платформите на политичките партии во врска со осамостојувањето на Република Македонија", во: Зборникот „Актуелните прашања во правото на Руската федерација и Република Македонија", Правен факултет, Скопје, 2007, стр. 657 – 674. | 4 |
| | - „Нови трендови во современата дипломатија", во: Зборникот во чест Зборник во чест на Панта Марина, Скопје, Правен факултет, 2007, стр. 690 – 703. | 4 |
| | - „САД и процесот на осамостојување на Македонија", во: Зборник во чест на проф. д-р Борислав Благоев, Скопје, Правен факултет, 2007, стр. 594 – 607. | 4 |
| | - „Нирнбершки закони", во: Зборникот во чест на проф. д-р Стефан Георгиевски, Правен факултет, Скопје, 2009, стр. 779-791. | 4 |
| | - „Концептот на јавна дипломатија и Македонија", во: Зборникот во чест на проф. д-р Тодор Џунов, Скопје, Правен факултет, 2009, стр. 279-292. | 4 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>- "За спорните прашања во врска со Самуиловата држава и нејзиното место во државноправната историја на Македонија", во: Зборникот на трудови од меѓународната конференција „Македонско-француски денови на правото – 200 години од Code civile", Скопје, 2005. стр. 413-428. | 2 |
| 9. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание | |
| | - „Положбата на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите на граѓанинот во политичкиот систем на Република Македонија", објавен во изданието „Студентски трудови", Правен факултет, Скопје, стр. 17-27. | 2 |
| | - „Граѓанските иницијативи и македонското прашање од Илинденското востание до Париската мировна конференција", објавен во изданието „Граѓански практики", бр.1, МЦМС, Скопје, стр. 17-25. | 2 |
| | - „Улогата на државата и невладините организации во заштитата на правата на човекот", објавен во изданието „Граѓански практики" бр.4, МЦМС, Скопје, стр. 51-60. | 2 |
| | -„Улогата на реформите во безбедносниот сектор во остварувањето на регионалната безбедност во Југоисточна Европа", во: едицијата Политичка мисла бр. 12 (3), стр.37-45. | 2 |
| | - „За предизвикот наречен Европска унија – има ли место за цивилниот сектор?", објавен во изданието „Граѓански практики" бр.4, МЦМС, Скопје, 2005. | 2 |
| 10. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>- *"Biculturalism vs. Multiculturalism – one Macedonian story"*, објавен на македонски и англиски јазик во книгата *Multiculturalism in Macedonia: An Emerging Model* ,Skopje, Open Society Institute, 2005, pp. 25-38. | 3 |
| 11. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | |
| | - *"The Legal Aspects of the Justinian's Codification and its Impact on the Modern Legal Systems"*), презентиран на меѓународната конференција „300 години од соработката и развојот на правните системи", на Правниот факултет во Санкт Петерсбург, Русија, март 2003. | 3 |
| | - "Teachers and Teaching in SE Europe and the Black Sea Area", презентиран на меѓународна конференција „Јавното мислење и јавната дипломатија: НАТО во Југоисточна Европа", организирана од Евроатлантскиот совет на Романија, Букурешт, октомври 2005. | 3 |
| | - *"National Report on the Level of Democratization of Macedonia"*, презентиран на меѓународниот семинар „Лекции за Западниот Балкан", | 3 |

[1] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора-секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| | | |
|---|---|---|
| | организиран од Атлантската асоцијација, Софија, јуни 2006 година. | |
| | - "National Security Strategy from the view of the Civil Society - A Contribution for a Regional Security Strategy", презентиран на меѓународната конференција „Нацрт на регионалната безбедносна стратегија", организирана од Евроатланскиот совет на Романија, Букурешт, октомври 2006 година. | 3 |
| | - "Methodological Approach to Researching the State and Legal Development of Macedonia within the Yugoslav Federation from 1946 – 1953", презентиран на Конференцијата за балкански студии одржана во Центарот за Русија и Источна Европа, Универзитет Илиноис, САД, јуни 2007 година. | 3 |
| | - „The Challenges of Leadership in the 21st Century", презентиран на Салцбург глобал семинарот „Светски самит на млади лидери: Глобални сценарија и стратегии до 2030 година", Салцбург, Австрија, декември 2007 година. | 3 |
| | - "The Future Status of Kosovo and the Stability in the Balkans", презентиран на меѓународната конференција „НАТО во Југоисточна Европа: Реконструкција и безбедност на Балканот" организирана од Кралскиот институт за безбедност како дел од Самитот на НАТО во Темишвар, Романија, март 2008 година | 3 |
| | - "Yugoslavia between Washington and Moscow (1946 – 1953): Americanization or Sovietazation", презентиран на меѓународната конференција „Студената војна, американизацијата и странската помош", организирана од Универзитетот во Архус, Данска, август 2009 година | 3 |
| | - "The Law and Judiciary as an Instrument for Establishing Totalitarianism in Macedonia in the Early Cold War", презентиран на меѓународната конференција „Студената војна: заплеткана историја и интерактивни идеи" организирана од Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, декември 2009 година. | 3 |
| 12. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | |
| | - "The Constitution for the Future State Organization of Macedonia and its Impact on the Changes of the Macedonian Constitution in 2001", презентиран на меѓународната конференција „Истражувањето на историјата на правото во регионот на Југоисточна Европа", организирана од Правниот факултет на Универзитетот во Виена, октомври 2008 година. | 2 |
| | **Вкупно** | 111,2 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Поглавје во книга (автор)<br>- "Memorandum of Greece and Memorandum of Macedonia Regarding Admission of Macedonia to UN" in: Skaric, S et (eds). *The Name Issue: Greece and Macedonia*. Skopje, Matica Makedonska, pp. 266 – 279. | 3 |
| 2. | Дизајн или изработка на информациски систем<br>- учество во изработката на нова веб - локација на Правниот факултет (на македонски и англиски јазик), 2006 година. | 1 |
| 3. | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот | 0.5 |
| 4. | Член на меѓународна жири - комисија<br>- член на жири комисијата на најголемиот case study натпревар за студенти по право во Југоисточна Европа (2007-2009), Balkan Case Challenge, кој се одржува во Виена. | 2 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 5. | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br>- претседател на организациониот одбор на II меѓународна конференција „ICT4Justice", организирана од Институтот за стратешки истражувања и едукација и Собранието на РМ, Скопје, септември 2009 | 2 |
| 6. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br>- член на организационен одбор на меѓународната конференција „ICT4Justice", организирана од Сити - колеџот во Солун, Грција, октомври | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2008 година. | |
| 7. | Награда за научни достигнувања од струковата организација<br>- златна плакета „Iustinianus Primus“ за успешното водство на студентите по право на меѓународен натпревар во Виена во 2007 и 2008 година | 3 |
| 8. | Студиски престој во странство<br>- до три месеци:<br>- во Парламентот на Република Словачка; на Институтот за јавно право и меѓународни односи на Правниот факултет на Карл – францовиот универзитет во Грац; во Центарот за европски интеграции на Универзитетот во Бон; во Законодавното собрание на сојузната индиска држава Карнатака во Бангалор; на Академијата за европско право на Европскиот универзитет во Фиренца; во Центарот за Русија и Источна Европа, Универзитет Илиноис, САД (стипендист на Стејт департментот); во воздухопловната база на португалската војска во Синтра и Командата на НАТО - силите во Лисабон; во Меѓународниот центар за студии на холокаустот „Јад Вашем“, Ерусалим, (стипендист на Владата на Државата Израел); на Јагиелонскиот универзитет во Краков; на Автономниот универзитет во Барселона; на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта; програма организирана од Грчката фондација за европска и надворешна политика – ЕЛИАМЕП (12*0,5=6) | 6 |
| 9. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник) | 0,5 |
| 10. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (соработник) | 1 |
| 11. | Член на факултетски комисии [2] | |
| | - член на Комисијата за ЕКТС на Правниот факултет во Скопје (2007-2008) | 0,5 |
| | - член на Издавачкиот совет на Правниот факултет во Скопје (2007-2008) | 0,5 |
| | - член на Комисијата за организирање на докторски студии на Правниот факултет во Скопје | 0,5 |
| | - член на Комисијата за одржување на веб - локацијата на Правниот факултет во Скопје (2006-2008) | 0,5 |
| | **Вкупно** | 22 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 46,29 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 112,2 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 22 |
| **Вкупно** | 179,49 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Владо Поповски с.р.

2. Проф. д-р Биљана Поповска с.р.

3. Доц. д-р Мелина Гризо с.р.

[2] Поените се однесуваат за еден мандатен период.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА, ОД ОБЛАСТА: ОСНОВИ НА ТЕСНО-СТРУЧНИ ОБЛАСТИ, ПО ПРЕДМЕТОТ **ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА КУЛТУРА СО МЕТОДИКА,** ЗА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје, донесена на седницата одржана на 14. 4. 2010 година, врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08 . . . 99/09) чл. 42-53 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009) и чл. 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје, со одлука бр. 02-236/1 од 16. 4. 2010, а во врска со конкурсот објавен на 17. 3. 2010 година, во весникот „Коха е ре“ и на 18. 3. 2010 година во весникот „Дневник“, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. Запро Запров - претседател
- проф. м-р Сабаудин Жута - член
- вонр. проф. д-р Аида Ислам - член

за избор на еден извршител во сите наставно-научни звања од областа: основи на тесно-стручни области, по предметот **основи на музичката култура со методика,** за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик.

Откако ги разгледа доставените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

На конкурсот објавен во дневните весници се пријави еден кандидат, д-р Владимир Талевски. Кандидатот, согласно со условите објавени на конкурсот, ги поднесол сите потребни документи.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Кандидатот д-р Владимир Талевски од Скопје, е роден на 7. 4. 1956 година во Битола, каде што ги завршил основното образование и средното музичко образование. Во 1981 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на Одделот за музичка теорија и педагогија, со просечен успех 8,30.

По завршувањето на Факултетот за музичка уметност, во 1981 година, се вработил во Музичко - балетскиот училиштен центар „Илија Николовски – Луј“ во Скопје, на работното место стручен соработник - клавирски

корепетитор во Балетскиот оддел. По четиригодишен работен период е назначен за шеф на Балетскиот оддел. Во 1992 година, по сопствена желба и интерес, е прераспределен на Музичко - теоретскиот оддел како професор по стручните предмети теорија на музиката и хармонија.

Кандидатот д-р Владимир Талевски, постдипломските студии ги завршил на Факултетот за музичка уметност во Скопје, од областа на музичката педагогија - методика на музичката настава, на тема: **Наставата по теорија на музиката и хармонија во првите децении од формирањето на средните музички училишта во Република Македонија (1945-70)** (прв дел од магистерскиот труд), и **Содржинските, дидактичко-методските и организациските аспекти на наставата по стручно-теориските предмети во средното музичко образование во Република Македонија** (магистерски труд), со просечен успех 9,00.

Од 2006 година, д-р Владимир Талевски работи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, како асистент по предметот основи на музичкото образование со методика, за групите одделенска настава и предучилишно воспитување, на македонски наставен јазик.

## ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕДАГОШКА И ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Паралелно со педагошката дејност во Музичко - балетскиот училиштен центар „Илија Николовски – Луј" во Скопје, кандидатот д-р Владимир Талевски, во периодот 1981 - 1985 година, работел во Младинскиот културен центар „25 Мај" во Скопје, како втор диригент и клавирски корепетитор на детскиот хор „Развигорче" и Женскиот младински хор, под уметничко раководство на проф. Запро Запров, и настапувал на повеќе музички манифестации на домашната музичка сцена, како и на сцените во други држави: Србија, Словенија и Унгарија. Во таа дејност, д-р Владимир Талевски, покрај високата стручност во музичката материја, се истакнува со исполнителност, педагошки пристап кон членовите на ансамблите и способност за организирање и самоорганизирање.

Кандидатот д-р Владимир Талевски, во текот на својата уметничка дејност - балетски корепетитор - покажува извонредно познавање на музичката литература, за што во своето приложено мислење за проф. Владимир Талевски, проф. д-р Снежана Филиповска пишува: „... Во соработката со својот колега Владимир Талевски ја наоѓав музичката потпора во изразувањето на класичните движења. ...Посебно ја издвојувам неговата љубов кон децата... неговата несебична поддршка на јавните настапи ширум поранешните простори на Југославија ...Наградите добиени на тие натпревари се заслуга и на ...проф. Владимир Талевски".

Во текстот на успешната соработка со повеќе балетски педагози го издвојуваме исказот од приложеното мислење за проф. Владимир Талевски, од проф. Ѓурѓица Јовановска која вели:„Владимир Талевски совладувајќи ги потребните предизвици се оформи во многу солиден и успешен корепетитор. ...тој корепетираше на бројни настапи и концерти со учениците и надвор од училиштето... по градинки, училишта и на сојузни натпревари во Нови Сад и Белград.. ".

Во препораката за д-р Владимир Талевски од м-р Лидија Лазаревска, психолог во МБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје, особено се

подвлекуваат комуникативноста, кооперативноста, одговорноста и доследноста во реализирањето на преземените обврски, како и сложеноста на професионалната материја, љубовта кон професијата, несебичното (вонаставно - дополнително) помагање на послабите ученици, и потребата од постојана лична надградба. Издвојуваме неколку цитати: „Балетската корепетиција не е едноставна изведба... туку многу специфична и сложена симултана трансформација... ја сака својата работа,... максимално се вложува во нејзината реализација, им помага на послабите ученици... Отсекогаш пројавувал интерес за подобрување на квалитетот на музичката настава"...

Од подеталната анализа на стручните трудови, „Практични вежби по теорија на музиката" и „Работни материјали по хармонија за I, II и III година", се стекнува впечаток дека кандидатот д-р Владимир Талевски особено добро ја познава проблематиката од областа на теоријата на музиката и хармонијата, со особен дидактички пристап неа ја распоредува приспособувајќи ја и систематизирајќи ја во согласност со возраста и стручните потреби на учениците. Спонтано, преку принципот „од поедноставно кон посложено", наставната градба ја распределува во поглавја, притоа задржувајќи ги постапноста и поврзаноста при практичното совладување на поимите, соодветно на наставниот план и програма. Тематските содржини на претходните два наслова се претставени со примери од практичната работа и примери од музичката литература кои претставуваат синтеза во начинот на изучување на предметот.

Потврда за неговата определеност во музичко – педагошката научна проблематика, односно дидактиката и методиката на воспитно-образовната работа се и избраните теми од областа на ***методиката на музичката настава***, како тема за магистерската, а воедно и за докторската дисертација. Обемноста, дидактичкиот пристап во распоредот и високото стручно ниво во реализацијата на материјата наведуваат на заклучокот дека кандидатот д-р Владимир Талевски целосно и се има посветено на својата професија - музичката педагогија.

## УЧЕБНИЦИ - ПРИРАЧНИЦИ

1. За потребите на предметот теорија на музиката, во 1995 година, како коавтор, го напишал учебното помагало **Практични вежби по теорија на музиката**, а во 1997 година, второто негово проширено издание, наменето пред сè за средните музички училишта, за основните музички училишта, како и за приемните испити на факултетите за музичка уметност, рецензирано од еминентни професори на Факултетот за музичка уметност во Скопје: проф. Стојан Стојков, проф. д-р Томе Манчев и проф. м-р Снежана Димчевска. Со долгогодишната примена на ова учебно помагало се потврдува неговата успешна и практична намена во професионалното музичко образование. Меѓу другото, проф. Стојан Стојков, еден од рецензентите, ќе забележи: „...Вежбите се средени во вид на прашања и одговори. ...може да послужи и за проверка на знаењата наместо класично испрашување... прирачникот ги дава сите можности како систем и како прашалник..."

2. Во 2003 година, за потребите на учениците во средните музички училишта по предметот хармонија ги издава учебните помагала насловени како работни материјали:

- **Работни материјали по хармонија, за II година**, средно музичко образование;
- **Работни материјали по хармонија, за III година,** средно музичко образование
- **Работни материјали по хармонија, за IV година**, средно музичко образование.

3. Во 2005 година, излегуваат во печат прирачниците:

- **ХАРМОНИЈА - ПРИРАЧНИК ЗА II ГОДИНА**, за средно музичко образование;
- **ХАРМОНИЈА - ПРИРАЧНИК ЗА III ГОДИНА**, за средно музичко образование;
- **ХАРМОНИЈА - ПРИРАЧНИК ЗА IV ГОДИНА**, за средно музичко образование.

Преку овие прирачници, за прв пат печатени и рецензирани учебни помагала на македонски јазик за предметот хармонија, се изнесува нова методологија во начинот на изложување на проблематиката од посочениот предмет. Имајќи ја предвид музичката материја што ја третираат таквиот вид на тематски содржини, преку образложенијата и зададените задачи, дидактички ги следи, а на моменти и ги надградува современите учебникарски текови. За нив, рецензентите:

- проф. Стојан Стојков - редовен професор на ФМУ во Скопје;
- проф. Павлина Нечевска-Јосифовска - МБУЦ „Илија Николовски-Луј" - Скопје;
- проф. Слаѓана Кавај - МБУЦ „Илија Николовски – Луј" - Скопје,

меѓу другото, наведуваат:

проф. Стојан Стојков: „Досега во нашето музичко образование како учебни помагала по предметот хармонија во средните музички училишта се користеше литература од автори од ... други држави и други јазични подрачја, што значително го отежнува изучувањето на оваа многу значајна теоретска дисциплина од областа на теоријата на музиката. ...појава на ... ваков ракопис е од огромна важност. ...приспособен на интелектуалниот степен на восприемање на материјата... ...според наставната програма... ...многу интересен и методолошки систематизиран ракопис. ...Јазикот со кој ја објаснува материјата е едноставен, јасен, прецизен... ...овој труд несомнено ангажирал многу... познавање на материјата како и искуството и ќе има добар прием од страна на учениците, а... и од студентите на Факултетот за музичка уметност... во целост ја опфаќа програмата по предметот... "

проф. Павлина Нечевска - Јосифовска: „...Сите наставни содржини опфатени со наставната програма ... се систематизирани според програмата. ...Методските единици се средени во вид на прашања, кои говорат за современ начин на совладување на проблематиката".

проф. Слаѓана Кавај: „Стилот на презентирање на материјата, јазикот и терминологијата се усогласени со психофизичките и лексичките можности на учениците, што е од посебно значење при усвојувањето на материјата. ...Материјата е конципирана со најновите наставни планови,... Ракописот ги содржи сите квалитети што треба да ги има едно учебно помагало... "

Респективните имиња на рецензентите со нивните јасни ставови и препораки, како и целокупната техничка подготовка, се факти што наведуваат на заклучок дека на повидок се досега единствени учебни помагала од оваа дисциплина во нашата држава.

4. Во 2007 година, во коавторство со проф. Запро Запров, излегува од печат учебникот: **ОСНОВИ НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СО МЕТОДИКА I,** за потребите на студентите од педагошките факултети,

5. Во исто коавторство, во 2008 година се печати и вториот учебник за потребите на студентите од педагошките факултети: **ОСНОВИ НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СО МЕТОДИКА II.**

## УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ

1. Во 1999 година активно учествувал во Државната комисија при Министерството за образование и наука, за изработка на ***наставни програми*** по предметите: теорија на музиката за I година и хармонија за II, III и IV година, за средните музички училишта.

2. Во 2005 година учествувал во обуката на ***Програмата за образование на Роми*** (Програма за стипендирање и менторирање на средношколски Роми во организација на USAID) и нејзино имплементирање со менторска активност на ученици - Роми.

3. Во 2007 година учествувал во повеќедневната ***работилница за интерактивна наставна методологија*** (учење во училница, учење преку проекти, учење преку заедница и учење преку работа), организирана од проектот „Активности во средното образование (СЕА)" - финансиран од УСАИД.

4. Од 19 до 28 јануари 2009 година престојувал во Универзитетскиот центар за учење и подучување во Гронинген, Холандија, каде што се стекнал со сертификат за ***запознавање на наставниците со воспитно-образовниот процес.***

5. Во 2009 година е член на ***Националната комисија за учебници*** по предметот музичко образование, за основно и средно образование, при Министерството за образование и наука, „Службен весник на Република Македонија бр. 98/2008".

## СТРУЧНИ ТРУДОВИ

1. **НАСТАВАТА ПО ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА И ХАРМОНИЈА ВО ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА СРЕДНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1945-70)** - прв дел од магистерскиот труд.

2. Пријавен трудот **КРЕАТИВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРВИОТ РАЗВОЕН ПЕРИОД ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** на

V научен собир на тема„ Образование за хумано општество“, 28-29 мај, 2010 год., Охрид, во организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

ДИПЛОМИ-ПРИЗНАНИЈА

1. Здружение на музичките и балетските педагози на Република Македонија.
2. Дом на младите „25 Мај“ (МКЦ) – Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Составен дел на референтот е образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно звање и соработничко звање.

Врз основа на сето досега кажано и досегашната работа на пријавениот кандидат имајќи ја предвид неговата наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност, согласно со одредбите од Законот за високото образование, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, да му предложи кандидатот д-р Владимир Талевски да биде избран во звањето ДОЦЕНТ од областа: основи на тесно-стручни области, по предметот **основи на музичката култура со методика,** за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. Запро Запров, претседател, с.р.
2. Проф. м-р Сабаудин Жута, член, с.р.
3. Вонр. проф. д-р Аида Ислам, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Владимир Киро Талевски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје** (назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **музичка педагогија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Настава во летни школи и работилници - учесник** | |
| 1 | ***Програма за образование на Роми*** (Програма за стипендирање и менторирање на средношколски Роми во организација на USAID), 2005. | 1 |
| 2. | ***Работилница за интерактивна наставна методологија,*** (учење во училница, учење преку проекти, учење преку заедница и учење преку работа), организирани од проектот ,,Активности во средното образование (СЕА)"-USAID, 2007. | 1 |
| 3. | ***Запознавање на наставниците со воспитно-образовниот процес,*** престој во Универзитетскиот центар за учење и подучување во Гронинген, Холандија, 2009. | 1 |
| | **Одржување на вежби** | |
| 4. | ***Основи на музичкото образование со методика*** I - 1+1 за еден семестар (предучилишно воспитание) | 0,45 |
| 5. | ***Основи на музичкото образование со методика II-*** 1+2 за еден семестар (предучилишно воспитание) | 0.9 |
| 6. | ***Основи на музичкото образование со методика III-*** 1+2 за еден семестар (предучилишно воспитание) | 0,9 |
| 7. | ***Основи на музичкото образование со методика IV*** -1+2 за еден семестар (предучилишно воспитание) | 0.9 |
| 8. | ***Основи на музичкото образование со методика*** I - 1+1 за еден семестар (одделенска настава) | 0,45 |
| 9. | ***Основи на музичкото образование со методика II-*** 1+1 за еден семестар (одделенска настава) | 0,45 |
| 10. | ***Основи на музичкото образование со методика III*** - 1+2 за еден семестар (одделенска настава) | 0.9 |
| 11. | ***Основи на музичкото образование со методика IV*** - 1+2 за еден семестар (одделенска настава) | 0,9 |
| 12. | ***Хор и оркестар*** (одделенска настава) | 0,9 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 13. | За еден семестар | 0,76 |
| | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник – коавтор** | |
| 14. | ***З. Запров/В. Талевски, Основи на музичкото*** | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | *образование со методика I*, Скопје, 2007 г. | |
| 15. | *З. Запров/В. Талевски, Основи на музичкото образование со методика II*, Скопје, 2008 г. | 6 |
| | **Основен школски или средношколски учебник - автор** | |
| 16. | ***В. Талевски, Хармонија – Прирачник за II година,*** средно музичко образование, Скопје, 2005 г. | 7 |
| 17. | ***В. Талевски, Хармонија – Прирачник за III година, средно музичко образование,*** Скопје, 2005 г. | 7 |
| 18. | ***В. Талевски, Хармонија – Прирачник за IV година, средно музичко образование,*** Скопје, 2005 г. | 7 |
| | **Научно-популарна статија во стручно-методско списание** | |
| 19. | ***Компатибилноста на нормативно-програмските, дидактичко-методските аспекти на реализација на наставата по музичко образование од I до IV одделение,*** Педагошка практика, Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" година 6, бр. 1-2 (104-109). | 1 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 20. | ***П. Нечевска-Јосифовска/В. Талевски, Практични вежби по терија на музика,*** Аурора, Скопје, 1995 г. | 1 |
| 21. | ***П. Нечевска-Јосифовска/В. Талевски, Практични вежби по теорија на музиката*** (второ проширено издание), Аурора, Скопје, 1997 г. | 1 |
| | **Вкупно** | **46,51** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одбранета докторска теза** | |
| 1 | ***"Степенот на компатибилност на нормативн – програмскиот, дидактичко - методскиот и практичниот аспект на реализација на наставата по музичко образование од I до III одделение во Република Македонија",*** *Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Р. Македонија.* | 8 |
| | **Одбранета магистерска работа** | |
| 2. | ***„Содржинските, дидактичко-методските и организациските аспекти на наставата по стручно - теориските предмети во средното музичко образование во Република Македонија",*** *Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Р. Македонија.* | 4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание** | |
| 3. | ***„Наставниот кадар по стручномузичките предмети во средните музички училишта во Република Македонија од 1945 до 2005 година",*** Списание за музичка култура, МУЗИКА, год. 11 бр. 14, 2008, Скопје, издавач: Сојуз на композиторите на Р. Македонија (СОКОМ) (99-110). | 2 |
| 4. | ***"Интеринституционалната поврзаност на музичкото образование",*** Списание за музичка култура, МУЗИКА, год. 12 бр. 15, 2009, Скопје, издавач: Сојуз на композиторите на Македонија (СОКОМ) (79-86). | 2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 5. | ***„Имплементацијата на ЕКТ – системот во музичкото образование“*** (IV меѓународен научен собир, Охрид, 2008) во организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. | 2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 6. | ***„Music theory and harmony in high schools in Macedonia in 1940-60“,*** *XI IRAM Conference*, меѓународна конференција, Факултет за музичка уметност – Скопје, 2006 г. | 3 |
| 7. | ***„Организациско-содржинската поставеност на средното музичко образование во Република Македонија од 1945 до 2000 година“,*** Прв симпозиум на ICTM, Студиска група за музика и танц - Југоисточна Европа - Интернационална манифестација „Струшка музичка есен“, организатор: Сојуз на композиторите на Македонија (СОКОМ), 2008 г. | 3 |
| 8. | ***“Atypical educational problems in the education of children”,*** V балкански конгрес за образование, Балканот, Европа, во Едерне, Турција, 2009 г. | 3 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 9. | ***„Factors of quality in educatio” (Factors of quality in music education),*** IV меѓународен балкански конгрес - Образование, Балканот, Европа - Стара Загора, Република Бугарија, 2007 г. | 2 |
| | **Вкупно** | **29** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 1. | Член на факултетска комисија за реформа и промена на студиските програми на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (одлука бр. 02-236/1 од 20.05.2008) | 0,5 |
| 2. | Член на комисија за упис на студенти | 0,5 |
| 3. | Член на комисија за реализација на активностите за учество и презентирање на Саемот на образованието | 0,5 |
| | **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | |
| 4. | Наставна програма по предметот ***теорија на музиката за I година***, средно музичко образование, 1999. | 3 |
| 5. | Наставни програми по предметот х***армонија за II година,*** средно музичко образование, 1999. | 3 |
| 6. | Наставни програми по предметот ***хармонија за III година,*** средно музичко образование, 1999. | 3 |
| 7. | Наставни програми по предметот ***хармонија за IV година,*** средно музичко образование, 1999. | 3 |
| | **Вкупно** | **13,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **46,51** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **29** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **13,5** |
| **Вкупно** | **89,01** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. Запро Запров, претседател, с.р.
2. Проф. м-р Сабаудин Жута, член, с.р.
3. Вонр. проф. д-р Аида Ислам, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА Е-БИЗНИСОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс за **избор на еден асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот**, објавен во „Дневник" од 25.2.2010 година, Наставно - научниот совет на Економскиот факултет на седницата одржана на ден 26.3.2010 година, ја донесе одлуката бр. 02-964/1 од 1.4.2010 година со која не' определи за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по група предмети по е-бизнис.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Калина Треневска Благоева и проф. д-р Вера Наумовска, по разгледувањето на прилозите на пријавените кандидати на конкурсот, на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријавија двајца кандидати: м-р Тања Митева и м-р Мијалче Санта, досегашен помлад асистент по група предмети од областа на е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје.

**Кандидат: м-р Тања Митева**

**1. Биографски податоци**

Кандидатката м-р Тања Митева е родена на 24 јануари 1983 година во Кочани, каде што и го завршила средното економско образование. Во 2001 година се запишала на Економскиот факултет на департманот економија и дипломирала во 2006 година.

Во 2006 година се запишала на постдипломските студии по монетарна економија, на кои во 2009 година магистрирала со просечна оценка 8,67.

Кандидатката м-р Тања Митева во својата апликација има приложено и уверенија за успешно завршени курсеви за англиски јазик за прв, втор и трет степен.

**Кандидат: м-р Мијалче Санта**

**1. Биографски податоци**

Кандидатот м-р Санта Мијалче е роден на 29 јуни 1980 година во Штип, каде што во 1998 година го завршил средното гимназиско образование. Во 1998 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје, на департманот менаџмент, а во 2001 година своето образование го продолжил на Универзитетот за професионално образование „Фонтис" во Ајндховен, Холандија. Дипломирал во јануари 2003 година како еден од најдобрите студенти во генерацијата.

Во учебната 2003/2004 година кандидатот м-р Мијалче Санта се запишал на постдипломските студии по е-бизнис на Абердин бизнис школата во Абердин, Шкотска. Магистрирал во јуни 2006 година со просек 4,88 на скала од 1 до 6, при што изработил магистерски труд со наслов „Применливост на моделите за миграција кон е-бизнис на МСП (мали и средни претпријатија) – случајот со текстилните МСП во штипскиот регион", оценет со оценка 5 на скала од 1 до 6. Оваа диплома е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија со одлука бр. 09-5635/2.

Во учебната 2008/09 година кандидатот, м-р Мијалче Санта се запишал на докторски студии на l'Université Paris 1 - Panthéon – Sorbonne во Франција под ко-менторство на проф. д-р Селмин Нуркан и проф. д-р Кор Муленар од Rotterdam School of Management, Erasmus University од Холандија. Темата на докторската дисертација е „Рамка за мултиваријациона континуирана трансформација кон организација базирана на знаење".

Во периодот од март до септември 2003 година, кандидатот м-р Санта Мијалче бил ангажиран како демонстратор по предметот основи на е-бизнис. Во септември 2003 година кандидатот е избран, а во септември 2006 година е реизбран како помлад асистент по група предмети по е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје. Во мај 2007 година м-р Мијалче Санта е избран за асистент по група предмети по е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје, на кое работно место се наоѓа и сега.

Кандидатот м-р Мијалче Санта одлично го владее англискиот јазик.

**2. Наставно-научна дејност**

Во однос на наставно-научната дејност, кандидатот м-р Мијалче Санта првите искуства ги стекнува како демонстратор по предметот основи на е-бизнис. По изборот и реизборот за помлад асистент и изборот за асистент, па се до денес, кандидатот активно учествувал во тимовите за реализирање на наставно-образовната дејност по следниве предмети: основи на е-бизнис, основи на дигитална економија, интернет-маркетинг, менаџмент на е-бизнис 1, менаџмент на е-бизнис 2 и современи трендови во е-бизнис. Кандидатот совесно и квалитетно ги извршувал своите работни задачи, кои се однесуваат на подготовка и одржување на проектно-ориентираните вежби, консултации со студентите за проектите на кои работат и помош при подготовка и изведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатот м-р Мијалче Санта учествувал во изработка на делот за е-бизнис од Националната стратегија за информатичко општество. Исто така, кандидатот учествувал во работата на македонскиот ИТ-кластер, за што добил соодветно признание.

Учествата на семинари, на конференциии и на проекти, како и објавените статии до последниот избор во звањето асистент на 18.5.2007 година, презентирани се и рецензирани во Билтенот бр. 918 од 27.4.2007 година. Во продолжение ќе бидат наведени неговите научноистражувачки и академски активности по последниот избор.

Кандидатот м-р Мијалче Санта ги завршил следниве обуки:

- Обука за Пантеон ЕРП, октомври 2009 година;
- престој на Fontys University of applied sciences – International Hogeschool Economie, 1 март – 17 јули 2009 година;
- обука за обучувачи за Information Systems Management, Centre of Excellence in Finance, Словенија, декември 2008 година.

Исто така, м-р Мијалче Санта активно учествувал во два меѓународни проекти, и тоа:

- MEMFES (Master of E-business management at the Faculty of Economics in Skopje), ТЕМПУС – секретар на проектот, од 2006 до 2009 година
- SCORE (Strengthening the Strategic cooperation between the EU and Western Balkan Region in the field of ICT research), ФП6 , од 2007 до 2009 година

Во однос на стручната и научната дејност, кандидатот м-р Мијалче Санта од првиот избор во звањето асистент до сега ги има изготвено и објавено следниве научни трудови кои припаѓаат во областа на е-бизнисот:

- прифатен апстракт *„Increasing competitiveness of the companies in the Republic of Macedonia by implementation of ERP systems“,* во коавторство со проф. д-р Калина Треневска Благоева, проф. д-р Сашо Јосимовски и ас. м-р Марина Мијоска, 5th International Conference An Enterprise Odyssey: From Crisis to Prosperity – Challenges for Government and Business”;
- прифатен труд *„Learning under pressure in internationally distributed teams “* во коавторство со ас. м-р Марина Серафимоска, м-р Јован Петров, проф. д-р Селмин Нуркан, International Conference on Organizational Learning, 2010, Бостон, САД;
- *Имплементирање на дигитален бизнис во мали и средни претпријатија: оцена на постојните модели и развој на нов модел,* Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 2009;
- *Водич „Чекор по чекор до дигитален бизнис“,* ноември 2008 година.

Во продолжение на рецензијата даден е краток осврт на трудовите:

1. Во трудот *Increasing competitiveness of the companies in the Republic of Macedonia by implementation of ERP systems“* се елаборира стратегиската важност на имплементацијата на ЕРП-системи во претпријатијата во Македонија. Во трудот е направена анализа за нивото на користење на ЕРП во Македонија, причините за користење и перцепцијата на претпријатијата за корисноста на ЕРП-системите за минимизирање на негативните ефекти од економската криза. Анализата е направена на 86 одговорени прашалници од страна на претпријатија во Македонија. Прашалникот се состои од четири групи на прашања, и тоа: основни податоци за претпријатијата, ИКТ-инфраструктура, перцепција за влијанието врз бизнис-операциите и прашања за искуството од користењето на ЕРП.

2. Во трудот *„Learning under pressure in internationally distributed teams“* се презентира истражувањето на случај за учење на меѓународно распостранет тим кој работи на имплементација на ЕРП во многу краток рок. Учењето се анализира од аспект на комплексни адаптивни системи. Во трудот се презентира преглед на учењето, комплексните адаптивни системи, тимови и перформанси. Резултатите од истражувањето укажуваат дека комбинацијата од онлајн и офлајн го подобрува учењето и дека е потребно високо ниво на флексибилност и комуникација за успешно учење.

3. Во трудот *Имплементирање на дигитален бизнис во мали и средни претпријатија: оцена на постојните модели и развој на нов модел,* објавен во

Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Мијалче Санта истражува дали моделите за преминување кон дигитален бизнис се применливи на МСП. За таа цел во трудот е направена евалуација на моделите за дигитализација и е предложен нов модел „Тим на способности на претпријатија". Моделот се базира на силните страни на останатите модели и ги зема во предвид предизвиците со кои се соочуваат МСП.

4. Во *Водичот „Чекор по чекор до дигитален бизнис"*, кандидатот м-р Мијалче Санта дава преглед на дигиталниот бизнис, корисностите од примената на дигиталниот бизнис, чекорите за имплементација на дигитален бизнис и трошоците за имплементација на дигитален бизнис. На крајот во Водичот се презентирани начини за пресметка на вредноста на дигиталниот бизнис за претпријатијата и кои чекори треба да се преземат за во иднина за да се задржи конкурентноста на претпријатието.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Оценувајќи ја наставно-научната и образовната дејност на пријавените кандидати, Комисијата му дава предност на кандидатот м-р Мијалче Санта поради следниве причини:

- кандидатот направил видни чекори во својот развој во рамките на наставно-образовната и научната дејност од последниот избор за асистент, за што сведочат научните и стручните трудови, учествата на конференции со свои реферати и соопштенија, како и учествата во меѓународни проекти од областа на е-бизнисот;

- проблемите што се анализираат во трудовите се од областа на е-бизнисот и се непосредно поврзани со наставните содржини на предметите по е-бизнис;

- кандидатот м-р Мијалче Санта совесно ги извршува поставените задачи и покажува квалитетни вештини за тимска работа и за комуникација со студентите;

- го владее англискиот јазик;

- магистрирал на соодветни постдипломски студии од областа на е-бизнисот;

- запишан е на соодветни докторски студии по е-бизнис, со одобрена тема за докторски труд.

Врз основа на реченото, а во согласност со член 140 од Законот за високото образование и Статутот на Економскиот факултет во Скопје, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатот м-р Мијалче Санта **да биде избран во звањето асистент по група предмети од областа на е-бизнисот**.

Скопје, 30 април 2010 година Рецензентска комисија

Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.

Проф. д-р Калина Треневска Благоева с.р.

Проф. д-р Вера Наумовска с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во „Утрински весник" на 26.12.2009 година, за избор на еден помлад асистент за научната област (дисциплина) Современи системи на социјална заштита, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна V седница одржана на 27.1.2010 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Димитар Трајковски и проф. д-р Јован Пејковски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавиле седум кандидати. По направенета анализа на пристигнатата документација, Комисијата има задоволство да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријавија следниве кандидати, и тоа:

**Александра Миноска** е родена на 2.8.1977 година во Тетово, каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 1990 година се запишала на Институтот за социјална работа и социјална политика во Скопје, а дипломирала во 2000 година со просечен успех 8,9, со што се стекнала со звањето дипломиран социјален работник. Истата година се запишала на постдипломски студии на истиот Институт. Во 2006 година успешно ги завршила студиите со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Перспективи за развој на супервизијата во социјалната заштита во Република Македонија", изработен под менторство на проф. д-р Сунчица Димитријоска, по што се стекнала со академскиот степен магистер на социјална политика. Пријавила докторска теза на тема *Евалуација на психосоцијални услуги на лица под социјален ризик,* под менторство на проф. д-р Сунчица Димитријоска.

Кандидатката досега нема изработено и објавено стручни и научни трудови. Единствен научноистражувачки труд на Александра Миновска претствува нејзината магистерска теза под наслов „Перспективи за развој на супервизијата во социјалната заштита во Република Македонија", која претставува оригинален научен труд, со логичка и конзистентна целина, која дава одговор на многу прашања во однос на супервизијата и нејзината потреба во реализирање на активности од областа на социјалната заштита.

Во текот на студирањето била ангажирана како волонтер во НВО-и, каде што вршела континуирана поддршка на семејства и деца под ризик. Работела на повеќе проекти за ненасилно разрешување на конфликти и работа со деца, активности кои се спроведувале со финансиска поддршка од УНИЦЕФ и

Македонско-италијанскиот совет за безбедност. Работела на два научно-истражувачки проекта како истражувач, и тоа на: „Квалитативна анализа на сиромаштијата во Македонија" и како координатор на проектот „Евалуација на проекти за развој на општините од западниот дел на Република Македонија". Посетила повеќе семинари и работилници, од кои би ги истакнале „Психо-физичка злоупотреба на деца" и „Деца во ризик", преку кои се стекнала со знаења за работа со ризични групи на население. Таа покажува способност за апликација на нови пристапи во решавањето на социјалните ризици.

Александра Миновска има искуство во областа на социјалната заштита, и тоа: работела како волонтер и со договор за дело во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Тетово, каде што извршувала активности од непосредна социјална заштита со корисници кои остваруваат право на парична помош.

Александра Миновска работела на Факултетот во Тетово како демонстратор на Катедрата за психологија на предметот менаџирање на човекови ресурси, но за тоа нема доставено документација.

Во рамките на постдипломските студии, Александра Миновска за покажаното знаење за предметот современи правци во политика и заштита била оценета со оценка 9.

Александра Миновска има одлично познавање на англискиот јазик.

Досегашните ангажмани и областа за кои Александра Миновска покажува интерес се од подрачјето за кое е распишан овој конкурс.

**Фросина Денкова** е родена на 26.1.1983 година во Скопје. Дипломирала на Институтот за психологија во Скопје, со просек 8,8 и се стекнала со звањето дипломиран психолог. Магистерските студии ги завршила на Универзитетот во Болоња и се стекнала со звањето магистер по социјална политика и стратегиски менаџмен за одржлив територијален развој. Меѓу другите, таа на постдипломските студии ги полагала и предметите: сцијална политика, социјална заштита и современи системи на социјална заштита. Темата на која магистрирала е *Работно инсерирање како дел од процесот на рехабилитација на наркозависниците во установите за социјална заштита во регионот Емилија Ромања.*

Паралелно студира на постдипломските студии на Институтот за психологија, насока педагошка психологија. Пријавила тема за докторска десартација на Институтот за социјална работа и социјална политика под наслов *Мобинг-распространетост и последиците*, под менторство на проф. д-р Верица Стаменковска-Трајкова.

Денкова Фросина има богато искуство во областа на едукација надвор од Факултетот. Учествувала на 24 семинари и курсеви, од кои една половина во Република Македонија, а другите во Азеберџан, Украина, Италија, Хрватска и Бугарија. Учествувала на летни школи за социјална работа во 2006 и 2007 година во Дубровник. Како резултат на бројни семинари, работилници, обуки и посети на летни школи, таа покажува извонредни способности за применување на нови креативни начини на реализација на вежбите со студентите.

Воедно таа била и ментор на студенти Роми за 2007/08 година преку Ромаверзитас.

Учествувала во 8 проекти како едукатор и како обучувач и во 5 како координатор.

Учествувала на 17 конгреси и конференции со реферати, од кои 11 надвор од Република Македонија. Има изработено 13 труда, од кои 6 се испечатени, а останатите 7, како што Денкова Фросина наведува, се во подготовка за печатење. Трудовите се доставени во прилог на пријавата доставена од страна на Денкова Фросина за потребите на овој конкурс.

Најсериозен труд на Денкова Фросина е нејзината магистерска теза *Работно инсерирање како дел од процесот на рехабилитација на наркозависниците во установите за социјална заштита во регионот Емилија Ромања.* Се прави детална анализа на 11 установи за социјална заштита, спроведувајќи интервјуа со одговорни лица за процесот на работно инсенирање (социјални работници и специјални едукатори) каде што работната терапија е спроведена со 559 корисници. Денкова Фросина прави темелна теоретска анализа на оваа проблематика и аргументирано ги објасува добиените резултати давајќи сугестии за потребната соработка на партнерите во спроведувањето на рехабилитацијата.

*Појавни облици на насилство врз децата на улица,* објавен во Psihologija i nasilja u suvremenom drustvu, Zbornik radova znanstveno-strucnog skupa, Psihologija nasilja izlostavljannja(2007) Sveuciliste Josipa Jurija u Osjeku, FILOZOFSKI FAKULTET. Денкова Фросина прави научна анализа на Законската регулатива за заштита на деца на улица, нејзината усkладеност со Конвенцијата за правата на детето. Ја прикажува актуелната состојба на општествената грижа за децата, притоа давајќи препораки за плурализација во заштитата на децата на улица со учество на владини и невладини организации составени од интердисциплинирани тимови, социјални работници, психолози, правници, лекари и др.

Трудот *Истражување на семејното насилство во Република Македонија,* објавен во Psihologija i nasilja u suvremenom drustvu, Zbornik radova znanstveno-strucnog skupa, Psihologija nasilja I zlostavljannja(2007) Sveuciliste Josipa Jurija u Osjeku, FILOZOFSKI FAKULTET, е следен труд во кој кандидатката го проучува насилството поврзано во социјален контекст. Истражувањето е спроведено во период од една година, од 2005 до 2006 година на примерок од 1952 лица. Истражувањето ги елаборира облиците на семејното насилство во Република Македонија утврдувајќи ја нивната дистрибуција во однос на пол и националност. Дава предлози за потребата од координирана активност на општествените институции и невладиниот сектор, како и потреба од промена на Кривичниот закон и Законот за семејство.

*Мобинг кај вработените во социјалната заштита* е прв труд од оваа област во Република Македонија во кој се согледува постоењето на мобингот и се дава иницијатива за нормативно уредување, развој и примена на законската легислатива и стандарди во доменот на спречувањето на мобингот. Кандидатката прави споредбена анализа на истражувањето на мобингот со податоците од спроведените истражувања од земјите на Европската унија, и единственото истражување во Македонија кое го спровело Сојузот на синдикатите во Македонија. При тоа таа ги потенцира несогласувањата во однос на приодот и надминувањето на разликите во дефинирањето, прифаќањето и надминувањето

на оваа појава. Авторката навлегува во длабочините на овој проблем кој кај нас се прифаќа како нормална појава, а за науката претставува предизвик за проучување и иницирање на борба против психичкото злоупотребување на вработените лица во областа на социјалната заштита. Трудовите на кандидатката се добро изработени и покажуваат континуитет во научната надградба на Денкова Фросина.

Проблемите кои Денкова Фросина ги обработува во своите трудови се: работа со деца под ризик, насилство врз деца и семејно насилство, како и насилство на работно место и социјална заштита на децата, односно лицата под ризик. Денкова Фросина има добри познавања од областа на социјалната заштита на децата и семејството. Големиот број на трудови (13) отсликуваат континуитет во практичното и теоретското усовршување на Денкова Фросина во работата со лица под ризик и социјалната заштита на ризични групи.

Во периодот од 2005 до 2009 година била ангажирана како демонстратор на Институтот за психологија, Институтот за социјална работа и социјална политика и на Институтот за дефектологија по предметите: психологија и педагошка психологија.

Во рамките на додипломските студии, Денкова Фросина не го слушала предметот на кој конкурира, а на постдипломските студии има добиено оценка 10.

Денкова Фросина одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик.

Поголем дел од досегашните ангажмани и областа за кои Денкова Фросина покажува интерес се од подрачјето за кое е распишан овој конкурс.

**Ѓорѓиева Даниела** е родена на 5.9.1978 година во Струмица. Дипломирала на Институтот за социјална работа и социјална политика во октомври 2001 година, со просечна оценка 8,9 и се стекнала со право на стручен назив дипломиран социјален работник.

Во текот на 1999 и 2000 година, а и неколку години потоа, учествувала во пет проекти спроведувани во Република Македонија како истражувач и еднаш како технички координатор на проект.

Учествувала на семинари и се здобила со меѓународно искуство во Сојузна Република Германија преку посета на установи од областа на социјалната работа и социјалната политика. Учествувала во летни школи и обуки за социјална работа и социјална политика во Хрватска, а во Босна и Херцеговина, во организирање на постдипломски студии.

Ѓорѓиева Даниела на 29.4.2009 година го одбранила магистерскиот труд под наслов *Децентрализација и социјални услуги, можности, потреби и перспективи*, под менторство на проф. д-р Нано Ружин, и се здобила со стручен назив магистер по социјална политика. Во трудот кандидатката прави анализа на децентрализацијата во Република Македонија, споредувајќи ја со искуствата од другите земји, дополнувајќи ја со анализа на сопствено истражување. Врз таа основа, именуваната дава заклучоци за потребата од децентрализација на социјалните услуги.

Во својата биографија наведува дека има изработено една публикација, која е во фаза на печатење. Трудот не е во прилог на пријавата.

Ѓорѓиева Даниела од 2001 до 2002 година била ангажирана како демонстратор по предметот семејни односи и семејно право на Институтот за социјална работа и социјална политика. Од 2003 година таа е ангажирана како демонстратор и по предметот социјална работа во здравството и социјална работа во локалната заедница, како и натаму во периодот од 2004 до 2005 година. Во 2008 година е ангажирана како демонстратор за предметот детска заштита, а во 2009 по предметот локална самоуправа. Во изминатите години кандидатката работела и административни работи на Институтот за социјална работа и социјална политика (во текот на 2006/07/2007/08 година).

Интересот на Ѓорѓиева Даниела е од областа на социјалната политика, за што покажува и пријавувањето на докторска десертација на тема „Домување на ризичните групи на население, предизвик за унапредување на станбената политика", под менторство на проф. д-р Нано Ружин, што е прифатена и одобрена за изработка од Филозофскиот факултет во Скопје.

Досегашните ангажмани на кандидатката се од областите: семејни односи и семејно право, социјална работа во здравството, социјална работа во локалната заедница и локална самоуправа, за кои м-р Ѓорѓиева Даниела и натаму покажува стручен и научен интерес.

Во рамките на додипломските студии и во рамките на постдипломските студии, Ѓорѓиева Даниела за предметот современи правци во политика и заштита била оценета со оценка 8. Ѓорѓиева Даниела во својата биографија наведува дека англискиот јазик го зборува и го разбира добро (4).

Ѓорѓиева Даниела била ангажирана како демонстратор на еден предмет од научната област современи системи на социјална заштита, за кој е распишан овој конкурс, и тоа за детска заштита.

**Кандидати кои не исполнуваат услови согласно со Законот за постигнатиот успех од постдипломски студии со просечна оценка 8, или немаат завршено постдипломски студии**

**Војкан Ивановски** е роден на 19.5.1982 година во Скопје. Дипломирал на Институтот за социјална работа и социјална политика со 6,7, а потоа студиите ги продолжили на Шефилд-универзитетот каде што магистрирал и се стекнал со звањето магистер по психологија и советување на тема Ефектот на петте фактори на личноста и насилните видеоигри врз ставовите кон насилство помеѓу младите".

Учествувал на повеќе семинари во Македонија и во Грција во однос на работа со деца со воспитно-социјални проблеми и нивните семејства, каде што се стекнал со знаење од областа на социјалните вештини.

**Бојана Јованова** е родена во Скопје, дипломирала на Институтот за социјална работа и социјална политика, насока: социјална работа, со просечна оценка 9,6. Била прогласена за најдобар студент/ка и добила парична награда „Раде Петровски" за највисок успех во 2008 година. Бојана Јованова се запишала на постдипломски студии на Институтот за социјална работа и социјална

политика, каде што ги полага испитите со просек 10. Сè уште го нема завршено полагањето на предвидените испити.

Учествувала на повеќе семинари од областа на социјалната работа и социјалната заштита во Република Македонија и надвор. Во текот на учебната 2009/10 година била ангажирана како демонстратор по предметот социјално право, семејно право и детска заштита. Запишана е на групата социјална администрација, каде што до сега просекот ѝ е 10,0. Учествувала на едукации во Македонија и надвор од Македонија, и тоа во Грција, Хрватска, Косово, Италија и Германија. Има објавено есеј на тема „Implementing Multiculturalism and Multiethnic Step forward to European Integration, објавен во The Journal of the International University of European Sturdy (декември 2008 година, Том 2 број 3).

Го владее одлично англискиот јазик.

**Владимир Пешевски** е роден на 26.5.1978 година. Дипломирал на Институтот за социјална работа и социјална политика. Учествувал на повеќе обуки за работа на компјутери и членувал како волонтер во НВО од областа на еколошките движења. Во тек е постапка за одбрана на магистерска теза.

Има одлично познавање на англиски јазик.

**Иван Киселковски** е роден на 8.2.1984 година во Скопје. Дипломирал на Институтот за социјална работа и социјална политика, насока: социјална политика, на 24.09 2008 година, со просечна оценка 8,3. Во тек се неговите постдипломски студии на Институтот за социјална работа и социјална политика, насока социјална политика, каде што положил 4 предмети со оценка 10.

Иван Киселковски работи на проекти во Црвен крст на град Скопје како социјален работник од 2006 до сега. Тој својот интерес го пронашол со вклучување во Младинскиот образовен центар и Хелсиншкиот комитет.

Има одлично познавање на англискиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК

Од увидот во приложената документација, Комисијата заклучи дека само трите именувани кандидатки ги исполнуваат условите за избор за помлад асистент.

М-р Денкова Фросина, м-р Миноска Александра и м-р Даниела Ѓорѓиева имаат завршено магистерски студии со просек над осум. Денкова Фросина е магистер по социјална политика и стратегиски менаџмент за одржлив територијален развој, а Миноска Александра и Даниела Ѓорѓиева се магистри по социјална политика.

Денковска Фросина одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик. Александра Миновска има одлично познавање на англискиот јазик, додека, пак, Ѓорѓиева Даниела во својата биографија наведува дека англискиот јазик го зборува и го разбира добро (4).

Ангажмани во настава имале трите кандидатки - Денкова Фросина, Ѓорѓиева Даниела и Миноска Александра. Александра Миноска нема

документација за нејзиниот ангажман како демонстратор. Единствено Даниела Ѓорѓиева била ангажирана подолг период во областа на системите на социјална заштита.

Фросина Денкова напишала тринаесет научни и стручни трудови, кои ги презентирала на конгреси и конференции, а 7 од нив се објавени од реномирни издавачки куќи. Во поголем дел трудови кандидатката ја обработува областа за која се пријавува на конкурсот, односно современи системи на социјална заштита.

Александра Миновска, освен магистерски труд, нема изработено други научни трудови, не учествувала на конгреси и конференции, одбранила магистерска теза и пријавила докторска теза од областа за која е распишан овој конкурс.

Ѓорѓиева Даниела, освен магистерски труд, нема изработено други научни трудови и не учествувала на конгреси и конференции, но била учесник во проекти кои се споменати претходно. Кандидатката покажува голем интерес за областа социјална политика, за која пријавила докторска теза.

**ПРЕДЛОГ**

**Комисијата констатира дека согласно со актите на УКИМ, трите претходно споменати кандидатки ги исполнуваат предвидените услови според конкурсот.**

**Според оцената на другите двајца членови од Комисијата, се укажува дека и покрај тоа што тројцата именувани кандидати ги исполнуваат предвидените услови, сепак тие предност ѝ даваат на кандидатката м-р Даниела Ѓорѓиева со оглед на тоа дека именуваната има долгогодишна непосредна и потврдена активност во Институтот за социјална работа и социјална политика во домени кои се битни за нејзиниот избор. Од друга страна, кандидатката покажала интерес за областа на социјалната политика во чиј домен се нејзините досегашни ангажирања, како и во иднина, со оглед на тоа дека докторската дисертација на именуваната е од истата област. Врз таа основа, двајцата членови на Комисијата предлагаат кандидатката м-р Даниела Ѓорѓиева да биде избрана во звањето помлад асистент за научната област системи на социјална заштита.**

**Комисија**

Проф. д-р Сунчица Димитријоска
Проф. д-р Димитар Трајковски, с.р.
Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.